Владо Поповски

# ХРИСТО МАТОВ

*Издавачи:* ДРЖАВЕН АРХИВ
Државен архив на Република Македонија и

Македоника литера
Македоника литера - Скопје

*За издавачите:*
д-р Филип Петровски
Ленче Тосева

*Уредник:*
Нове Цветаноски

*Рецензент:*
Проф. д-р Михајло Миноски

*Лектура:*
Маргарета Карајанова

*Дизајн на корица:*
Кочо Фиданоски

*Компјутерска подготовка:*
Снежана Бошковска

*Печати:*
Европа 92, Кочани

*Тираж:*
400

Изданието е објавено со финансиска поддршка на
Министерството за образование и наука на Република Македонија

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

929Матов, Х.
328.83-05Матов, Х.

ПОПОВСКИ, Владо
Христо Матов / Владо Поповски. - Скопје : Македоника литера : Државен архив на Република Македонија, 2015. - 242 стр. ; 24 см

Белешки: стр. [217]-236. - Регистар

ISBN 978-608-4614-89-0 (мак.литера)
ISBN 978-608-4745-11-2 (Д.а.р.м.)

а) Матов, Христо (1872-1922) - Биографии б) Револуционери - Македонија
COBISS.MK-ID 98974218

---

© Владо Поповски, 2015
Забранeто е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и во електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачите.

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

**Владо Поповски**

# ХРИСТО МАТОВ

Скопје, 2015



ХРИСТО МАТОВ

# СОДРЖИНА


**ПРВ ДЕЛ**
**ПОДГОТОВКА НА ИДНИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР** - - - - - - - - - - - - - - - - - - 9

1. Увод - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 9
2. Струга – родниот град на Христо Матов - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 10
3. Христо Матов – рани години - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 18
4. Студентските години – списанието „Лоза“ и ставовите на Христо Матов - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 26
5. Христо Матов – несудениот филолог и покрстениот револуционер - - - 37
6. Матов – основоположник на револуционерното движење во Скопскиот санџак – неговата борба со српската пропаганда - - - - - - - - 43

**ВТОР ДЕЛ**
**ХРИСТО МАТОВ КАКО РЕВОЛУЦИОНЕР** - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 53

1. Скопскиот период - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 53
2. Матов – член на ЦК на ТМОРО - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 64
3. Матов – член на Задграничното претставништво - - - - - - - - - - - - - - - 71
4. Врховистичките четнички акции во Македонија во 1902 година и односот на ТМОРО (и на Христо Матов) за кревање општо востание во 1903 година - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 76
5. Улогата на Матов во востанието и во четничките акции во Македонија во 1903 година - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 87
6. Матов по востанието – Задграничното претставништво во политичката мрежа на бугарската и турската дипломатија - - - - - - - - - 103
7. Задграничното претставништво во центарот на критиките на револуционерните кадри - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 108
8. Матовата публицистичка офанзива – поставување на основите на новото, десно, течение во ВМОРО - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 112
9. Платформата на Матовото течение – пат кон расцеп во ВМОРО - - - - - 123
10. Од расцеп до раскол во ВМОРО - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 131
11. Матов и формирањето на десницата како цела Револуционерна организација - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 138

12. Револуционерната дејност на Матовата ВМОРО – облик на граѓанска војна во Македонија - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 146
13. Младотурската револуција и ВМОРО Матова - - - - - - - - - - - - - - - - - - 156
14. Младотурската реакција и пресметка со националните движења во Империјата и позиционирањето на Турција во блоковската политика - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 166
15. Подготовката на ВМОРО Матова за сè поизвесната војна и Матовата критика за „овчедушието“ во редовите на бугарските политичари и на своите соработници - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 173
16. ВМОРО пред и за време на Балканските војни – Матовата критичка рапсодија и автоперцепцијата на својата улога - - - - - - - - - - - - - - - - - - 181
17. ВМОРО катастрофата на Македонија и Матовите варијанти за нејзината судбина- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 191
18. Првата светска војна како нова надеж и како конечна македонска и лична Матова трагедија- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 203
19. Заклучок - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Белешки - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 217

Индекс - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 237

# ПРВ ДЕЛ

# ПОДГОТОВКА НА ИДНИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР

## 1. Увод

Христо Матов е еден од најзначајните раководители на Внатрешната македонска револуционерна организација. Тој зазема истакнато место, како во највисоките раководства на Македонската революционерна организација,[1] така и во изградбата на нејзиниот револуционерен систем.[2] Во тој дел Христо Матов го држи најзначајното место. Затоа што: ги поставил и ги дефинирал, речиси, сите прашања поврзани со програмските цели, со основите, принципите и формите на револуционерната дејност на Внатрешната македонска револуционерна организација, како и со устројството, со политиката и со односите на истата кон внатрешните и надворешните фактори од кои зависела или можела да зависи улогата на учинокот на Револуционерната организација. Христо Матов бил и еден од водечките личности во Македонската революционерна организација вклучен во идејните расправи и во идејното и политичкото насочување на ВМОРО по Илинденското востание, особено по општиот Рилски конгрес од 1905 година.[3]

Христо Матов, на Организацијата; на нејзините цели и на нејзината дејност, ѝ се посветил без остаток, лишувајќи се од каков и да е приватен живот и од каков и да е приватен мотив. Во ВМРО влегол на својата 26 година и од неа заминал тогаш кога го напуштил светот. За време на животот, поминат преку многу откажувања и страдања, Христо Матов бил во средиштето на настаните во Револуционерната организација; и во времето на нејзиниот организационо-револуционерен подем и во периодите на нејзините поделби на непомирливи и непријателски крила. Во тие премрежиња од судбината на Организацијата Христо Матов, посмирено од која и да е друга личност, умеел и успевал одново

да ја консолидира Револуционерната организација врз програмски и институционални основи и со тоа да овозможи натамошно нејзино револуционерно дејствување по линија на нејзините цели. Матов бил еден од најзаслужните личности кои ја додржале Револуционерната организација да не се распадне и да не се претвори во одмаздничка групација, по тешките потреси во 1907-1908 сврзани со крвавата саморасправа во ВМРО и со конечниот раскол во неа.[4]

Христо Матов сепак не можел да ја преболи судбината на Македонија по балканските војни и по Првата светска војна. Таа судбина како облик на целосен пораз на целите на ВМРО и како бесповратно уништување на идеалите, верувањата и надежите на македонските револуционери, од профилот на Христо Матов, беше доволна да го сосипе здравјето и да ја разнебити личноста на револуционерот кој починал во тешка драма на беда, на страдања, сомненија и преиспитувања.[5]

Христо Матов умира на 54-годишна возраст, завршувајќи го својот живот морално чист, како еден од најчесните достоинственици посветени на судбината и на општиот интерес на неговата родна Македонија; така како што тој го разбирал македонскиот интерес, заедно со мнозинството негови приврзаници, посебно по 1908 година.

## 2. Струга – родниот град на Христо Матов

Христо Матов бил роден на 6 март 1869 година во Струга.

Струга тогаш броела 4570 жители од кои 3000 биле православни Македонци, 100 Турци, 350 Албанци и 220 Власи.[6] Тогаш, во втората половина на XIX век, животот и стопанството на Струга, почнале видливо да се влошуваат и опаѓаат. Причините за тоа биле повеќе. Пропаднала старата државна сопственост над земјата и наместо неа, со откуп, но најмногу со насилство и узурпација (со деребејства) почнала да се формира крупна приватна сопственост над земјата со нови господари, нетолерантни кон претходните кориснички права на христијанското население.[7] Последното, осиромашено и загрозено почнало да се „тиска“ во поголемите градови или да заминува на печалба во Србија, во Грција, во Цариград и Анадолија, а по формирањето на бугарското кнежевство и во Бугарија.

Тие што останале во Струга биле изложени на пљачкање и разбојништва, на ограбување и киднапирања, за да биде баран откуп од нивните семејства.

Барањето правда и заштита пред турските управни, полициски и судски органи било Сизифова работа со тоа што секое барање за правда и заштита требало дебело да се потплати без притоа да се добие саканиот ефект. Во Струга, како и во други места на Македонија, постоела спрега меѓу властите и разбојниците, која служела до крај да го соголи населението.

Трговците веќе не биле сигурни да тргнат на пат, било да продадат, било да купат стока. Сите патишта и правци станале несигурни.[8] Власта не им гарантирала сигурност и не ги обезбедувала како порано. Таа власт, самата, не била ниту редовно исплатувана од државната каса, ниту била доволно платена. Затоа нејзините вршители влегле во спрега со локалните или со регионалните разбојници, делејќи го пленот. Во тие спреги најчесто била вплеткана локалната власт; мудирите, жандармите, полјаците, но и кадиите и локалните првенци, кои, во услови на прилична анархија, извлекувале различни користи за себе, или се пресметувале со поистакнатите претставници и водачи на христијаните.

За Струга, како и за цела струшка Малесија, посебен камшик и посебна причина за упадот биле зулумите кои доаѓале од селото Велешта. Тоа село, во втората половина на XIX век, станало тврдина на разбојништвото со изградени повеќекатни кули и пушкарници, во чии 160 куќи било собрано целото богатство на Струшката околија.[9] Ниту Рифат-паша, битолскиот валија, кој решил да стави крај на разбојништвото, конечно не успеал да ги врати мирот и безбедноста, во Струга и Струшко. Рифат-паша бил сменет, како поради притисоците и приговорите од страна на муслиманските првенци и средини од Струга и Струшко, така и поради тогашниот раширен став кај турската власт дека христијаните требало да се држат во страв бидејќи почнале да креваат глава и да мечтаат за автономија поттикнати од слободарските борби и од автономиите на балканските народи; од настаните и промените во Србија, Грција, Романија и, конечно, во Бугарија.

Покрај разбојништвата на велештани, стружани страдале и од големите банди на дебарските разбојнички главатари како на пример од таа на Мустафа Дача која броела 4000 души,[10] главно собрани од Дебарско. Има податоци дека во Струга и Струшко со години луѓето не оделе по нивите плашејќи се од киднапирања при што разбојниците не избирале дали станувало збор за член на богато или на сиромашно семејство. Последните, за да се спасат, ги продавале своите куќи за 10 до 15 лири, останувајќи без кров над главата. Или, по патот Струга – Дебар, како и на другите правци, ретко се гледале трговци и карвани како во претходните периоди.

Натамошна причина за упадот на Струга како и на другите помали градови во Македонија било лихварењето од страна на богатите првенци и сарафи. Осиромашеното граѓанство и занаетчиство, имајќи потреба од кредити, се задолжувало без да може да се оддолжи и да излезе од мрежата на лихварите. Имено, лихварењето во Македонија се задржало како доминантна форма на кредит, сè до крајот на османлиското владеење. По правило бил даван само краткорочен заем со високи каматни стапки, без да постојат среднорочни или долгорочни заеми, или кредити со поволни услови. Така, според Васил Кнчов каматната стапка се движела од 25 до 66 проценти. Во одделни гурбетчиски градови и околии таа знаела да достигне од 100 до 200 проценти за печалбарите, и од 20 до 30 проценти за другите. Според Бјанкони, околу 1888 година, пари во мали суми биле давани со камата дури до 300 проценти.[11] Во 1874 година која била сушна и многу неродна година, каматите изнесувале 12 и повеќе проценти на месечно ниво.

Со споменатите лихви настапувала брза пауперизација и обеземјување на селаните и пропаѓање на градските занаетчии и еснафи, кои често го губеле и основниот имот; дуќаните, куќите или земјиштето, доколку го имале. Тој процес во македонските градови, и во Струга, предизвикал бројно заминување на печалба, било во балканските ослободени држави, било во прекуокеанските држави; во прво време во Јужна Америка, каде што биле најстарите македонски печалбарски колонии, како тие во Бразил, Аргентина и Уругвај, а потоа и во земјите на Северна Америка.

Кон докрајчувањето на македонското градско стопанство, а со тоа и на македонското граѓанство, придонел итн. систем на капитулации кој Османлиската Империја морала, поради банкрот, да го прифати со Муаремскиот декрет од 20. XII 1881 година.[12] Тој систем, покрај другото, означувал рушење и на заштитниот царински систем на Империјата, дозволувајќи, речиси, слободен влез на европските стоки во полуфеудалната Османлиска држава која, на планот на градското стопанство, останала на занаетчиско и еснафско ниво и, ретко, на мануфактурно ниво во одделни поголеми градски центри. За тој систем бил карактеристичен оној царински режим според кој за влез на странска стока во Империјата се плаќала царина од 3 % од вредноста на стоката, а за извоз на домашна стока во странство се плаќало 12 % извозна царина.[13]

На таков начин, кон Источната криза и по неа, китните македонски градови и забрзаниот подем на просветата, на општествениот и личниот живот, како што ќе констатира Еничерев кон педесеттите и шеесеттите години на XIX век,

по Источната криза од 1875-1878 година западнале во секој поглед. Градовите биле, речиси, непрепознатливи, ќе констатира Еничерев при повторната посета на истите.[14]

Таквата слика се однесувала и на Струга во која, како и другаде, поголемиот број граѓани се подвратиле кон земјоделието; едни како кон единствена издршка, други како важно дополнение на егзистенцијата. Таков бил примерот и на семејството на Христо Матов.

Струга и другите помали, но и средно-големи, македонски градови станале половични; наполу градско-стопански, наполу селско-стопански. Само тенок градски слој останал имотен или многу имотен и се јавувал како сопственик на поголем трговски, лихварски и земјишен капитал. Оттаму, тие тогашни македонски градски чорбации биле сопственици на сарафски (банкарско-лихварски) на трговски фирми и на големи чифлизи. Затоа, тие категории, на пример во Илинденското востание, биле сметани за душмани како и турските власти и големци, поради што било посегнувано, со пожар, по нивните имоти.[15]

Сите тие (спомнати) причини ги доупропастиле градовите во Македонија од кои, во таласи, почнале да емигрираат највиталните категории, меѓу нив и македонската интелигенција. Со тие иселувања уште повеќе западнал, не само економскиот и стопанскиот живот, туку западнало и народното, духовно и просветно дело и општинските работи и институции.

Струга, пак, видена од друга страна, од пред кризата и упадокот, создавала друг впечаток. Општа била оцената дека станувало збор за живописен град со богата околина, и со трудољубиво граѓанство, мотивирано да го подигне просветното и духовното дело и општествениот живот во градот. Струга, со 800 куќи, со голем број дуќани со средена градска чаршија, со положба на главните правци меѓу Елбасан и Битола и меѓу Охрид и Дебар, со плодни и убаво уредени бавчи и градини и со далјаните во кои, во огромни количини, се ловела надалеку прочуената, „струшка“ јагула, беше бил град што го привлекуваше љубопитството и трговскиот интерес на илјадници намерници и трговци. Во Струга биле организирани два редовни годишни панаѓури (саеми) кон крајот на февруари и во средината на септември.[16] Не се памти точно од кога почнале тие саеми но, во секој случај, струшките панаѓури имале долга традиција. За тоа сведочи и Евлија Челебија кој, уште во 1668 година ќе запише: „...Во овој град се одржува голем панаѓур, каде што доаѓаат четириесет до педесет илјади луѓе; десет дена и ноќи тука врие од панаѓурска врева. Тоа е толку голем саем

што не може да се опише. Надвор од градот се наоѓаат триста панаѓурски дуќани. Освен тоа, на местото каде што се одржува тој саем се подигаат илјадници провизорни дуќани и тезги каде што се продава и купува...“.[17]

Меѓутоа во XIX век, друго сведоштво го потврдува фактот дека Струга, веќе, станал западнат град во кој пропаднале многу трговии, но останала една за која се верувало дека нема никогаш да пропадне; ловењето и саламурењето на познатата „струшка“ јагула за која уште во 17 век Евлија Челебија напишал дека била многу вкусна и дека имала мирис на мошус и на амбра.[18] Имено, Бранислав Нушиќ, српски конзул во Битола, во 1892 година, за Струга, запишал „... до пред 50 години постоел и се памети прочуениот струшки панаѓур. Месноста каде што се одржувал сè уште се вика Панаѓуриште...“ Констатирајќи го упадот на прочуениот трговски град во Македонија во кој пропаднале многу трговии и занаети констатирал: „... Сепак во Струга има една трговија која нема никогаш да пропадне... тоа е трговијата со риба, особено со јагулата, која во големи количества, единствено, се лови во Струга. Знае, во една вечер, да се уловат и 10.000 оки јагула“.[19]

Оти трговијата и животот во Струга западнале толку многу, говори и податокот дека голем број струшки трговски семејства се населиле во Елбасан, формирајќи богат трговски кварт на струшки трговци. Извесен број струшки трговци се задржале и во Дебар, бидејќи и Елбасан и Дебар имале трговски подем; тие градови се збогатиле пред сè поради натрупувањето во нив на сè она што било опљачкано од Македонија. Пред Рифат-паша, споменатиот битолски валија, албанските разбојнички банди плененеле до Воден и Јанина, на една страна и до Велес, на друга.[20] Таа состојба, создала посебна категорија на деребеи и насилници кои, според принципот на поделени подрачја, постојано малтретирале и уценувале исто население. Најлошите меѓу нив биле локалните насилници, собирачи на даноци и други чауши од кои немало спас, освен еден: да бидат ликвидирани. Токму со таа логика, а заради елементарна самоодбрана, во македонските градови, и во Струга, се јавиле т.н. тајни групи и тајни кружоци. Првите биле извршители на егзекуции над одделни насилници кои, веќе, не можеле да бидат истрпени поради злоставувањата и насилствата над граѓаните и нивните фамилии; над нивниот имот, живот и чест. Вторите (кружоците) биле првата зародена форма на отпор која, со време, ги развила револуционерните идеи и аспекти на отпорот.

На таквиот отпор кој временски се сместува од шестата деценија на XIX век, до Источната криза, му претходеше отпорот на поединци, одважни и храбри

луѓе, кои се фаќаа за гуша со насилниците. Таков пример може да се најде и во случајот на дедото на Христо Матов, Кочо кој ги ликвидирал: неподносливиот собирач на даноци битолчанецот Ахмет Али и двајцата чауши – насилници Нијази и Осман.[21] Кочо Матов припаѓал на онаа група стружани која ја бранела честа, имотот и животот на своите фамилии и која не можела да поднесува неправди и насилства кому и да му се сторени. Храбар и решителен, Кочо, станал трн во окото на власта која се сомневала, токму на него, за исчезнувањето на Али, на Нијази и на Осман. Со таа мисла била преокупирана турската власт, а особено шефот на заптиите, дебарчанецот Реџеп. Власта, на Кочо Матов, гледала како на „аси ѓаур“; силен, храбар и непомирлив праведник. Идејата да го убијат имала подлабока смисла: со убиството на Кочо се сакало да се поништат надежите на стружани во можноста за заштита и правда наспроти власта. Задачата од власта ја спровел споменатиот шеф на заптиите Реџеп-ага. Како „маша“ за таа цел тој се послужил со стружанецот Коста(с), гркоман и соработник на Реџеп-ага. Коста(с) го намамил Коча Матов во кафеана, божем за некое важно објаснение, и таму го отрул; оставајќи ја неговата сопруга сама, во тоа време, да се бори за судбината на своите четири неполнолетни деца.[22]

Втор сличен отпор, како тој на Кочо Матов, но не и последен, бил тој на Мишо од село Вишни Струшко кој, во одбрана на честа на својата фамилија, му се спротивставил на велештанецот Али Бојку, кој бил страв и трепет за Струга и Струшко. Отпорот и битките на Мишо со неговите другари, против бандата на Али Бојку, станале пошироко познати на властите, поради што бил повикан од споменатиот битолски валија Рифат-паша за да ги објасни своите постапки.[23] По односните објасненија Рифат-паша ги презел споменатите мерки за да го намали разбојништвото во својот вилает но, како што беше претходно појаснето, бил сменет, кусо време, по тие негови активности поради изнесените причини.

Погледната од друг агол, од гледна страна на народните, духовни и просветни работи во XIX век, а во врска со културното милје во кое се родил Христо Матов и во кое тој ги стекнал првите свои сознанија и искуства кои ќе имаат соодветно значење во неговиот натамошен живот, Струга бил град во кој се одвивале истите процеси како и во другите македонски градови. Стружани, во тоа време, почнувајќи од петтата и шестата деценија на XIX век се консолидирале како граѓанска средина која преку градските еснафи и преку својата интелигенција почнале да ги преземаат општинските работи од чорбаџиите кои се беа поврзале со грчкото влијание.

Грчкото влијание во Струга имало корен уште од укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 година. Но, тоа влијание особено многу се засилило со формирањето на независната Грчка држава во 1830 година. Во тоа време Грчката цариградска патријаршија, потсилена (и притисната) од грчката клерикална банкарско-трговска и државна политика, побарала (и добила) дозвола во сите патријаршиски општини, независно од народниот (етички и јазички) состав да се наметне грчкиот јазик во богослужбата, во училиштата и во милетските институции. Тоа, особено многу било почувствувано по 1844 година, кога била дефинирана Грчката национална програма според која било предвидено грцизирање на сите народи кои припаѓале на Грчката цариградска патријаршија и кои, во духот на османлискиот теократски систем, го носеле општиот назив Рум милет.

Кон тоа влијание поподатливи се покажале македонските градски чорбациски категории кои веќе биле поврзани и проникнати со клерикалните и финансиско-трговските грчки структури и интереси. Тие категории први почнале да се школуваат во грчките гимназии и виши школи во Јанина и Атина и како трговци и/или банкари (лихвари) често знаеле да општат (усно и/или писмено) на грчки јазик. Таквите појави биле чести во јужните македонски градови, но не биле непознати и во другите делови на Македонија. Во таа смисла и во Струга дел од трговците пишувале и комуницирале на грчки јазик, а дел, пишувајќи со грчко писмо, се обраќале со својот мајчин, народен јазик.[24]

Грчкиот притисок за прашањето на јазикот, зад кое стоеле речиси и сите други народни прашања: од името, преку традициите и културата, до институциите и нивното раководење, сè до замислената народна и политичка (државна) перспектива, придвижила масовна реакција на македонското словенско и христијанско население; во одбрана на народните карактеристики и интереси и наспроти националистичката грчка аспирација кон Македонија. Во иста ситуација се најде и блискиот бугарски народ кој како и македонскиот сè уште беше во османлиската држава и во рамките на Грчката цариградска патријаршија. Реакциите на двата народи, прво, започнаа со барање да се возобноват укинатите автокефални цркви. Бугарите барале возобновување на Трновската патријаршија, а Македонците барале возобновување на Охридската архиепископија.

Тоа движење во Македонија започнало со движење во Охрид и Охридско, во Струга и Струшко и Ресен и Преспанско по што почнало да се шири низ цела Македонија. Барањата биле: преку обновата на Охридската архиепископија,

да се формира своја, домородна, јерархија, да се воведе црковно-словенската литургија, да се издигне македонското народно наречје (македонскиот народен јазик) како јазик на училиштето и просветата и како јазик на општинските институции. Барањето на охриѓани, стружани и ресенци за возобновување на Охридската архиепископија било поткрепено со потписи ставени на свиток долг 2 метри и 88 сантиметри и широк 29 сантиметри. Барањето било испратено до вселенскиот патријарх и до патријаршискиот Свет Синод во 1867 година, на 100 годишнината од укинувањето на Охридската архиепископија.[25]

Во Струга антигрчкото движење било толку силно што, речиси, не останале приврзаници на Грчката патријаршија. Кон осумдесеттите години од XIX век во цела Струга имало само две куќи кои останале приврзани на грчката црква. Сите други православни стружани, по општомакедонскиот неуспешен обид да се возобнови Охридската архиепископија, се вклучиле во лоното на Бугарската егзархија, како блиска словенска црква.[26]

По Ѓилханскиот хатишериф од 1839 година и по Хатихумајунот од 1858 година во Струга започнало (од 1857 година) да се учи на народно (охридско-струшко) наречје. Дотогаш образованието во струшките училишта било вршено на грчки јазик. Бранот на народното образование на мајчин јазик во други градови, како во Скопје, Прилеп, Охрид, Велес, Струмица.... почнал нешто порано отколку во Струга, но сепак и во Струга, како и во другите градови, тој бран се одвивал како дел од покомплексното движење на Македонците за ослободување од грчката духовна и образовна хегемонија. По воведувањето на народното образование, во 1857 година,[27] училиштето и учителите биле издржувани од струшката општина. Но, со време, паралелно со опаѓањето на економската моќ на струшкото граѓанство, и на стопанството и трговијата на Струга, сè потешко било да се издржува училишното дело.

По создавањето на Бугарската егзархија, согласно со османлиските закони, тоа дело ѝ припаднало нејзе. По Источната криза и по сосипувањето на економската моќ на струшките еснафи, Егзархијата се нагрбила со одржувањето и развитокот на училишното дело во Македонија. На почетокот, по Руско-турската војна, и по создавањето на бугарското кнежевство, Егзархијата настојувала да ги возобнови укинатите училишта низ Македонија. Во Македонија, пак, по споменатата војна и посебно по Кресненското востание, некаде кон 1880/1881 година, голем број градски и селски училишта престанале да постојат. Дополнително, речиси цела македонска учителска категорија се нашла во Бугарското кнежевство, или во Источна Румелија, каде што стапила

на служба. Таа состојба, соодветно, се однесувала и на Струга од каде што повидните учители, какви што биле Кузман Шапкарев или Јанаки Стрезов, се нашле далеку од своите места. Затоа Струшката општина, како и многу други општини во Македонија, се обратила до Егзархијата за помош во училишното дело. Егзархијата почнала да ѝ пружа помош на Струшката општина некаде од учебната 1882/1883 година со назначување на учители и со поднесување на трошоците за струшкото училиште. Таа помош не била целосна, туку делумна бидејќи Егзархијата ценела оти самата Струшка општина имала можности делумно да ги поднесе трошоците за училиштето. Конечно, таа не располагала со доволно средства за потребите на училишното дело во сите градови и села. И, од друга страна, Струга не била во главните приоритети на Егзархијата во кои биле, пред сѐ, потребите на Солун, на Струмица, на Битола, на Скопје, Куманово, Велес, Прилеп итн.[28]

Според податоците што ги собрал Васил Кнчов за Струга, а кои се однесуваат на училишното и народното дело по Источната криза, состојбите биле следни: Струга во осумдесеттите години од XIX век имала едно машко и едно женско училиште. Машкото било со четири одделенија и 2 класа, а женското со четири одделенија. Од учебната 1884/85 па до учебната 1889/90 година во машкото училиште, просечно, учеле по 130 ученици годишно, а во женското по 68 ученички. Тоа доаѓало по 1 ученик од 2 куќи. Во машкото училиште имало по 5 до 6 учители, а во женското 3 учителки.[29]

Во струшкото машко училиште Христо Матов го започнал своето образование при учителот Иван Евров.

## 3. Христо Матов – рани години

Христо Матов бил роден во сиромашно семејство, од татко Апостол и од мајка Петра Матови. Татко му Апостол бил „градинар без градина“, како што ќе напише неговиот внук од брат, Христо Матов, крстен по името на неговиот прочуен чичко.

Имено, Апостол Матов имал една нива во месноста викана „Ливаѓето“ која, со голем труд, му обезбедувала основна прехрана на многудетното семејство и градина земена на исполица за дополнување на семејните потреби. Вон сезоната на земјоделските (и градинарските) работи Апостол Матов им помагал на мајсторите во длабење и правење на чунови.[30] Со тој имот и со

секидневната макотрпна работа родителите на Христо Матов, при неговото заминување во Солун како ученик во Солунската гимназија, во 1881 година, му ги дале сите 12 гроша кои ги имале заштедено „за добро – за лошо“. За да се разбере колкава била нивната заштеда треба да се каже дека само едногодишната такса за учење и за пансионот во Солун, која изнесувала 15 лири, била стократно поголема од финансиските можности на семејството на Христо Матов.[31]

Малиот Христо Матов растел и се задојувал со приказните на својот храбар дедо Кочо „аси ѓаурот“ за власта и за муслиманските насилници, со песните на Ботев често пеени од неговиот дедо по мајка Стефо Чакаров, со раскажувањата на дедовите пријатели, меѓу кои бил и Насте Карамитрев учесник во Руско-турската војна и еден од македонските јунаци на Шипка кој во борба „гради во гради“ успеал да го заштити светото знаме на самарската (руска) групација.[32] Сите тие настани го плененеле духот на младото дете и го приопштувале неговото мечтаење кон поопштите надежи на слободен живот што ги имало зафатено постарите генерации, сведоци на многуте востанички и слободарски настани и процеси што се одвиваа на Балканот и пошироко во Европа, создавајќи нови слободни држави.

Христо Матов го завршил струшкото основно и класно училиште со завиден успех. Младиот ученик пројавил голем интерес кон учењето и образованието. Склоноста кон читањето книги, кон проширувањето на сознанијата и дарбата да учи туѓи јазици; во случајот со Христо Матов, покажувала дека станува збор за мотивирано и талентирано момче кое сѐ повеќе се вовлекува во светот на книгата и во хоризонтот на слободарските идеи. Затоа неговиот познат вујко, Георги Чакаров знаел да каже: „ќе стане нешто од таа глава“. Такво мислење имале и струшките учители Пере Дудулов, Димо Хаџов, Никола Кочов, Порфир Шајнов и Иван Евров.[33]

По завршувањето на струшкото класно училиште, неговиот вујко Георги Чакаров заедно со учителот Перо Дудулов и со училишниот настојател Ангел Несторов, решиле Христо Матов да биде испратен, на сметка на струшката општина, во Солун да учи во машката бугарска солунска гимназија „Свети(те) Кирил и Методиј“.

Солунската бугарска гимназија и гимназискиот пансион биле отворени во септември 1881 година. Покрај тоа што почетокот на учебната година се совпаднал со отворањето на гимназијата, во учебната 1881/1882 година, се запишале 130 ученици на кои им предавале 5 учители, во трите класа, со

кои гимназијата започнала да работи. Веќе во следната 1882/1883 година гимназијата го формирала четвртиот клас, по што, во следните учебни години, пополнувајќи се со по уште еден клас; во учебната 1887/1888 година станала полна, седмокласна, гимназија.

Солунската гимназија станала главна и најпочитувана образовна институција за младите Македонци. Таа, со своите образовни и угледни наставници, со своите кабинети и со богатата библиотека, била извор на знаења за учениците кои ја завршиле. Во таа смисла, Христо Силјанов, таа гимназија ќе ја нарече „Македонска алма матер“.[34] Од Солунската гимназија излегле многу учители кои, подоцна, ја ширеле просветата и писменоста во Македонија, со што атрибуцијата на истата, изречена од познатиот македонски револуционер, историчар и публицист Христо Силјанов имала своја основа и смисла. Од друга страна, Солунската гимназија, станала расадник на млади бунтовни личности, кои, сè повеќе, мечтаеле за слобода на подвластениот и измачен свој народ. На тој план кај приличен број млади луѓе, согласно со искуството и сознанието што го noселе од средините од кои потекнувале, се јавувале поинакви ставови за ослободувањето на својата татковина и подруги визии за политичката судбина на Македонија од тие што им биле всадувани преку образовната и воспитната мисија на Солунската гимназија.

Меѓутоа, не биле далеку од вистината оценките на конзулите на западните европски држави за тоа што било главното во официјалната мисија на Солунската бугарска гимназија. Тие, ги споделувале ставовите на управителот на францускoто конзулство во Солун, господинот Поц кој, реферирајќи на својот министер за надворешни работи Жил Фери, напишал: „... не чувствувам за нужно да додадам дека на тие училишта (и на Солунската гимназија) им се поставува задачата да се возроди националната идеја и да се внуши ставот дека Македонија е област, откината од сегашна Бугарија...“[35] Западните конзули на улогата на бугарските училишта во Македонија (и на Солунската гимназија) гледале како на установи за ширење на бугарската идеја во македонските средини, која според нив, била варијанта на руската политика на Балканот. На онаа политика која била содржана во Санстефанскиот прелиминарен мировен договор, која пак не била прифатена и не била прифатлива за западните европски сили. Токму во таа рамка на разбирање на работите сврзани со бугарското школство во Македонија, западните конзули сметале дека финансиските средства за одржување на училиштата (и на Солунската гимназија) потекнувале од бугарските комитети, кои биле клонови на „Московскиот комитет“. Така

тие го ценеле формирањето на бројните помагачки друштва и фондови во бугарското кнежевство и во Источна Румелија поттикнати и координирани од бугарската Егзархија; така тие ги разбирале, и бројните посети на рускиот генерален конзул во Солун, господинот Јакобсон, на Солунската гимназија и неговото постојано интересирање за тоа што се учи во неа. Како поткрепа на своите ставови ги додавале и фактите дека еден приличен број наставници на таа гимназија биле образовани во Русија или дека некој од нив биле во руска служба.[36]

Вистината за Солунската гимназија, како и за другите егзархиски училишта во Македонија, во тоа време, била некаде на средина меѓу исказот за „Македонска алма матер“ и оцената за неа како функција на големоруската балканска политика, посредувана преку големобугарската образовна и воспитна дејност на егзархиското школство во Македонија. Треба да се каже и тоа оти ширењето на бугарските идеи и атрибути во македонските средини, преку егзархиските училишта, биле прифаќани и биле прифатливи за приличен број македонски средини, посебно за градските категории.

Во осумдесеттите години од XIX век, кога егзархиското школство во Македонија се консолидирало, македонското народно школство зародено во петата и шестата деценија од тој ист век, веќе не постоело. Со колапсот на македонското градско стопанство, поради системот на капитулациите, и со масовната миграција на интелигенцијата и на трговско-претприемачките категории од Македонија во Бугарското кнежевство, претходниот отпор против бугарското наметнување во македонското училишно дело веќе ја имаше изгубено својата сила и основа.

Не стоеја подобро работите и во селските средини во кои селаните биле просто ограбувани од мудурите и другите турски чиновници кои го надоместувале тоа што не го добивале од принадлежностите. На страната на ограбувачите било и свештенството кое секогаш ги гледало своите интереси, не стеснувајќи се од своите парохијани да го извлечат и последното што го имаат. На сето тоа доаѓале и злоупотребите на првенците, коџобашиите и лихварите, така што и селаните останале без сила и надеж за издршка на школувањето на своите деца.

Дополнително, по Источната криза и по неуспехот на македонските востанија од тоа време, како и по неспроведувањето на членот 23 од Берлинскиот договор кој предвидувал еден вид (и степен) на автономја на Македонија, во рамките на Империјата, најголемиот број Македонци почнале да се надеваат на

помош од страна на Бугарија и на Русија. Поради тоа, може да се констатира, дека бугарското образование во Македонија не било доживеано и сметано како натрапничко, како што било доживувано пред формирањето на Егзархијата. Во новите услови, а при алтернација со грчкото и српското образование, бугарското (егзархиското) образование било претпочитувано и помасовно прифатено. Голем број млади Македонци имале желба да се школуваат, а најдобрите меѓу нив ја претпочитувале Солунската бугарска гимназија. Покрај чувството на поголемата јазичка и културна блискост со образованието во бугарските училишта, младите Македонци ја претпочитувале Солунската бугарска гимназија и поради авторитетните личности на професорите од кои добар дел биле од нивните сопствени средини. И самиот Солун како најголем македонски град и како трговско-финансиски центар; како центар на генералните конзулати на европските држави и како големо европско пристаниште ги поттикнувал мечтите на младите Македонци, проектирајќи ги нивните идни замислени улоги во општеството и во животот.

Во секој случај, независно од различните оцени за мисијата на егзархиското училишно дело во Македонија и од местото на Солунската бугарска гимназија треба да се истакне дека Егзархијата на тоа дело работела многу плански и многу упорно. Таа, во Кнежевството и во Источна Румелија покренала голема и продолжителна кампања за формирање на фондови, друштва и братства за помагање на училишното дело во Македонија.[37] На таа нејзина мисија многу помогнал и активизмот на македонската емиграција во бугарското кнежевство и во Источна Румелија. Ако, кон сето тоа се додаде и буџетската поткрепа на истото дело, може да се констатира дека бугарската државна политика и политиката на Егзархијата претставувале усогласен тандем кој сметал дека образовната и воспитната дејност на егзархиските училишта во Македонија претставувала незаменлив механизам во ширењето на бугарштината сред Македонците. Ако, во таа смисла, се има предвид дека низ егзархиското училишно дело во Македонија, вкупно биле опфатени околу 200 илјади млади Македонци, тогаш може да се замисли ефектот на тој потенцијал во бугаризирањето на свеста и сознанието кај очајното и од сите страни сардисано македонско население.

Во училишната политика на Егзархијата била давана предност на учениците од селските средини, од околиите, а не на учениците од самите околиски центри во Македонија. Биле претпочитувани и учениците од помалите и посиромашните македонски општини пред тие од поголемите и подобро стоечките градови. Мотивот бил (на таков начин) што поскоро да се опфатат

споменатите средини кои ги претставувале најшироките македонски маси и кои подолго време биле неупатени и незаинтересирани за националните идеи, за разлика од поголемите центри. Како такви, тие средини биле најподатливи и со тоа „најранливи“ во однос на конкурентните, српски и грчки пропаганди. Затоа, издигнувањето на егзархиски школувана и воспитувана учителска категорија од сите средини, која ќе се врати во своите места, била посакуваната цел на политиката за распространување на бугарската национална идеја во широките македонски народни маси.[38]

Таа политика на Егзархијата давала видливи резултати така што, кон последната деценија од XIX век, бугарската пропаганда во Македонија и нејзиното училишно дело станале најприфатени од македонските средини, во споредба со грчката и српската пропаганда. Посочената егзархиска политика била дополнета и со барање самите македонски општини, кои биле во нејзина надлежност, на своја сметка, да испраќаат ученици во егзархиските гимназии и во другите средни училишта. Со време и самата Егзархија, на тие општини почнала да им дава финансиска помош во одржувањето на основните и класните училишта. Таков бил случајот и со Струшката општина, која почнала да добива егзархиска помош кон средината на осумдесеттите години од XIX век, со што, таа успеала да го консолидира своето основно (првоначално) и трикласно (прогимназиско) училиште.

Христо Матов бил ученикот кој во учебната 1881/1882 година, на сметка на Струшката општина, бил испратен на школување во Солун. Меѓутоа, општината, можела да му ја плати само таксата за школување додека сместувањето и исхраната биле обезбедени во куќата на стрико му Димко. Сепак, во текот на школувањето поради успехот, покажаната мотивираност и економската скудност, на предлог на Царевна Миладинова, раководителка на женскиот департман на Солунската гимназија, Христо Матов, на сметка на Управата, бил прифатен во гимназискиот „Бертрандов пансион“.[39]

Тој пансион го воделе: познатиот и способен Французин Бертран и неговиот помошник Пјер Буше. Така, Христо Матов, кому му оделе јазиците, крај тие раководители и воспитувачи на пансионот, уште во гимназиските години, добро го совладал францускиот јазик.

Меѓу првите учители на Христо Матов биле познатите Григор Прличев (вториот и незаборавен „Хомер“), Георги Попов, дипломец на Новорускиот факултет, Константин Стателов кој завршил високо образование во Атина, Кирил Железјаков, дипломец од САД, Чехот Франтишек Сплитек, Васил Кнчев,

Јероним Буфти и Димитар Митов, Благој Димитров, Димитар Хаџииванов, Ламби Понев и други. Директор на солунската машка гимназија бил Георги Кандиларов кој ја завршил Духовната академија во Киев, а раководител на женската Солунска гимназија била стружанката Царевна Миладинова, ќерка на Димитар Миладинов, која дипломирала, исто така, во Русија.[40]

За време на школувањето во Солун Христо Матов посериозно се разболел, добивајќи тешка форма на артроза која, до крајот на животот, направила да не може да се движи без посебни (железни) помагала на нозете. Школувањето на Христо Матов во Солунската гимназија траело до заклучно учебната 1887/1888 година. Дотогаш тој стекнал солидно образование посветувајќи се на систематско и проширено учење, користејќи ја богатата гимназиска библиотека и впуштајќи се во расправи по многу прашања од социјална, литературна, културна, историска и друга проблематика. Притоа успешно водел такви расправи и на француски јазик, стекнувајќи завидно говорно и граматичко знаење од тој јазик.

Школувањето во Солун за Христо Матов претставувало важно искуство при формирањето на неговата личност. Прво, самата гимназија била установа доволно важна за чести посети на видни културни и политички дејци од Бугарија и од други земји, на конзули од Русија и од другите европски и балкански држави, како и на видни претставници на турската власт, посебно на солунскиот валија и на солунските мудури. Второ, во Солунската гимназија Христо Матов се запознал со голем број ученици идни значајни актери во македонското ослободително и општествено дело како со Евтим Спространов, Даме Груев, Димитар Мирчев, Антон Димитров, Петар Поп-Арсов и други. Трето, Христо Матов, како дел од младата македонска средина на Солунската гимназија; како дел од бујноста на истата, чувствителна на неправди и на неприфатливи и нелогични мерки на школската управа, учествувал во ученичките бунтови во учебната 1887/1888 година против строгиот централистички ред што го наметнувал директорот Кандиларов, а преку него и Егзархиската управа.

Бунтувањата на учениците од Солунската гимназија[41] биле дел од поопштите ученички бунтови низ поголемите македонски градови кои инсистирале на понагласено месно управување со ученичкото дело во Македонија. Протестите на младите и насоката кон децентрализација на раководењето со училишното дело го презеле и еснафите и другите градски категории кои го поставиле и прашањето за раководењето со македонските општински работи и со македонските општински настојништва. И протестите на тие категории

биле против строгиот егзархиски централизам, а за зајакнување на улогата на месното население и на месните установи во управувањето со општинските работи и потреби. Во суштина, станувало збор за процес на вклучување (на инклузија) на месните актери и на нивните интереси и разбирања, како во учебното дело, така и во општинските работи; домени строго контролирани од страна на Егзархијата и значајно поврзани со поширокитe цели на бугарското кнежевство. Поради неприфатливите барања и цели пројавени во ученичките бунтови, при крајот на осумдесеттите години од XIX век, управата на Солунската гимназија како и егзархиската управа решиле, на учениците кои го завршувале школувањето во 1880 година да не им се дадат дипломи, туку само уверенија за завршеното школување. На завршната свеченост на која присуствувале: Валијата Галип-паша со своите мудури, претставниците на странските конзулати и други личности, на 19 ученици – учесници во бунтовите, меѓу нив и на Христо Матов, не им биле дадени дипломи, туку само уверенија. Само 13 ученици, кои не зеле учество во споменатите бунтови, добиле дипломи за завршеното образование.[42]

Таа мерка на управата имала двојно значење. Од една страна, со таа мерка, на младите Македонци, им се предочувало што се претпочита, а што се санкционира со што гимназиската управа им ја испорачала последната воспитна мерка. Од друга страна, со споменатата постапка, која како ненајавена и неочекувана ги збунила и до некаде и ги стаписала присутните авторитети, се целело да се авансира лојалност на турските власти која манифестирана пред нејзините великодостојници требало да создаде уверување за неточност на честите клевети од страна на грчките силогоси дека во Солунската гимназија се градел и воспитувал бунт против државата, поврзан со руската балканска политика и со бугарската политичка претензија кон османлиските балкански територии.

Како и да е, Христо Матов, со уверението в раце се вратил во родната Струга во 1888 година каде што станал учител во училиштето во кое и самиот, до 1881 година, бил ученик. По двегодишно учителствување Христо Матов заминал во Софија каде што се запишал на Историско-филолошкиот факултет на Вишото училиште во Софија; т.е. на Софискиот универзитет.[43]

## 4. Студентските години – списанието „Лоза“ и ставовите на Христо Матов

Студиите Христо Матов ги започнал во учебната 1890/1891 година, а ги завршил во 1893 година, со свидетелство издадено по тој повод на 6 јули истата година.

На студиите Матов им пристапил мотивирано и систематски, совладувајќи ја материјата преку извори и материјали, преку научни студии на познати филолози и преку истражувања на неговите професори во кои и тој земал лично учество. Така, уште за време на студиите Христо Матов, поттикнат и насочуван од своите професори Иван Шишманов, Димитар Матов, и други почнал да собира и да обработува народни умотворби од Западна Македонија (песни, поговорки, верувања, гатанки, баења, вражања и сл.) и да ги објавува во зборниците што биле издавани во Софија во тоа време.[44]

Со својата образованост, со познавањето на областа и со својата инвенција и дарба Христо Матов, уште за време на студиите, се пројавил како надежен иден филолог и педагог кој можел да остави подлабока трага на полето на филолошките науки. Меѓутоа тој, како и многу негови врсници и пријатели од македонските средини кои, во Софија се нашле во вриежот на општествените настани и контроверзи сврзани со нивната родна Македонија, претпочитал својата образовна подготвеност да ја стави во полза на својата татковина. Во таа насока Христо Матов се придружил кон поголемата група негови пријатели и блиски другари кои во 1891 година решиле да формираат обединително друштво именувано како „Млада македонска книжовна дружина“, која на почетокот од следната 1892 година го публикувала своето списание „Лоза“.[45] Во дружината влегле Ѓорѓи Баласчев, Петар Поп-Арсов, Климент Караѓулев, Ѓорѓи Белев, Дамјан Груев, Димитар Мирчев, Тома Карајовов, Христо Поп-Коцев, Иван Хаџи-Николов, Христо Матов, Евтим Спространов, Андреј Љапчев, Наум Туфекчиев, Н. Дејков и други кои, заедно со Коста Шахов, Гоце Делчев и Григорчев, го образувале споменатото друштво. Тоа друштво, се надоврзало над низата претходни и паралелни појави на македонската посебност какви што биле: ученичките и еснафските бунтови за децентрализација на училишното дело и општинските надлежности, со потенцирање на улогата на месните македонски средини во тие домени; примерот на Костурската општина која ја суспендирала надлежноста на Егзархијата и образованието на бугарски јазик, поставувајќи го истото врз народна основа и со литература на македонски говорен јазик;[46]

појавата на низа весници кои го поставиле македонското прашање надвор од бугарското гледиште, меѓу кои предно место заземал весникот „Македонија“ на Коста Шахов;[47] појавата на Комаровата етнографска карта во која, во лепезата на словенските народи, Македонците биле посочени како посебен ентитет; Аксаковата препорака – Бугарите да го земат за свој литературен јазик македонското наречје, како побогато и постројно од бугарското и како поблиско до рускиот јазик;[48] како и бројните барања до султанот да ги примени членовите 23 и 62 од Берлинскиот договор; и други настани и идеи поврзани со зближување на балканските народи преку балканска (кон)федерација, со Македонија и Македонците, како дел од неа.

Во тој контекст, разбирливо, била прозвана македонската емигрантска интелигенција да се тргне од нејзиниот комодитет и опортун однос кон она што се случувало со судбината на нејзината родна Македонија и со македонскиот народ. Посебна тежина, во таа смисла, добила Софоклевата изрека дека е ништожник оној кој има подобар пријател од својата татковина. Во тој дух била и афектацијата од пораката на Македонецот Барон Константин Бели, кој ја испратил до своите сонародници, Македонци, пред својата смрт, а имено: „да служиш и работиш за татковината и општонародното добро е нешто најблагородно од што зависи среќата на човека и обратно, надвор од татковината и отфрлен од народот е несреќа за секој човек, па нека тој да е облечен и во злато“.[49]

Прекорени за својата „дремка“ во однос на теглилата на татковината и на сонародниците во неа, дури и со написи од типот: „Интелигенцијо црно да ти е лицето“ младата македонска интелектуална средина во Бугарија, на почетокот на деведесеттите години од XIX век, го дефинирала својот однос кон судбината на татковината и на своите соотечественици со синтагмите: „Денес татковината има потреба од нас“, „Политичката борба на Македонија да се води врз географска почва“; „Политичкото македонско прашање – врз македонска почва“, а „средствата слобода или смрт“.[50]

Во тој вриеж, Младата македонска книжовна дружина, во почетокот на 1892 година, го издаде своето списание „Лоза“ со кое, како што ќе објави во уводната реч, имаше намера: да даде силен отпор на сите севозможни надворешни елементи кои, воодушевени од своите сосипувачки планови и интереси по иднината на македонското население, слободно и со трескава енергија го засилуваат антагонизмот кој и така постои во земјата. Затоа, нужни се сили, а тие се раздробени и разнебитени; „треба да се собереме, да се

соединиме“, порачува Младата македонска книжовна дружина; „да се собереме во една општа моќна сила – сила народна, ако сакаме да ја зачуваме нашата татковина“; „Тоа треба да биде стремежот на секој чувствителен Македонец каде и да се наоѓа тој...; „за постигнувањето на таа цел Дружината ја издава својата „Лоза“.[51]

Со односното пледоаје, членовите на Младата македонска книжовна дружина, во списанието „Лоза“, во последната деценија на XIX век покренаа повеќе теми и публикуваа повеќе свои прилози, видувања и ставови по македонското прашање. Нивниот ангажман се совпаднал со рестриктивниот и репресивен Стамболов режим спрема македонското прашање поради што бугарските официјални гласила жестоко се нафрлиле врз Дружината и врз нивните ставови, а самата власт ги репресирала членовите на редакцијата „Лоза“, растурајќи ја Дружината и укинувајќи го списанието.

Кои беа прашањата и ставовите на младите македонски интелектуалци изнесени во списанието „Лоза“ во текот на 1892 година и, во тој склоп, кои прашања ги засегна и каква позиција, во однос кон нив, зазема Христо Матов?

Младата македонска книжовна дружина јасно кажа дека нејзина татковина е Македонија која имала блескави периоди во античката епоха, во времето на Филипа и Александра Македонски, но која отпаднала од тој цветен период при нивните наследници; која пак во актуелното време била цел на составувачките планови и интереси на соседите кои, како надворешни елементи, работеле да ги разнебитат силите на Македонците. Затоа Младата македонска дружина повикала на собирање на силите и создавање на народна сила, за да им се дадело силен отпор на агентите од надвор, заради спасот на иднината на својата татковина. Со тоа, Дружината, во суштина, повикала да се формира движење во кое би учествувал и помогнал секој Македонец каде и да се наоѓа тој.

Дружината, преку своето списание си ја поставила задачата: Македонците, особено оние во емиграцијата, изворно, да ги запознае со Македонија, со нејзиниот народен бит, со говорниот (народен) јазик, со неговите обичаи, патила и надежи, препорачувајќи истражувања и критички однос кон она што се публикувало за Македонија. Во таа смисла и самата дала пример, со повеќе прилози во списанието „Лоза“ од 1892 година, во кое критички се прикажувани и опсервирани попознатите и поактуелни патописи и студии за Македонија или, во кои се приложени ставовите на Дружината за одделни прашања; како, на пример, за прашањето за применетиот правопис во објавените текстови

во списанието, или за прашањето за народноста и за нејзините релации со државата.[52]

За прашањето за народноста на словенското население во Македонија Дружината, или „Лозарите" сметале дека станувало збор за посебна словенска група од структурата на словенските народи, дека народноста на таа група била македонска, а луѓето што ја сочинувале неа биле Македонци. Тие имале свој народен говор (свое македонско наречје) кое, во основа, ги поврзувало различните регионални народни говори кои имале низа специфични фонеми, традиционално бележени со старословенските графеми, посебно на планот на меките консонанти.

Искажаните ставови и аргументацијата на „Лозарите" во нивното списание, во бугарската јавност, биле дочекани „на нож". Во тоа предничеле официјалните државни и егзархиски органи, какви што биле „Свобода" и „Новини".[53] На пример, официјалната „Свобода" во примерот на „Лозарите" не гледала случаен, необмислен и ненамерен став на неупатени или заблудени млади луѓе. Спротивно „Свобода" позицијата на „Лозарите" ја поврзала со своевремените идеи и залагања на Кузман Шапкарев, со тие на Спиро Гулапчев, со македонизмот од периодот на Источната криза, како и со руско влијание, во услови на расипаните руско-бугарски односи во периодот на Стамболовото владеење. Поради тоа „Свобода", преку своите „пера" сметала оти станувало збор за одржување на линијата на познатиот македонски сепаратизам уште од шестата деценија на XIX век до тогаш. Разликата била само во тоа што сепаратизмот на „Лозарите" се случувал во срцето на Бугарија, во Софија, и во момент кога биле постигнати големи резултати во Македонија за бугарската кауза за кои биле дадени огромни средства и пожртвувања на бугарското кнежевство и општество. Поради тоа, ангажманот на „Лозарите" бил окарактеризиран како злобен и пакостен. Оттаму и драстичните мерки на власта против „Лозарите" за кои, Коста Шахов, ќе ја употреби синтагмата „несреќната дружина".[54]

Во полемиката околу „Лозарите" се впуштиле и поединци кои, одважувајќи се, проговориле во полза на ставовите и аргументите на списанието „Лоза". Така, познатиот македонски писател, драматург и интелектуалец Војдан Чернодрински ќе каже дека Стамболов ја згазил Дружината затоа што таа стапнала на самостојна почва. Слично и Димитар Сакералиев посочил дека јазикот на Словеномакедонците бил неразбирлив за Бугарите, како што и бугарскиот јазик бил неразбирлив за Словеномакедонците. Тој го изнел и тврде-

њето дека во вилаетите воопшто немало Бугари, туку Словеномакедонци, кои биле сосема друга народност од бугарската: и по обичаите, и по јазикот, и по особините.

Најдени под силен јавен притисок и под закани од страна на власта „Лозарите“ во вториот број на своето списание настапиле: со поголема статија под наслов „Неколко думи по въпроса на народноста“ поместени на стр. 49-58 и со прилог под наслов „Едно кратко обіаснение“ (стр. 91-96) со кои сакале да го релативизираат ударот од критичарите и властите и да создадат услови за натамошно излегување на списанието „Лоза“.[55]

Двата прилога се дадени без име на авторот што, вообичаено, значело и значи дека зад нив стои Редакцијата на списанието. Без оглед на колективното застанување на Редакцијата зад споменатите два прилога, сметаме со сигурност, дека автор на статијата за прашањето на народноста е Христо Матов кој, тогаш бил пред самиот крај на своите филолошки студии на Вишото училиште во Софија. А, за вториот прилог, под наслов „Едно кратко обіаснение“ сметаме дека треба да се земе можноста дека негов автор е, исто така Христо Матов, иако во поновата македонска научна публицистика како таков автор се зема Петар Поп-Арсов.[56]

Во статијата „Неколку думи по въпроса за народноста“ направен е широк преглед на историјата на поимот народност и на релациите на народноста со поимот држава. Притоа е укажано дека таа релација била релевантна за модерните граѓански општества со чија историја започнал стремежот: народноста да создаде своја држава. Со други зборови, поимот народност се изедначува со поимот нација, тогаш кога народноста упорно се бори да создаде држава или да ја одржи постојната држава која ги гарантира и заштитува нејзините интереси.

Односното издигнување на определена етничка, јазичка, територијална и слична група како народност и како нација, со државнотворна улога, според авторот на статијата, претставувало историски процес кој не познавал апсолутно детерминиран исход и при постоење на погодни и пожелни услови и елементи. Авторот утврдил став дека народноста и нацијата не се еднаш засекогаш дадени константи, туку дека тие претставувале променливи категории кои бидуваат моделирани во историските процеси, зависно од условите и околностите. Таквиот свој став, авторот (Христо Матов) го засилил со додавката дека и тогаш кога народноста (или нацијата) ќе биле прочувствувани, дефинирани и именувани, и тогаш тие останувале податливи и сензибилни на динамиката на

историските услови и промени. Поинаку кажано и тогаш биле можни промени во самите нив.

Поради тоа, Матов сметал оти задачата на науката и на истражувачот била да утврдат дали определена народност (и определена нација) постојат или не постојат во даден, конкретен, период и дали нивниот профил и нивните белези претставуваат зрел кристализиран резултат и поим или пак определена глобална група (или определен дел од дадено општество) сѐ уште се наоѓа во транзиторен процес; утврдувајќи во која насока се одвива транзицијата на конкретната народност (или на конкретната група).

По тој и таков пристап, авторот ги разгледува погодните услови и околности при кои една група или дел од определено општество, ферментирајќи во историскиот процес на граѓанското општество, станува народност, или нација, со респективна амбиција и борба за создавање своја држава. Располагајќи со широко познавање на историјата на народностите и на историјата на создавањето на националните држави во Европа, авторот има наброено цела низа услови и фактори кои се јавувале како пожелни и погодни во прераснувањето на определени народи во нации. При анализата на нивното значење во формирањето на државите, преку што тие народи станале нации-субјекти на сопствената политика и судбина, авторот ги наброил и ги анализирал ефектите на следните услови и на следните претпоставки и фактори: потеклото (етногенезата и племенската матрица); обичаите; верата; јазикот; географијата; сообраќајот и комуникациите; навиките – особините – психологијата – менталитетот и сл.; утврдувајќи најразлични комбинации на тие елементи при формирањето на европските нации и држави. Што е важно: тој утврдил дека ниту еден елемент или ниту која и да е комбинација од тие елементи не се јавува како доминантна варијабла која би ги повлекла другите услови, во секој еден случај, на градењето на нацијата, или на државата.

Така: некаде јазичното единство дало доволна основа за заедничка нација и држави. На друго место не. Некаде религијата била претежен фактор на таа улога, но во други случаи, при исти околности, не одиграла таква улога. Некаде територијата имала значење, во други случаи не. Племенската идентичност или блискост некаде дала, а некаде воопшто не дала ист резултат. И нивните различни комбинации знаеле да дадат нееднакви резултати.

Врз многубројните илустрации на исти и слични услови и елементи, притоа, врз многубројните варијации на резултатите, мошне едуцираниот и даровит автор дал потврда на своите констатации и тези преку голем број

примери каде што при истите елементи и комбинации произлегле различни нации и држави. Примерите кои ги потврдиле тезите на авторот биле поврзани со односот на Хрватите и Србите, со тој на Полјаците и Русите, со тој на Холанѓаните и Германците на Германците и Австријците; со тој на Шпанците и Португалците, со примерот меѓу Англија, Ирска и Шкотска (меѓу Англичаните, Ирците и Шкотите), со тој на Швајцарија и Соединетите Држави, со тој на Алзашаните и Французите, итн.

Сепак, авторот се обидел да го смири крајниот релативизам, изјавувајќи дека постоењето на една доминантна народност која, истовремено, е истојазична и истоконфесионална, при определени дополнителни услови, претставува основа за поголема трајност (за поголема одржливост) на државата што би била создадена од таквата народност. Под поимот на дополнителни услови кој ги цени како многу важни, а понекогаш и како решавачки, авторот ги поставува: сознателната волја и големата енергија и борба да се создаде заедничка држава, во процес во кој истовремено ќе се создаде и заедничка нација од различни територијални и општествени групи. Во таа смисла, печатејќи го својот став тој потенцирал: „*луѓето коишто сакаат да образуваат една нација, треба сите сознателно или инстинктивно да се стремат да образуваат или да задржат еден заеднички државен организам, општо да се грижат за своето зајакнување и заштитување, да работат здружно за своето усовршување, заедно да ја носат и среќата и несреќата и, сврзани со еднакви историски судбини, да гонат еднакви културни цели. Недостасува ли таква желба и таков стремеж за општ политички и културен живот, нема ли такви чувства и заемна солидарност, нема народност (т.е. нема нација В.П.) па колку и да имало: јазично единство, племенско и религиозно единство*“.[57] (курзивот е во оригиналот В.П.)

Одејќи чекор понатаму во сознанието и во заземањето став, повикувајќи се на прочуениот Ренан, авторот (Христо Матов) укажува дека и етнографијата, како наука за народностите, се менува како што се менува и самата народност низ историските процеси. Тоа значи дека утврдените поими и категории на таа наука, исто така не се еднаш засекогаш дадени. Што се однесувало до промените во народноста тоа можело да значи нејзин прогрес; на таа основа и промените во етнографијата означувале нејзина способност да ја следи реалноста.

Затоа Матов, во статијата, ја критикувал тврдата позиција на етнографите и филолозите кои се впуштиле во етно-јазичко „бистрење“ на македонската народност со систем на тврди (конечни и неизбежни) судови, со кои опреде-

лувале на која соседна нација ѝ припаѓала таа народност и на која соседна држава ѝ принадлежи Македонија. За таквите амбиции на етнографијата и филологијата, Матов, ќе забележи оти тие сакаат да играат улога на Ново евангелие. Заради тоа ќе го постави и прашањето: „Каква сила треба да има таквата етнографија (и филологија) за да може да ги уништи сите закоренети традиции во народниот живот, за да ги раскине од векови зајакнатите врски, за да го избрише памтењето на народот на сите спомени кои, како најдрагоцено наследство, се предаваат од поколение на поколение? Како етнографијата ќе му каже на некој запален патриот дека не бил Германец, туку Келт, а по години дека всушност бил Словен?“[58]

Имено, по сета анализа за народноста, Христо Матов, допуштил Македонците да се приклонат и кон некоја балканска нација, сметајќи дека во таа смисла најреална и најизвесна била шансата тие да се приопштат кон бугарската нација и бугарската држава; но не ја исклучил и можноста Македонците да тргнат по свој пат, создавајќи свој (македонски) идентитет, посебна македонска народност и посебна (македонска) државност.

Матов утврдил дека македонската народност се наоѓала во транзиторен процес со предност на создавање на бугарска национална свест; затоа што двата народа племенски и јазички се преклопувале и затоа што бугарското кнежевство и Егзархијата најмногу вложиле и најмногу спечалиле сред Македонците. Во таа смисла, Матов, во статијата, Македонците ги обележил како „македонски Бугари“ со наводници, за разлика од Бугарите во Кнежевството за кои не употребил наводници. Од тоа произлегува дека правел разлика меѓу „македонските Бугари“ и бугарските Бугари, со што првите ги определил како група која се наоѓала во процес на вкрстена компетиција на соседните балкански држави, за печалење на што поголем дел од македонскиот колач, а вторите (бугарските Бугари) ги разбирал како „јадро“ кое, преку кнежевските институции и преку Егзархијата, била страната која настојувала да приопшти што повеќе од македонските средини и од Македонците за својата кауза.

Бидувајќи свесен за нагласените македонски определби во другите прилози на членовите на Редакцијата, објавени во списанието „Лоза“, од една страна, и за силните обвинувања за политички сепаратизам на Младата македонска книжовна дружина, од друга страна, Христо Матов со статијата „Няколко думи за въпроса на народноста“ застанал на средина меѓу позициите на двете страни. Така тој, согласно со своето разбирање за националното профилирање на која и да е народност, вклучително и на

македонската, всушност, признал легитимитет и на посебниот (македонски), и на „македонскиот (про) бугарски“ процес.

Втората статија на Христо Матов објавена во „Лоза“ од 1892 била со наслов: „Едно кратко објаснение“. И таа статија била без потпис, со што било укажано оти зад неа стои Редакцијата која имала намера да проговори и појасни нешто за правописот што го прифатила за списанието.

Објаснувајќи дека на Младата македонска книжовна дружина не ѝ паѓало на памет: да прави преврат во бугарскиот правопис, ниту да создава нов македонски јазик, правејќи расцеп во бугарскиот јазик, а уште повеќе да трасира стремеж за политички сепаратизам, како што обвинувала редакцијата на весникот „Свобода“; „Лозарите“ ги отфрлиле сите тие обвинувања со ставовите: дека тоа би претставувало глупост, бидејќи често употребуваната синтагма „македонско наречје“ под која се разбирал јазикот на сите Македонци било неточно бидејќи, во стварност, такво нешто не суштествувало. Во таа насока јазикот на Браќата Миладиновци и на Жинзифов и на некои други бил охридско-прилепски говор, а не македонски јазик во широка смисла на зборот. Продолжувајќи во таа насока, во статијата, зад која се препознава избалансираната средна позиција на Христо Матов и неговата оценка за состојбите на јазичното поле во тоа време, се истакнува: „за да можат македонските наречја да образуваат посебен литературен јазик во однос на бугарскиот треба меѓу себе да имаат голема блискост, а од друга страна да имаат некои специјални одлики во однос на денешниот бугарски литературен јазик“.

Констатирајќи дека не постоело ниту едното ниту друго, Редакцијата (и авторот) утврдиле оти во случаите со македонските говори и со нивната литерарна употреба не станувало збор за користење или за создавање нов (или друг) литературен јазик од бугарскиот; односно дека иднината на бугарскиот јазик била сигурна и во Македонија.

Меѓутоа, редакцијата и авторот на статијата сметале оти литературниот јазик (бугарскиот нормиран јазик) не било добро и достаточно ако само тој се употребува во литературата. Било пожелно литературниот јазик, многу да не се разликувал од говорните наречја во сите краишта. Со други зборови, литературниот јазик требало да биде што понароден, во најшироката смисла на зборот, да биде еднакво разбирлив во сите краишта од „Марица до Вардар“. „Ние знаеме дека *научно̄то* (курзивот е во оригиналот) единство на бугарскиот јазик од сите краишта е веќе утврдено и признато од *наука̄та* (курзивот е

наш – В.П.). „Но тука не треба да се запреме – треба да ја имаме предвид и практичната важност на јазикот, а такво *практично* (курзивот во оригиналот) единство, барем во едно мало приближување, уште го немаме. А тоа е нужно, и колку побрзо тоа се постигне, или се работи да се постигне, толку подобро ќе биде“.[59]

Тоа според Редакцијата значело оти има потреба од давање место на сите бугарски наречја, и на македонските во книжевниот јазик, со што литературниот јазик многу ќе се збогател. Тоа било логично и можно, бидејќи бугарскиот јазик се наоѓал во период на создавање, во така да се каже, кашеста состојба.

Тие и слични ставови, поместени во споменатата статија, укажуваат дека и „Лозарите“ како и преродбениците сметале оти било неопходно да бидат интерполирани македонските говори во бугарскиот литературен јазик. Разликата била во тоа што „Лозарите“, за разлика од преродбениците, имале поограничени барања во таа смисла. Додека преродбениците (на пример, Партение Зографски) барал предност на македонските говори во формирањето на општиот јазик, сметајќи дека македонското наречје е постројно, поплавно и пополнозвучно од бугарското, дотогаш „Лозарите“ како што самите истакнале, ја имале предвид, најмногу, лексичката страна. Во таа смисла тие, како што ќе истакнат во списанието, допуштиле некои македонски зборови и форми со што не се наштетувало на општиот литературен јазик. И споредбата на „Лозарите“ со Кузман Шапкарев што ја префрла „Свобода“ ја покажува поголемата ограниченост на нивните барања. Последниот имал негативен однос кон бугарскиот јазик во споредба со македонскиот, нарекувајќи го, првиот, со доста пежоративни атрибути кои подразбирале однос на неприфаќање на бугарскиот јазик, посебно во училиштата и просветата. „Лозарите“, пак, не го спореле бугарскиот литературен јазик и неговата општа употреба, но инсистирале на внесување „инсерти“ од македонските говори во него; првенствено во делот на лексичката структура но и во формата (или во синтаксата). Покрај во тоа, „Лозарите“ допуштиле, и сметале за корисно да внесат и извесни правописни елементи, својствени на македонските говори. Но, и на тој план нивната намера била да вклучат мали (делумни) правописни интервенции за кои сметале дека се едноставни („прости“), лесно разбирливи и приемчиви. Со тоа тие имале намера, јазикот на списанието „Лоза“ да стане пошироко приемлив, тврдејќи дека со правописните „инсерти“ не се рушел правописот на бугарскиот литературен јазик, ниту се создавал расцеп во тој јазик.[60]

Разликите на тој план, меѓу преродбениците и „Лозарите“ се должеле на позначајните промени на условите и на фактите меѓу времето на првите

(главно, шестата и седмата деценија на XIX век) и времето на „Лозарите“ (почетокот на десеттата деценија на истиот век).

Имено, времето на преродбениците се одликувало: со подем на македонското граѓанство; со ширење на просветата и на училишното дело врз македонска народна основа, издржувано од страна на македонскиот град и на македонското село; со патриотски ориентирана македонска интелигенција, присутна во Македонија, издржувана од македонските средини и вклучена во процесите и борбите за еманципација на македонските интереси и работи од посегањето на соседите. Во тоа исто време и при такви околности, соседните блиски народи, немале консолидирано доволно пропагандни институции и доволно финансиски средства за своите каузи во Македонија.

Во деведесеттите години од XIX век состојбите биле многу променети. Опаднала економската и општествената моќ на македонската граѓанска категорија. Пропаднало и народното училишно дело, останувајќи и без средства и без учители, кои масовно емигрирале во бугарското кнежевство. На нивно место застапиле: бугарските финансиски фондови наменети за Македонија; Бугарската егзархија која го организирала, финансирала и контролирала училишното дело во Македонија; учителите како чиновници на Егзархијата, без оглед што можеле да бидат и од македонски средини; и бугарските учители како директори на најзначајните училишта и школи во Македонија. Во тоа време преродбенската улога ја имале „заборавено“ и Кузман Шапкарев, и Григор Прличев, и други кои, веќе акомодирани во бугарските средини и институции, не се впуштале во битки и полемики за интегритетот на македонските работи. И бугарското кнежевство, веќе консолидирано врз своите исклучиви интереси, станало нетолерантно и репресивно кон пројавите со македонски отклон од бугарската кауза. Така, на пример, преродбеникот Димитар Василев Македонски, кој и во деведесеттите години од XIX век барал разбирање за нужноста од посебно решавање на македонското прашање, надвор од бугарското кнежевство, бил убиен од најмен убиец; а младата Македонска книжовна дружина била растурена со апсење на двајца нејзини членови, со интернирање на другите и со закана од физичко малтретирање или „прогонување во турско“.[61]

Покрај тие разлики, постоела уште една, поопшта и поважна, разлика меѓу двата споменати периоди. Таа се состоела во значителната промена на свеста кај голем број македонски средини, во таа смисла што во деведесеттите години на XIX век бугарската национална идеја била пошироко закоренета од порано. И во фактот што таа идеја продолжувала да се шири со планските

политики, со големите средства и со упорната работа на бугарските институции и на Егзархијата во самата Македонија.

Тие реалии, на Христо Матов, му дале основа да констатира дека и македонската народност и македонските говори, во тие околности, се наоѓале во процес на транзиција, со повеќе од една можност.

На планот на јазиците, Матов му дал предност на бугарскиот литературен јазик, како заеднички јазик на Бугарите и на Македонците. Но тој, истовремено, оставил место и допуштил можност и македонските говори да станат дел од тој јазик, со што литературниот јазик би се збогатил и би станал разбирлив и прифатлив во сите краишта долж замислената идна и пространа држава.

Според принципот на „Argumentum a contrario" тоа значело признание и став оти бугарскиот јазик не бил, ниту доволно разбирлив, ниту доволно вкоренет во народните говори што го правело неоформен, кашест, јазик за така замисленото општество.[62] Со тие констатации, Христо Матов, или Редакцијата на списанието „Лоза", застанале на слична позиција како и за прашањето за народноста, а имено: дека секој Македонец, посебно македонската интелигенција, имале задача да ги афирмираат културните и народните интереси на својата родина и на својот народ, како смисла на животот и на среќата на секој човек, со што општиот интерес и општите стремежи на Македонците кон своја култура, нација и држава можеле да добијат шанса да се реализираат, било во заедница, со друг близок народ, било посебно врз одделна (македонска) почва.

Тоа бил реално можниот придонес на „Лозарите", и на Христо Матов во тоа време на планот на македонските интереси; тоа тие и го постигнале со списанието „Лоза", посебно со броевите издадени во 1892 година. Со тој придонес „Лозарите" станале алка во синџирот на упорствувањата сред македонската интелигенција за поставување и афирмирање на македонските стремежи.

## 5. Христо Матов – несудениот филолог и покрстениот револуционер

По дипломирањето на Историско-филолошкиот факултет, Матов ги поднел документите до Егзархијата, да биде распореден како учител во Македонија. Егзархијата го назначила Христа Матов за учител и директор на Педагошкото училиште во Сер, во учебната 1893-1894 година.[63] Сер, во тоа време, имал пет

бугарски училишта од кои едното било полно педагошко училиште, второто било женска прогимназија, а останатите три биле основни училишта.

Сер или Серес по грчки и Сирос по турски, бил централен град на истоимената каза во Солунскиот вилает.[64] Градот Сер во времето на учителствувањето на Христо Матов, според Васил Кнчов, имал 28.100 жители од кои Турци 11.500, Грци 11.000, Евреи 2.500, Бугари (односно македонски Словени христијани) 2.200 и 500 Цигани. Сер за време на Источната криза (1875-1878 година), според Стефан Салганциев, имал 22.500 жители, според кого 2/5 (9.000) биле Турци, а другите христијани (Грци и Словени) плус мал број Евреи и Цигани. Меѓутоа, Серската каза која имала 182 населени места и вкупно население од 107.684, кон деведесеттите години, ја имала следната структура на население: Бугари (македонски Словени) 40.316; Грци 28.605; Турци 28.220, Цигани 4.563, Евреи 2.500, Власи 1.800 и други.[65]

Според структурата на населението, но и според други соопштенија и анализи, градот Сер бил еден од главните грчки политички и духовни пунктови за кои грчките институции долго време, воделе жестока борба против неговото словенизирање. Во времето на Источната криза грчката пропаганда била доминантна, како во Сер, така и во серската околија. Сер со околината, согласно со милетскиот систем, бил патријаршиски бастион, при што речиси целото население спаѓало во состав на Рум милетот без да постоело население кое, согласно со истиот систем, потпаѓајќи под јурисдикција на Егзархијата, би се нарекувало Булгар милет. Токму во такви услови, а при постоење на значително словенско население, Сер со неговата околија, по формирањето на Бугарската егзархија во седумдесеттите години од XIX век, станал цел на бугарската пропаганда.

Навлегувањето на бугарската пропаганда и претежнувањето на егзархиското влијание во Сер и во Серско, не само поради бројното словенско население туку и поради стопанската и геополитичката важност, значело „вложување“ во идната замислена експанзија на бугарските економски, национални и државни интереси кон Македонија, а пред сè кон излез на Белото Море. Имено, Сер бил главната алка за спој на трансверзалата која од Софија, преку Куманово, Скопје, Овче Поле и Струмица водела до Кавала и до Солун. Сер бил спојка и на онаа траса, која по долината на Струма уште пократко ја спојувало Софија со истите беломорски пристаништа.

Затоа, создавањето услови, во Сер и Серско, да се постави и придвижи бугарско прашање и да се воспостави институционална, културно-национална

и просветна, пропаганда (т.е. да се востанови и развие егзархиско-бугарска принадлежност) имало приоритетно значење за бугарското кнежевство.[66] Со таква мисија, на училишното и просветното поле, бил натоварен Стефан Салганџиев, кој пред Источната криза, за време на истата и по неа, требало да ги постави темелите на пробугарското будење и приопштување на македонското словенско население од Сер и Серско. По тој пионер и упорник на бугарската кауза и на Егзархијата, во деведесеттите години од XIX век, од страна на Егзархиското училишно `ведомство`, со мисија да ги одржи и развие дотогашните резултати на споменатото поле, бил поставен Христо Матов.

Како претходник на Матов, Стефан Салганџиев, со многу лични и семејни ризици, успеал да го постави и придвижи бугарското прашање во Сер и Серско, каде што никој пред него не се осмелил да застане наспроти грчкиот патријаршиски блок кој бил бескрупулозен и агресивен, применувајќи го правилото: „целта ги оправдува средствата". Токму во таа смисла, Стефан Салганџиев заедно со семејството, неколку пати бил животно загрозен. Но тој успеал да одолее на притисоците. На тој план, во востановувањето и омасовувањето на бугарското егзархиско движење, многу помогнале и самите турски власти. Таа власт неколку години, со заптии и жандарми, ги чувала: и бугарското училиште, и бугарскиот учител со семејството и бугарскиот свештеник, заштитувајќи ги егзархиските општинари и привзрзаниците на Егзархијата. На услуга стоеле и управните и судските органи на турската власт кои ги санкционирала заканите и обидите по безбедноста на животот и имотот на припадниците на бугарското, егзархиско, движење, охрабрувајќи го, на таков начин, самото тоа движење.[67]

Објаснувајќи ги причините за таквиот однос на турските власти, Салганџиев констатирал дека таквиот однос на турската страна произлегол од интересите на самата таа власт. Имено, пред појавата и зајакнувањето на бугарското прашање и движење во Сер и Серско, грчкото-патријаршиско движење, како општо христијанско движење, се насрчило против власта на Турците и против доминацијата на муслиманскиот елемент. На таа основа самата власт имала големи проблеми и неприлики. Отпорот против неа добил политичка димензија така што грчкото-патријаршиско движење ги поврзало идеите на слободата и на борбата на Сер и Серско со идејата за приклучување кон слободната грчка држава.

Поради тоа, бугарското движење во таа околија, како расцеп внатре во христијанскиот блок, значело внесување кавги и борби во истиот; трошење на

енергијата во тој блок, појава на меѓусебни шпионирања и достави и барање помош и наклоност од властите. На таков начин, самата турска власт, како релаксирана страна од директните напади, станувала абритер и контролор во процесот на меѓусебните гушења и судири на народностите во Сер и Серско или, mutatis mutandis, во цела Македонија.

„Филозофијата" подели (раскарај, насрчи, судри) па владеј, турските власти мошне вешто ја користеле. Во таа политика тие внеле правило: ја помагале послабата пропаганда, намалувајќи ја моќта на посилната, не дозволувајќи таа да стане доминантна со што би станала опасна за самата турска страна. Во однос на бугарската пропаганда, власта го „свртела тефтерот" непосредно по Источната криза поради антитурските востанија во Бугарија и Македонија. Тогаш многу придобивки на Егзархијата во Македонија биле вратени назад. На пример, било оневозможено стапувањето на митрополитските положби на Натанаил во Охрид и на Доротеј во Скопје, со што било забавено темпото на бугарската училишна, општинска и друга дејност во Македонија. Подоцна, кон средината на деведесеттите години од XIX век, кога веќе биле надминати последиците од Источната криза, турската власт, одново, почнала да ја притиска Егзархијата и бугарската пропаганда во Македонија, а во врска со Виничката афера во 1897 година, кога станало јасно оти Македонија била „посеана" со мрежа од револуционерни комитети.

Христо Матов ја започнал својата професионална и револуционерна работа, токму, на почетокот на заострувањето на политиката на турските власти кон Егзархијата и кон македонската народност под нејзина јурисдикција. Неговата прва мисија и работа добиена од Егзархијата била во Сер како директор на Полното педагошко училиште. Таму Матов останал две учебни години, 1893-1894 и 1894-1895 учебна година. При тие околности, Христо Матов се оддал на професионална, педагошка, работа и на национално-просветна активност, настојувајќи, на тој план, да ги унапреди дотогаш постигнатите резултати. Како највисоко поставен егзархиски службеник во Сер, Матов успеал да го прошири влијанието на егзархиската просвета среде населението и да го подигне престижот наспроти грчкото влијание. Во самата педагошка работа Матов внел многу новини, како во методот, така и во содржините за што посведочува и неговиот тогашен ученик и подоцнежен познат член на ВМРО, Ѓорѓи Баждаров.[68]

Во национално-просветната работа, Матов ја ширел идејата за обединување на Македонците со Бугарите, сметајќи оти станувало збор за еден народ,

поврзан со историјата, јазикот, културата и традициите. Во тоа време (во 1893-1894 година) Матов не бил зафатен со прашањето за политичката судбина на Македонија, за разлика од неговите пријатели во Солун и во Софија. Неговите пријатели во Солун, веќе, ја основале Внатрешната македонска револуционерна организација, а во Софија се зафатиле да ја обединат македонската емиграција и да формираат македонски комитет.[69] Додека двете групи, нашироко расправале за политичката страна на македонското прашање, барајќи примена на членот 23 од Берлинскиот договор, дотогаш Матов се занимавал со етнографските, јазичните и историските аспекти на тоа прашање. Тогаш кога Матов се свртел кон прашањето за автономија на Македонија, тој застанал на ставот дека таа била прифатлива само како етапа кон обединувањето на Македонија со бугарското кнежевство. Крајната цел на борбата за ослободување на Македонија, за Матов, била обединувањето на Македонија со Бугарија.

За разлика од Матов, на пример за Гоце Делчев, за Дамјан Груев, за Ѓорче Петров, за Петар Поп-Арсов, за Петар Тошев, за Јане Сандански и за други, автономијата на Македонија, секогаш се разбирала како полна политичка автономија или, како независна државичка на Балканот.[70] Матов пак, кој како и погоре спомнатите лица, освен Сандански, бил учесник, делегат, на Солунскиот конгрес на македонската револуционерна организација одржан во 1896 година, поимот „...полна политичка автономија“ го замислил, за разлика од нив, како етапа кон обединување на Македонија со Бугарија. По Солунскиот конгрес на МРО, во Скопје, во 1897 и 1898 година го издавал хектографираниот весник „Сан Стефанска Бугарија“ со што не оставил никакво сомнение за неговото разбирање на крајната цел на борбата за ослободување на Македонија и за синтагмата „автономија на Македонија“.

Но, за тоа прашање подоцна во текстот.

Да се вратиме на времето кога Матов бил директор на Полното педагошко училиште во Сер, во учебните 1893-94 и во 1894-95 година, за да биде посочено и на еден друг момент од неговиот живот. Имено, во тоа време во Сер, Матов ја запознал велешанката Весела, учителка во серскиот кварт Горна Каменица. Меѓу Христо Матов и учителката Весела се родила љубов и намера за иден заеднички живот. Матов, како образован и способен филолог и педагог, чувствувајќи ги своите способности на полето на науката и литературата, планирал професионална иднина и исполнет личен и семеен живот со избраничката на своето срце. Меѓутоа неговите другари од Младата македонска книжовна дружина, воедно и основачи на Македонската револуционерна

организација, Дамјан Груев и Иван Хаџи-Николов, не заборавајќи на својот другар и содружник од времето на заедничката дејност во списанието „Лоза“ кроеле подруга иднина за Христа Матов. Ним, и на Македонската револуционерна организација, Христо Матов им бил потребен со неговите способности и доблести. Затоа, пролетта 1894 година, на Велигден, двајцата го посетиле Матова во Сер.

Запознавајќи го со започнатото революционерно дело го повикале и тој да се вклучи во него. Посетителите, неговите другари, долго беседеле: давале информации, појаснувале, изнесувале ставови и погледи за делото, за идната работа, за целите, за потребата од пожртвуваност и самопрегорност, за тајниот и револуционерен (борбен) карактер на Организацијата... Тие беседеле, Матов слушал, молчел и само одвреме-навреме ќе поставел по некое прашање, а Груев и Хаџи-Николов ќе дообјаснеле. Кога пријателите кажале сѐ што мислеле оти треба да кажат и кога Матов немал други прашања, Груев и Хаџи-Николов го запрашале Матова – што решил? Матов одговорил: „Ќе помислам – има и за што да се мисли. Ве молам да ме исчекате!“[71]

Одговорот на Матов ја посведочил драмата што се одвивала во неговата душа. Длабоко свесен за какво дело станувало збор и какви жртви стојат пред секој што ќе го прифати тој пат – Матов имал потреба да се преиспита себеси поцелосно и подлабоко, без брзоплетост и без површност, притоа. Не само неговата природа, туку и околностите во кои се наоѓал и со кои живеел во тоа време, го терале да го стави на кантар и тоа што го почувствувал и посакал пред да го посетат неговите другари, и тоа со што го „инфицирале“ тие; зашто идејата и стремежот за слободна и среќна Македонија секогаш, и нему, му ги преокупирале и умот и срцето. Но, вистина било и тоа дека тој ист ум и тоа исто срце, во Сер, му проговориле за живот со професионална кариера и со лична и семејна иднина, кон што, некаде подлабоко во својата душа, Матов ја почувствувал својата согласност со таквиот избор.

Дека има основа, по тој повод, така да се оцени расположението на Христа Матов, говори и фактот што тој на Дамјан Груев и на Иван Хаџи-Николов не им дал одговор цели петнаесет месеци, сѐ до 25 август 1895 година кога станал член на Македонската револуционерна организација; и тој пат без негова иницијатива. И тогаш, на 25 август 1895 година, Христо Матов, наоѓајќи се во Солун на пат за Скопје, во „Бошњак-анот“ повторно бил посетен од Дамјан Груев и Иван Хаџи-Николов кои, речиси, го забрале со себе во домот на Аџијата. Таму, заедно со Христа Поп-Коцев, го заколнале како член на Тајната

македонска одринска револуционерна организација.[72] Над Светото писмо и над прекрстената кама со револверот, паднала клетвата на Христо Матов за верност кон делото, Организацијата и другарите.

## 6. Матов – основоположник на револуционерното движење во Скопскиот санџак – неговата борба со српската пропаганда

Станувајќи член на Револуционерната организација, Христо Матов, засекогаш раскрстил со своите претходни замисли за својот иден живот; ги откорнал од своето срце своите љубовни мечти сврзани со саканата Весела, и се оддал на делото кое барало откажувања, страдања, затвори, крв и смрт. Матов бил сосема свесен за таквиот пат на револуционерот. Таа друга, неизвесна, иднина и тој тежок и трнлив пат, Христо Матов ги прифатил сознателно и без резерви, давајќи му ги на делото сите свои способности и доблести, кое пак со неговото учество, се здобило со уште поголема морална и интелектуална способност и со достоинственост при најтешките страдања и искушенија, поради целите на истото.

Христо Матов во учебната 1895-1896 година, на инсистирање на Организацијата, без негово знаење, бил прераспореден за директор на пансионот на Педагошкото училиште во Скопје, од страна на Егзархијата. Наскоро, од неа бил поставен и за директор на самото тоа училиште. Револуционерната организација со својата интервенција за преместувањето на Матов во Скопје сакала, полесно да ја преболи емотивната врска создадена во Сер и, што било поважно, да се посвети на борбата со српската пропаганда која во Скопје и Скопско, имала фатено позиции, особено во селските средини. Брзо, по пристигнувањето во Скопје Христо Матов станал најзначајната личност на Македонската револуционерна организација во целиот Скопски вилает, стратегиски значаен за цела, а посебно за Северозападна Македонија. Матов во Скопје и во целиот Скопски санџак ги поставил темелите на револуционерното движење. Кусо време по доаѓањето ги проценил силите на српското движење, па, во насока на негово потиснување и елиминирање, собрал околу себе доверливи и авторитетни луѓе, какви што биле Петар Мацанов, Стефан Петров, Владо Бојаџиев и други.[73] Со нив успеал да го прошири влијанието на Револуционерната организација, формирајќи во целиот Скопски санџак, револуционерни десетини и месни комитети. За само две до три години

биле постигнати големи резултати и на полето на национално-црковното и училишното дело, така што српската пропаганда во Скопскиот санџак изгубила голем број привrзаници со задржан тренд на натамошно опаѓање и отпаѓање од конкуренцијата со Егзархиското движење. Во 1897 година, Матов констатирал оти, суштински, српска пропаганда во Скопје и во околиите на Скопскиот санџак немало, бидејќи остатоците од неа биле сврзани, или со мал број останати стари гркомани, кои како стари патријаршисти, останале во истите општини препуштени на Српската црква и пропаганда, или од грст пропаднати и безавторитетни лица, кои од различни лични причини станале србомани. Укажувајќи дека првата категорија, инаку стари еснафи, чекала згоден момент да се префрли во Егзархијата, каде што било огромното мнозинство од населението, втората т.н. „истуркана“ или „ритната“ категорија имала контраефект, доуништувајќи го авторитетот на српската пропаганда во Скопскиот санџак.[74]

Поради фактот што српската пропаганда немала природна основа, независно колку пари трошела (или „фрлала во ветар“) и колку квази етнографски, филолошки и други книги печатела, Матов констатирал дека таа ќе угасне како пропаганда. Поради тоа, порачува Матов: нема да биде изненадување ако српската страна се преориентира на друг план, на пример на воен, со што тој уште 1897 година ги антиципирал идните војни меѓу балканските држави заради Македонија. Матов укажал оти државните интереси на Србија и Грција и стопанското, а особено геополитичкото значење на Македонија за истите, при отсуство на нивна пропагандна (црковна, просветна и политичка) конкурентност во однос на според него, „бугарската природна мисија во Македонија“, нив ќе ги ориентирале на бојното поле.

Во процените, Матов воопшто не се излажал. Најдобар доказ за тоа е посведочувањето на Владан Ѓорѓевиќ, кој во годините за кои зборува и Матов ја посетил Македонија и побрзал да го алармира тогашниот претседател на српската влада Ѓорѓе Симиќ. Укажувајќи му дека во Македонија бројот на српските училишта и на учениците во нив бил ништожен во споредба со бугарските, прашал што прави министерот за просвета и за верски прашања, инсистирајќи да се засили работата на тоа поле. Претседателот на владата спокојно му одговорил оти прашањето за Македонија не било во надлежност на министерот за просвета, туку во надлежноста на воениот министер; тоа прашање немало да се решава со книги и училишта туку со топови, па му препорачал на Владан Ѓорѓевиќ да го посети воениот министер и да види

како таму стоела работата. Слични на оцените на Матов биле и изјавите на разочараниот српски конзул во Скопје Владимир Кариќ, кој го констатирал ништожниот ефект од огромните суми пари потрошени за привлекување (за купување) приврзаници на српската пропаганда во Македонија. Тој Македонците ги нарекол „експлоататори на патриотизмот“ имајќи ги на ум сумите потрошени пари и отсуството на резултати на споменатото поле.[75]

Христо Матов, во борбата со српската пропаганда се зафатил, и преку публицистички трудови, да ја докаже неприродноста на српската пропаганда во Македонија. На тој план Матов го манифестирал своето широко познавање на јазичните и историските аспекти поврзани со конкурентните позиции на бугарската и српската претензија кон Македонија. Првата ја докажувал како природна претензија, а Македонија, како дел од бугарскиот етнички, јазичен и историски простор. Втората претензија ја дефинирал како вештачка и новаторска; појавена по Берлинскиот конгрес, од немајкаде, поради оневозможените српски претензии кон Босна и Херцеговина, окупирана од силната Австро-Унгарија.

За таа цел, публицистички, со преглед на факти и со анализа на работите, Матов напишал и публикувал две поголеми студии: едната со наслов „Српскиот јазик спрема бугарскиот“ и втората со три посебни публикувани делови со општ наслов „Српските претензии спрема Македонија“. Првата статија ја објавил во 1895 година, а втората во 1897 година.

Во првата статија „Српскиот јазик спрема бугарскиот“[76] Христо Матов се впуштил во анализа на поголем број аспекти од фонетиката и морфологијата на српскиот јазик и македонските говори и ги подложил на критика српските изјави и тврдења за постоење на исти или слични јазични паралели во српските и македонските говори. Притоа, за истите прашања, за кои српската страна наоѓала поврзаност меѓу српските и македонските говори, Матов направил споредба и на бугарските, мизиски и тракиски говори со српските говори на една страна, и на македонските и споменатите бугарски говори, на друга страна. Од деталната анализа и споредба на сите три релации: српски и македонски; српски и бугарски; и македонски и бугарски говори, Матов извлекол и засновал заклучок според кој (1) не нашол некоја особена, или поголема, сличност меѓу српските и македонските говори која би била несвојствена за два одделни јазици од иста група, со што ги негирал српските тврдења за поврзаност на двете говорни структури, со логика на гранки кои припаѓале на ист јазик, т.е. на српскиот; и (2) Матов нашол многу поголема сличност, или блискост, меѓу

српските и бугарските (мизиски и тракиски) говори, по разгледаните прашања, отколку меѓу српските и македонските говори.

Анализите и изводите на Матов давале основа да се извлече уште еден заклучок, што тој, сепак, не го сторил. Имено, во оној степен, во кој српските и бугарските (мизиски и тракиски говори биле меѓусебно поблиски отколку што, за истите прашања биле блиски српските и македонските говори, во таа мера, македонските говори за тие прашања биле подеднакво оддалечени и од српските и од бугарските говори. Без оглед на фактот што не бил извлечен и тој став, сепак анализата и изводите на Христо Матов го имплицираат и го засновуваат тој заклучок.

Врз основа на изнесените сознанија, Христо Матов го извлекол и својот општ став, а имено дека српските државни интереси, а не етничката, јазичната и културната сродност, биле мотивот српската страна да се зафати со Сизифовата работа за да докажува оти македонските говори припаѓале на српскиот јазик. Таа авантура според Матов, имала плиток „корен" создаден по Берлинскиот конгрес од 1878 година, односно по окупацијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија и, со тоа, по оневозможувањето на Србија да планира и да мечтае за излез на Јадранско Море.

Во врска со студијата „Српските претензии кон Македонија" од 1897 година[77] Матов ги напишал и ги објавил следните посебни делови на истата: „Еден уводен збор врз значењето на српската пропаганда во Македонија"; „Српските претензии во западна Бугарија" (Матов под тој поим ја подразбира Македонија – В.П.) и „Опстанокот на српската пропаганда во Скопската епархија".

Христо Матов, зафаќајќи се понашироко со темата за српските претензии кон Македонија и појаснувајќи ги нејзиниот почеток и мотив, нејзината незаснованост врз извори и факти и нејзината инструментализираност на српските политички интереси, на почетокот, ќе забележи дека Македонија ја имала таа несреќа, во секој момент, да има повеќе од еден непријател. На таа линија, Матов констатирал оти српската пропаганда се појавила токму тогаш кога Македонија се спасила од унијатската опасност, со што, натаму заедно со грчката пропаганда, ќе била една од двете противнички на Егзархијата и на нејзината бугарска мисија во Македонија. Последната, Матов, ја сметал за природна и домашна институција и дејност.

За ставањето на унијатското движење во Македонија од 1874 година во редот на противниците на Егзархијата и на нејзината мисија во Македонија,

Матов бил сосема во право. Но, доведувањето на споменатото унијатско движење, придвижено и носено од голем број Македонци од македонските градски и селски средини, со непријателска опасност за Македонија, Матов не бил во право.[78]

Имено, унијатското движење од седумдесеттите години на XIX век зафатило голем простор од Македонија. Во него се вклучиле: Кукуш и Кукушко, Струмица со околијата, Дојран и Дојранско, Малешевско, Воден и Воденско, Велес со селата, Охрид, солунските села, селата во Мелничко, Драмско, Серско, а во помала мера и Скопје. Или како што посведочил Петко Р. Славејков „...хидрата (т.е. движењето) не владее само во едно место – туку е разиграна на многу страни“.

Во движењето учествувале голем број граѓани и селани поттикнати и предводени од угледни лица на македонските општини и од видни егзархиски јерарси и свештеници Македонци, кои не се согласувале со мисијата и политиката на Егзархијата: „да ги обедини (Македонците) и Бугарите во црковна и национална смисла“.

Главните цели на унијатското движење во Македонија биле: создавање на своја, посебна, македонска јерархија; воведување на своето (македонско) наречје како јазик во црковната служба и училишната настава; и обнова на Охридската архиепископија како македонска црква. Со последното Македонците би се стекнале со можност да се официјализираат како посебна народност.

Тие цели и самото унијатско движење го возбудиле целокупното македонско општество поради што доверливото егзархиско лице испратено во Македонија, бугарскиот општественик Петко Рачев Славејков, го известил егзархот дека во случај на добивање ферман со кој би се одобрило стапувањето на македонските општини во Унија со католичката црква, не само општините што биле вклучени во движењето туку и сите други македонски општини ќе се разнишале и ќе се приклучеле кон Унијата. Во тој случај, како што ќе напише Славејков, „присоединувањето на македонските Бугари не ќе биде делумно, туку целокупно, за да ја воскреснат Охридската архиепископија...“ и тогаш тие (Егзархијата и Кнежевството Бугарија) ќе морале да се збогуваат со Македонија; ќе морале да кажат „Збогум Македонијо“.[79]

Тоа и такво унијатско движење во Македонија, од страна на Христо Матов во 1897 година, во неговата студија за српските претензии и за значењето на српската пропаганда во Македонија, било оценето како опасност и несреќа за истата. Од изворите не може да се дознае дали Матов бил запознаен со суш-

тината на унијатското движење во Македонија од седумдесеттите години на XIX век претставена во писмата на Петко Рачев Славејков, современик и добар познавач на истото. Сепак, независно од тоа, факт е оти Матов, унијатското движење на македонските општини го ставил на иста страна со српската пропаганда, квалификувајќи го како „напаст и противник" на интересите на Македонија. На ист начин Матов го оценил и македонизмот појавен во деветтата деценија на XIX век, кој преку дејноста на Македонскиот таен комитет и преку активноста на неговите земјаци, охриѓаните Темко Попов, Наум Евров и Коста Групчев, го имаше застигнато неговото гимназиско време.

Македонскиот таен комитет и неговите приврзаници биле решени да им дадат на знаење на сите, дека нивната татковина Македонија немала ништо заедничко со Бугарите (и со Бугарија), ниту пак со другите (балкански) државички кои интригувале со Македонците и Македонија, покажувајќи претензии за нивно завладување поради „македонската географска положба, многу важна и за трговијата и за стратегијата на тие држави". Откако укажале оти поради тие причини соседните државички, создале цел комплекс на вообразени аргументи за Македонија и Македонците, членовите на споменатиот Македонски комитет (Наум Евров и Коста Групчев) се обратиле до великиот везир и до претставниците на европските сили во Цариград, укажувајќи оти тие, се нафатиле да покажат, преку еден весник кој би бил печатен и издаван во Цариград, дека Македонците биле посебен народ, со посебна историја и со посебни карактеристики и обичаи. Борејќи се против загрозувањето на Македонија, споменатите македонисти укажале оти Македонија им припаѓала на Македонците и дека требало да остане во рамките на Империјата како гаранција против нејзиното распарчување од соседните балкански држави.[80]

Македонизмот и залагањата на споменатите претставници на Тајниот македонски комитет, Матов ги оценил како интрига на српската пропаганда и како вештачка појава во Македонија. Не е познато дали Христо Матов имал сознание за македонистичките движења во Македонија од шеесеттите и седумдесеттите години за кои пишувале Стефан Салганжиев, Петко Рачев Славејков и Петар Карапетров, појавени во Солун, во Сер и во многу општини во Македонија како и во македонските востанија во Источната криза; децидно истакнати во целите и актите на востаничките институции.[81]

Третирајќи го македонизмот како измислица на српската и на грчката пропаганда и како начин за намалување на успехот на бугарската пропаганда во Македонија, Матов сметал оти бил потребен одговор и упорна борба на

Македонците и на бугарското кнежевство со што секому, на Балканот и надвор од него, би му станало јасно оти Македонија била дел од бугарскиот етнички и културен простор. Имајќи намера да ја докажува таа теза, Матов во студијата за српските претензии во Македонија, привел долг список на искази на цареви, на патописци, на писатели, истражувачи, политичари и други лица. Притоа посочил поголем број извори, создавајќи опширна илустративна мапа. Во тој склоп Матов укажал и на определен број примери во кои исти лица, менувајќи ги своите искази, Македонија и Македонците, еднаш ги ставиле во бугарска, а вторпат во српска или грчка принадлежност, какви што биле ставовите на Киперт, Ами Буе, Стојан Новаковиќ и други.

Христо Матов, врз приведените ставови на различните категории лица за припадноста на Македонија и врз своите разбирања за етничките и културните (јазичните, обичајните и други) карактеристики на Македонците, сметал оти името Македонија имало оправдување само во археолошка смисла, додека името во етнографска смисла на „археолошката Македонија“ било Западна Бугарија[82] (пандан на Источна Бугарија). Понекогаш го употребувал и името Долна Бугарија како пандан на Горна Бугарија. Со таква логика, еден дел од неговата студија за српските претензии во Македонија го напишал и објавил со наслов: „Српските претензии во Западна Бугарија“, мислејќи и пишувајќи за српските претензии во Македонија.

Оттаму, не е случајно што неговиот прв весник издаван во 1897 година, носел наслов: „Сан Стефанска Бугарија“. Тој наслов, имено, не оставал било какви дилеми за тоа што мислел Христо Матов за припадноста на Македонија и на Македонците и за тоа каде ја гледал нивната политичка судбина, во времето кога тој бил директор и учител на Педагошкото училиште во Скопје и кога, како член на Македонската революционерна организација бил и член на нејзиниот Централен комитет, од 1898 до 1901 година. Притоа, треба да се посочи и фактот дека Христо Матов не бил ниту единствениот, ниту еден од ретките Македонци членови на Македонската революционерна организација, кои така мислеле за Македонија и за Македонците. Од нив, Матов се разликувал според разбирањето за името на неговата татковина за кое тој нашол оти, Македонија не била Македонија, во секоја смисла, освен во археолошка. Тој негов став, кој не се среќава кај друг Македонец, член на Македонската револуционерна организација, може да се разбере како негова претенциозна „научна“ изведба. Како формален заклучок форсиран до таков степен што тој ист заклучок го прави вештачки и апсурден, со оглед на реалната, вообичаена и масовна присвоеност и приопштеност на името Македонија од нејзините жители.

Ставот на Христо Матов за тоа прашање може да се разбере како негов начин побрзо и поцелосно да се вклопи во матицата на бугарското кнежевство, порамнувајќи ги своите ставови со тие на бугарската научна елита во врска со Македонија.

Надвор од споменатите прашања и од ставовите во врска со нив, Матов во студијата за српските претензии во Македонија ги изложил своите предлози за спротивставување на српската пропаганда. Во врска со тоа Матов ги формулирал следните ставови:

(1) „да се отвори, на српската пропаганда во Македонија, борба по сите линии; но борба природна, смела, беспоштедна. Ние, Бугарите, не сме проста пропаганда во Македонија; ами сме цел народ, грамадно мнозинство, внушителна сила...“

(2) „Сите бугарски влади и сите бугарски партии во Кнежевството длабоко да се проникнат со неопходноста: да не влегуваат со никого во преговори за прашање за делба на Македонија или за прашање на сфери на влијание. Политичката автономија на Македонија треба да биде единствената почва врз која Бугарија би можела да разговара и преговара..“; и

(3) „Да се погрижиме да ги вратиме – по можност побрзо – руските симпатии, толку глупаво изгубени во Стамболовото време“.[83]

Тие биле главните мерки што ги предлагал Матов против српската пропаганда, дополнувајќи оти другото зависело „од духовната моќ на нашите браќа тамо (во Македонија – В.П.) и од нашите воени сили тука (во Бугарија – В.П.)“. Резонирајќи на таа тема Матов прогнозирал оти, најверојатно, македонското прашање, конечно, ќе било решено на бојното поле. Во таа перспектива, тој, препорачувал јакнење на боевата моќ на Кнежевството Бугарија, кое го сметал супериорно, истакнувајќи дека тоа можело да се направи со двете сопернички, истовремено, војувајќи на два фронта, бидејќи тие „слава Богу“, ќе рече Христо Матов, биле далеку послаби од „нашите сили“, именувајќи ги така воените сили на бугарското кнежевство. Сепак, Матов, сакал, да не дојде до војна, па го претпочитувал договорот меѓу трите балкански држави со кој на Македонија би ѝ била обезбедена политичка автономија, со што би се обезбедило идното конечно решение на македонското прашање преку приопштувањето на Македонија кон Бугарија. Но, ако не било возможно да се усогласи таков договор тогаш немало зошто, како што ќе забележи Матов „...да не се потпреме на 300.000-те штикови и на 800-те топови со кои располага Бугарија“. Во таа смисла тој ќе продолжи: „Ако не можеме

да ја имаме прејаката смелост на кнезот Бизмарк кој изјавил: ние Германците не се плашиме од никого, освен од Бога, тогаш јас мислам, оти можеме да ја имаме поскромната храброст за да кажеме: ние Бугарите се плашиме од секој друг, освен од Срби и Грци, дури и кога тие се заедно против нас“.[84]

Изнесените ставови укажуваат на тоа дека Христо Матов не правел разлика меѓу Македонците и Бугарите и меѓу Македонија и Бугарија; ниту гледал разлики меѓу интересите на Македонија и на Бугарија. Според Матов испаѓа дека интересите и задачите на Македонија и на македонското ослободително движење биле интереси и задачи на Бугарија и на бугарската држава, и оти нејзините ресурси, институции и сили (особено воените), биле ресурси и сили на македонското движење. Оттаму, Матов знае да каже дека успехот против српската пропаганда во Македонија зависел „...од духовната моќ на нашите браќа таму“ (во Македонија) и „...од нашите, воени, сили тука“ (во Бугарија каде што Матов се наоѓал кога ја пишувал или редактирал својата статија).

Посочените ставови на Христо Матов, содржани во неговата анализа за српската пропаганда во Македонија и за нејзиното спречување, подразбрале сосема друга политика и друга позиција од таа којашто, во тоа исто време (во 1897 година), ја имала Македонската револуционерна организација. Имено, таа Организација во својот Устав, донесен на Солунскиот општ конгрес, на кој учествувал и самиот Матов, во членот прв, утврдила: „Тајната македонско-одринска револуционерна организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, *за извојување преку револуција, полна политичка автономија за тие две области*“ (курзивот е на В.П.)

Враќајќи се на структурата на Матовите ставови од неговото резиме во врска со српската пропаганда во Македонија, може да се забележи:

(1) дека бугарските влади не се држеле до препораките на Матов да не влегуваат, со никого (значи и со Србија пред сè), во преговори за прашањето, било за делба на Македонија, било за сфери на влијанија. Имено, во актуелната 1897 година, кога Матов нашироко и надолго ги елаборирал аргументите за неговиот став кон српската пропаганда во Македонија, владите на Бугарија и на Србија, на 19 февруари, склучиле Спогодба со која меѓусебно се обврзале: во националните, црковните и школските прашања да не си пречат, туку да си помагаат.[85]

Со таа Спогодба веќе биле „прострелани“ главните аргументи на Матовите ставови за несоборливо единство на македонско-бугарските иденти-

тети и интереси. По таа спогодба следела уште и онаа од 1904 година со уште поцелосно признание на заемните интереси во турските балкански провинции, и во Македонија како дел од нив, за на крајот на 29 февруари, односно на 13 март 1913 година да следи Договор за поделба на Македонија, меѓу Бугарија и Србија.[86] На таков начин бугарската Влада покажала оти имала и свои интереси кои не биле и кои, на ниту еден начин, можеле да бидат интереси и на Македонија. Со тоа на Матов му била истргната „чергата" уште во 1897 година, за 1904 и 1912 година да му биде тргната и почвата врз којашто го замислувал единството на интересите на Македонија и Бугарија генерирано од „природното" единство меѓу двата народа;

(2) Матов инсистирал и на што побрзото враќање на руските симпатии кон Бугарија, што требало да значи, и кон Македонија. Се разбира оти Матов, како и огромниот број Бугари и Македонци не можеле да ги знаат и не ги знаеле политичките и дипломатските намери на Русија, кои воопшто не тргнувале од каков и да е сентимент кон кој и да е балкански народ, вклучително и кон Бугарите и Македонците. Русија секогаш, како и секоја друга голема сила, тргнувала од своите државни интереси на Балканот. Согласно со нив, а спротивно на желбите на балканските словенски народи, Русија се определила за политика на поделба на Македонија на соседните балкански држави, пред Матов и да имал шанса да размислува за руската балканска политика.[87]

Во врска со руската политика, поентата е во тоа што балканските народи, особено Бугарите и Македонците, во тој склоп и Матов, платиле голем данок поради своите заблуди на тој план. Македонците се отрезниле од таа опсесија пред Илинденското востание, а особено по него. Бугарите на таа предрасуда робувале до балканските војни и нивниот крај. Не ни е познато, до кога Христо Матов бил „заробеник" на неговата предрасуда во врска со руската пробугарска и промакедонска мисија, која тој ја замислувал и посакувал во 1897 година.

Колку Матов бил далеку од реалните параметри на руската политика кон Македонија (и кон Бугарија) говори и фактот дека во таа иста година, на 8 мај 1897, Русија склучила Тајна спогодба со Австро-Унгарија, со која двете европски сили се договориле на Балканот, како држава, да биде создадена уште само Албанија, а Македонија да биде поделена меѓу Бугарија, Србија и Грција, внимавајќи на рамнотежата на силите меѓу нив.[88] Иронично! Но, дипломатијата на големите сили, и таа на Русија, не се раководела од желбите на балканските актери.

# ВТОР ДЕЛ

# ХРИСТО МАТОВ КАКО РЕВОЛУЦИОНЕР

## 1. Скопскиот период

Христо Матов станал член на Македонската револуционерна организација летото 1895 година. Таа година Матов бил поставен за директор на Пансионот на Педагошкото училиште во Скопје, а кусо време потоа и за директор на самото училиште. Матов истовремено бил поставен и како инспектор на училиштата во Скопската егзархиска епархија. Со тие позиции тој станал водечка личност во дејноста на Македонската револуционерна организација во Скопскиот округ и втора личност во училишното дело. Матов, ги поставил основите на револуционерното движење во Скопје и во Скопскиот округ, и станал целосен господар во поставувањето на учителите во Скопската епархија.

На планот на револуционерното дело Христо Матов, заедно со нему блиските и доверливи соработници Петар Мацанов, Стефан Петров и Владо Бојациев, ги формирал месните комитети на Македонската револуционерна организација и револуционерните десетини со нивните десетари и заменици, поставувајќи ги на полето на револуционерната дејност преку: нивно насочување кон ширење на идеите на делото, проширување на кругот на приврзаниците, борбата против пропагандите, особено против српската пропаганда, чувањето на тајниот карактер на Организацијата и делото и сл.

На планот на училишното дело во Скопската егзархиска епархија Матов успеал да ги среди односите во повеќе градови каде што имало пројавено судири и партизација на интересите во кои биле вклучени групи на чорбаџии и одделни учители – мешетари. Такви случаи имало во штипско Ново Село, во Кочани и во други места. На Матов му било сосема јасно оти сѐ додека

не се стави ред во училишното дело и сè додека не се признае авторитетот на егзархиските инстанци и на Револуционерната организација, сè дотогаш револуционерната дејност во Скопје и во Скопскиот округ ќе биде шиканирана, ќе има губење на енергија и ризик од провали во дејноста. Од тие причини и во Штип и во Кочани, како и во другите места, покрај уредувањето на проблемите меѓу учителите, Матов ги уредил и односите меѓу месните првенци (меѓу чорбаџиите) на кои им ставил до знаење дека нема да бидат трпени нивните котериски интереси и триења и непочитувањето на одлуките на епархиските власти и на Револуционерната организација.[89] При чувство дека имаат работа со претставник на Револуционерната организација, и со доверливо лице на митрополијата, чорбаџиите го прифатиле Матова како авторитетно лице. Тоа на Матов му овозможило да стане целосен господар во изборот и разместувањето на учителите со што било консолидирано училишното дело. На таа основа, се должел успехот во борбата против српската пропаганда која, за Скопје и околината, била крупен проблем.

На планот на револуционерната дејност, исто така, биле средени работите и односите меѓу учителите, како најчести работници на Револуционерната организација, и чорбаџиите. Последните биле мошне осетливи на пропагандата што ја спроведувала Организацијата: „Чорбаџиите истрпнуваа од страв при споменувањето на револуционерни термини и фрази и при помислата оти имаат работа со претставник на Револуционерната организација“, ќе забележи Матов.[90] Така, уште во првата година – година и пол од доаѓањето на Матов на чело на револуционерното дело, Скопскиот округ се наредил меѓу добро организираните револуционерни окрузи во Македонија. Со тоа личноста на Христо Матов станала авторитетна и истакната за македонските средини и позната, и сомнителна, за турските власти. Имено, тие власти веќе во 1896 година, сфатиле (и дознале) оти токму Христо Матов бил првиот човек на Револуционерната организација во Скопје, односно оти тој бил претседател на Скопскиот револуционерен комитет. Оттогаш властите почнале да внимаваат на дејноста на Матов, почнале да го следат за да најдат основ да го санкционираат и да го отстранат од Скопје.

Прва таква шанса турската власт добила кога во април 1897 година го фатила куририот на Организацијата кој пренесувал полна торба револуционерен пропаганден материјал, меѓу кој и поголем број на хектографираниот весник „Сан Стефанска Бугарија“, на кој главен уредник бил токму Христо Матов. Куририот предал двајца припадници на Револуционерната организација. Сле-

дело апсење на блискиот соработник на Матов, Ѓорѓи Палашев. Уплашен дека не ќе може да ги издржи измачувањата, Палашев побарал дозвола од Матов да го спомене неговото име, т.е. да го предаде на властите. Матов му дал согласност да биде посочен од Палашева.

Тој момент бил првиот показ на карактерот на Матов како револуционер. Од тогаш па до крајот на револуционерната кариера, Матов ќе ја покаже и докаже својата ладнокрвност, достоинственост и способност да поднесе, да истрпи и да совлада многу страдања и жртви како тврда, посветена и сознателна револуционерна личност. Тој ги воодушевувал и ги инспирирал другите членови на Револуционерната организација како и претставниците на европските дипломатски и медиумски кругови со неговата слободоумна и храбра одбрана пред турските власти и со неговиот стоицизам пред искушенијата и маките. Смирен до несфатливост, виспрен до изненадување, слободен, храбар пред истражните и судските власти – до предизвикување гнев кај нив, Матов, во историјата на македонското револуционерно движење ќе остане како еден од претставниците на Револуционерната организација со најголема подготвеност за ризиците и искушенијата што ги носела револуционерната дејност.

За среќа на Организацијата (и на Матов), аферата со фатениот курир и со уплашениот Палашев завршила без какви било последици поради тоа што полицискиот началник Дервиш-беј се согласил да ја забошоти работата откако добил 80 (осумдесет) лири поткуп, реферирајќи пред своите повисоки инстанци оти станувало збор за некаков упад од страна на кругови од Бугарија.[91] Меѓутоа по кусо време, Матов одново се нашол пред турските полициски власти. Во август, на денот на големиот христијански празник, Успение на Пресвета Богородица, во Побожје, Скопско, група српски пропагатори почнале да ги тормозат присутните селани и граѓани, повикувајќи ги да пристапат кон српската црква и српската партија во Скопскиот санџак. Во настанатиот метеж и во судирите меѓу насобраниот народ, меѓу кој бил и Матов, и српските активисти, се вмешале и заптиите на Хафуз-паша, скопскиот валија, застанувајќи зад српската пропаганда.[92]

Хафуз-паша ја спроведувал традиционалната империјална политика насочена кон умножување на поделбите и кавгите меѓу христијанското македонско население, како услов полесно да се владее и контролира самата Македонија како турска провинција.

Во поткрепа на српските интереси во Македонија улога имала и руската политика. Русија, на 19 мај 1897 година, склучила Тајна спогодба со

Австро-Унгарија во која двете европски сили се договориле Македонија да ја поделат меѓу соседните балкански држави, а на Балканот, по распадот на Турската Империја, како држава, да се создаде само уште Албанија. Поради тоа рускиот дипломатски претставник во Скопје Машков отворено застанал зад српската страна, вршејќи притисок врз турските власти да ја поддржат таа пропаганда. Така, со време, наспроти бугарската, егзархиска, позиција како нејзини противници, покрај српската пропаганда и српската држава се нашле и империските власти и руските дипломатски претставници. Но и покрај споменатата спрега, во Скопскиот санџак, резултатите на српската пропаганда и понатаму останале маргинални.

Во врска со настаните во скопско Побожје, Христо Матов бил уапсен меѓу првите и затворен во познатиот „Куршумли ан“. Тоа било првото губење на слободата за Матов. Меѓутоа, како што самиот подоцна им признал на пријателите: не му било толку криво што бил затворен, туку што бил затворен за мала (а не за голема) работа. Неколку месеци подоцна, во врска со големата Виничка афера од 14 ноември 1897 година, Матов немал причини да жали што одново се нашол во затвор, бидејќи тогаш не бил затворен за мала, туку за голема работа.

Виничката афера го зафатила, речиси, целиот Скопски санџак. Во неа, со инквизициски и мизерни средства на измачување, биле подложени над 200 души (селани, учители, еснафи и свештеници) од кои 10-15 души умреле од мачењето. Во врска со аферата биле убиени 218 души, а во затворите на казите (на околиите) на Скопскиот санџак и во самото Скопје затворени биле 528 души. Меѓу нив бил и Христо Матов.[93]

Матов, за време на виничката афера и по неа презел повеќе чекори да ги запознае дописниците на европските земји со инквизициските и варварските постапки на турските власти, давајќи им податоци за тоа и покажувајќи ги жртвите на турската свирепост; осакатени, со раскапани и гангреносани меса и делови од телото. Тој негов ангажман и неговата извесност како важно лице на Револуционерната организација биле доволна причина одново да биде фрлен во затвор, во кој бил тепан и испитуван за аферата. И пред истражните органи и на самото судење Матов се истакнал со својата смиреност, со умешната одбрана и со смелоста да полемизира и да држи чекор со обвинителите и судиите со што обвинението за негово „учество во заговорот против државата“ останало недокажано. Сепак, неговата одбрана и неговите аргументи не биле решавачки тој да не биде осуден и затворен во Подрум кале. Неговото ослободување од

многу извесната осуда била заслуга на вториот секретар на англиската амбасада во Цариград господинот Џон Елиот. Имено, тој угледен англиски дипломат пристигнал во Скопје заради тоа што меѓу уапсените и малтретираните лица за Виничката афера се нашол и дописникот на „Манчестер гардијан" Емери. Скопските првенци и пријателите на Матов, на високиот англиски дипломат му објасниле дека Христо Матов и Никола Манов биле затворени затоа што соработувале со дописникот на „Манчестер гардијан". Затоа што му давале информации за суровите методи на полициските и истражните власти против осомничените лица кои биле измачувани до усмртување или до осакатување. Тие го замолиле господинот Елиот да се заземе за нивно ослободување. Застапувањето на скопјани вродило плод, така што по интервенција на англискиот дипломат Џон Елиот, Матов и Манов биле ослободени и спасени од заточение во малоазиските пустини.[94]

Меѓутоа, суровата истрага на другите обвинети за виничката афера продолжила со несмалено темпо, без да има изгледи брзо да заврши; поради сѐ поновите апсења на ново осомничени лица. Тоа на Христо Матов му дало основа да смета оти истрагата ќе продолжи во недоглед, како продолжителен процес на властите во разоткривањето и разнебитувањето на Револуционерната организација во Скопскиот санџак. Поради тоа Матов му соопштил на Гоце Делчев оти било неопходно, со поголеми четнички сили, да влезе во Виница, да ја крене архивата на Револуционерната организација и да ги ослободи затворените, како услов да се тури крај на истрагите и штетите врз револуционерното дело.

Има податоци дека Гоце Делчев се вратил (од Македонија) во Бугарија со намера да формира голема чета со која би упаднал во Виница и на други места според замислениот план.[95] Меѓутоа, во меѓувреме се случило нешто неочекувано од турска страна, така што отпаднала потребата за четничка интервенција. Имено, султанот, по реагирањето на европското јавно мислење во врска со жестоките методи во истрагата во Скопскиот санџак и по омразата што ја имал навлечено поради ерменските колежи, посакал да одигра и една сеанса на великодушие, па на 2 февруари 1898 година ги помилувал осудените од виничката афера по седуммесечното заточение во Подрум-Кале и ги амнестирал оние кои сѐ уште биле во истрага. Притоа султанот соопштил оти формирал и анкетна комисија која имала задача да ја испита одговорноста на истражните и полициските службеници за превишувањето на овластувањата во постапката против осомничените лица.[96]

Информацијата за анкетната комисија била манифестација на прилична доза на иронија и надменост на султанот во однос на европските дипломатии како облик на негов пркос против нивното мешање во внатрешните работи на Империјата. Се разбира дека од таа работа ништо не испаднало, што било вообичаено за турскиот начин на владеење. Примерите со Ерменците, со Македонците, или со Албанците, уверливо ја докажуваат посочената теза.

Изнесената фактографија, поврзана со Христо Матов, укажува дека тој, од виничката афера излегол без поголеми последици. Матов бил лишен од слобода и притворен околу два месеца. И тој втор пат на лишување од слобода, Матов го искористил за револуционерното дело, со тоа што, тој пат, напишал поема посветена на виничката афера. Матов, во затворот напишал подолга поетска творба со наслов „Песна за Виница“[97] која како револуционерна поезија, покрај покажаниот уметнички израз, ги содржи и авторовите идејни и политички погледи и ставови искажани не само како лична интима туку и како порака до блиските содејци во револуционерното дело. За неговата визија на идната слобода на неговата родина и на неговиот народ ќе стане збор на друго место во овој текст. Тука треба да се резимира само тоа дека скопскиот период од револуционерната дејност на Христо Матов ја покажал, и на дело и на перо, неговата натпросечна подготвеност за предизвиците на револуционерната дејност и за конспиративниот карактер на организацијата на која припаѓал. Исто така, во тој период Матов ја манифестирал и својата повисока идејна, образовна и творечка способност која, уште на почетокот, го издигнала во самиот врв на Македонската револуционерна организација. Поради тоа Матов стекнал и уживал доверба и на револуционерните кадри и на епархиските власти; кај последните поради неговите заслуги за консолидирањето и напредокот на егзархиското учебно дело во Скопје и во Скопскиот санџак во целина.

Кадрите на Револуционерната организација од Скопскиот округ го избрале Матова како делегат на Општиот конгрес на Македонската револуционерна организација што се одржал летото 1896 година во Солун, а егзархискиот митрополит на Скопската епархија Синесиј го препорачал на претседателот на бугарската влада, д-р Константин Стоилов, да го прими и ислуша како негово доверливо лице.[98]

Христо Матов зел учество во работата на Општиот конгрес на Македонската револуционерна организација на кој учествувале најзначајните личности на македонското ослободително движење не само од тоа време, но и воопшто, до крајот на истото. На Конгресот одржан во Солун 1896 година

учествувале: Гоце Делчев, Даме Груев, Ѓорче Петров, Христо Татарчев, Пере Тошев, Христо Матов, Андон Димитров, Кирил Прличев, Петар Поп-Арсов, Велко Думев, Вангел Калејчев, Николов и други.

На Конгресот, добар дел од присутните се сретнале за првпат. Така, Христо Матов се запознал со Г. Делчев, Ѓ. Петров, П. Тошев и со други присутни. На Солунскиот конгрес била разгледана состојбата на револуционерното дело во одделните окрузи, каде што дејствувале присутните членови на Револуционерната организација. Извештаите и дискусиите се однесувале на повеќе важни прашања какви што биле: пропагандите и односот кон нив; односот кон егзархиските луѓе (посебно кон оние од кругот на К. Самарџиев); односот кон Врховниот комитет и бугарската влада; прашањето на целите и на политиката на Револуционерната организација; административното уредување на Организацијата; нормативните акти (Устав, правилници); членство; вооружување и сл.[99]

Целокупната расправа се одвивала на рамна нога и врз другарска основа. На Конгресот биле избрани централно раководно тело, централен комитет, со еднаков статус на неговите членови и без посебна поделба на должностите меѓу нив. Биле избрани задгранични претставници на Македонската револуционерна организација во Софија и било решено да се изготви Устав на Организацијата. Македонија била поделена на револуционерни окрузи; биле уредени и шифри за комуникација со Централниот комитет. По тоа прашање било решено околиските комитети, со Централниот комитет да општат преку окружните револуционерни комитети, со тоа што одделни градови, како Прилеп во Битолскиот револуционерен округ, или Велес и Кавадарци во Солунскиот, Штип во Скопскиот и други, да можат директно да се обраќаат на Централниот комитет.

За прашањето на целите и средствата за нивно постигнување било решено да се застане на принципот на автономијата со тоа што таа била дефинирана како полна политичка автономија, како конечно решение за Македонија. Аргументацијата на тоа решение била во ставот дека Македонија имала свои посебни интереси и дека секое друго решение ќе предизвикало војна меѓу балканските држави – аспиранти кон Македонија. Дефинирајќи ја на тој начин основната цел, на Конгресот било решено политиката на Револуционерната организација да се потпре врз сите незадоволни елементи, независно од народноста, кои преку револуција би ја извојувале автономијата на Македонија. Оттаму за член на Револуционерната организација можел да биде примен секој

Македонец кој не бил компромитиран со ништо нечесно и кој се обврзувал и задолжувал да работи и да биде полезен за револуционерното дело.[100]

На таков начин Солунскиот конгрес, револуционерното и ослободителното дело, го сврзал со општиот интерес на народот на Македонија. Со тоа Конгресот, Организацијата ја поставил врз принципот на борбата за прогресивно-демократска држава со што ќе ги привлечела напредните средини од секоја народност против турскиот систем, заснован врз религиска и политичка исклучивост на цели народи и врз репресивна социјално-економска експлоатација на широките слоеви од секој народ. Тие принципи, нешто подоцна, ќе ги потенцираат и објаснуваат самите главни личности на Организацијата, во тој ред и Гоце Делчев, а самата практика на Револуционерната организација, врз тие постулати, ќе покаже многу позитивни резултати, печалејќи голем број посветени револуционерни кадри од повеќе народни средини.

На Солунскиот конгрес станало збор и за потребата од оружје. За таа цел биле натоварени задграничните претставници кои требало да ги испитаат можностите за добивање оружје од Бугарија и од други места. Има информација и за наводно задолжување на Христо Матов да посредува за тоа исто прашање кај претседателот на бугарската влада д-р Константин Стоилов. Во секој случај, постои податок дека Матов бил препорачан на д-р Стоилов да биде примен како доверливо лице на Скопскиот егзархиски митрополит Синесиј.

Христо Матов, со таа препорака, бил примен од страна на претседателот на бугарската влада д-р Стоилов на 22 јули 1896 година. Разговорот со д-р Стоилов се водел за револуционерната дејност во Македонија, за туѓите пропаганди, посебно за српската пропаганда во Скопскиот санџак, и за потребата од оружје за Македонската револуционерна организација. Според скудните информации за резултатите од тие разговори, д-р Стоилов бил осведочен за широкото присуство на револуционерната идеја и мрежа на комитети на Револуционерната организација во Македонија и за големата потреба од оружје за да можела Организацијата да ја надмине фазата на револуционерната пропаганда и да преминела на револуционерна практика.[101]

Од штуриот извор, разговорот не бил пријатен, а резултатот, (во однос на оружјето) не бил позитивен. Претседателот на бугарската влада д-р Стоилов не покажал наклоност кон револуционерната дејност на Македонската револуционерна организација. Поради тоа Матов останал незадоволен од таа средба. Во него се јавило негодување поради неразбирањето на значењето на револуционерната дејност во Македонија од страна на еден од најодговорните

државни претставници на Бугарија. Нешто подоцна кога д-р Стоилов ќе ги умножи негативните мерки и постапки кон Македонската револуционерна организација и кон акциите и манифестациите на Македонците против турскиот режим и турските власти, Матов, во името на ЦК на ВМОРО ќе му напише на д-р Стоилов прекорно писмо. Во него, мерките и постапките на бугарската влада ќе ги нарече политика, не на бугарската, туку на Стоиловата влада, откажувајќи ѝ го бугарскиот карактер на таа влада, поради отсуство на разбирање и на признание на значењето на македонската револуционерна дејност за општите бугарски интереси; така како што ги разбирал самиот Христо Матов, но и други членови на Револуционерната организација.[102]

Имено д-р Стоилов, како претседател на бугарската влада, уште во претходната 1895, како и во актуелната 1896 година се обидел, на сметка на Македонците и на македонското револуционерно движење, да направи трговија со султанот. Во 1895 година, по познатите ермемски клања и по акцијата на европските сили, особено на Англија, за приложување на реформи во Ерменија, владата на Стоилов од своја страна побарала реформи за Македонија и нови митрополитски места за бугарската егзархија. За да изврши притисок врз Турција, бугарската страна (кнезот и владата) го исконструирале т.н. Мелничко востание во јуни 1895 година и го поттикнале големиот антитурски македонски митинг во Софија на 19 ноември истата година.[103]

По тие настани турската страна покажала извесно попуштање со тоа што се согласила да склучи договор со Бугарија за нејзините барања, за митрополитски места, но не и за реформи во Македонија, под услов бугарската влада да ги оневозможи македонските агитации во Кнежевството и да го оневозможи преминувањето на револуционерни чети преку границата со Турција. Бугарската влада веднаш ги прифатила тие услови.

Таа е позадината која го условила непријатниот и негативниот однос на д-р Стоилов кон информациите и барањата што му ги соопштил Христо Матов. Подоцна, во актуелната 1896 година, д-р Стоилов успеал да ги нормализира односите и со Русија. Тој факт придонел бугарската влада на д-р Стоилов уште повеќе да го засили негативниот однос кон Македонската револуционерна организација и кон нејзините членови со оглед на негативната политика и на Русија, кон Македонија и македонското револуционерно движење. Една година подоцна, по повод виничката афера и по критското востание и грчко-турската војна и по директните закани на рускиот министер за надворешни работи грофот Муравјов,[104] д-р Стоилов, како претседател на бугарската влада, и официјално

ќе манифестира непријателски однос кон Македонската револуционерна организација. Нарекувајќи ги нејзините членови разбојници, д-р Стоилов се заканил оти бугарските власти фатените членови на Македонската револуционерна организација ќе ги суделе според законите за разбојништво.[105]

Негативниот однос на бугарската влада кон Македонското револуционерно движење бил условен и од бугарско-српското приближување, пролетта 1897 година кога двете балкански држави склучиле тајна спогодба со која се обврзале да не си пречат во училишното и пропагандното настапување на македонската почва.[106]

Матов како и другите раководители на ТМОРО со неразбирање и противење ги дочекале тие чекори на бугарската влада кои, суштински, биле против македонските интереси. Од тие причини Христо Матов во името на ЦК на ТМОРО, се обратил со подолго писмо, до претседателот на бугарската влада д-р Стоилов. Во него Матов ги афирмирал дотогашните резултати на Македонската револуционерна организација, укажувајќи дека Македонија веќе престанала да биде само земја на плачот и страдањата, станувајќи боречка страна која го дигнала знамето на борбата за слобода и права. Потенцирајќи дека Организацијата воспитала цело поколение, подготвено да го носи ризикот на борбата, Матов укажал оти Македонија не е веќе страна која чека чети од надвор, туку дека е страна прошарена со складови на оружје од самото население кое со свои сили и комитети може, од внатре, да го запали огнот. Матов ќе посочи оти таа нова ситуација во Македонија на подруг начин го поставува Македонското прашање пред европската дипломатија, која веќе се соочува со внатрешен, македонски фактор; со Македонската револуционерна организација која самата се наметнала за таков фактор.[107]

Залудно Христо Матов, натаму во обраќањето, ќе алудира на поврзаност на македонската револуционерна борба со бугарските државни и народни интереси. И тогаш и подоцна бугарската влада ќе покаже оти нејзините интереси не се исти со тие на Македонската револуционерна организација. Таквиот однос на бугарската влада изгледал отрезнувачки во однос на очекувањата (и желбите) дека ослободувањето на Македонија ќе дојде од надвор, од Бугарија. Притоа станувало јасно дека слободата можела да биде резултат само на сопствените напори и жртви. Во таа смисла, колку принципиелно – толку и реално сè повеќе станувала блиска и разбирлива онаа позиција на Делчев изразена во ставот: „Ослободувањето на Македонија се наоѓа во внатрешно востание. Кој мисли инаку да се ослободи Македонија, тој се лаже и себеси и другите“.[108]

На Гоцевата позиција не припаѓал еден немал број револуционери и интелектуалци кои и натаму останале на верувањето за општост на македонските и бугарските интереси и кои, со неразбирање и вознемиреност, ги доживувала противречните политики и постапки на бугарската влада. Во тој круг на револуционери и интелектуалци спаѓал и Христо Матов, кој подоцна, во 1912 година, не заборавил, на бугарската влада да ѝ ги предочи сите пропуштени случаи во кои таа можела, требала и било очекувано да го реши македонското прашање, како што тој го разбирал: како дел од општото (замислено) бугарско прашање кое ги вклучувало и Македонија и Тракија.

Споменатата позиција на Матов не претставувала исклучок и во тоа време не оставала впечаток со негативно значење, ниту пак значела негова делегитимизација во револуционерното движење. Имено, македонското револуционерно движење во односното време било структура од различни идејни и политички течениja кои, тогаш во него сè уште биле дифузно а не организирано (фракциски) присутни. Тие течениja, сè до востанието и до прашањето за него (да се прогласува и крева или не), ги поврзувала борбата со турскиот режим и идејата за ослободување од него, како заеднички именител. Дури со прашањето за востание и со резултатите и последиците од него ќе настапи јасно фракционирање на дотогаш дифузното присуство на идејните и политичките разбирања и сили во движењето.

Почетната диференцијација на идејните и политичките сили, сопоставени меѓу бугарската и македонската политичка и државна идеја на генерацијата Илинденци, започнала да се покажува и да се насобира со навлегувањето на врховистичките чети во Македонија и со манифестираната намера на Врховниот комитет (зад кого стоеле и кнезот и бугарската влада) да се наметне како раководител на македонското револуционерно движење, во кое Македонската внатрешна револуционерна организација би била алка поврзана со таквата позиција на споменатиот комитет. Сè дотогаш – до кога односите меѓу двете организации: внатрешната и надворешната биле во доменот на идеите и расправите за соработка, со или без хиерархија, постоела надеж за обединување на силите (претежно на бугарска страна) односно за поделба на задачите со претпоставена самостојност на Македонската револуционерна организација (претежно на македонска страна). Меѓутоа по четничкото навлегување на врховистичките чети во пограничните реони на Џумајско, Малешевско и Петричко, пролетта 1902 година, со намера да се завладее организациската територија на ТМОРО, што било увод и на поставувањето

и на дигањето на востанието во Македонија во 1903 година, дошло до јасна кристализација на идејните и политички фракции и групи во Македонската револуционерна организација.[109]

Но претходно, пред врховистичките четнички упади во Македонија и пред востаничките струења во ТМОРО, а поврзано со истите на повеќе начини, стоело прашањето за односот на Македонската револуционерна организација со Револуционерното братство формирано во Солун пролетта 1897 година како егзархиски (значи и пробугарски) клон – наспроти Организацијата. По некоја година на паралелизам и на меѓусебно сомничење и „ежење“ се наметнала идејата (и потребата) од надминувањето на опасноста од меѓусебни судири и елиминации. За таа цел егзархот ги преместил, како учители во Солунската гимназија Христа Матов и Перета Тошев, кои ги сметал за разумни, умерени и способни кадри, надевајќи се оти тие ќе најдат разбирање и начин за соработка, а потоа и за обединување со Револуционерното братство, кое веќе формирало свои клонови во многу македонски градови, со што опасноста од меѓусебна конфронтација со ТМОРО станала реална.[110]

## 2. Матов – член на ЦК на ТМОРО

Во 1898 година, со преместувањето во Солун, Христо Матов и Пере Тошев станале членови на Централниот комитет на ТМОРО. Тогаш составот на Централниот комитет го сочинувале: Христо Татарчев, Дамјан Груев, Андон Димитров, Иван Хаџи-Николов, и Григор Попев. Во тој состав на ЦК биле вклучени и Христо Матов и Пере Тошев.

Во преговорите меѓу ЦК на ТМОРО и Револуционерното братство учествувале и новите членови на ЦК, Матов и Тошев. Позицијата на Револуционерното братство во преговорите била изразена во барањето: Македонската револуционерна организација да престанела да наложува давачки и да праќа заплашувачки писма до првенците (до побогатите); да престанеле собирите; убиствата и разбојништвата заради тие цели; да престанеле ризичните и рушителни акции; како и притисоците врз Егзархијата и мешањето во нејзините надлежности во училишното дело.[111]

Тие барања на Револуционерното братство, во голема мера, биле идентични со обвинувањата на д-р Стоилов кон Македонската револуционерна организација, со што ги изразувале интересите и односот на бугарската

влада кон Организацијата и нејзините припадници. Исто така, барањата на Револуционерното братство ги изразувало и интересите на богатите слоеви на општеството кои, акомодирани во Кнежевството и во Империјата, не биле склони финансиски да го помагаат револуционерното дело. Од друга страна, аргументите на Револуционерната организација биле во тоа дека таа го прави она што го правеле сите такви организации во услови на водење револуционерна борба. Тие образложенија, меѓутоа, не помогнале во надминување на противречностите, така што противречностите меѓу двете организации тој пат не биле надминати. Спротивно, односите се заостриле уште повеќе, така што се дошло до подготовка на двете страни за меѓусебни убиства. Спорот меѓу двете организации бил надминат дури во 1901 година со посредство на тогашниот претседател на Врховниот комитет Борис Сарафов кога членовите на Револуционерното братство се вклучиле во ТМОРО, поединечно со давање клетва за верност кон делото и кон Организацијата.

Христо Матов како член на ЦК на ТМОРО од есента 1898 година па до пролетта 1901 година, кога бил уапсен заедно со другите членови на Централниот комитет во т.н. Солунска афера, извршувал важни задачи на Организацијата. Така, тој, заедно со Пере Тошев, го дополнил Правилникот за четите чија прва верзија ја изготвиле Ѓорче Петров и Гоце Делчев. Во врска со четничкиот институт, Христо Матов, бил заслужен во тоа што тој ја конципирал идејата за т.н. организационо-пропагандни чети, т.е. за околиските агитационо-организаторски чети. Тој концепт Христо Матов го препознал во одделни примери на самата револуционерна практика кои постоеле во Костурско и во Гевгелиско во примерот на четите на Иван Карасулијата и на Михаил Попето. Тие спорадични искуства Матов, со методот на воопштување и стандардизирање, ги подигнал на ниво на систем во револуционерната практика на ТМОРО. Откако таа идеја ја споделил со тогаш присутните членови на ЦК на ТМОРО во Солун Христо Татарчев, Иван Хаџи-Николов и Пере Тошев, Христо Матов го дооформил текстот, го хектографирал и го распратил за спроведување.

Формирањето на четничкиот институт во ликот на околиските агитационо-организациски чети Матов го оценил како прераснување на Македонската револуционерна организација од административно-градска во борбена, што ја претставувало втората фаза од нејзиниот растеж. На таков начин, сметал Матов, Организацијата постанала неуништлива бидејќи споменатите чети со својата агитационо-организациска и борбена функција сред населението станале

школи и примери на револуционерно воспитување и на борбено обучување на цело едно поколение кое масовно се вклучило во револуционерното дело. По формирањето на околиските организационо-пропагандни чети биле создадени и селски чети (или селска полиција);[112] биле формирани селски комитети, а во градовите, покрај градските комитети, биле формирани и маалски десетини со нивни раководни и борбени (терористички) сегменти. Покрај ширењето на борбените и раководните тела на ТМОРО биле постигнати резултати и на полето на вооружувањето на Организацијата и населението, кое самото почнало да издвојува средства за оружје, да се обучува за негова употреба, да формира мрежа на складови и да создава услови, да не чека некој од надвор да го ослободува, туку, да смета на своите сопствени сили. Таа нова состојба во македонското ослободително дело, Матов, ќе ја дефинира како трета фаза во која Македонската револуционерна организација, веќе самата се истакнала како фактор која на друг начин го наметнала македонското прашање со што тоа ќе било поинаку респектирано од европската дипломатија.

Матов како член на ЦК на ТМОРО покрај тоа што дал придонес на планот на изградувањето на револуционерниот систем, тој бил револуционер и со практичен дух и пристап со што покажал дека бил подготвен и корисен за делото во, речиси, сите нивоа на неговата пројава, без да се стеснува да презема активности типични за друг вид членови на Организацијата. На пример, самиот потврдува (во Белешките за неговата револуционерна дејност) дека тој дал наредба да биде казнет со смрт Пенушлиев затоа што „не си го изброил (не си го подмирил) налогот“. Или, пак, Христо Матов самиот се пријавил да го пречека опасниот предавник Ѓорѓи Иванов од Виница и да го застрела за да може виничката но и источно-македонската организација да се возобнови по виничката афера и да продолжи да функционира. Имено, Ѓорѓи Иванов бил поранешен виден раководител на ТМОРО во Виница, а по аферата станал опасен предавник. Иванов знаел многу револуционерни дејци од Виничко, Кочанско, Штипско, Злетовско, кои ги предавал на турските власти. На веста дека ќе помине со воз преку Солун за Цариград при што, во Солун, никој не го познавал освен Матов, последниот се понудил, самиот, да се соочи со опасниот предавник кој секогаш бил вооружен со два револвери и бил мошне вешт во нивното користење. По подолгото убедување на другите членови на ЦК, Матов во придружба на Коштанов и Христо Николов, и самиот вооружен, отишол на железничката станица со намера да го елиминира опасниот предавник за кого членовите на Организацијата од Виничко и Кочанско имале изјавено: „убијте го Ѓорѓи Иванов за да продолжиме да работиме“.[113]

Без оглед што се испоставило дека Ѓорѓи Иванов не тргнал за Цариград а за Скопје, со што и тој пат ја докажал својата вештина за преживување, самата постапка на Христо Матов зборува дека тој како револуционер бил целосно оддаден на делото, подготвен да прифати краен ризик.

Сè до 1901 година Христо Матов бил посветен и на револуционерното дело, и на учителската дејност како професор во Солунската гимназија во која предавал литература и логика во повеќе класови. Меѓутоа, од преписката со Евтим Спространов, може да се заклучи оти веќе сакал да запре да се занимава со научна работа за да се посвети исцело на револуционерната работа. „Повеќе би сакал да ја следам тенденцијата на Шилер... да се помогне со нешто на масата, на човештината, со ризик да го исполниш тоа и да бидеш заборавен; отколку да се следи тенденцијата на Гете, на пример, да ги восхитуваш високите умови и да останеш вечен (со своите дела), без да мислиш да помогнеш на масата...", ќе му напише Матов на својот пријател Спространов.[114] Но и покрај тие внатрешни навеви во душата, Матов, сè до апсењето на 27 јануари 1901 година, учителската работа во Солунската гимназија ја вршел посветено, со големо познавање на материјата и со впечатлив стил, својствен нему како образован, умен и надарен учител. За неговата учителска работа, неговиот ученик и подоцнежен соборец, Ѓорѓи Баждаров ќе напише: „Христо Матов веќе беше член на Централниот револуционерен комитет. Тоа ние учениците го знаевме.... При сето тоа Христо Матов никогаш не се јави неподготвен во класот. Како старите така и новите писатели ги изучувавме преку нивните дела. Задолжително требаше да направиме избор најмалку на едно од делата на изучуваниот автор. За тој начин на работа времето не стигнуваше. Но учителот се раководеше од принципот: подобро помалку автори (најголемите), отколку сите површно. А, Матов, беше голем мајстор на разработката, на разбирањето и на дефинирањето на карактеристиките. Богат во приказите, зборовите му беа лапидарни како отсечени од мрамор и бронза, мислите – кондензирана мудрост... Христо Матов кај нас создаде навика да го проумиме тоа што го читаме и да се однесуваме критички кон она што го слушаме и гледаме... Христо Матов беше една ретка личност; со ретка индивидуалност во сите области од многустраната му дејност".[115]

Во почетокот на 1901 година, „пукна" т.н. Солунска афера која стана увод во повеќе други провали на Револуционерната организација во сите вилаети во Македонија и увод во повеќе оружени судири меѓу турските власти и четите на Организацијата. Провалата стигна до апсење и судење и на членовите на

Централниот комитет на ТМОРО во Солун, но и во другите вилаети. Во Солун бил уапсен Ников, секретарот на Централниот комитет на ТМОРО и четири момци – членови на Организацијата меѓу кои и Милан Михајлов човек на Борис Сарафов. Биле фатени повеќе окружни и други писма и хектографираниот проект – Правилник за четите. По тој повод, разоткривањето и деконспирирањето на револуционерната дејност и на членовите на раководствата на Организацијата почнало да се шири, стигнувајќи и до Христо Матов како и до другите членови на Централниот комитет.

Самиот Матов, во Белешките за неговата револуционерна дејност, пишува дека тој и Пере Тошев се обиделе да се претпазат, да не бидат фатени бидејќи знаеле оти ќе настрадаат и ќе бидат изгубени за делото. Не ќе можеле да се оправдаат затоа што гревовите (за кои суделе властите) им биле и многу и различни. Поради тоа тие почнале да се враќаат во куќите за спиење доцна, по полноќ, за да можеле да избегаат од Солун во случај да биле побарани од полицијата. Но, тоа не им помогнало. Полиција ги побарала уште подоцна по полноќ наоѓајќи ги на спиење. „Турците излегоа поитри од мене и од Перета; не побараа доцна по полноќ, кај два саатот, та нè најдоа на спиење“, ќе забележи Матов.[116]

Христо Матов во истрагата негирал било каква своја поврзаност со револуционерна дејност, со чети, со правилници и други акти што ги открила полицијата, водејќи логична, доследна и ладнокрвна одбрана, својствена за Матов и при сите претходни апсења и судења. Кога ги соочиле со други уапсени лица, како со Ников, (секретарот на ЦК на ТМОРО) со Палашев, со Милан Ризов и со Арсов, кои претходно во исказите и признанијата го поврзале и Матова, овој, во канцеларијата на главниот полициски иследник, со усул, им кажал оти признанијата нема да им ја олеснат вината и да им ја намалат казната, туку спротивно, тие ќе бидат основа за докажано обвинение и за изрекување на предвидената казна. Затоа Матов им сугерирал пред судот да ги одречат признанијата со изговор дека го изјавиле тоа што им било издиктирано од полицијата поради ќотекот и мачењата во истрагата; доколку сакале да си ја олеснат казната. Главниот полициски иследник, забележувајќи го договорањето, извикал „Бак, бак керата како ги подучува“ и му удрил бокс по главата од кој му се „свртела“ собата, одвај додржувајќи се на нозе.

Матов бил изведен пред Солунскиот апелационен суд на 14 март 1901 година, а на 15 март му била соопштена пресудата за доживотен затвор.

Заедно со други осудени лица, а со Христо Татарчев окован во исти пранги, бил испратен во затворот Подрум-Кале, стариот Халикарнас, родното место на Херодот.

Во затворот Матов останал до септември 1902 година. По повод годишнината (19 август 1902 година) од стапувањето на тронот, султанот Абдул Хамид, по ургенција на бугарската влада го помилувал Христа Матов со уште 19 други заточеници меѓу кои биле и Христо Татарчев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи-Николов, Пере Тошев и други од Солунската, Виничката и од други провали и афери.

На први септември 1902 година Христо Матов веќе бил во Солун. Од властите бил притискан да се врати во родната Струга, како безбедносна мерка за да не продолжи со револуционерна дејност. За да се задржи што повеќе во Солун и одново да се вклучи во делото, Матов почнал да се крие од полицијата, успевајќи да го продолжи престојот за два-два и пол месеци. Во тоа време се поврзал со Централниот комитет на ТМОРО на чие чело се наоѓал Иван Гарванов. Матов бил наклонет кон Гарванов покрај другото и затоа што Гарванов бил цврсто сврзан со Егзархијата и со егзархиската политика; позиција блиска и на Матов. Гарванов бил приврзаник и на идејата за согласност со бугарската политика и за усогласување на работата на Револуционерната организација со таа на Врховниот комитет и на бугарската влада. Гарванов својата соработка со Врховниот комитет ја започнал за време на претседателствувањето на Јосиф Ковачев и ја продолжил до времето на Михајловски-Цончев.

Поради блиските разбирања со Гарванов, да не се стои настрана и наспроти политиката на Врховниот комитет и на бугарската влада, Матов, заедно со Иван Хаџи-Николов, бил заслужен за доаѓањето на Гарванов на чело на ЦК на ТМОРО. Имено, пред да бидат уапсени, во врска со солунската афера, тој и Иван Хаџи-Николов, печатот и шифрите на Централниот комитет на ТМОРО му ги дале на прилепскиот трговец Григор Попев со инструкција да ги предаде на Гарванов со што овој, всушност, се домогнал до најзначајното место во Македонската револуционерна организација. Григор Попев ја извршил задачата, давајќи ги „инсигниите" на ЦК на ТМОРО на Димитар Мирчев, близок соработник и другар на Гарванов, со упатствата што ги добил од Матов и Хаџи-Николов. Од септември до ноември 1902 година, Христо Матов учествувал во работата на ЦК на ТМОРО. Како блиски пријатели кои споделувале слични или исти разбирања за целите на револуционерната борба и за релациите

на Македонската револуционерна организација со бугарската влада и со Врховниот комитет, Христо Матов бил именуван за член на Задграничното претставништво во Софија. Заедно со него, како нови членови биле поставени и Христо Татарчев и Пере Тошев, со што биле заменети Димитар Стефанов и Туше Делииванов.

За време на престојот на Матов во Солун се случило т.н. Џумајско востание. Тоа било придвижено од Врховниот комитет, чии чети навлегле во Џумајско, и на 23 септември го прогласиле востанието. Кон врховистичките чети, делумно, се приклучило и месното население, приопштувајќи ѝ, на четничката акција востанички елементи. Во врска со акцијата на Врховниот комитет, ЦК на ТМОРО зазел критички став на неодобрување на истата. ЦК сметал дека Врховниот комитет извршил упад во револуционерниот систем и во револуционерната територија на ТМОРО, погазувајќи ја заемната Спогодба од мај 1901 година со која на Внатрешната револуционерна организација (на ТМОРО) ѝ било признато правото за прогласување на востание и правото за одобрување на влез во организационата територија на Внатрешната револуционерна организација.[117]

Надвор од тие моменти и ЦК, на чело со Гарванов, но и Матов, веќе биле склони кон дигање на востание и кон соработка со Врховниот комитет, но при полно почитување на авторитетот и на договорените овластувања на Внатрешната револуционерна организација. Притоа двете страни не се разликувале кој знае колку, според целите и според општите разбирања на начините и средствата за нивно остварување. Така на пример, како што ќе забележи и Ѓорче Петров во спомените, тие два субјекти (Врховниот комитет и ЦК на Гарванов, а со нив и Матов) биле за општо (по сите места) востание, но не им била прифатлива („не им била пријатна“) идејата за општонародно востание.[118] Тие две разбирања, суштински се разликувале. Првото подразбирало „востание“ кое можело да се прави со чети дојдени и однадвор. Второто, сфаќање претпоставувало востанување (кревање) на народот, на востание, при што четите имале определена улога на внатрешна компонента на востанието, но не и на замена на востанатиот народ. Двата настани имале различна тежина и различен третман во внатрешно-политичка, односно во надворешно-политичка смисла. Првиот став го прифаќале: Х. Матов, И. Гарванов. Б. Сарафов и други. На второто: Г. Делчев, Д. Груев, Ѓ. Петров, П. Тошев и други.

## 3. Матов – член на задграничното претставништво

Со споменатите разбирања, во ноември 1902 година, Матов пристигнал во Софија и веднаш почнал со работа како задграничен претставител на ТМОРО. Со своите ставови, но и со инструкциите за соработка и за усогласување со македонските емигрантски организации, со бугарските офицерски друштва како и со бугарските официјални институции, Матов (и Татарчев) почнале да се наметнуваат како „умерени“ и „благоразумни“ претставници на ТМОРО, подготвени да соработуваат со бугарската страна која пак веднаш ја прифатила таквата позиција на новите задгранични претставници.[119] Во таа насока почнале одделни средби и разговори со бугарските организации и институции во однос на кои Гоце Делчев и Ѓорче Петров, но и претходните задгранични претставници Димитар Стефанов и Туше Делииванов, ја чувале самостојноста на Организацијата и независноста на својата дејност. Или како што ќе се искаже Ѓорче Петров, тој и Гоце Делчев настојувале да не се слеат со политиките и со дејноста на организациите и институциите во Бугарија, свесно чувајќи ја Револуционерната организација и нејзината дејност како внатрешна македонска рожба,[120] неповрзана и непоттикната од надвор – од бугарска страна. Тоа било услов Организацијата да ја зачува целината на македонското општество и да го овозможи слободниот развиток на неговата (политичка) индивидуалност.

Наспроти таквата позиција на споменатите раководители и претставници на ТМОРО, новите претставници (Матов и Татарчев) со својата подготвеност да соработуваат и да се усогласуваат со бугарските државни инстанци во врска со революционерната дејност во Македонија брзо се наметнале како меродавни фактори, настојувајќи да го истиснат и маргинализираат значењето на Гоце Делчев и Ѓорче Петров.[121] Ценејќи го тој нивен однос како опортунистички и погрешен кон македонската револуционерна дејност, Ѓорче и Гоце го повикале Перета Тошев да дојде во Софија за да се намалело влијанието на Матов и Татарчев. Пере Тошев пристигнал во Софија и извесно време, заедно со Гоце Делчев и Ѓорче Петров, успеале да повлијаат врз прашањата кои се наметнале во тоа време, во ноември-декември 1902 и во јануари 1903 година. Имено во тие месеци актуелни станале две прашања: (1) Обединување на двата врховни комитети (на тој на Михајловски-Цончев и на тој на Станишев-Карајовов) со Внатрешната македонска револуционерна организација; и (2) прашањето за дигање на востание во Македонија идната пролет (1903 година) во светлината

на врховистичкото Џумајско востание од 23 септември 1902 година и на идејата на истиот Врховен комитет на Михајловски-Цончев да кренат ново востание во Македонија пролетта 1903 година.

Во врска со првото прашање, во Бугарија се јавило помасовно настојување за обединување на врховните македонски комитети и на Македонската револуционерна организација. Речиси сите организации во Бугарија сврзани со Македонското прашање и со македонската револуционерна дејност, како и самите официјални институции на бугарската држава инсистирале да се надминат нетрпеливоста и судирите меѓу врховните комитети и Македонската револуционерна организација кои ги дале и првите меѓусебни жртви. Кон таа идеја погодувала и новата атмосфера на соработливост што ја покажале новите задгранични претставници на ТМОРО Матов и Татарчев.

Иницијативата и процедурата за обединување ја презеле познатите бугарски општественици и професори, Македонците А. Љапчев, Н. Генадиев, Д. Ризов, Љ. Милетич, И. Георгов и други.[122] Иницијаторите се обиделе да создадат единствено раководно тело од трите страни: од двата споменати врховни комитети и од Македонската револуционерна организација. Иницијаторската комисија на спомнатите општественици и професори направила повеќе обиди и напори да ги усогласи страните, предлагајќи пропорција на учество на трите страни и состав на лица. Обидите не дале плод. До замисленото и од бугарска страна, посакувано обединување не дошло. Притоа, интересен е фактот за тоа кои биле предлагани од средината на Македонската револуционерна организација и дали тие биле предлагани со нивно знаење и согласност или без тоа.

Од страна на иницијаторската комисија, од редовите на Македонската револуционерна организација биле предлагани Гоце Делчев, Христо Матов, Христо Татарчев и Пере Тошев, со тоа што Делчев и Матов биле во сите предлози, а Татарчев и Тошев во дел од комбинациите што ги предлагала комисијата. Паѓа во очи оти во ниту еден предлог не бил земен предвид Ѓорче Петров. Причините за таквите варијации биле во тоа што: Гоце Делчев бил највлијателната личност во Македонската револуционерна организација без чие привлекување не можел да се оствари чиј било план поврзан со таа организација. Згора на тоа Делчев бил сметан и за добродушен човек поради што постоела надеж кај иницијаторите на обединувањето дека ќе го убедат и ќе го приклонат кон идејата. Христо Матов го сметале, и биле во право, за личност кој го посакува обединувањето и кој бил спремен да го помогне истото.

Другите, Татарчев и Тошев би се приклучиле кон обединувањето: Татарчев ако се приклучи Матов, а Тошев ако тоа го направи Делчев.

Од сите варијанти бил исклучен Ѓорче Петров. Тој бил сметан за екстремен ексклузионист, за фанатичен приврзаник на принципот на неслевање на претставниците на Македонската револуционерна организација во Софија со бугарските инстанци и организации; за зачувување на нивната самостојност „како јатка“ на Македонската револуционерна организација која во Софија се наоѓа заради нејзините потреби и заради интересите на македонската револуционерна дејност, „како внатрешна, македонска рожба“.

Според изворите кои ни стоеја на располагање не беше можно да се оцени дали кадровските комбинации што ги предлагала иницијаторската комисија биле со или без знаење и согласност на предложените лица. Меѓутоа, сепак постојат посредни показатели за нивниот однос кон споменатата иницијатива; постојат и одделни оценки за тоа, какви што се информациите изнесени во спомените на одделни револуционери. Од информациите за односот на предложените лица може да се заклучи дека Гоце Делчев никогаш не верувал оти била можна соработка со Врховниот комитет; од тој на Николаев до тој на Цончев. Дополнително, тој секогаш бил за независност на целите на Македонската револуционерна организација и за независност на македонското револуционерно дело. Делчев бил за македонско, општо, народно востание[123] кое ќе доведе до слобода и до самоуправа на Македонија – како конечна цел. Тој не еднаш ќе се искаже за формирање на македонска демократско-прогресивна држава со што ќе бидат привлечени и Турците и Албанците и сите други народности кои живеат во Македонија, како услов да се зачува единството на македонското општество, а со тоа и Македонија за сите на кои таа им е татковина.[124] По прашањата за карактерот на револуционерното дело во Македонија, за неговите конечни цели и за начинот на нивното остварување, Гоце Делчев воопшто не се разликувал од Ѓорчета Петров. Тој секогаш знаел да предочи оти, од Софија ќе го прифател само тоа што ќе било потпишано од „Марко“[125] – псевдоним на Ѓорче Петров. За разлика од Ѓорче Петров, Делчев бил подобродушен, склон да разговара, да убедува, но не и да ги жртвува идеалите и принципите на внатрешниот, македонски, карактер на револуционерното дело.

Кога станува збор за Христо Матов ситуацијата е подруга. Тој од секогаш, од неговите најрани трудови и творби, Македонија ја сметал како дел од Бугарија и никако поинаку. Дури дошол до став оти и нејзиното име не одговарало на

ниту еден нејзин современ параметар (народносен, јазичен, историски) освен (и само) на нејзиниот археолошки параметар. Затоа, тој, Македонија, со оглед на нејзините актуелни идентитети, ја нарекувал Западна (или долна) Бугарија. Институциите на Кнежевството Бугарија, (на пример бугарската армија) Матов ги именувал со атрибутот „наши“ институции и сили, при што приопштувањето одело без остаток во двете насоки: и тие институции и сили биле „наши“, т.е. и на Матов и Матов бил „нивен“ (на тие институции и сили). Поради тоа кај него, во ниту едно негово дело или размислување, не може да се сретне, на пример, исказ од типот „мојата татковина или родина Македонија“ или онаа синтагма што инаку може да се сретне кај други македонски револуционери кои го поминале животот во Софија, а која гласи: во Софија (и во Бугарија) „никогаш не сум се чувствувал дома“ или „Секогаш сум се чувствувал како странец во Софија или во Бугарија“, како што можат да се најдат на пример кај Кирил Прличев,[126] кај Ѓорче Петров,[127] кај Арсени Јовков[128] и кај голем број други Македонци, емигранти, во Кнежевството Бугарија. Матов сметал дека Македонија и судбината на „Бугарите“ во неа е грижа на Бугарија. На пример, тој, во својата песна „Към Витоша“ напишана во затворот по повод виничката афера ќе срочи: „...Од Солун, Охрид-нашите светини, до бели Дунав и Черно Море, де шуми Вардар, Янтра, Марица, сичко е твое, твоя е грижа“.

Со тие негови ставови кои биле интимни, и во секој случај искрени, Матов, логично, сметал оти македонското прашање и македонското дело било и требало да биде заедничко: на македонските организации (и на таа на која и тој припаѓал – на ТМОРО) и на бугарските институции. Тој, притоа, сметал оти тоа било најдобро и за самото македонско прашање; за неговото решавање и за судбината на мнозинското македонско население кое го сметал за бугарско. Поради тоа Матов не можел да биде против соработката со бугарските организации и институции; против слевањето на ТМОРО со нив и против слевањето на автономијата за која се борела ТМОРО со бугарското кнежевство – како конечна цел на македонското револуционерно движење.

Меѓутоа, Матов добро знаел оти во ТМОРО има кадри и цело едно течение во кое влегувале најавторитетните личности какви што биле Гоце Делчев, Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев и други, кои имале други погледи, и за крајната цел на споменатото револуционерно движење, и за карактерот на истото, сметајќи го како внатрешна македонска рожба која мора да остане независна и слободна од кое било надворешно влијание за да може да ја изгради и изрази својата посебна индивидуалност. Поради тоа, во

примерот на Матов може да се сретне и една навидум парадоксална реакција во врска со употребувањето на неговото лично име во предложените состави на замисленото (идно) единствено раководно тело на исто така замислените обединети македонски врховни комитети со Македонската револуционерна организација. Имено весникот „Изгрев", кој излегувал во Ќустендил, објавил дека и Христо Матов бил во планираниот состав на идното раководно тело. На тоа Матов, на петти декември 1902 година, реагирал остро со писмо испратено до Димитар Ризов,[129] член на иницијативната комисија, за помирување, веројатно сметајќи дека тој ја „шушнал" информацијата. Во реакцијата Матов употребил индикативна метафора за неговиот однос кон споменатата акција за помирување. Укажувајќи дека категорично е против споменувањето на неговото име (во јавноста), тој вели: „Пенелопиното платно уште не е исткаено".[130] Односно, процесот не е завршен и не е извесен неговиот епилог, па не бива, пред тоа, да се вовлекува неговото име во контроверзното прашање по кое има противречни позиции во ТМРО и меѓу емигрантите Македонци. Со други зборови: сè уште не било дојдено времето за изјаснување на стојалиштата и за диференцијација меѓу револуционерните кадри. Во таа смисла Матов бил во право. Тоа време ќе настапи 4-5 години подоцна.

Од акцијата за помирување и обединување, ништо не испаднало. Ниту Михајловски-Цончев сакале да се обединат со Станишев-Карајовов, ниту Делчев и Тошев биле подготвени да ја слеат ТМОРО со Врховниот комитет на Михајловски-Цончев зад кој стоеле кнезот и Владата со што би ја жртвувале самостојноста на македонското револуционерно дело. Матов и Татарчев, во таа состојба, исто така не биле за обединување, сметајќи дека „Пенелопиното платно" сè уште не е исткаено.

На тој начин работите останале по старо, со тоа што новиот момент бил во новото помирувачко расположение на новите задгранични претставници (на Матов и Татарчев) и во исто таквото настроение на Централниот комитет на ТМОРО на чело со Гарванов. Сепак, прашањето за приближување меѓу бугарските институции и организации со Македонската револуционерна организација кое истовремено подразбирало и расцеп во ТМОРО останало за идна прилика. Дотогаш останале негативниот однос и кавгите меѓу Македонската револуционерна организација и Врховниот комитет на Михајловски-Цончев. Особено: поради четничките акции, кои ги имаше преземено тој комитет во македонските погранични реони пролетта 1902 година; поради неговата провокација со т.н. Џумајско востание од есента истата година; и поради

неговите планови за идно ново востание во Македонија, планирано за пролетта 1903 година.

## 4. Врховистичките четнички акции во Македонија во 1902 година и односот на ТМОРО (и на Христо Матов) за кревање општо востание во 1903 година

Поставувањето на второто прашање – кревањето востание во Македонија, идната пролет, било предизвикано од четничките и „востаничките" провокации на ВМОК во текот на 1902 година. Тие провокации на Врховниот Комитет на Михајловски-Цончев станале замаец и лакмус за посериозна диференцијација во Македонската револуционерна организација и за почеток на кристализација на двете теченија, или на двете групации во ТМОРО – со спротивни разбирања за стратегијата и тактиката на револуционерната дејност во Македонија.

Сиот тој продолжителен процес почнал да се одвива со пролетните четнички акции на Врховниот комитет во Македонија во 1902 година.

Имено, Врховниот Комитет на Михајловски-Цончев, од почетокот на 1902 година почнал да праќа чети во Македонија, навлегувајќи во пограничните реони на Џумајско, Малешевско и Петричко. Четите ги предводеле „долни луѓе" убијци, разбојници и арамии, повеќето од нив истерани од редовите на Револуционерната организација. Меѓу нив биле познатите Дончо Златков, Михаил Ставрев („Хаљо") еден од убијците на Стамболов, Васе Пеливана, Никола Ризов, Христо Димитров-Кутрула, Алексо Николов-Поројски, Иван Илиев, Иван Христов-Карасулијата и други.[131] Покрај тие чети, Врховниот комитет почнал да испраќа и чети предводени од бивши офицери на бугарската армија демобилизирани за да можат да се впуштат во македонските работи, согласно со политиката на споменатиот комитет. Такви биле „капетан Разлогов" (Јурдан Стојанов) полковникот Јанков, Саев, Саракинов, Бозуков и други.[132] Сите тие чети, многубројни и добро вооружени, навлегувајќи во Македонија (во Џумајско, Малешевско и Петричко), почнале да го притискаат месното население и привrзаниците на Македонската револуционерна организација, да преминат кон Врховниот комитет, да откажат да помагаат и соработуваат со Револуционерната организација и да дадат писмени изјави (мазхари) дека се привrзаници на Софискиот комитет. Притоа, се служеле со пропаганда дека „даскалчињата" и другите припадници на Револуционерната организација биле обични манипуланти, неспособни да подготват и кренат востание;

заинтересирани да ги трошат и злоупотребуваат парите на Организацијата и на населението, божем за вооружување и подготвување на востание.... Со нив Македонија не ќе била ослободена уште 20-30 години, а „даскалчињата" и членовите на Организацијата, во исто време, ќе се богателе, што им била целта.[133]

По таквите напади врховистичките комитаџии, на населението му ветувале: бесплатно вооружување со модерни пушки (со малихери), кои ќе им ги дала Бугарија без да плаќаат за тоа; ќе биле ослободени од Бугарија и Русија кои ќе се замешале, за што имале подготвено 40.000 спремни, вооружени и обучени луѓе кои, на повик на Врховниот комитет, ќе ја преминеле границата и ќе го кренеле востанието, предводени од способни офицери...[134]

Во многу места и од голем број приврзаници на Револуционерната организација, врховистичките чети наидувале на отпор. Но, исто така, во многу други места на споменатите погранични околии врховистичката пропаганда и четите на Врховниот комитет биле прифатени, поради што тие можеле да се справат со отпорот што им го дале месните, реонски или селски, чети и војводи. Секаде каде што врховистичките чети ќе наиделе на отпор од поединци или од чети на Македонската револуционерна организација, секаде тие биле, или најсвирепо убивани, ако биле послабата страна во судирот, или предавани на турските власти, ако станувало збор за посилен отпор од четите на Организацијата.[135]

Покрај навлегувањето на територијата на Македонската революционерна организација, Врховниот комитет на Михајловски-Цончев, во истото време (од март до јуни-јули 1902 година), испратил и чети под раководство на ексофицерот Бозуков за заземање на пограничните пунктови и складишта со оружје, кои биле во сопственост на Револуционерната организација. Карактеристичното за таа акција било тоа што при неможноста да се постигне саканата цел, на страната на врховистите застанувала бугарската полиција која самата вршела запленување на оружјето од складовите на Организацијата и апсење на членовите и привзаниците на истата, со што била индицирана политичката позадина на врховистичката акција во тоа време.[136]

Целата спомената акција на Врховниот комитет, пролетта и летото 1902 година, била преземена како подготовка за кревање на востание, кое по повеќе најавувани датуми за негово започнување, било кренато во септември 1902 година. Идејата за востание кое ќе било кренато наскоро и со кое Македонија конечно ќе била ослободена, во крајна линија со вмешувањето на Бугарија

и Русија, била главната поента на врховистичката пропаганда и акција во пограничните околии во Македонија во 1902 година.

Реакцијата на Македонската револуционерна организација, на врховистичката акција, била истовремена, реска и насочена во три правци: кон месното население и месните организации на ТМОРО во зафатените погранични околии; кон самите врховистички чети; и кон македонската емиграција и нејзините органи и тела во Бугарија.

Обраќајќи се кон населението на споменатите околии Централниот комитет на ТМОРО потсетил дека четите што влегле во Македонија дошле како туѓи на македонското население и на неговото револуционерно дело и дека ќе си одат како туѓи при првиот ризик со турските „полчишта“. Тогаш населението ќе биде тоа кое ќе ја плати крвавата цена за интересите на кнез Фердинанд, „кој можеби посакал да стане цар“ слично како кога во 1895 година посакал да биде признат од султанот и кога поради провокацијата што ја направил во Мелник, цело мелничко население било изложено на жестокоста на турскиот аскер и башибозук. „Надворешни луѓе, туѓи за вас и делото.... се обидуваат да посеат раздори и расцепи во цела земја со престапната цел да го растројат револуционерното дело за кое беа дадени толку многу жртви во последните години и толку голем труд вложен од нас и целиот народ“, ќе предочи ЦК на ТМОРО, во Окружното писмо до револуционерните организации во Малешевско, Џумајско и Петричко, напишано од Гоце Делчев и Ѓорче Петров.[137]

Обраќајќи се до сите комитети на ТМОРО Централниот комитет со Окружно писмо напишано, повторно од Гоце Делчев и Ѓорче Петров ќе посочи дека „луѓе (на Врховниот комитет – В.П.) на кои не им се дозволи да ја имаат Организацијата како орудие со помош на кое ќе ги спроведат своите скриени намери, луѓе на кои им се забрани да тргуваат со нашите солзи и со нашата крв, за постигнување на своите крајни цели – такви луѓе се објавија против нас, против Организацијата, против целиот македонски (и одрински) народ.

Нивниот мечешки брлог е во Софија, нивното поле за гнасни подвизи се нашите македонски (и одрински) планини и села...“

Укажувајќи дека го лажат населението оти Русија и Бугарија ќе се дигнеле против Турција, ќе додадат: „Безобразни лажливци! Можеме ли да се надеваме дека ќе ни помогне онаа сила (се мисли на Русија – В.П.) по чиешто барање беа фатени, судени и пратени на заточение во Подрум-кале, во Акија во Родос, и на други места наши најдобри другари... или Бугарија, која не може дури и самата да се зачува?“[138]

Нивната пропаганда за забрзано востание, ЦК ја оценува како погубна за населението и за ослободителното дело, зашто „Ако се дигнеме со празни раце ние ќе дадеме само добар повод Турците да се нафрлат на нас и да нѐ сосипат... и да нѐ уништат зашто, разбудени од ропскиот сон, станавме плашило за султанот... ние ќе имаме повторување на ерменските работи во најгрозни размери...“[139]

На таков начин Врховниот комитет, ќе го растроел она дело насочено кон подготовка на сенародно востание, кое требало да ја оствари крајната своја цел – самоуправата и слободата на Македонија (и Одринско – В.П.); ќе го растројат заради интересите на кнезот Фердинанд и на бугарската влада да го инструментализираат македонското дело, тргувајќи со македонската крвава драма. Тие сакаат да задушат секакво независно движење во Македонија за утре, кога ќе кажат оти нишките на македонското незадоволство се во рацете на бугарското воено министерство да тргуваат со него. Ете со каква категоричност ни е фрлена ракавицата. Ние ја прифативме. И денес ние војуваме...[140]

Страшни се зборовите, но тие единствено ја изразуваат вистината. Ние војувавме со Грците, војувавме со Србите – не поради бугарски фанатизам, а за да зачуваме духовно единство и револуционерна целост на поробеното ни општество. И сега, кога ни се поставува дилемата, или да станеме играчка-бездушна, гнасна играчка – во рацете на луѓе на дворецот, или со градите да ја одбраниме независноста на своето дело... го прифаќаме страшното дело да војуваме и со вас.

Иднината ќе ни биде судија....

Ние, македонските робови се бориме со бесправието во Турција, како дел од таа држава, а не како агенти на Бугарија... Ние апелираме кон совеста и расудувањето на слободните Бугари. Ја повикуваме македонската емиграција под нашето знаме.

Да живее слободата, да живее Македонија.“[141] ЦК на ТМОРО, со тоа, ќе го заврши своето обраќање до бугарската јавност и до македонската емиграција.

Меѓутоа, апелот на Централниот комитет останал без ефект врз јавноста и емиграцијата. Причините за тоа, делумно, се во бласфемичната манипулација од страна на Врховниот Комитет, кој преку печатот бесрамно лажел оти Врховниот комитет воопшто не се мешал во внатрешните работи во Македонија каде што Македонската револуционерна организација била суверена. Односно, Врховниот комитет бил и можел да биде само помагачки во однос на таа организација. Другите причини биле на страната на самата јавност

и на емиграцијата кои биле поделени во однос на политиките кон македонското прашање, приклонувајќи се кон позициите на различните чинители и фактори на тоа прашање. Поради таа состојба во редовите на македонската емиграција и во бугарската јавност и поради упорните придворни политики на Бугарија, Врховниот комитет на Михајловски-Цончев, во септември истата (1902) година се решил да крене востание во Македонија. Идејата да зафати што поширок простор во Македонија и да привлечи што поголем број од населението ја засновал: на востановената, прилична контрола во пограничните околии на Џумаја, Петрич и Малешево; на поголемиот број емисари пратени низ Македонија и особено, на подготвените чети предводени од своите членови, офицери, какви што биле тие на Саев, на Јурдан Стојанов, на полковникот Јанков и на други.

Меѓутоа, такво широко распространето востание не се збиднало. Востанало само Џумајско, со мали и занемарливи судири во некои околни подрачја, поради што настаните од 23 септември до 3 ноември 1902 година, со прекини меѓу тие дати, во историската наука се именувани како Џумајско востание. Ограниченоста на тој настан, според територијата и според значењето, произлегла од две причини: од фактот дека „востанието“ било импортирано од бугарска територија и од фактот дека Македонската револуционерна организација, со своите чети, ја блокирала акцијата на врховистичките и проврховистичките чети, впуштајќи се во борба со нив.[142]

Во септемвриското, врховистичко „востание“, како и во настаните од март до јуни со акциите на врховистичките чети во Џумајско, Малешевско и Петричко, во суштина, се случило првото војување, (првата борба) меѓу припадниците на македонското револуционерно движење и тие на бугарската држава посредувани преку Врховниот комитет на Михајловски-Цончев. Таа вооружена конфронтација била прва вооружена борба меѓу Македонците и Бугарите.

Тој факт е клучниот индикатор преку кој, на практика, биле применети двете различни политики по македонското прашање: таа на бугарскиот двор и бугарската влада и таа на Внатрешната македонска револуционерна организација. Тој судир, на стратегиите (на целите) и на тактиките на двете страни, доволно реско ги издвоиле политиките и идентитетите на двата субјекти. Во него, на доволно јасен и резок начин, се покажало оти станувало збор за две различни страни кои имаат различни (посебни) и спротивставени интереси и кои трасирале (и хипостазирале) две различни судбини за Македонија.

Едната, бугарската (посредувана преку Врховниот комитет на Михајловски-Цончев) која македонското прашање го разбирала како дел од бугарската државна политика и од бугарските државни интереси,[143] и другата таа на Македонската револуционерна организација, која на македонското прашање гледала како на внатрешно прашање на македонското население, посредувано од неговата (внатрешна) револуционерна организација која имала за цел да приопшти внатрешен (македонски) идентитет на борбата за слобода и за самоуправа на Македонија, како нејзина крајна цел.

Изнесениот став на Македонската револуционерна организација во споменатите окружни обраќања, по повод врховистичките четнички акции во Македонија, бил израз на политиката и позицијата на дел од главните македонски револуционерни кадри. Во тој круг, на прво место, спаѓале: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Даме Груев, Пере Тошев, Петар Поп-Арсов, а потоа, Сандански, Поп Антов, Чернопеев, Арсени Јовков, Славчо Ковачев и сите оние бројни раководни кадри и војводи кои пожртвувано се бореле за постигнување на полна политичка автономија, стекната преку општо внатрешно востание. Тој став и тоа течение на ТМОРО имало друго, конкурентско, течение во Организацијата.

Политиката на второто течение во ТМОРО, кон бугарското кнежевство и кон неговата политика спрема македонското прашање, била содржана во сфаќањето дека борбата за автономија на Македонија е фаза во која Македонија требало да се зачува цела пред опасноста од грчките и српските посегања за да можела, како таква, да се обедини со Бугарија како со своја природна матица. Таа крајна цел не ја исклучувала политиката за внатрешно македонско востание кое, како тактичко средство би ги убедило европските сили и европската јавност дека востанието не е подметнато од надвор од Бугарија, туку дека е внатрешна борба на обесправеното македонско население против неподносливиот турски режим. Поради таквото значење на внатрешното востание и втората групација во Македонската револуционерна организација била против директното мешање на Врховниот комитет во македонското револуционерно дело и против неговите четнички акции во Македонија. Но, по постигнувањето на ефектот на внатрешност на востанието и по стекнувањето на автономија (со помош на европската дипломатија) според втората групација немало никаква причина и смисла да не дојде до обединување на „двата дела од истата нација“.

Во втората група (во второто течение) на Револуционерната организација влегувале: Христо Матов, Иван Хаџи-Николов, Андон Димитров, Димитар

Мирчев, Иван Гарванов и потоа Тодор Александров (до дваесеттите години) Александар Протогеров и сите оние раководители и војводи кои, Македонија ја замислувале во рамките на бугарската држава.

Тие две групации, во декември 1902 година, пред Божик се собрале во Софија да го разгледаат ставот на Централниот комитет, кој на 24 декември се обратил со циркулар до задграничните претставници, во кој соопштил оти прифатил нов курс во револуционерното движење насочен кон кревање на востание, во најскоро време, па побарал да се претресе таа линија на Организација. Во исто време Централниот комитет соопштил дека состојбата во Битолскиот округ била неодржлива поради наметнатиот терор од турските власти и потсетил на ризичните акции што ги преземал Врховниот комитет кој не се откажал од нов обид да крене востание со што Револуционерната организација, ако не преземе решителни, востанички акции, ќе се нашла во незавидна положба. Затоа ЦК на ТОМОРО побарал, окружните и околиските комитети да се произнесат за прашањето за кревање на востание идната пролет; кое ќе било поставено на одлучување на општ конгрес, планиран за наредниот месец (за јануари 1903 година). По тој повод Матов и Татарчев свикале советување на тогаш присутните кадри на Револуционерната организација во Софија.

На советувањето учествувале: Гоце Делчев, Христо Матов, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Христо Татарчев, Михаил Герџиков, Борис Сарафов, Славчо Ковачев, Влчо Антонов, Иван Хаџи-Николов, Туше Делииванов, Кирил Прличев, Христо Сиљанов, Димитар Стефанов, Никола Наумов, Сава Михајлов, Тома Давидов, Никола Пушкаров и други. Биле одржани две заседанија, на 24 и на 25 декември 1902 година. Учесниците на советувањето се поделиле на две групи. Мнозинството, во кое биле Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Борис Сарафов и други било против идејата за востание поради неподготвеност на населението и недостаток на оружје и други потребни материјали, како и поради непостоење на поволни меѓународни односи.[144]

Матов и Татарчев застанале зад Централниот комитет, давајќи поткрепа за кревање востание. Тие сметале оти големиот број провали носел опасност од растурање на комитетската мрежа. Дополнително, укажале и на можност од нови провокации на Врховниот комитет со што авторитетот на Македонската револуционерна организација би бил доведен под прашање пред населението кое било крајно вознемирено од жестоките репресалии што ги наметнала власта, барајќи оружје и комити.

На крајот, двете групи стигнале до некои заеднички предлози со тоа што била отфрлена идејата за востание, а била прифатена идејата за засилена четничка активност со примена на терористички активности над пруги, мостови и објекти, значајни и за странскиот капитал. Христо Матов и тие предлози ги сметал за облик на востание или за ниво на конфронтација кое водело кон востанички дејства. Сепак било инсистирано, на Централниот комитет да му биде соопштен ставот дека била отфрлена неговата идеја за прогласување и кревање востание, што во крајна линија и било сторено од страна на задграничните претставници и покрај нивниот личен став.

Во меѓувреме биле направени постапки кои, сепак, воделе и конечно довеле до донесување на одлука за кревање на востание во Македонија, пролетта идната година. Тие постапки оставиле впечаток за постоење на незаконитост во донесувањето на односната одлука и за постоење на нелегитимни спреги меѓу делови од Револуционерната организација.[145]

Од друга страна Врховниот комитет на Михајловски-Цончев инсистирал на кревање на востание идната пролет. Притоа Цончев кроел планови самиот да го стори тоа, на што бил поттикнуван од високи бугарски државни кругови, каков што бил воениот министер генерал Стефан Паприков. Истиот Врховен комитет бил склон кон соработка со Македонската револуционерна организација и кон почитување на нејзината предност, под услов таа да го прифати решението за кревање на востание идната пролет. Од друга страна, Македонската револуционерна организација, нејзиниот Централен комитет, при крајот на 1902 година тргнал со предлогот за востание, со што, суштински, го прифатил ставот на Врховниот комитет. Притоа, од своја страна, инсистирал и успеал да постигне привид за негова независност само во делот на организацијата, тактиката и процедурата при операционализацијата на носењето решение за кревање востание, при регулирањето на односите со Врховниот комитет, во смисла на утврдување на услови и начини за прифаќање на негово учество во востанието, при уредувањето на начинот и процедурата за општење со други фактори, за прифаќање помош и слично. На трета страна, имало постапки и индикации за ветување помош за востанието од официјални кругови на бугарската влада, особено по нејзината смена и доаѓањето на власт на владата на генерал Рачо Петров која сугерирала можност на замешување во настаните, при што, на Задграничното претставништво му ставила на располагање маса на финансиски и други средства од таканаречените неотчетни владини фондови.[146]

Во секој случај, на страната на Централниот комитет на ТМОРО имало постапки кои го довеле под прашање легалитетот на земеното решение за востание на Солунскиот конгрес одржан од 2 до 4 јануари 1903 година, како и неговото опстојување на истото решение и покрај мнозински донесените заклучоци на најавторитетните раководители и личности на Македонската револуционерна организација и на првото и на второто советување во Софија, одржани на 24 и 25 декември 1902, односно на 12 јануари 1903 година, според кои најенергично се отфрлило решението на ЦК за кревање востание.[147] Поконкретно, сомневањата за нелегитимната улога на ЦК на ТМОРО во задржувањето на решението за востание и во неговото форсирање на Конгресот биле содржани во следните моменти: (1) ЦК на ТМОРО, по категоричните заклучоци на двете советувања на најзначајните раководители во Револуционерната организација, не го одложил тоа прашање додека не се постигне еднодушност по истото, ниту го одложил закажаниот конгрес што, според нормите на Организацијата и духот на рамноправност, другарска доверба и еднодушност по најкрупното прашање, требало да го одложи и закажаниот конгрес и поставеното прашање; (2) Фактот што од декемвриското советување (24 и 25 декември) до одржувањето на Конгресот поминале само 7-8 дена зборувало за неразбирливо брзање на Централниот комитет да го исфорсира прашањето за општо востание во Македонија; (3) фактот што поканите за Конгресот биле праќани селективно и без доволно време да се свикаат редовни заседанија на надлежните комитети, за избор на делегати, за согледување на состојбата на својата територија и за давање инструкции за гласање на делегатите; (4) фактот што на Конгресот не учествувале најзначајните раководители (легални и нелегални) и најзначајните војводи, и што наместо нив учествувале второстепени кадри „градски раководители и учители слабо запознаени со состојбите и работите“; (5) фактот што претседателот на Конгресот и главната фигура на ЦК на ТМОРО Иван Гарванов давал и манипулирал со неточни информации на Конгресот; фактот што не бил определен денот на востанието, заедно со окружните и околиските комитети што произлегувало од Уставот; (6) фактот што Гарванов и Думев, задолжени од Конгресот да ги убедат најзначајните раководители на Револуционерната организација кои биле во Софија,.. во исправноста на преземањето решение за востание, не го испочитувале изречниот заклучок донесен од истите на второто, јануарско советување со кој, на двајцата мисионери на Солунскиот конгрес, им се наложило да се вратат во Солун, да го сменат решението и да го одложат востанието;[148] итн.

Наместо да се прифатат заклучоците за активни четнички (или партизански) дејства и за одлагање на востанието, и Конгресот и ЦК на ТМОРО прифатиле во блиска иднина по сите места и со сите сили и средства да се крене општо и стратешко востание во Македонија и Одринско „за извојување на слобода и човечки права на робот“. И покрај осудите на посегањата од сите официјални и неофицијални фактори во Бугарија, со што бил направен обид да се прикрие надворешното влијание и поттикнување од истите, сепак за сите било јасно дека реската промена на дејноста и ориентацијата на курсот на Револуционерната организација била сврзана со притисокот од страна на тие фактори, во прв ред од Врховниот комитет.[149]

Во промовирањето и наметнувањето на курсот кон општо и стратешко востание во Македонија и Одринско, не мала услуга на Централниот комитет и на Гарванов направил Христо Матов, најактивниот и најдоследниот поддржувач на нивната политика за кревање на востание во Македонија и Одринско.[150]

Христо Матов „партизанските дејства“ ги прифатил, ги сфатил и образложил како фактичко востание. Иако, тој со Ѓорче Петров, беше обврзан од учесниците на советувањето, да изработи тези за засилени четнички и терористички, т.е. „партизански“ акции, сепак, до крај, се залагал за востание, застанувајќи зад позициите на Централниот комитет. Тој, заедно со Татарчев, го афирмирале значењето на востанието како поцелесообразно за вмешување на дипломатијата бидејќи тоа било третирано како израз на очајна принуда на еден народ за тој да се реши на таква крајност.[151] Меѓутоа, по тој повод, Христо Матов, не го соопштил ставот на Русија кој му бил познат од јасното предупредување на министерот Ламздорф. Имено, оти Русија не поддржува и не одобрува какво било востание и оти, во таа смисла, им била дадена инструкција и на балканските влади.

Матов, исто така, добро знаел што значи повикот на Централниот комитет, содржан во неговото циркуларно писмо испратено до комитетите во Македонија и Одринско, до задграничното претставништво, но и до двата врховни комитети, со кое се канат сите боеви сили да влезат во Македонија и Одринско, каде што ќе биле пресретнати со отворени прегратки.[152]

Влегувањето на боевите сили на Врховниот комитет кои биле предводени од бугарски офицери, во секој случај, не значело тоа за што Македонската револуционерна организација вршела десетгодишна пропаганда. Не биле без основа оние искази на Сандански оти циркуларното писмо морално ги убило, поради што немал срце и лице да излезе да агитира оти, дотогаш агитирале едно, а сега излегло друго.[153]

Таквиот повик на Централниот комитет наишол на радосен одѕив кај Врховниот комитет на Михајловски-Цончев, по што тој, со писмо, ги повикал бугарските офицери да ја напуштат армијата и да се пријават во комитетот за учество во востанието.[154] Потоа, кон половината на март месец 1903 година Врховниот комитет склучил Спогодба за заеднички дејства за време на востанието со ТМОРО потпишана од генерал Иван Цончев и полковник Стефан Николов од страна на ВМОК и од Христо Матов и Петар Тошев, задгранични претставници во името на ТМОРО.[155]

По тоа време, задграничните претставници, Матов и Татарчев, можат да се најдат во многу документи кои со пари и средства го помагале формирањето на чети на Врховниот комитет и нивното заминување во Македонија. За Матов, таквата позиција и ангажман, во врска со востанието и со учеството на боевите сили на Врховниот комитет на Михајловски-Цончев не биле неочекувани ниту биле израз на измена на неговите дотогашни ставови и разбирања. Спротивно на тоа, Матов секогаш сметал оти борбата за слобода на македонскиот роб требало да се води заедно со силите на Бугарија. Таа, според Матов, била должна да се грижи за Македонија, бидејќи Македонија била неразделив дел од бугарската, народна, културна и историска заедничност и судбина, за што имало широка потврда од дамнешно до актуелно време. Сметајќи оти меѓу Бугарија и Македонија постоеле длабоки историски идентитети, Матов, доследно и во секој важен момент за судбината на Македонија, посакувал воено вмешување на Бугарија; на нејзините воени сили, кои ги именувал со синтагмата „наши сили“. Од тие причини не била за изненадување неговата поддршка на Гарванов и на неговиот Централен комитет за широко отворање на вратите и на „прегратките“ со кои ќе биле пречекани боевите сили на ВМОК. Не било неочекувано и нелогично ниту неговото ангажирање да го помогне и поттикне учеството на четите на Врховниот комитет за учество во востанието во Македонија. Таа негова позиција била дијаметрално различна од онаа на Гоце Делчев, на Ѓорче Петров, како и на таа на Туше Делииванов и Димитар Стефанов по повод упадот на четите на ВМОК во Џумајско, Малешевско и Петричко пролетта и есента 1902 година.[156]

Ставовите и односот на Матов кон ослободителното дело во Македонија секогаш биле конзистентни. Поставени во однос на ставовите на пример, на Ѓорче Петров и на Гоце Делчев, ставовите и односот на Матов биле подруги; Матов имено не споделувал исти ставови по тие прашања со сите раководители на ТМОРО, туку со дел од нив. Затоа Матов, всушност бил личност и

раководител во ТМОРО кој припаѓал на друго течение од она на кое припаѓале на пример Ѓорче Петров, Јане Сандански, Гоце Делчев и други. И обратно: тие не биле во иста групација со Матов иако меѓу нив, постоела, не само почит туку и соработка, настојувајќи едни-други да привлечат кон разбирањата и ставовите на својата група.

Како и во секое револуционерно движење, така и во македонското, сосема нормално, постоела сложена структура на сили и ориентации кои замислувале различни перспективи на земјата и народот од кои потекнувале сите тие. Иднината станала судија за нивните дела, вреднувајќи ги со оглед на последиците по нивната земја и нивниот народ. Според тој критериум, историјата не ги потврди позициите на Матов за судбината на Македонија без оглед на неговиот искрен однос кон замислуваниот добробит и на народот и на Македонија; така како што тој ги разбирал и дефинирал тие категории. Тие негови разбирања и ставови биле чесни иако се покажале погрешни. Меѓутоа, таа грешка била т.н. „објективна грешка“; појава, позната кај голем број пожртвувани борци за слобода на својата земја и на својот народ.

## 5. Улогата на Матов во востанието и во четничките акции во Македонија во 1903 година

По донесувањето на решението за востание, определено за втората половина на годината, Матов се зафатил: прво, да напише Општ план за востанието и, второ, да обезбеди што повеќе средства за четите (оружје, муниција и други потребни материјали) и да поттикне и помогне да се формираат повеќе чети кои би заминале во Македонија, да учествуваат во востанието.

Општиот план на востанието го порачал Централниот комитет на ТМОРО. Како се случило таа задача да му биде дадена на Христо Матов, во тоа време задграничен претставник, а не, на пример инструктор или раководител на четите, не е познато. Во секој случај тој го напишал односниот план во месец мај 1903 година и го доставил на Централниот комитет на негова натамошна надлежност.[157] Последниот, го разгледал и усвоил како општа основа за идните востанички дејства, по што направил извод од него и, курирски, го доставил до Битолскиот револуционерен округ и до Главниот штаб на востаничките сили на тој округ, на 18 јули 1903 година. Значи, на два дена пред почетокот на самото востание.[158] Општиот план на востанието, што го изготвил Христо Матов, иако

се служел со поимот „партизанска борба“ сепак тој под тоа подразбирал и укажувал оти станувало збор за „едновремено и по сите места“ стапување во акција со сите боеви сили, т.е. со сите чети. Со други зборови, Христо Матов сепак сметал на општо востание иако под тоа не подразбирал општонародно востание. Сфаќањата на Матов за востанието, сепак, биле различни од тие на најзначајните раководители на ТМОРО. Тие имено, инсистирале на водење на продолжителна герилска (партизанска) борба која, како засилена четничка акција, ќе го држела отворено македонското прашање. На друг план, кога станувало збор за карактерот на самите борби и за големината на силите и за начинот на конфронтациите со непријателските сили, Матов не се разликувал од ставот на другите раководители. И тој сметал: на борби со мали и подвижни сили (четите да биле од 15 до 30 души); тие да одбегнувале отворени борби со формациски (армиски) турски сили; да напаѓале мали групи (претходници, одделни караули и постави, полициски и помали воени одделенија, потери, курири и сл); да правеле диверзии на мостови, пруги, телефонски и телеграфски врски итн.[159]

Значи, суштинската разлика меѓу Матов и ЦК (како и ВМОК) на една страна, и меѓу другата група (Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Сандански и другите) била во тоа, што, првите сепак сметале на општо востание; на едновремена четничка акција по сите места. Или, на едновремена борбена акција која требало да има континуитет и да биде општа (во сите окрузи). Вторите сметале оти за востание не требало и да станува збор; наместо за востание тие биле за четничка акција која требало да биде засилена, но која, зависно од условите, не морало да биде општа (по сите места). Меѓу двете групи постоела разлика и за прашањето за тоа дали во востаничките акции да учествуваат боеви сили кои не припаѓаат на ТМОРО и на месното население или, во тие акции, да можат да учествуваат такви сили. Матов и другите кои клонеле кон неговиот став (и кон тоа на ЦК на ТМОРО) сметале оти било пожелно и разбирливо и таквите сили да земат учество во востаничките акции, но оти било потребно да се камуфлира учеството на тие сили за да се создаде привид дека станувало збор, само и исклучиво, за внатрешно востание и за внатрешни (месни) востанички сили.[160] Привржаниците на спротивното течение сметале оти во востаничките акции во Македонија требало да учествуваат силите на ТМОРО и месното население, исклучувајќи го учеството на боеви сили на бугарското општество, за да се зачувала самостојноста на делото и посебноста на неговите цели.

Општиот план на востанието што го изготвил Христо Матов немал какво и да е реално значење за Битолскиот револуционерен округ, за Главниот штаб на

востанието и за водењето на самото Илинденско востание. Немал какво и да е значење, бидејќи тој округ самиот изготвил план за востанието што го планирал и кренал. На свој посебен конгрес одржан во Смилево од 19 до 24 април 1903 година претставниците на Битолскиот револуционерен округ: донеле решение за кревање востание; изработиле план за востанието; определиле востанички реони; формирале реонски и месни чети и раководства; поделиле задачи и обврски; и донеле востанички Устав и правила, и сето тоа пред Матов да го напише Општиот план и пред ЦК на ТМОРО да го испрати Изводот од тој план на Битолскиот револуционерен округ.[161]

Поради тоа, може да се констатира, оти Општиот план на востанието што го напишал Христо Матов добил значење, само, за поновата историографија која во т.н. домен на историска политика, создава замислени и целисходни претстави кои не мора да се совпаѓаат со вистинските настани и функции на Илинденското востание во Македонија во 1903 година.

По изработката на Општиот план на востанието Матов, како и Татарчев, се зафатил со собирање и распоредување на средства за востанието и со помагање да се формираат и испратат што повеќе чети во Македонија. Во таа насока, Матов бил неуморен во обезбедувањето на финансиски средства, во набавката на оружје и муниција и во обезбедувањето на друга опрема за четниците. За тие и за други потреби тој бил во постојана врска со цела мрежа на соработници од редот на македонските и одринските друштва, како и со членови на Македонската револуционерна организација кои ги поставил во пограничните пунктови на Организацијата, каде што се собирале целокупните средства за востанието (од пушки, бомби, динамит до облека, чевли и други потреби) и каде што, конечно, се опремувале четите пред да ја преминат границата. Сета мрежа на луѓе и сиот систем на функционирање на сложениот апарат, бил раководен и координиран од Матов и Татарчев со многу енергија, умешност и посветеност, со што биле постигнати прилични резултати во опремувањето на четите.[162]

Во склад со Планот на востанието и со мотивот: востаничката (или четничката) пушка да се огласи во сите револуционерни окрузи, Матов презел улога да ги убеди главните раководни кадри на секој револуционерен округ дека треба да кренат востание, независно од тоа дали тие претходно или тогаш, откога веќе почнало Илинденското востание, биле на стојалиште оти, во нивниот округ, немало услови за востание. Во таа смисла, на пример, значајно било неговото влијание извршено врз Михаил Герџиков да го смени својот став

и да реши да крене востание во Одринскиот округ и покрај тоа што бил тврд противник на тоа. Мошне убедително дејствувале укажувањата на Матов дека ако Одринско не востани кога веќе се одвивало Илинденското востание, тогаш тој округ никогаш подоцна не ќе можел да крене востание. Тој и таков резон го замислил Герџикова, кој очигледно сфатил оти, без востание губи значење секое натамошно одржување на револуционерната организација во тој округ. И уште повеќе, дека, во тој случај, ќе се покаже како бесмислена и сета дотогашна револуционерна дејност со сите дадени жртви. Поради тоа, иако со доцнење, но сепак при крајот на септември поголем број чети во осум востанички реони извршиле серија напади на разни цели со што го приопштиле и Одринскиот округ кон поопштите востанички дејства во тоа време. Четничките акции во Одринскиот округ, на Матов му создале основа да говори за општо востание без оглед на евидентните разлики во карактерот на дејствата, структурата на учесниците, времетраењето на конфронтацијата, размерите на судирите и последиците. Но, без оглед на тие разлики кои остануваат како прашања за историографијата, факт е дека четничките акции биле придвижени и во тој округ и дека се надоврзале со слични четнички акции во другите окрузи, а сите тие, заедно, се надоврзале на големото македонско, народно Илинденско востание, создавајќи претстава за општост на востанички дејства.[163]

Матов, како и Татарчев, сториле многу напори да помогнат за испраќање на чети и во Скопско, Кумановско,[164] Тиквешко, Серско и на други места. На пример, Матов вложил многу напори да го убеди Сандански да крене востание во Серскиот револуционерен округ, кој, пак бил тврд противник на земеното решение за востание. Тој, како и Гоце Делчев и Ѓорче Петров, бил против кревање востание не само поради принципиелни причини туку и поради процена дека населението не е доволно вооружено и подготвено и дека, при такви околности, тоа можело екстремно да настрада, имајќи ги предвид ерменските настани и размерите на разорувања и колежи на неборбеното население во востанатиот Битолски револуционерен округ, уште од самиот почеток на востаничките акции.

Притисокот и влијанието што го вршел Матов врз серските раководители и револуционери, конечно, кон крајот на септември (на Крстовден) дале определени резултати. Имено, Матов, се договорил со ВМОК да навлезе во Серскиот округ и заедно со серските сили да кренат востание. Дополнително, испратил поголемо количество боеви материјали и пушки наменети за серчани, преку стариот војвода Илија Крчовалијата. Знаејќи го нетрпеливиот однос

на Сандански кон врховистите и нивната меѓусебна недоверба, Матов, го информирал Сандански оти била постигната „Спогодба“ меѓу Задграничното претставништво и ВМОК, при што: последниот веќе немало да постои; парите што ги собрале и собирале за востанието ќе ги предаделе на Задграничното претставништво на ТМОРО; тоа ќе давало средства за вооружување на нивните чети; револуцијата ќе се претставувала само од Задграничното претставништво; и тие ќе учествувале во востанието како поединци, а не како боеви сили на ВМОК. Поради тоа, Матов му предочил на Сандански оти во таков случај, немало причини да не се прифатела нивната понуда која била од полза за општото дело, а ќе се спроведувала според распоредот и одобрението од Претставништвото на ТМОРО.

По тие информации, Матов, му соопштил на Сандански дека војводите на „бившиот“ ВМОК, Шипков, Каназирев, Алжаров, Лефтеров, Јурдан Стојанов, полковник Јанков и други, ќе навлезеле во Серскиот округ, па заедно со серските раководители да кренеле востание. Кон крајот на август тие војводи, а меѓу нив и генерал Цончев, веќе се нашле на Пирин со 400 четници командувани од офицери. Кон таа формација се приклучиле и четите на Танушев, Ботушанов, Парталев, Партениев, Зографов, Атанасов и други.[165]

Потиснувајќи ги предрасудите и ставајќи ја нетрпеливоста во „лер“ двете страни преземале заеднички борбени акции согласно со планот што бил изработен на Конгресот на Серскиот револуционерен округ одржан на Пирин во месноста „Белемето“. Во месец септември, на широка територија на Серскиот револуционерен округ, биле преземени над 20 борбени акции и судири со турските сили во повеќето околии од тој округ. Тие борби биле мошне жестоки и крвави при што и месните жители станале мета и жртва на ѕверените башибозучки и воени групи, каков што бил случајот со борбите во Мехомеја. Иако со задоцнување, во Серскиот револуционерен округ станале сериозни конфронтации во кои четничките сили на серчани и тие на ВМОК, заедно со месни чети успеале да „врзат“ респективна воена сила на турската држава, ангажирајќи дваесет илјадна турска војска.

Со многу залагања и упорност двајцата задгранични претставници на ТМОРО успеале, преку одделни четнички акции, да го „рашират огнот“ во повеќе околии и реони на револуционерните окрузи во кои не било кренато востание. Со тоа, Матов и Татарчев успеале да приопштат повеќе делови од Македонија кон востаничките настани во 1903 година. Тие, исто така, успешно ги осветлиле борбите и жртвите на востанатиот народ, како пред бугарската

и европската јавност, така и пред дипломатиите на европските сили. На тој план, уште првата ноќ од востаничките борби, тогаш кога било заземено и ослободено и Крушево, Матов и Татарчев го подготвиле Обраќањето, од името на Македонската револуционерна организација, до печатот, партиите и дипломатските претставништва во Бугарија. Во него се вели: „Задграничното претставништво на Внатрешната организација има чест да го извести Вашето превозходителство, оти вчера на 20 јули 1903 година, народот во Македонија се крена на вооружено востание и го отфрли петстогодишното ропство од султанот. Востанатиот народ ќе се бори за извојување на својата слобода, црпејќи ги силите од праведноста на својата кауза и верува, оти цивилизираните и слободољубиви народи на Европа и на Америка, ќе бидат на негова страна.

Задграничното претставништво го моли Вашето превосходителство да благоволи горното да го достави на знаење на својата влада и, истото, да го направи достапно на печатот и на општественото мислење на Вашата земја.

Задграничното претставништво на Внатрешната организација го моли Вашето превосходителство да ги прими уверувањата за нашата најголема почит.“

Софија, 21 јули 1903 г.

Христо Матов и д-р Христо Татарчев

Со тоа обраќање на Задграничното претставништво, светот се запознал со подигнатото востание во Македонија, со неговата општа цел (отфрлање на ропството на народот кон султанот); со декларирањето на намерата да се бори сè додека не извојува слобода; и со повикот цивилизираните народи и нивните влади да застанат на страната на востанатиот народ. Во тоа исто време, во Крушево била прогласена Крушевската Република, олицетворена во нејзиното Народно собрание во кое имало 60 членови (по 20 претставници од трите народи на Крушево); Влада со 6 членови (по 2 од истите народи); и претседател на Републиката, избран од Собранието. Крушевската Република, покажала за што се бори востанатиот народ на Македонија и како тој ја замислува државата во која имал намера да живее. Таа република покажала оти народот на Македонија се борел против жестокиот, тирански, режим на султанот, против онаа власт која, во суштина, била произволна и насилничка и во која не било можно, пред судовите и властите, да се заштити животот, имотот и честа на луѓето. Крушевската Република покажала дека борбата била насочена кон изградба на прогресивно-демократска држава во која народот на Македонија, во целост,

ќе ги надмине: дискриминацијата, исклученоста и доминацијата врз која и да е основа и дека, врз таа основа, ќе гради граѓанство на рамноправни народи и поединци, почитувајќи ги религиските, јазичките и обичајните разлики на заедниците (на народите) кои ја населувале Македонија.[166]

Навестувајќи ги тие стремежи, Крушевската Република, дала на знаење, оти немала намера теократската доминација и исклучивост, да ја замени со националистичка превласт и дискриминација. Спротивно, таа била свртена кон градење правна држава и граѓанство на таа држава, со еднакви права пред законите и органите на државата. Затоа, крушевчани, независно од националната, конфесионалната, јазичката и друга припадност биле еднодушно обединети околу својата Република. Тие, во тие денови, постигнале ниво на рамноправно македонско граѓанство и станале модел за идната македонска автономна власт.

Токму таквата државност, во настанување, побарала поткрепа и признавање од страна на цивилизираните народи и од нивните влади. Тие пак, се поставиле различно кон востанието во Македонија. Кога станува збор за односот на јавноста, разликите и не биле толку големи, но кога станувало збор за владите – разликите биле евидентни и во однос на суштината и во однос на силата (на енергијата и упорноста) на реакциите на владите, било на европските (и на тие на Америка) било на тие на балканските државитчки).

Впечатлива била политичката поткрепа на англиската јавност, на таа на француската република, но и на американската, италијанската, шпанската, чешката и на други европски земји како и поткрепата од балканската јавност. Таа поткрепа била манифестирана преку митинзи, петиции, обраќања и сл. упатени до своите влади; тие да сторат сè за да се воспостави праведен ред, да се спроведат реформи (пред сè да се реализира чл. 23 од Берлинскиот договор) и да се дадат гаранции за тоа од страна на европските сили.[167]

Кога станувало збор за односот на владите, за тие на големите сили, како и за тие на балканските држави, може да се констатира поголема разлика која, во суштина, ја изразувала различната нивна политика кон македонското (и балканското) прашање. Имено, кај големите сили може да се забележи, на една страна инсистирање на посериозни реформи, гарантирани од големите сили, а на друга страна задржување на status qvo и оставање на „одврзани раце" на турската власт да се справи со водачите на востанието (со комитетите) единствено, настојувајќи да се ублажат последиците од хуманитарната катастрофа. Во првата група на влади спаѓале, тие на Соединетите Американски

Држави и на Англија, а во втората група тие на Русија, Австро-Унгарија и Германија зад кои се влечела и владата на Франција.[168]

Соединетите Американски Држави, нивниот претседател Теодор Рузвелт и неговиот државен секретар Хејг, испратиле нота до Британскиот кабинет со која ја поддржале Англија да се заложи за автономија на Македонија.[169] Англија, пак, се обратила до директно инволвираните сили во реформите на Македонија, до Русија и Австро-Унгарија, заложувајќи се за автономна управа на Македонија во рамките на Турската Империја, надгледувана и гарантирана од потписничките на Берлинскиот договор. Меѓутоа англиските предлози биле игнорирани од тие две сили, со што биле согласни и Германија и Франција. Тие две сили, во Мирцштет, пропишале сосема други решенија кои, со ништо, не биле гарантирани, ниту пак ја промениле позицијата на султанот кон Македонија, оставајќи го произволноста и насилното на неговата власт и понатаму во Македонија.[170]

По првичното обраќање на Задграничното претставништво од 21 јули 1903 година, за прогласеното и кренатото востание во Македонија, Христо Матов на 22 јули 1903 година, облечен во фрак со цилиндер и со порепрезентативен пајтон, почнал да ги обиколува клубовите, редакциите и легациите на странските дипломатии. Насекаде Матов бил пречекуван со внимание и интересирање за подеталните и најновите случувања на теренот на востанието. Во легациите на Англија, Франција, Италија и Австро-Унгарија бил примен и ислушан од самите ополномоштени министри, а во тие на Русија и Германија, бил примен од надлежните секретари на легациите. Тој ден попладне, била организирана средба со претставници на партиите во Бугарија и со редакциите на печатот. Истиот тој ден Матов бил примен и од премиерот на бугарската влада, генерал Рачо Петров.

За разлика од првата средба, таа со партиите и редакциите, каде што вистината за востанието била проширена и сочувствено поддржана, на втората средба, со премиерот на бугарската влада, Матов го доживува своето разочарување. На таа средба премиерот Рачо Петров почнал да приговара: оти востанието воопшто не требало да се крева; ако се кревало, не требало да се крени пребрзано како што било сторено; дека тие биле изненадени затоа што не биле известени за тоа итн.[171] Матов незадоволен и разочаран од таквиот став, без да возврати, го напуштил Министерството за надворешни работи каде што се одржала средбата.

Разочарувањето на Матов, во секој случај, доаѓало оттаму што тој очекувал подруг однос од страната која ја сметал за легитимна и за надлежна да се грижи

за Македонија. Дополнително, тој се надевал дека владата на Рачо Петров ќе покаже поголема наклоност кон македонското револуционерно движење од таа на владата на Стојан Данев. Матов се надевал оти и кнезот е наклонет кон револуционерната дејност во Македонија. Односната надеж Матов можел да ја има поради следните факти што и нему му биле познати: тој, имено, знаел дека владата на Стојан Данев била проруска влада; дека поради тоа таа била послушна кон руската политика, па во таа смисла, согласно со руското противење на какви било акции во Македонија и на крајно негативниот руски однос кон македонските комитети, Матов знаел оти распуштањето на двата врховни комитети и интернирањето на нивните членови било во врска со споменатиот однос на Данев кон руската политика. Понатаму, Матов знаел за средбата на Татарчев со кнезот во Евксиноград на која бил присутен и премиерот Стојан Данев. Матов, бил запознаен од страна на Татарчев оти, тој му пренел на кнезот дека руските дипломатски претставници во Македонија не жалеле средства и напори за помагање на српската пропаганда сред македонското население. Матов знаел дека кнезот во гнев без многу обѕири и такт и во присуство на Татарчев, почнал да му вика и да го прекорува премиерот Данев, како русофил, поставувајќи му го прашањето дали воопшто гледа што прави Русија, при што на пребледнетиот и збунет премиер му станало јасно дека неговата смена ќе се случи брзо по инцидентот.

Веќе во мај 1903 година, на власт, стапил генералот Рачо Петров во чијашто влада биле полагани надежи за подобри односи со Македонската револуционерна организација и со нејзиното дело. Таквата надеж била стимулирана и со писмото на министерот за одбрана на таа влада, генералот Савов, кој, некаде кон јуни 1903 година, се обратил до Задграничното претставништво со барање да се одложи востанието до октомври таа година. Тогаш бугарската армија не била комплетно спремна за да се исправи пред опасноста од војна. Во тоа писмо, Матов, како и други, почувствувал оти бугарската влада, сепак, калкулира со вмешување во идните настани и со помош на востанието.

Поради тие и други предубедувања Матов останал разочаран од разговорот со премиерот Рачо Петров, бидејќи очекувал поголемо разбирање за кренатото востание и извесно споделување на грижите за добар исход на истото. Матов имал можност, нешто подоцна, уште повеќе да се изненади од политиката на таа иста влада, која не само што не покажала разбирање кон востанието и кон страдањата на македонското население туку, при сè уште неугаснати огнови над македонските села, пред Турција, презела обврска: со

воени кордони да ја блокира границата за во иднина да немало „инциденти“. Таа влада, обескуќената и обезимотената маса од Македонија ја помогнала со 500 илјади лева; сума доволна за неколкудневна издршка. Како врв на разочарувањето на Матов, но и на други македонски револуционери, бил односот на бугарскиот кнез. Сè до 20 август 1903 година Кнезот бил на својот имот во странство и во посета на европските кралски дворови. Кога се вратил во Бугарија и кога го отворил тринаесеттото редовно собрание (на 2 ноември 1903 година) во годишното обраќање кнезот, не го споменал ниту востанието, ниту настаните и страдањата на македонското население, ниту турските жестокости спроведувани со мизерни и бестијални страсти. Како тие настани воопшто да не се случиле. За секого, па и за проникливиот и силен ум на Матов, било јасно оти кнезот одработувал за своите државни и династички интереси и дека тие биле во расчекор со интересите на Македонија и на македонското востанато население. Но, не секој Македонец, по тие очигледни факти, се отрезнил во однос на релацијата на интересите на кнезот и на бугарската држава со тие на Македонија и нејзиниот народ. Матов бил еден од тие кои и понатаму, до крај, нема да ги разграничува споменатите две групи на интереси, а со тоа и судбините на Бугарија и на Македонија.

Како и да е, уште на почетокот од Илинденското востание започнала битка и на информативно поле. На тој план Матов војувал со многу невистини пренесувани преку печатот, а кои се однесувале на божемни нецивилизирани и жестоки акции на востаниците против муслиманското население и нивните села; против информациите за божемна националистичка и религиска фанатизираност на востаниците која се истурала врз неборбеното муслиманско население. Матов, успешно ги спротивставувал фактите и правилата на востаничкото војување, укажувајќи дека востанието било кренато против турската државна тиранија, а не против турското и нетурското муслиманско население.[172]

Цитирајќи ги Правилата на востаничкиот дисциплинарен устав и одлуките на окружните конгреси, тој укажал оти борбата на Македонците била водена со друга филозофија и промисла: со идеја да се изгради заедничка прогресивна и демократска држава на рамноправни народи со што Македонија би се зачувала и развивала за сите на кои таа им била заедничка татковина. Афирмирајќи ги тие белези на пожртвуваната борба на народот, Матов, многу придонел да се слушни вистината за борбата на Македонците во многу земји низ Европа и Америка пред чија што јавност, фактите за таа борба станале достоинство на широки граѓански и политички кругови.

На 10 дена по востанието Матов, Татарчев и Симеон Радев се состанале со цел да состават и, во името на Централниот комитет на ТМОРО и на Задграничното претставништво, да објават Декларација за причините за кревање на востанието и за условите под кои тоа би било прекинато. Декларацијата, во името на ЦК на ТМОРО и на Задграничното претставништво, потпишана од Христо Татарчев и Христо Матов била доставена до претставниците на големите сили. Таа, на 10 август била публикувана во англискиот „Дејли кроникал".[173]

Во Декларацијата се укажувало дека „Неказнетите насилства и систематските преследувања од администрацијата ги дотераа христијаните... до неопходност да прибегнат кон масовна вооружена одбрана. Тие ја прифатија таа крајност откако ги исцрпија сите мирни средства за да го предизвикаат вмешувањето на Европа во духот на договорите... но бидејќи досегашните постапки на европскиот концерт останал без резултат... тоа доведе до засилување на муслиманскиот фанатизам и државниот притисок – па, станува очигледно дека тоа (на големите сили – В.П.) вмешување може да биде ефикасно само ако има како претходен и непосреден резултат.

1. Назначување во согласност со големите држави на еден главен управител – христијанин, кој никогаш не припаѓал на турската администрација и кој би бил независен од Високата порта при исполнување на неговите должности.

2. Воспоставување на една меѓународна контрола – колективна, постојана и која би имала широки права на санкционирање..."

Декларацијата која била објавена и во англискиот печат наишла на поширок одглас во повеќе кругови во странство кои се повикале на обврските на големите сили, согласно со Берлинскиот договор. Тие побарале вмешување во крвавата драма во Македонија со прифаќање на барањата на востаниците кои, со оглед на Декларацијата, „... ги ограничиле своите барања на чисто практична политика..."[174] Очигледно е, меѓутоа, оти таа Декларација, колку и да била израз на ограничени барања и колку и да била само во доменот на практичната политика сепак наишла на позитивен одглас само во општествените кругови, но не и кај европските влади. Во тоа време, премиерот на англиската влада изјавил дека во билансот на криминалитетот поголемиот дел паѓал на товар на Револуционерната организација и на нејзините чети, а не на турската влада. Но, треба да се воочи оти таквата изјава на премиерот, во дебатата одржана во Долниот дом на Англискиот парламент била окарактеризирана како најнесреќна изјава. Како изјава која немала врска со вистинските факти. Притоа

биле посочени истражувањата на англиските дописници на „Дејли њуз“ и на „Тајмс“ од теренот кои укажувале дека вистината била сосема спротивна.[175]

По притисокот од јавноста и по очигледните факти дека турската страна и во Македонија ги повторила „ерменските колежи“ англиската влада се „еманципирала“ од руско австро-унгарската оцена за настаните во Македонија од август и септември 1903 година, па кон крајот на септември (на 29- тој месец) испратила свои предлози до министрите за надворешни работи на Русија и на Австро-Унгарија, до грофот Ламздорф и грофот Голуховски, со кои во духот на член 23 од Берлинскиот договор, се заложила за еден вид управна автономија на Македонија во рамките на Империјата која вклучувала и засилено присуство и контрола на европските сили во таа провинција.

Кон напорите на Англија, како што веќе беше спомнато, се приклучиле и Соединетите Американски Држави со поткрепа таа да се заложела за автономија на Македонија. Меѓутоа, натамошните настани дале да се разбере дека посериозно вмешување на европските сили во македонските настани нема да се случи, или поточно, такво вмешување било оневозможено од директно задолжените и овластени европски сили, од Русија и Австро-Унгарија, кои практично ги пренебрегнале иницијативите на Англија и се оглушиле од критиките и барањата на јавноста во многу европски земји. И двете држави а, особено Русија ѝ дале „одврзани раце“ на турската страна да ги поништи македонските комитети и нивните чети. Во таа смисла, Русија го насочила притисокот кон Македонската револуционерна организација и кон македонското население, уценувајќи го населението да се откаже и спротивстави на комитетите ако сакало руска помош за нивните маки и теглила.[176] За Русија, имено, не било прифатливо какво и да е политичко барање (и решение) на Македонската револуционерна организација и на кој и да е друг (внатрешен или надворешен) фактор кое би означувало трасирање на каква било (управна или политичка) самоуправа (или автономија) на Македонија. Не било прифатливо затоа што, Русија од порано имала решено Македонија да се подели на соседните балкански држави, а не, од неа, да се прави посебна политичка единица на Балканот. Кон таа политика, од 1897 година, се приклучила и Австро-Унгарија зад која стоела и Германија, така што другите европски сили можеле да имаат само второстепена улога.[177]

Врз јасно „прочитаната“ резервираност на европските сили, врз изречните инсистирања на руската дипломатија за примена на енергична репресија кон македонските револуционери од страна на Турција, како и поради бугарската

парадоксална неутралност, султанот добро ја разбрал дозволената слобода: со востанието и со комитите да се расправа со сите можни средства. Ако на тоа се додаде фанатизмот, недисциплинираноста и пљачкашкиот и разбојнички мотив кај голем дел од регрутираните нередовни турски полкови и кај бројните башибозучки групи, можело да се претпостави повторувањето на оние настани кои се случиле во познатите ермениски клања.[178] Токму така се ределе настаните и во Македонија по кревањето на востанието. И во Македонија како и во Ерменија турските полкови и башибозуци не почитувале ниту едно меѓународно човечко и хуманитарно право и ниту едно меѓународно правило на војување. Турските власти и команди им дале полна слобода на однесување на своите единици така што во Македонија започнала да се одвива една од најкрвавите и највалкани воени драми.

Уште од првиот ден на борбата турските единици, покрај нападите на востаниците, почнале: систематски да ги палат селата; да ги убиваат невооружените, неборбените и немоќните старци, жени и деца; да ги силуваат децата, девојчињата и жените, многу често, масакрирајќи ги истите; да преземаат одделни бестијални и мизерни постапки какви што биле фрлање во оган на деца; пречекување со штикови на фрлени деца во воздух; прободување со бајонети на бремени жени со усмртување и на плодот и на жената; сечење прсти заради прстените; дерење кожа; вадење очи; сечење уши, носеви, јазици и сл. Сите тие „потфати“ на рушење и уништување кои се применувале на сите страни на востанатата територија на Битолскиот револуционерен округ оставиле без покрив, без имот и без какви било услови за живот повеќе од 60.000 жители и протерале повеќе од 30.000 бегалци само во Бугарија.

Согледувајќи ги сосипувачките последици од востанието и од незауздано дивеење на турските полчишта; согледувајќи ја резервираноста на европските дипломатии кон жестоката крвава драма, Задграничното претставништво во септември, на дипломатските агенти, им врачило нов Меморандум, кој бил објавен во „Дејли телеграф“ на 8. 9. 1903 година.[179] Во тој Меморандум Христо Матов и Христо Татарчев, како претставници на Внатрешната македонска револуционерна организација, им забележуваат на големите сили дека не презеле никакви постапки против кршењето на сите права и правила содржани во меѓународното воено законодавство и дека, наместо тоа, давале изјави со кои ја поттикнале турската страна уште подрско и поѕверски да постапува и да продолжува со колежи и рушења со што „го окрвавила целиот Ориент“.

Укажувајќи на големите и тешки последици од несанкционираното однесување на турската страна во конфликтот, Задграничното претстав-

ништво предупредило оти востаниците не ќе можеле и понатаму да ја задржат својата неутралност кон муслиманските села и муслиманското население што било правено дотогаш. Претставниците дале до знаење оти одговорноста за последиците што ќе следеле паѓала врз големите сили кои се однесувале неразбирливо и противно на меѓународните норми што самите ги донеле.

На обвинувањата упатени кон големите сили не одговорил ниту еден печатен орган на нивните влади. Наместо нив одговорил официјалниот орган на бугарската влада „Нов век". Во него било соопштено: „Информациите и сижеата на описите, публикувани во последно време во некои весници на главниот град, кои се однесуваат на замислените постапувања на воените, полициски, органи спрема христијанското население во европските вилаети, се апсолутно неточни и се измислени со тенденциозни цели".[180]

Матов и Татарчев биле затекнати и разочарани од споменатото соопштение на официјалниот орган на бугарската влада. Тоа произлегува од нивниот одговор во кој укажале дека тие ставови не биле за очекување, затоа што биле неточни и противречни на дотогашните реагирања на самата бугарска влада која не еднаш, претходно, протестирала и праќала ноти против постапките што сега ги претставила како тенденциозно измислени претстави на авторите на написите во печатот, меѓу кои биле и Матов и Татарчев. Дополнително, нив ги вознемирувал и фактот што органот на бугарската влада застанал на страната на мачителот (на џелатот) а не на мачениот (на жртвата) со што практично се солидаризирал со него, бидејќи го заблудувал светот за вистинската состојба на нештата.[181]

Знаејќи дека изнесената позиција на владиниот орган била изнудена од страна на надворешниот фактор, на прво место од Русија, Матов и Татарчев биле внимателни и одмерени во реакцијата. Во неа не е спомената ниту бугарската влада и Кнезот, ниту пак е укажано на изворот и на мотивот на надворешниот фактор: да биде крајно негативно настроен кон борбата на Македонците против неподносливиот живот. Матов, знаел дека руската дипломатија била главниот противник на Македонската револуционерна организација, која си поставила за задача да ја уништи неа во сите три вилаети за да може да ја спроведе својата политика за поделба на Македонија на соседните балкански држави. Во таа насока, Матов можел, во соопштението на владиниот весник, да препознае не само деноминирање на земјата (на Македонија) каде што се одвиваше востанието, туку деноминирање и на Македонците, земено и според конфесионалната припадност. На пример, бугарскиот владин весник го

употребил името „христијани“ наместо на пример, името „Бугари“ кое претходно редовно го употребувал и кое најмногу се совпаѓало со ставовите на Матов.[182]

Тоа на Матов му кажувало, или требало да му укажува, оти тие именувања на земјата и на народот како „трите турски вилаети“ и „христијаните“ (на трите турски вилаети) беа имиња кои ги исфорсира Русија, почнувајќи од март 1903 година, со што даде до знаење дека Македонија ќе се дели на соседите и дека, ниту ќе се дозволи нејзино прераснување во посебна политичка единица, ниту пак ќе ѝ се даде цела на Бугарија. Последното, посредно им го нафрлил, на двајцата претставници, и самиот министер, грофот В. Ламздорф на средбата со нив во ноември 1902 година, за што Татарчев изјавил оти Ламздорф ја поставувал Србија на исто рамниште со Бугарија, кога станувало збор за Македонија.

Тие поенти од соопштението на бугарскиот владин весник не предизвикале револт кај претставниците на ТМОРО ниту како македонски револуционери, ниту како припадници на „бугарскиот народ“, како што самите се чувствувале, иако за тоа имале доволен повод и во едното и во другото својство. Најмногу што можеле да сторат било да изјават дека „... и тогаш кога некој е лишен од можноста да помогне, не бива да оди дотаму за да се постави спротивно на најелементарните начела на природноста и со најнежни чувства на сожалување да се солидаризира со мачителите“.[183] Христо Матов, по тој повод, толку можел да стори. Слеан со многу интереси и разбирања со владините кругови, како неспорен бугарски патриот, очигледно водел сметка за деликатната положба на владата, притисната и од руска и од австро-унгарска страна по повод македонското востание чии цели биле насочени спротивно на политиката на двете европски сили, дефинирана во нивната Тајна спогодба од 1897 година. Поради тоа Матов можел само да жали но не и да се спротивстави, кога и владата и Кнезот на Бугарија не можеле да се спротивстават, и да протестираат.

Сепак Матов можел да се теши знаејќи го двојното однесување на бугарската влада. Таа знаела да слуша и послуша кога притисокот бил силен, но знаела и да го смени однесувањето во друг интервал. Матов сметал на тоа и во тоа не се измамил. По востанието, во текот на 1904 и 1905 година, бугарската влада многу помогнала во вооружувањето на четите на ТМОРО-ВМОРО кои се враќале во Македонија каде што се одвивала четничката „расправија“ меѓу трите пропаганди, која однесе бројни жртви од измаченото македонско население.

Кон крајот на септември Илинденското востание почнало да гасне. На неговото задушување се здружиле сите надворешни фактори. Големите сили,

во прв ред Русија и Австро-Унгарија, ја притиснале Бугарија, не само да биде неутрална, како што инсистирале претходно туку и активно да помогнела востанието да биде задушено. Истите сили му предоставиле полна слобода на султанот да го докрајчи востанието, како знае и умее со тоа што го насочиле да го амнестира населението кое ќе покаже подготвеност да се врати по своите домови и села, и да ја концентрира потрагата и енергијата кон уништување на водачите на востанието, на комитетите на Внатрешната организација и на упорните востаници и четници кои ќе ја продолжат борбата.

Во таа насока турската влада, во втората половина на септември месец 1903 година, по улиците на Битола, растуриле повик до населението на востанатиот Битолски вилает. Во повикот се велело: „Милоста и благодејанијата на нашиот благодетелен и свештен господар ги поканува Бугарите кои избегале кај разбојниците да се приберат во своите села... За последен пат се канат Бугарите кои се излажале и ги напуштиле огништата и својата работа да се приберат во домовите и селата, а тие кои не ќе се вратат и не се приклонат кон милоста на царската влада ќе се казнат и истребат на најжесток начин“.[184]

По таа објава на турската влада и по повикот од странските конзули дека ќе ја гарантираат безбедноста на тие што ќе го напуштат востанието, Главниот штаб, ценејќи ја потребата селаните да се приберат во своите домови за да можат да обезбедат какво-такво преживување во изгорените села, решил борбените акции да престанат. Состанувајќи се над Смилево, на Бигла Планина, по два дена од жестоките борби со турските сили, Штабот оценил оти веќе немало услови да се води масовна борба. При дадените услови продолжувањето на борбата би било без резултат и без можност да се задржи борбениот ентузијазам на месните востаници и четници кои, по толку страдања и жртви на населението, почнале да мислат на судбината на своите семејства соочени со опустошените куќи и претстојната зима. Така, на 19 септември 1903 година, Илинденското востание, тој масовен и пожртвуван хероизам, згасна со надеж, борбите за слобода и автономија, да се обноват, можеби, уште идната пролет.[185] По тој датум почнало да се собира оружјето, тоа да се складира, а на четите на Организацијата им било сугерирано да се повлечат во Бугарија или, останувајќи на теренот, да продолжат да дејствуваат како и пред востанието. Голем број чети и месни, градски и околиски, раководства тргнале преку граница, но и значителен број од нив останал во своите реони судирајќи се со турските потери и борејќи се против туѓите пропаганди и против насилниците и разбојничките групи кои фатиле да го пљачкаат и да го тормозат населението.

## 6. Матов по востанието – Задграничното претставништво во политичката мрежа на бугарската и на турската дипломатија

Во тие околности Задграничното претставништво се нашло во дополнителни обврски. На една страна, со згрижување на четниците и бегалците кои секојдневно ја минувале границата, а на друга, со прибирање и складирање на оружјето во пограничните пунктови на Револуционерната организација. На трета страна, морале да продолжат да собираат средства за издршка на настраданите од востанието, да ги решат односите со Врховниот комитет на Цончев-Михајловски кој инсистирал на обединување на двете организации и на кревање на ново востание пролетта идната година како и да подготват отчет на сите кои трошеле организациски пари. Исто така, тие требало да почнат и со подготовка на општ конгрес на Организацијата како што побарало раководството на Битолскиот револуционерен округ и Штабот на Илинденското востание.

За сите тие работи било потребно ангажирање на повеќе луѓе во Задграничното претставништво. Од документите може да се заклучи дека, во Задграничното претставништво, биле ангажирани Велко Думев, Димитар Миразчиев и Сава Михајлов, дека бил канет Стефан Димитров и дека се очекувале Ѓорче Петров и Пере Тошев.[186] Во врска со потребата од нови финансиски средства биле обновени македоно-одринските друштва кои почнале со собирање на такви средства со тоа што еден дел од нив давало пари на Врховниот комитет на Михајловски-Цончев, а друг дел на Македонската револуционерна организација.[187]

Заради собирање на финансиски и други средства и помош за Организацијата и за пострадаваното македонско население, во странство биле испратени Борис Сарафов и Михаил Герџиков. Нив, Задграничното претставништво ги ополномоштило да ја претставуваат Македонската револуционерна организација во Србија, Италија, Франција и Англија. Таму двајцата претставници требало да ја запознаат јавноста со состојбите во Македонија и со политиката и плановите на Револуционерната организација, афирмирајќи ја неа и популаризирајќи ја борбата на македонското население.[188]

Врховниот комитет на Михајловски-Цончев ја обновил својата дејност и, планирајќи ново востание во Македонија за идната пролет, побарал обединување со Македонската револуционерна организација. За таа цел, во негово име, до Задграничното претставништво, со писмо, се јавил капетанот Александар

Протогеров кој потсетил оти Христо Матов ја поддржувал таа идеја. На таа понуда и на инсистирањето од страна на Врховниот комитет одговорил Христо Матов. Укажувајќи оти тој лично уште бил на истиот ум, сепак, чувствувајќи го негативното расположение во средината на Македонската револуционерна организација по тоа прашање, му посочил на Протогеров дека, независно од неговото лично мислење, ставот бил status qvo, т.е. „вие-вие, ние-ние: две посебни организациии“.

Матов и Татарчев продолжиле да ги одржуваат врските и со бугарските официјални инстанци: со кнезот, со Владата и со министрите. Настојувајќи да добијат средства за потребите на востанатиот народ и за Револуционерната организација двајцата задгранични претставници редовно ги запознавале бугарските официјални органи со востаничките настани, со состојбите и потребите на теренот на востанието. Тие, докрај, имале надеж дека Бугарија или ќе се замешала во конфликтот, или, отворено, ќе ја заштитела страната на востанатиот народ пред дипломатиите на европските сили. Кон таквата надеж, Матов и Татарчев, биле поттикнувани и од бугарска страна. Некаде кон 9-10 септември 1903 година, кога населението се нашло пред физичко уништување, а селата пред опожарување и рушење; кога 80.000 турска војска и башибозук ѕверски се пресметувале со немоќните и незаштитените цивили без каков било приговор од европските сили, тогаш бугарската влада решила востанието да го искористи за своите династички и државни интереси. Имено, уште веднаш по известувањето од Штабот на востанието за состојбите во востанатите реони и по барањето помош од Бугарија и нејзино замешување, владата на Бугарија се впуштила во преговори со турската страна. За таа цел владата во Цариград го испратила својот познат дипломат, туркофил, Григор Начович.[189]

Од своја страна Портата, знаејќи дека востанието го кренале комитетите на Внатрешната македонска револуционерна организација, посакала, некако, да стапи во контакт и со нивни претставници. Во таа намера, но и со намера да го сондираат расположението и ставот на бугарската влада, во Софија заминал драгоманот на Министерството за внатрешни работи на Турција Осман Нури-бег заедно со Бугаринот А. Давидов претприемач и концесионер во Цариград, близок до владините кругови на Турција но и до владините кругови на Бугарија, на пример, до министерот за внатрешни работи Димитар Петков. Најпрво тие го посетиле премиерот на бугарската влада, генералот Рачо Петров. Покрај договореното меѓу тие две страни за започнување на меѓусебни преговори, Рачо Петров им посочил дека во Софија се наоѓале претставниците на востанатиот

народ и дека било добро да се сретнеле и со нив. Независно од тоа дали до средба дошло на турска или на бугарска иницијатива, важно е дека Христо Матов и Христо Татарчев ја прифатиле средбата и дека се решиле да се обидат да постигнат некои придобивки за македонското востаничко население.[190] Тие се определиле: нивните ставови со турската страна да ги застапува А. Давидов. На почетокот, Матов и Татарчев, според Писмото на самиот Давидов, му ги поставиле барањата кои биле содржани во Декларацијата на ЦК и на ЗП на ТМОРО од 10 август, која содржела и барање за Генерал-губернатор на Македонија.[191] По враќањето на Нури бег и на Давидов во Цариград и по стапувањето на последниот во преговори со Мемдух-паша, министер за внатрешни работи на Турција, Матов и Татарчев биле известени оти турската страна, по никој начин, не прифаќала поставување на Генерал-губернатор. На следната средба на А. Давидов со Матов и Татарчев, последните се согласиле да го прескокнат барањето за генерал-губернатор и побрале турската страна да ги прифати другите точки од предлогот за реформи во Македонија и Одринско кој бил составен со нивни инструкции.[192] По откажувањето на Матов и на Татарчев од барањето за генерал-губернатор турската страна решила да се согласи со другите 15 точки од предлогот за реформи со кои се декларирала заштита на честа, имотот, животот и правата на секој граѓанин; реформи кои турската страна ги потпишувала уште од 1858 година и кои во стварност никогаш не ги применила.

На таков начин, Матов и Татарчев, губејќи ја играта со турската страна, во суштина, ја компромитирале својата положба и улога. Нивната улога по тој повод, подоцна била жестоко критикувана од страна на раководителите и водачите на Македонската револуционерна организација што довело до нивно истиснување од позицијата претставници на ТМОРО и до пренебрегнување на самото Задгранично претставништво како институција.[193]

За разлика од Задграничното претставништво, турската страна и бугарската влада, по повеќе предлози и противпредлози, постигнале меѓусебна спогодба. Имено, по притисокот што го извршила Русија врз Бугарија кон јануари 1904 година, проследен со најсериозни предупредувања, и по концентрацијата на големи турски војски на јужната бугарска граница, премиерот Рачо Петров, откажувајќи се од многу барања, на 26 март 1904 година се согласил на Договор со Турција. Од бугарска страна Договорот го потпишал Григор Начович а од турска страна Саид-паша и Зеки-паша.[194] Односниот договор бил поздравен од европските сили, кои здивнале од дотогашните страхувања за мирот на

Балканот и од вознемиреноста пред сознанието дека македонските комитети планираат ново востание за тековната 1904 година. Тие добро знаеле дека со приклучувањето на Бугарија на страната на руските и австро-унгарските напори за мир и за приложување на мирцтешките реформи, идеите за скорешно ново востание во Македонија ќе бидат осуетени и, практично, оневозможени.

Со договорот Бугарија се обврзала: да не дозволи на нејзината територија да функционираат комитети и да бидат образувани вооружени чети; да ги санкционира своите граѓани кои учествувале во востанието во Македонија; и да го спречи внесувањето на експлозивни и отровни материјали во Турција (во Македонија).[195] Таа своја договорна обврска Бугарија ја извршила ревносно со тоа што од своја страна ја конкретизирала и проширила. За придонесот на бугарската страна во згаснувањето на востанието во Македонија, за чие што кревање и одвивање немала никакво разбирање и никаква заслуга, кнезот Фердинанд добил признание и благодарност од страна на рускиот цар, но и од австро-унгарскиот цар.

Својата улога бугарскиот кнез и владата на Бугарија ја извршиле без стеснување; по своја волја и во свој интерес што било манифестирано значително порано од март 1904 година, т.е. од моментот кога го потпишала споменатиот договор со турската влада. Имено, и Кнезот и Владата страхувале дека евентуалниот успех на востанието може да предизвика вмешување на европските сили во македонските работи. Тие знаеле дека и ТМОРО и востаниците се бореле за своја слобода и за своја управа во Македонија, а не за спојување кон Бугарија и за нејзина управа над Македонија. Од тие причини, страхувајќи македонското прашање да не се оттргне од нејзина контрола, бугарската страна сакала да покаже оти таа е факторот од кој зависеле настаните и процесите во Македонија, вклучувајќи ја и судбината на востанието.

Бугарската страна уште во септември 1903 година, по Известувањето на Главниот штаб за тешката состојба на населението и на востаниците, побарала преговори со турската страна, со што сакала да покаже оти е кооперативна со политиката на Русија и на Австро-Унгарија и да даде до знаење дека треба да се смета на неа за македонските работи. Со таа цел, но и со цел да одбегне било какви конфликти со Турција која имала поставено воени сили на границата со Бугарија, бугарската влада меѓу 22 и 23 септември 1903 година стапила на сцената како помошник во задушувањето на востанието. Тогаш Задграничното претставништво од страна на македонскиот револуционер и тогашен уредник на весникот „Револуционерен лист“ Васил Пасков било известено, дека ноќта

меѓу 22 и 23 септември, воениот министер генералот Савов, издал тајна заповед согласно со која, министерот за внатрешни работи Димитар Петков дал посебни наредби за поставување по едно воено-полициско одделение во секој пограничен пункт на Македонската револуционерна организација со цел: да се одземат сите материјали и средства на комитетите на Револуционерната организација, по никој начин да не се допушти идно вооружување на чети; да се разоружува секоја чета штом ќе ја мине границата од турската (од македонска) страна; четниците да се распрснат по внатрешноста на Бугарија; и да се апсат сите агенти на Организацијата. Со еден збор, како што вели Васил Пасков, „бугарската влада сериозно се зафатила да ѝ помогне на Турција во задушувањето на востанието“.[196]

Поради тие мерки и акции на бугарската влада, Пасков им предложил на задграничните претставници да протестираат пред бугарските инстанци со укажување дека Револуционерната организација ќе преземе контра мерки. Признавајќи дека владата и Кнезот се наоѓале под силен притисок од надвор, Пасков предлагал, тој да биде избалансиран со притисок од внатре, од Организацијата. Пасков сметал дека Организацијата била силна и подготвена, со терористички акти, да ги заплаши и Кнезот и Владата на Бугарија, кои презеле мерки за умртвување на востанието и на секоја идна востаничка замисла, и мерки за уништување на Македонската револуционерна организација.[197]

Тие предлози на Васил Пасков не оставиле особен впечаток врз Христо Матов и Христо Татарчев. Тие продолжиле со своите редовни активности за консолидирање на материјалната, финансиската и боевата состојба на Организацијата и со редовна соработка со бугарските инстанци. При соработката со бугарските владини кругови, Матов не можел да се еманципира од владината политика која настојувала да не се повторат востаничките настани во 1904 година. Прифаќајќи го курсот на бугарската влада, Матов настојувал летото 1904 година да не се крева ново востание во Македонија, за што имало предлози на јануарските советувања на македонските револуционери во Софија. На тие советувања и Христо Матов бил за преземање на одделни четнички или терористички акти кои, како борбени дејства, ги приопштувал кон поимот востанички дејства. Но, по советувањата, и по јасниот и тврд став на бугарската влада против какви било нарушувања на Спогодбата со Турција, Матов бил против какво и да е востание во 1904 година. Во таа смисла, на пример, Матов, во обраќањето до Димитар Стефанов кој, во името на серчани, ја напишал Директивата за идната дејност на Револуционерната организација

и упатствата за неа, инсистирал, Стефанов, да напише „доводи против едно востание на лето“. Матов сугерирал изводите што ќе ги извлече Димитар Стефанов, од анализа на состојбите, да говорат против востание на лето; односно врз основа на нив, на секаков начин, да се разбере оти не требало да се случи востание летото 1904 година во Македонија. „Можеби тие доводи имаат судбоносен карактер“ за да не се случи тоа што било против волјата на Бугарија, но и на европските сили. Затоа Матов ќе му порача на Стефанов: „Како гледаш, мајката му е во доводите, затоа не жали труд“.[198]

## 7. Задграничното претставништво во центарот на критиките на револуционерните кадри

Од примерите за односот на задграничните претставници со бугарските државни инстанци, може да се заклучи оти Христо Матов и Христо Татарчев својата улога, како задгранични претставници, ја разбрале (и ја оствариле) на подруг начин од тој на кој ја разбрале нивните критичари, македонските револуционери на јануарските советувања 1904 година, односно на окружните конгреси и на општиот конгрес на Организацијата во 1904-1905 година. Нивните критичари сметале оти двајцата задгранични претставници премногу се приближиле до бугарската влада и со тоа, недозволено, ги помешале принципите на Организацијата со политиката на бугарската влада. На Матов и на Татарчев им забележувале дека и преговорите со турската влада, преземени на своја рака, исто така, значеле злоупотреба на положбата и на правата што можеле да ги имаат како задгранични претставници, со што ги компромитирале: востаничките цели на Револуционерната организација и на востанатиот народ и многубројните жртви дадени во востанието. Затоа, дејноста на задграничните претставници, независно од нивните намери, за најголемиот број револуционери била неприфатлива и соодветно на тоа била оценета негативно.[199]

Се разбира, во тие критики имало и претерувања, поради различни мотиви и тенденции: дел поради лични и групни амбиции да се наметнат во Организацијата; дел заради различните искуства во револуционерната практика која се одвивала во различна средина од таа на критикуваните претставници; а дел и заради одбегнување на обвиненијата покренати против нив од страна на задграничните претставници,[200] според логиката „нападот е најдобра одбрана“,

при што обвинетите станувале обвинители. Меѓутоа, голем број од критичарите своите критики ги засновувале врз принципите и нормите на Организацијата кои се однесувале на самостојниот карактер на нејзините цели и правила кои не дозволувале слевање со туѓи политики и влади, ниту пак пренебрегнување на овластувањата и процедурите; во случајот на Задграничното претставништво на ТМОРО, во врска со неговите влегувања во аранжмани со бугарската и турската влада.

Во таква, не баш пријатна, атмосфера поминувале последните месеци од дејноста на Матов и на Татарчев како задгранични претставници. Во тие месеци, двајцата задгранични претставници, мошне агилно работеле на вооружување на чети во пунктовите и на нивно префрлање во Македонија, во своите реони. Знаејќи за апсењата и интернирањата од страна на бугарските власти Матов и Татарчев, на војводите им порачувале тајна работа, прикривање и тајно префрлање на границата; понекогаш и повлекување од појдовната позиција и исчекување друг момент, бидејќи полицијата „многу апсела“ применувајќи засилени пребарувања.[201]

По дознавањето од страна на раководителите на пунктовите за поданената оставка на положбата од Татарчев и Матов, последните инсистирале работата на пунктовите да продолжи најуредно и одговорно зголемувајќи го бројот на нивните работници со кадри на Организацијата таму каде што било потребно. Подготвувајќи се за демисија како задгранични претставници, Матов и Татарчев, ги средиле своите книговодствени евиденции и инсистирале на уредност на евиденциите и на пунктовите, заради јасна прегледност на својата работа со многу важните и тешко набавени боеви и други средства на Организацијата. Таа нивна посветеност на работата и во месеците на нивната најавена оставка зборува за лична чесност, за достоинство и почитување на правилата на Организацијата, со што и двајцата задгранични претставници се покажале како истакнати припадници на Македонската револуционерна организација. Фактот што, на пример Матов, од една страна, одел по линија на поддршка на актуелната политика на бугарската влада, насрчена против македонските комитети и револуционери, а од друга страна ревносно ја вршел работата на вооружување на чети и нивно префрлање преку граница, зборува за тоа дека тој не ја заменил својата должност како македонски револуционер со неговата поддршка на политиката на бугарската влада, односно дека не симулирал на првата, ниту слугувал на втората страна. Тој едноставно настојувал да ги помири, да ги доведе во врска двете работи колку тие и да изгледале противпоставени.

Имено, политиката на бугарската влада тој ја респектирал во делот да не се крева ново востание 1904 година. Тоа го прифатил и поради сугестии од важни личности од странство – пријатели на македонското дело, какви што биле браќата Чарлс и Ноел Бакстон од Англија,[202] и, конечно, поради фактот што имало многу македонски револуционери кои сметале оти нема место да се зборува за востанички дејства во текот на 1904 година. Од друга страна, Матов (како и Татарчев) не ја поддржале бугарската владина политика (и акција) за спречување на Организацијата да вооружува и испраќа чети преку граница, во Македонија. Тие не можеле да дозволат територијата на Револуционерната организација и населението на таа територија да ги остават без заштита и без свои сили. Како македонски револуционери не можеле да се изедначат и да се солидаризираат, без остаток, со бугарската политика кон македонското дело и неговите потреби. Границата на интересите меѓу двете страни била и нивна граница, со тоа што „појасот“ меѓу тие две линии (или фигуративно кажано таканаречениот „меѓуграничен мек појас“) кај Матов и Татарчев можел да биде, и бил, поширок на пример од кај Делчев, Ѓ. Петров, Груев или кај Герџиков од Одринците. Со други зборови станувало збор за опортунизамот на Матов и на Татарчев кон бугарските официјални институции кој за некои означувал неприфатливо мешање и слевање на интересите и на институциите на Организацијата со тие на Бугарија, а за други тоа било прифатливо и потребно.

Во таа смисла, на пример, многу интересни и индикативни се ставовите на видни раководители на Револуционерната организација изнесени по повод Предлог-правилникот за Задграничното претставништво и по повод иницијативата за зголемување на бројот на неговите членови, што подразбирало зајакнување на неговата улога, внатре во Македонската организација. Тие ставови се изнесени на советувањето кое го закажале Матов и Татарчев.

Во врска со Предлог-правилникот за Задграничното претставништво, карактеристична била разликата во предлозите на Матов и тие на Герџиков, на Ѓорче и на други револуционери. Матов, на пример, ја предлагал формулацијата според која претставниците на Револуционерната организација не можеле да имаат никакви директни или посредни врски со никакви крунисани глави и влади, коишто ја ангажираат организацијата за што и да било. Герџиков и другите ја спротивставиле формулацијата дека претставниците не можеле да имаат никакви врски со крунисани глави и влади, без додавката: „коишто ја ангажираат организацијата за што и да било“. Разликата меѓу двете позиции

била очигледна и прилична. Ставот на Матов (и на Татарчев) всушност бил: врски со крунисани глави и влади може да има ако тие не ја ангажираат Организацијата (за што и да било). Односно не може да има врски ако од Организацијата се барал каков и да е ангажман. Позицијата на другите била дека врски не може да има без оглед дали се барале или не се барале ангажмани од Организацијата.[203]

Имено, во 1904 година, во споменатите советувања и расправи, биле покажани позициите кои, појасно и пореско, ќе ги подвојат припадниците на македонското револуционерно движење, насочувајќи ги идејно и политички кон два посебни правца: едниот, кон приближување и кон (значително) слевање со бугарската државна (кнежевска и владина) политика; другиот, кон сè поголема сепарација на македонските интереси од тие на Бугарија и кон барање начини да се воспостави македонска државност. Кон залагањата на Матов оделе и предлозите на неговите приврзаници за зголемување на бројот на членовите на Задграничното претставништво. Имало предлози, покрај постојните, да се изберат уште по еден од секој револуционерен округ. Со тоа Матов и неговите приврзаници имале за цел да ја зајакнат позицијата и улогата на Задграничното претставништво во Револуционерната организација, eo ipso, и авторитетот на Матов во истата. Таа идеја, во тоа време, имала посебно значење и посебна тежина ако се има предвид дека Организацијата немала Централен комитет, бидејќи последниот таков комитет (тој на Гарванов) се имаше саморастурено. Тие предлози, меѓутоа, не биле прифатени од дел од авторитетните револуционери, присутни на советувањето, кои побарале оставки од Матов и Татарчев.

Паралелно со споменатите советувања течел процес на приближување на Борис Сарафов со бугарските владини кругови кои почнале да го претпочитуваат него пред Матова и Татарчева.[204] Во март 1904 година, веќе, се појавил и почнал да функционира Сарафовиот Времен комитет, кој ја преклопил надлежноста на Задграничното претставништво, и кој ги врзал за себе неотчетните владини фондови.[205] Имајќи информација за преференцијалниот владин однос кон Сарафов, со предлозите за бројот на Задграничното претставништво Матов и Татарчев имале намера да го преодолеат „бочниот удар“ од Сарафовиот Времен комитет.[206] Неуспевајќи во тоа тие на 4 декември 1904 година поднеле оставка, со најавена примена од 1 јануари 1905 година. Така со почетокот на 1905 година, во суштина, почнал да тече нов период од револуционерниот стаж на Христо Матов во македонското ослободително движење.

На дел од окружните конгреси и на општиот Рилски конгрес одржани 1904 и 1905 година биле искажани повеќе критики на адреса на Матов и Татарчев, главно, поврзани со впуштањето во преговори со турската влада и поради односите со бугарската влада од која примиле оружје и муниција, летото 1903 и есента 1904 година. Критиките кои ги превишувале аргументите, бидувајќи неодмерени, оделе до квалификации за предавство (во случајот со преговорите со турската страна) и за продажба (во случајот со бугарската влада). Тие, во секој случај, претставувале тешка навреда за двајцата задгранични претставници кои, објективно, на свој грб изнеле огромна, напорна и одговорна работа за време на востанието во Македонија и Одринско и, потоа, во процесот на вооружувањето на четите и нивното враќање во своите реони во Македонија.

Матов и Татарчев не само што биле бламирани во тој период, туку биле оставени без шанса да одговорат на преговорите и критиките. Тие, имено, не биле присутни каде што биле критикувани, ниту биле избрани за делегати на општиот конгрес одржан во октомври 1905 година во Рилскиот манастир.

## 8. Матовата публицистичка офанзива – поставување на основите на новото, десно, течение во ВМОРО

Матов во тој период, 1904-1905 година се зафатил писмено, преку теориски трудови, да се вклучи во поопштата расправа за предложените реформи и за управувањето во Револуционерната организација. Почнувајќи од април 1904 година, па до јуни истата година, Матов го напишал својот прв труд посветен на утврдувањето и дефинирањето на основите на Внатрешната револуционерна организација кон кој го приопштил и прилогот посветен на дотогашното нејзино искуство со кое имал намера да докаже, кои основи на Организацијата биле потврдени со истото. Трудот бил готов во јуни 1904 година и со него Матов фатил приклучок со расправите што тогаш се одвивале за споменатите прашања. Неговиот наслов бил: „Основи на Внатрешната револуционерна организација“ и поднаслов: „Обид за утврдување и формулирање на „основите“ со прилог „Што бевме – што сме“.[207]

Расправајќи за основите на Македонската револуционерна организација, Матов истакнал дека таа била самородна и дека како идеја добила широка поддршка од населението кое ги прегрнало нејзините револуционерни постулати бидејќи самото, поради многу причини (економски, социјални, безбедносни

и политички) било наклонето кон револуција. На таа основа, копнеејќи за слобода, тоа население имало потреба од Револуционерна организација која ќе му создаде надеж да се ослободи од мизерниот живот полн со понижувања и несигурност; кога веќе немало надеж дека ќе биде избавено однадвор, од европските сили или од Бугарија.

Од тие причини Македонската револуционерна организација брзо била широко прифатена со што таа станала народна, а народот нејзин непресушен извор. Основната цел на таа самородна и народна организација била добивање автономија. За постигнување на целта, населението се организирало за борба против турскиот режим. Според тоа, констатира Матов, организираното население е Внатрешна(та) организација. А тоа значело оти Организацијата се потпирала пред сè на внатрешноста.

Така јасно изведениот и покажан внатрешен карактер поврзан со масите (со населението) и со неговите потреби, Организацијата ја насочува да води револуционерна борба, при што населението се револуционизира и се кали преку борбата со турскиот режим. Поради масовниот народен карактер, Организацијата, револуционерната борба, ја води на економско-политичка почва; тоа е борба на угнетените без оглед на народноста на населението.

Организацијата нужно била самостојна и како секоја мала држава, требало да се чува од надворешно влијание и мешање. Матов ќе го афектира тој став со метафората дека Организацијата требало да си ги отвори очите четири, да се претпази за да не стане орудие на туѓи интереси. Така Матов дошол до формулација на пет основни принципи кои ги сметал битни за Македонската револуционерна организација. Тие принципи биле: 1. Принцип на автономија; 2. Принцип на внатрешноста; 3. Принцип на револуционерна борба; 4. Принцип на политичко-економска почва; и 5. Принцип на самостојност (на независна организација)[208]

Сумирајќи го дотогашното искуство на Организацијата, Матов ќе констатира оти биле постигнати големи резултати на планот на нејзината дејност среде македонското население. Укажувајќи дека односот на населението кон Организацијата еволуирал, од пристап на уплашени и претпазливи поединци кои воделе сметка да го прикријат тоа членство, до масовно пристапување на цели села и групи кои се гордееле на своето влегување на нејзините редови. Тој укажува и на промената на односот на нејзините членови кон нивното санкционирање од власта, особено кон апсењето и заточението. На почетокот тоа се доживувало како целосно рушење на угледот, како тешка несреќа, за

подоцна тие што одлежале поради комитетска или комитска работа да се сметаат за аџии. Слично илустрирал и со подготвеноста на жртви која го вклучувала и ризикот по живот, при што со време, калејќи се во револуционерната борба, тој ризик се прифаќал сознателно, презирајќи ја смртта пред стремежот за слобода. Матов посочува дека плејада борци на Македонската организација ја прегрнале смртта пред алтернативата да паднат заробени од турскиот аскер, наведувајќи дека над 200 нејзини борци се самоубиле како последен чин на служење на Организацијата и на делото, укажувајќи дека сите тие борци направиле ништо од смртта. Во однос на тој чин, затворот станал ништо од ништо.

Понатаму, Матов ги елаборирал и другите принципи, на пример, и тој дека народниот и масовниот карактер го потврдил нејзиниот општ револуционерен принцип кој се сврзувал со сите народности, а не со една, посочувајќи оти во востанието, рамо до рамо со егзархистите се бореле и патријаршистите и католиците и протестантите и унијатите какви што биле масовните примери во Преспа, во Гевгелиско, Леринско, Костурско, Разлошко, Радовишко, Кукушко... И Власите биле во сите битки сплотени со останатото население. Слободата се однесувала на сите; автономијата била облик на самоуправа од страна на сите – за сите.[209]

На крајот од Прилогот Матов ги анализира принципите на функционирањето на Организацијата, констатирајќи дека таа се крепела и развивала бидејќи била цврсто поврзана на секое нејзино ниво со највисоките нејзини инстанци кои успеале, развивајќи ја својата револуционерна мисија и дејност среде масите, да ја издигнат од административна и градска во масовна и боева организација со претежнување на селото во неа. Со таа своја втора страна Организацијата успеала да стане фактор на уредување на внатрешниот живот на населението, да регулира и овозможува остварување на определени права на истото. Така Организацијата, сѐ повеќе, станувала Организација-држава, која самата решавала многу состојби кои не ги решавала турската власт, како: споровите меѓу населението, спасувањето од разбојници и деребеи (ги снемало и Исљам Чауш и Таир Тоља и слични на нив); ги држела под контрола наметите од власта и беговите, создавајќи поподносливо ниво на живеење и на сигурност. Сето тоа ја довело Организацијата до степен на полујавна институција за којашто и власта водела сметка. На пример, вели Христо Матов: денес началникот на револуционерниот реон може да се обраќа на Турци или да му пише писмо на Кајмакамот; денес никој не оди пред турски суд – сите одат пред судот на Организацијата.

По повод брошурата на Матов и ставовите во неа се јавил Димо Хаџи-Димов со критика во весникот „Революционерен лист“. Хаџи-Димов му префрла на Матов дека отстапил од словото на Уставот во дефиницијата на целта и начинот на нејзината реализација и оти тие отстапувања не биле случајни. Имено, Хаџи-Димов има сомнение оти Матов, автономијата ја разбирал како средство преку кое Македонија ќе го помогнела чинот на создавање на Голема Бугарија, а не како цел, како конечна цел, која во суштина ќе означувала формирање од Македонија на независна политичка единица на Балканот. Поради тоа Хаџи-Димов сметал оти разбирањето на автономијата на Македонија како цел го претпоставувала принципот на политички сепаратизам, а не на политички интегризам, којшто Матов, врз основа на претпочитувањето на националниот принцип, иднината на Македонија ја визирал во обединувањето со Бугарија. Хаџи-Димов, тргнувајќи од националната измешаност на населението на Македонија, сметал оти Македонија можела да се зачува за сите, неподелена и нераспарчена, само ако се визира како сепаратна политичка единица, со што меѓусебната крвава војна меѓу балканските држави, претенденти кон Македонија, ќе станела излишна. Наместо крвава војна, тоа решение ќе го отворел патот кон сојузување на балканските народи во Балканска федерација. Оттаму Хаџи-Димов, на централистичката концепција на Матов му ја спротивставил децентралистичката и федеративната идеја, според која би била детерминирана и структурата и дејствувањето и на самата Революционерна организација. Тој сметал оти, на таков начин, Организацијата ќе била прифатена од сите народности. Оттаму автономијата за Хаџи-Димов била цел која преку револуција ќе ја извојувале сплотените (сите) недоволни елементи, независно од нивната народност.[210]

Во суштина, ставовите на Матов и неговите дефиниции на основните принципи на Револуционерната организација од страна на Хаџи-Димов и на другите припадници на т.н. левица во Организацијата биле читани со предубедување. Хаџи-Димов и левичарите сметале оти Матов мисли на Македонија како на дел од Бугарија. Тие сметале дека Матов ја разбирал автономијата на Македонија како средство на заштита од Србија и од Грција и како етапа кон обединување со Бугарија. Оттаму, кога Матов говорел за независност на Организацијата и за нејзино претпазување од надворешни мешања и влијанија, левичарите тоа го разбирале како став на Матов во однос на другите балкански влади, но не и на бугарската, бидејќи Матов последната ја сметал како заедничка влада (и на бугарските Бугари и на македонските Бугари) знаејќи ја неговата

соработка, како претставник на Револуционерната организација, со истата и знаејќи ги неговите ставови за тоа прашање уште од поодамна.

По споменатата брошура Матов се зафатил и со прашањето за управувањето на Внатрешната револуционерна организација. Тој труд Матов го пишувал во мај 1905 година, тогаш кога на сцената биле разиграни повеќе концепти кои ја разгореле внатрешната полемика меѓу револуционерните групи и кадри.[211] Тие дискусии и расправи, кои, одвреме-навреме, заличувале и на расправии, ги најавиле посебните течениja во Револуционерната организација, укажувајќи на процес на нејзино фракционирање и спротивставување.

Матов, во споменатиот труд[212] ја докажувал тезата дека Револуционерната организација и дотогаш била доволно децентрализирана и демократска за да не ја сопира иницијативата од долу, во базата и на теренот, и толку централизирана колку што било нужно за да можело позитивното искуство во одделните базични делови да го воопшти и продиктира како општо правило или како општ институт. Понатаму, Матов укажал дека една тајна и боева организација нужно требало да остане доволно централизирана за да се претпази од крајни ризици по нејзиното функционирање; бидејќи Организацијата била самото револуционерно движење (Организација-држава). Поради тоа, нејзиниот опстанок бил клучниот услов, и постулат, на постоењето и на самото револуционерно движење на незадоволното, експлоатирано и подвластено население.

Докажувајќи ја својата теза Матов ги анализирал, речиси, сите аспекти, институти и практики на дотогашното искуство на Организацијата; од изборот на војводите на раководните тела, на судовите, преку формирањето на четите, определувањето и собирањето на налозите, ограничувањето на економскиот гнет, до подобрувањето на домашното воспитување и домашниот бит. Во сите испитувани случки тој утврдил дека новините, прво станувале во реоните при созреани услови, а потоа, преку централното управно тело, тие се воопштувале. Или, кога станувало збор за избор на војводи и раководители: прво тие самите испакнувале во своите средини со својот авторитет, посветеност на делото и со способностите, па потоа, според принципот: „на најдостојниот“ бидувале прифаќани и поставувани од Централниот комитет. Кога станувало, пак, збор за самите раководни тела, за нивниот начин на работа, Матов ја констатирал практиката на работа „врз другарска основа“ со рамни права на членовите на раководствата и работата на советувања со лица на Организацијата кои биле од, или кои престојувале на, исто место со раководното тело. Како пример го зел

ЦК на ТМОРО во чија работа се вклучувале видни кадри на Организацијата кои не биле негови членови, доволно е да се нашле во неговото седиште.

Врз таква анализа, Матов констатирал оти во Организацијата немало формирано бирократија која, како отуѓен центар „недосегливи" лица, да наметнува разлика и дистанца во односите кон пониските раководства и кон базата на Организацијата. На крајот, Матов констатирал оти инсистирањето на децентрализација од неумерен и формално-нормативен вид, посебно од т.н. федеративен тип, била крајно штетна за Револуционерната организација и оти таа амбиција, кај голем дел од Организацијата, била „туркана" од новатори кои малку се разбирале и знаеле што е тоа федеративен принцип применет во револуционерна организација и од лица кои имале прикриени намери да се наметнат на Организацијата како доминантна сила.

Матов бил во голема мера во право кога ги посочувал тие мотиви за реформи во ТМОРО. Но, тој не ги исцрпил сите мотиви и се чини не го посочил главниот мотив и главното поле со кој и на кое се барале реформите. А тоа пред сè се однесувало на статусот на Централниот комитет vis a vis Окружните револуционерни комитети, кога станувало збор за донесување на најкрупни прашања кои можеле судбински да се одразат, како врз самата Организација, така и врз делото, какви што, на пример, биле прашањата за востание, за вклучување во дипломатски преговори и за склучување на договори со влади и монарси.

На тој план Матов, или воопшто не се произнел или се произнел формално – логички, (шематски) шпекулирајќи го методот, без да го анализира конкретното искуство и конкретниот однос на Централниот комитет, и на Задграничното претставништво, какви што, на пример, биле прашањата за востанието и прашањето за стапување во соработка со бугарската влада, или во преговори со турската влада. Имено, Матов многу добро знаел оти манипулациите на Централниот комитет на ТМОРО со донесувањето на решение за кревање на востание ги имаше вознемирено, речиси, сите средини на Револуционерната организација и оти впуштањето на Задграничното претставништво во блиски односи со бугарската влада и во политички преговори со турската Порта само „дотурило масло" на распалената конфронтираност на револуционерните кадри. Меѓутоа, иако знаел кои се крупните прашања кои ги поставија барањата за реформи на односите и позициите во Револуционерната организација Матов ги заобиколил тие прашања и го одбегнал одговорот по тој повод. Наместо тоа, Матов се беше задоволил со формално-технички одговор, а имено дека

централните (или општите) раководни тела можеле да ги донесат и прогласат решенијата сами, тогаш кога тие се однесувале на итни состојби кои не трпеле одлагање и, тогаш кога немало услови да се советуваат со други органи и средини на Организацијата. Тие шематски резонирања на Матов не можеле да ги задоволат опонентите, ниту да фрлат светлина врз потребата од брзање и манипулирање на ЦК на ТМРО со решението за востание и врз аргументите за односот на Задграничното претставништво кон бугарската и турската влада. Спротивно на тоа, кај критичарите, особено кај т.н. левица, постоело сомнение оти во случајот станувало збор за позиции на ЦК и на ЗП кои биле надвор од строгите норми на Уставот и Правилникот на Револуционерната организација; за позиции и политика на тие органи неприфатливи за левицата.

Се разбира дека, во буицата критичари имало средини кои самите се бореле за свое наметнување во Организацијата, на кои им била потребна критиката на т.н. централистичка концепција и на дотогашната дејност на централните органи на Револуционерната организација. На повидок било цепење на силите на таа организација на одделни теченија кои, меѓу себе, или се конфронтирале, или пактирале. Матов тоа добро го знаел, посебно по паралелната појава на нови тела, на пример по формирањето на Сарафовиот „Времен комитет". Меѓутоа, тие појави од најновите искуства на Организацијата Матов не ги ни засегнал со својата анализа, како што направил со другите нејзини искуства. Покрај од други причини и поради тоа неговите изводи во Брошурата за Управувањето на Внатрешната револуционерна организација не го убедиле мнозинството, кое неповратно се насочило кон децентрализирација на Револуционерната организација со: зајакнување на улогата на Револуционерните окрузи; со демократизирање на изборното начело од долу-нагоре во истата; и со ослабнување на позицијата на Централниот комитет.

Сепак, принципите на управувањето на Внатрешната револуционерна организација што ги дефинирал Матов, подоцна по расколот во неа, фатиле место во средината на т.н. десница и тие неретко биле посочувани како генератор на позитивни искуства. Тоа особено се однесувало на принципот „никогаш без тело". Принципите на управувањето на ВМОРО што ги дефинирал Матов биле: 1. Работата да се врши; 2. Изборно право; 3. Со доверба и врз другарски начела; 4. На најдостојниот; 5. Никогаш без тело; 6. Единство во Организацијата; 7. Единството треба да се изразува во централното тело; 8. Иницијатива во групите и работниците, иницијативи на деловите, иницијатива во организацијата како целина.[213]

Третата брошура од замислениот циклус на македонскиот револуционерен систем којшто, Матов, имал намера да го пополни со поголем број наслови, била посветена на прашањето за востаничките дејства, која требало да го изрази и апсолвира диспутот околу востанието.[214] Тој труд Матов го пишувал зимата 1905-1906 година, значи по одржаниот Општ рилски конгрес на Револуционерната организација.

Ако за трудовите на Матов може да се зборува за доктринерство, за шематизам и за конструкции кои обично не се случувале во практика, тогаш најмногу можело да се однесува на неговиот труд посветен на поимите (и категориите) „востанички дејства". Вештачкиот конструктивизам во дефинирањето и објаснувањето на востаничките дејства бил забележан и од современиците на Христо Матов. Во тој ред спаѓал и Кирил Прличев. По прочитувањето, Прличев покрај внимателниот однос кон почитуваниот пријател и другар, во писмо до Матов ги изнел (и) следните констатации: „...Разредите на востаничките дејства ми се гледаат вештачки [...] мнозинството раководни сили ќе се шокираат, кога ќе им кажеш, дека сакале востанички дејства, затоа што тие се согласиле на терористички акции само за да се избегне востание, а не со тие акции да се дојде до него [...] ако претпоставуваш дека е доволно да се порача еден, кој и да е разред, на востанички дејства за да се исполни тој во зацртаните (од Матов – В.П.) рамки, јас мислам дека не ќе може да се обезбеди едниот разред (едното ниво на востанички дејства) да не се прелее во друг, бидејќи: која чета ќе се откаже да употреби динамит ако го има и ако и се создаде ситуација за тоа[215] [...] (Матов употребата на динамитот го ставил во друго ниво на востанички дејства – В.П.) Бидејќи неговите конструкции не биле извлечени од практиката и природата на востанието, тие не биле убедителни за војводите и за борбените сили на Организацијата. Поради тоа скопскиот војвода Никола Пушкаров ќе каже оти Матов замислувал да прави вештачко востание, не со народот кој самиот да се бори за својата слобода, туку со четите пратени од зад граница (од Бугарија), кои: „...како да ги пратило провидението, ќе прогласеле слобода... по неколку акции што ќе можеле да ги реализираат.[216] Кирил Прличев пак, на друго место во своите спомени, осврнувајќи се на т.н. теоретски трудови на Матов ќе каже: „...Матов, мисли и пишува. Пишува и чкрта, а потоа се консултира со блиски пред да се реши да се запри на нешто, кое на мнозина им изгледа така просто".[217]

За разлика од третиот труд и од неговото сфаќање на востаничките дејства и на самото востание Матов, во првите два труда (за Основите и за управува-

њето на Внатрешната револуционерна организација) реално ги утврдил и дефинирал принципите и белезите кои припаѓале на централистичкиот модел на поставеност и на дејствување на Внатрешната револуционерна организација. Тие две прашања: основните принципи и уредувањето и управувањето на Организацијата беа главните теми околу кои „се биеја копјата" меѓу македонските револуционери. По тие прашања на Општиот, рилски, конгрес, делегатите се поделија на две групи, на тие кои го бранеа добропознатиот централизам и на оние кои го застапуваа принципот на децентрализација во Револуционерната организација.

Христо Матов не беше учесник на споменатиот конгрес, но тој живо се интересираше за донесените решенија, за пројавените односи и групирања кои станале на конгресот како и за општиот впечаток во однос на консеквенциите што ќе ги предизвика истиот. Матов, имено, добро знаел оти во тоа време се одвивал процес на повторно дефинирање на целите на Револуционерната организација и на начините и средствата за нивно остварување. Како истакнат член на таа Организација пред востанието и за време на истото, Матов имал потреба да се научи што се случувало на Рилскиот конгрес: кои решенија биле донесени како на нив гледале главните личности на ВМОРО; кои лица биле избрани во ЦК; кое место било утврдено како седиште на ЦК на ВМРО; кои делегати во која група влегле; итн. Тие и други прашања Матов писмено му ги поставил на својот пријател Борис Мончев, истакнат револуционер од Прилеп делегат на Општиот, Рилски, конгрес и член на ЦК на ВМОРО.[218]

Борис Мончев го информирал Матова по сите прашања освен за едно: за тоа кој со кого пактирал, односно кој на која страна се наредил. Од информацијата, Матов можел да заклучи оти на Конгресот не само што не било постигнато приближување на ставовите, туку дека поделбата и разликите станале уште поголеми. Мончев соопштувал: Избраните членови на ЦК, Дамјан Груев и Петар Тошев не ги прифатиле функциите;[219] Петар Поп-Арсов откажал да биде член на Задграничното претставништво, бидејќи не сакал да работи заедно со Ѓорчета Петров. Едни протестирале, други хулеле на решенијата што ги донело мнозинството; сите речиси сметале оти, Правилникот кој ги операционализирал организационите и функционалните прашања на Револуционерната организација, бил неприменлив. Коментирајќи ги решенијата, Мончев констатирал оти: ЦК на ВМОРО бил сведен на „Биро" кое не може да одлучува без претходна согласност на окружните комитети; окружните комитети, пак биле зависни од претходната согласност на околис-

ките револуционерни комитети; а тие од раководните тела на градовите и селата; и така, од горе до долу, била раздробена хиерархијата на Револуционерната организација, при што Борис Мончев прогнозирал појава на општа анархија во животот на Организацијата.[220]

Тие и други информации и сознанија на Матов му дале основа да смета оти допрва претстојат крупни настани и разврски во Македонската револуционерна организација. На тој план, Матов, во наредната 1906 година почнал да ги поврзува истомислениците, групирајќи ги околу своите сфаќања за организирањето и управувањето со Револуционерната организација. Кон половината на 1906 година почнало одржувањето на окружните конгреси на ВМОРО на кои биле избрани и делегати за наредниот општ конгрес, како и кандидати за Централниот комитет и Задграничното претставништво.

Од 17 до 24 јули 1906 година се одржал Второт редовен конгрес на Скопскиот револуционерен округ. На Скопскиот конгрес било оценето дека одлуките донесени на Општиот, рилски, конгрес од 1905 година биле целосно неостварливи, непрактични и игнорантни кон условите во кои била поставена дејноста на Револуционерната организација. Поради тоа било решено да се изработат, нов устав и нови правилници кои требало да произлезат од следните начела: (1) од демократски централизам во управувањето; (2) од упростување на административната „машина“ и процедура; (3) од хиерархија во институтите; (4) од проширување на атрибутите и функциите на Централниот комитет; (5) од задржување на принципот „никогаш без тело“; и од другите принципи познати и афирмирани во работата на Револуционерната организација до реформите од 1905 година.[221]

За изработката на новите проекти биле задолжени Христо Матов и Пенко Пенчев. Матов бил избран за делегат на идниот општ конгрес и за кандидат за член на Задграничното претставништво. Во меѓувреме и на другите конгреси на револуционерните окрузи биле избрани делегати за општиот конгрес, планиран за крајот на 1906 година при што, на страната на десницата, за членови на Задграничното претставништво биле кандидирани уште: Иван Гарванов од страна на Солунскиот револуционерен округ и Борис Сарафов од страна на Битолскиот револуционерен округ.[222] Со тоа Христо Матов, во текот на 1906 година, одново се вклучил во значајните процеси и настани во Револуционерната организација, станувајќи една од главните личности која изврши клучно влијание врз нејзината улога. Таквата улога, Матов ја започна од Вториот редовен конгрес на Скопскиот револуционерен округ;

неа ја продолжи преку улогата во поларизацијата на делегатите на Вториот Општ Конгрес (во декември 1906 година), па преку улогата на т.н. Советувачко собрание на делегатите на мнозинството во Софија од јануари 1907 година, стана клучна личност која на ќустендилскиот конгрес 1908 година, успеа да ја конституира десницата како цела ВМОРО,[223] исклучувајќи ја левицата од организациската структура на ВМРО. Улогата на Матов во Македонската револуционерна организација, како нејзина главна личност, продолжи и во текот на Младотурската револуција и балканските војни, за, да почне полека да се намалува по тие војни, паралелно со зголемувањето на улогата на Тодор Александров. Конечно, кон крајот на 1915 година, ѕвездата на Христо Матов престана да зрачи општо влијание во срединитe на ВМОРО; тој ги загуби позициите и во однос на бугарската влада, на министрите, на генералите и другите официјални инстанци. Од крајот на 1915 па до неговата смрт, во 1922 година, сите претходни позиции и сето претходно влијание и во ВМОРО и среде бугарските инстанци, ги концентрира и освои Тодор Александров.

Меѓутоа, општата политика и општата позиција на десницата и на ВМОРО, од 1906/1908 година, па сè до крајот на животниот пат на Христо Матов, се одвиваше во рамките на идеологијата и разбирањата на самиот Матов. Во таа смисла и самиот Тодор Александров, главно, беше фиданка на матовизмот. Александров, иако имаше друг темперамент и многу поизразен прагматски и деловен капацитет, тој сепак се движеше во рамките на матовите поими и цели, барем некаде до 1922 година. Подоцна, кон 1923 и 1924 година Александров, може да се рече, идејно се приклони повеќе, кон Дамјан Груев, па и кон разбирањата на левицата за политичката судбина на Македонија; главно под притисок на новата реалност која беше радикално променета, како внатре во македонското ослободително движење, вклучително и во ВМРО, така и во односот (и капацитетот) на Бугарија кон македонското прашање.

Поради тоа улогата и влијанието на Христо Матов во процесите и настаните во Македонската револуционерна организација (а со тоа и во македонското револуционерно движење), од 1906 до неговата смрт, претставува поглавје без чие што разбирање тешко би можело да се објаснат многуте клучни моменти и одлуки на самата Организација во судбоносните настани на тој период.

Општо кажано, улогата на Христо Матов, од 1906 па натаму, се состоеше во неговите настојувања да се хармонизираат односите меѓу Македонската револуционерна организација и Бугарската влада до степен на усогласување на нивните улоги кон македонското дело кое, на таков начин, ќе стане нивна

заедничка грижа и заедничка одговорност. Разликите во задачите и улогите би биле само во различните задолженија и активности, на една страна на Владата, а на друга на Организацијата; но не и на планот на целта и на стратегијата и тактиката за постигнување на таа цел, сврзана со македонското прашање. Споменатата улога која Христо Матов сесрдно настојуваше да ја постави на здрави нозе кореспондираше со неговите претходни разбирања и ставови по македонското прашање. Тој е еден од оние раководители на ВМОРО кој секогаш сметал дека македонското прашање е бугарско прашање, дека тоа било и е дел од бугарската историја и култура и оти било нужно да стане и дел од бугарската државна политика и грижа. Тие разбирања на Христо Матов се содржани, како во неговите литературни трудови, така и во неговата револуционерна публицистика. Како истакнат раководител на МРО уште од почетокот на неговото назначување за член на Задграничното претставништво во Софија, Матов настојувал да се поврзе и да соработува со бугарските организации и министри и со тоа да создаде можност за взаемно влијание и согласување меѓу Задграничното претставништво и бугарските инстанци. „Матов и Татарчев врвеа за благоразумни и умерени. Нас не претставуваа за крајни... Тие одеа кон слевање....Ние сакавме да не се слеваме, а да стоиме тука како чисто јадро.... со тоа надмено не негираа како меродавен фактор.... а самите се претставува дека (тие) се таков (меродавен) фактор“, ќе каже Ѓорче Петров во своите Спомени.[224]

## 9. Платформата на Матовото течение – пат кон расцеп во ВМОРО

По Општиот, Рилски, конгрес Христо Матов почувствува потреба да воспостави посебно течение, консолидирајќи ги и обединувајќи ги сите оние кои беа на исти или блиски становишта со неговите разбирања за односите со бугарското општество и бугарската влада. Тоа течение требаше да врви како благоразумно, умерено и соработливо со бугарските организации и институции.

Во исто време, во 1906 година, и самата бугарска влада си го имаше поставено прашањето за својот став кон Македонската револуционерна организација (кон ВМОРО), а имено: на кој начин и со кои сили да ја операционализира својата македонска политика. Тоа прашање ѝ се наметна особено по Општиот, Рилски, конгрес на кој се покажа дека превагата во

ВМОРО ја однесоа оние сили кои јасно и категорично се спротивставија на бугарската државно-националистичка политика кон македонското прашање која во суштина, означувала политика на завојување на Македонија. По декларацијата на тие сили дека на таквата политика ќе се спротивстават како на туѓа (непријателска) страна,[225] на бугарската влада ѝ стана јасно оти добар дел од силите на ВМОРО инсистираат на раскинување на политичката врска меѓу Бугарија и македонското ослободително движење.

При тие околности, и Матов со неговите приврзаници, како ново течение, и бугарската влада со нејзината потреба за сигурна потпора и врска во ВМРО, во 1906 година, се најдоа една кон друга страна, како партнери, кои заемно си требаат и се побаруваат. Во таа смисла, веќе во март 1906 година, пет месеци по одржувањето на Општиот, Рилски, конгрес на ВМОРО, Второто политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија, формирано да се занимава исклучиво со македонските работи, изготвило обемен Извештај за македонското прашање и за состојбите во „македонските работи". Тој Извештај мошне аналитички и упатено ги третира одделните аспекти на својот предмет, опфаќајќи ги, како посебни точки: (1) улогата на меѓународниот фактор; (2) пропагандите и четничките движења на Србија и Грција и на односот на турската власт кон нив; (3) статусот и улогата на Егзархијата; (4) состојбите во Македонската революционерна организација; и (5) Резиме и препораки по секоја точка од анализираното прашање.[226]

Во четвртата точка, посветена на Македонската революционерна организација, во Извештајот, ќе биде констатирано дека целта на Организацијата останала иста: автономија на Македонија. Оценувајќи дека таа не била доволно јасно определена се заклучува оти истата, со оглед на доминантноста на „бугарскиот" елемент во Македонија (на припадниците на Егзархијата) и на жртвите што биле дадени, таа автономија или треба(ло) да биде бугарска или никаква".

По повод самата цел и нејзиниот идентитет Извештајот, во суштина, констатирал оти нејзиното именување како македонска автономија не било прифатливо. Зад Второто политичко одделение и зад неговиот Извештај стоело Министерството за надворешни работи на Бугарија, а зад министерството – бугарската влада. Произлегува дека и тие не ја прифаќале идејата за Македонија, како посебна (независна) политичка единица и држава на Балканот. Тие ја прифаќале автономијата на Македонија само како фаза, додека се неутрализираат српските и грчките претензии, за да се зачува Македонија,

цела, за Бугарија. Но, кон 1906 година, согледувајќи дека голем дел од ВМОРО и големото мнозинство револуционери во самата Македонија одушевено и пожртвувано војуваат за посебна македонска држава, бугарските државни инстанци (и Егзархијата во тој ред) сметале оти работите во македонското движење, развивајќи се без контрола од бугарска страна, отишле настрана и наспроти од бугарските интереси. За да може тие работи одново да се поврзат со интересите на Бугарија, на прво место било потребно да се редефинираат целите и пропагандата со кои Револуционерната организација настапува среде масите во Македонија. На тој план било побарано јасно, јавно и категорично именување на целите на борбата со бугарски национални атрибути. На тоа, покрај државните инстанци, многу често инсистирал и егзархот во контактите со раководителите на ВМОРО.

Понатаму, во Извештајот на споменатото (второ) одделение на МНР на Бугарија била подложена на критика и уставната одредница на ВМОРО за сплотување на сите незадоволни елементи во Македонија, без разлика на народност за извојување на политичка автономија. Значи била нападната и идејата за наднационалниот (за интернационалниот) карактер на ВМОРО како општа, револуционерна, организација. Во врска со тоа во Извештајот се тврди оти таа идеја веќе била неповратно компромитирана со меѓусебната борба на српските, грчките и бугарските чети, праќани од страна на односните балкански држави.[227] Националистичката конфронтација во Македонија, заради свои интереси, ја поттикнувала и самата турска власт така што населението и самото било вовлечено во националистичката борба.[228] Притоа, резултатите од дотогашната четничка конфронтација, според ставовите во Второто политичко одделение на МНР на Бугарија, ги оправдало барањата на бугарската страна: борбата на Револуционерната организација (на ВМОРО) да се прогласи за национална, а не за општа, револуционерна, борба. Во Извештајот се наведува податокот дека, до март 1906 година, биле преземени 237 села кои од „грчки“ станале „бугарски“ (т.е. од патријаршиски станале егзархиски). Тие моменти, како отсечка од настаните, ги побудувале верувањата на бугарска страна, но и во делови на ВМОРО, посебно среде оние кругови кои престојувале и живееле во Бугарија и кои многу завлегле во опортунизам: дека доколку, по повод резултатите од четничките борби, Грција и Србија ѝ објават војна на Бугарија, тогаш бугарската армија, војувајќи истовремено, можела да ги победи армиите на двете балкански држави.

Такво уверување носел и Христо Матов кој го искажал во своите публицистички трудови и, не еднаш туку секогаш, сметал оти решението на

македонското прашање можело, и требало, да се реши со војна, со помош на бугарската армија. Поради тоа тој често инсистирал на бугарска воена интервенција во македонските настани.[229]

Таквите разбирања, не толку на страната на Матов, колку на страната на бугарските воени и цивилни политички власти, ја вклучувале идејата за воено решавање на македонското прашање – во соодветно време. До тогаш, определувајќи се за засилена четничка акција со добро вооружени чети испратени од Бугарија, на бугарската страна ѝ била потребна услужна (инструментализирана) македонска револуционерна организација.[230] Од тие причини, во контекст на состојбите во ВМОРО по Општиот, Рилски, конгрес и во пресрет на новиот Општ конгрес, планиран за крајот на 1906 година, бугарската страна решила да го помогнат создавањето на таков партнер во редовите на ВМОРО.

Тргнувајќи од реалната структура на силите во ВМОРО и од нивната ориентација; посебно, од нивниот однос кон Бугарија и ставот за релациите со бугарската влада, било утврдено: (1) да се помогне консолидацијата и превагата на умерените, благоразумните и соработливите сили во ВМОРО со истиснување на крајните сили кои се за пресекување на политичките врски меѓу Кнежевството и Македонија и тогаш и во иднина; и (2) да се воспостави хармонија меѓу првите фактори во Кнежевството, Егзархијата и Организацијата.[231]

За да се постигнат споменатите цели било потребно: (1) да се даде помош на Претставништвото (на ВМОРО во Софија) за да не тропа(ло) на други врати; но таа помош не треба(ло) да му се дава преку трети лица, туку директно нему; (2) бидејќи тоа е противно на принципите на положбата на Претставништвото, со тоа ќе се постигне раздор меѓу него и луѓето од категоријата на Сандански... и на преостанатите ќе им се налага еволуција во умерени елементи; (3) полицијата строго да бдее на незаконските потфати на некои што добиваат средства на незаконски начин; (4) да се натера Црнчев формално да ја растури својата група и да влезе во Организацијата за да се слее со умерените елементи; (5) постапно и со такт да се применат законите на Кнежевството за да се отстранат и направат безвредни екстремните елементи кои никогаш нема да се вразумат...[232]

Извештајот на II-то политичко одделение при МНР на Бугарија го подготвил (и напишал) Тома Карајовов кој бил прв раководител на тоа одделение, формирано во 1905 година. Тоа значело дека Карајовов, како

истакната личност на самото македонско ослободително движење, со изоден пат од егзалтиран член до припадник на „разумните и умерени елементи“ на Револуционерната организација, ќе биде мостот за поврзување на „умерените елементи“ на ВМОРО (на десницата на ВМОРО) со владините кругови.

Очигледно е оти, речиси, целата 1906 година била употребена за консолидирање и омасовување на „умерената“ групација (на десницата) во ВМОРО. На тој план, нема публикувани архивски документи. На пример во документарниот зборник под наслов: „Архив Христо Матов“ во кој се тврди дека се објавени сите документи поврзани со Матов, за годината 1906 година има и најмалку документи, и најмалку показателни документи за тоа што всушност се случувало. Меѓутоа, постојат индикации оти, од април до декември 1906 година за кога бил закажан Вториот општ конгрес на ВМОРО, се одвивала интензивна активност во која Христо Матов, играл многу важна улога во консолидирањето на умерената групација на ВМОРО, или како што самиот ќе констатира, во Белешките за својата револуционерна дејност „од ништо направил нешто“. Таква била на пример неговата улога на Вториот редовен конгрес на Скопскиот револуционерен округ на кој, како претседател на Конгресот, водел главен збор и од кој бил избран за делегат на Вториот општ конгрес закажан во Рилскиот манастир за 15 декември 1906 година. Главна била неговата улога и во декември кога двете групации на ВМОРО (десницата и левицата) не успеале да се договорат да го конституираат Општиот конгрес, секоја останувајќи на своите позиции, при што Матов бил еден од најинвентивните заштитници на позицијата на десницата. Матов одиграл главна улога и во т.н. Советувачко собрание на делегатите на десницата одржано во јануари 1907 година од кога, всушност, може да се евидентира процесот на конституирањето на десницата во ВМОРО како цела Организација. Тој процес ќе заврши со Ќустендилскиот конгрес од март 1908 година на кој Матов, како претседател на Конгрес, ќе биде главниот носител на одлуката: од редовите на ВМОРО да бидат исклучени Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ. Од тогаш (од март 1908 година) десницата ќе ја игра улогата на цела Организација, а серчани и струмичани ќе дејствуваат како посебна групација.[233]

Со чинот на конституирањето на десницата во ВМОРО, како цела Организација, бил формиран соодветен македонски партнер за бугарската државна политика; таков каков што проектирала бугарската страна и таков каков што посакувал и Матов: умерен и соработлив партнер, сметајќи дека тие односи меѓу бугарската држава и Организацијата се природни и надежни

за успехот на македонското ослободително дело. Тие два партнера, оттогаш натаму, ќе работат сложно и паралелно, секој на полето на своите задачи сè до крајот на Првата светска војна кога, по двете катастрофи и за Бугарија и за Македонија, ќе настапи неколкугодишно интермецо во кое тогашната ВМРО одново ќе се врати на идејата за политичка автономија на Македонија и на статусот на многу независна општа револуционерна македонска организација, отворена за сите македонски категории и субјекти.

Дотогаш и десницата и левицата поминале низ повеќе драматични настани во кои постоело не само меѓусебно загрозување туку и загрозување на македонските интереси и на самата Македонија, како мотив и поле на конфронтација и внатре во ВМОРО и меѓу балканските држави-претенденти кон Македонија.

Првиот драматичен настан кој ја засегнал Револуционерната организација бил самиот раскол внатре во неа и механизмите и случувањата во врска со истиот. Имено, расколот кој започнал со растурањето на Вториот Рилски конгрес бил планиран, а не случаен. Спорните прашања кои се испречиле меѓу припадниците на десницата (делегатите на Скопскиот, Солунскиот и Битолскиот револуционерен округ) и левицата (делегатите на Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ) биле прашањата за местото на одржувањето на Општиот конгрес, односно за валидноста на мандатите на делегатите за Конгресот.

Серчани и струмичани на кои им се приклучиле одделни делегати од другите окрузи, како П. Ангелов и Г. Василев од Скопскиот, А. Станоев од Солунскиот и други, укажале на фактот дека на претходниот Општ конгрес било одлучено во иднина конгресите да можат да се одржуваат само на организациона територија, т.е. само во Македонија. Делегатите на десницата не го прифатиле приговорот сметајќи оти станувало збор за препорака, а не за категорична норма, укажувајќи дека тој став, со значење на препорака, бил содржан во Циркуларот број 1 во кој биле содржани информации и ставови (и политики) но не и норми[234] какви што биле опфатени во Правилникот донесен на Општиот рилски конгрес. Дополнително, голем број од делегатите, и да сакале не ќе можеле, во зимски услови, да се префрлат преку граница, на организациона територија, главно поради здравствени и физички причини.

Вториот приговор на серчани и струмичани се однесувал на мандатот на најголемиот број делегати на десницата кои од едни или други причини ја напуштиле Македонија и имаат определени професии во Бугарија. Имено,

членот 3 од Правилникот донесен на Рилскиот општ конгрес предвидувал престанок на својството член на Организацијата за секој кој ќе ја напушти организационата територија, било да е лице со должност или без должност, дотогаш до кога е надвор од територијата на Организацијата. Во тој случај било предвидено губење на правата на член на Организацијата.[235]

Врз таа, недвосмислена и категоричка, норма на Правилникот, серчани и струмичани побарале непризнавање на мандатите на сите што ги засегнувал и санкционирал членот 3 од Правилникот на Организацијата, а такви биле речиси сите солунски и битолски делегати и голем број од одринските и скопските...“[236] Таков бил и Христо Матов. Приговорите не биле прифатени од делегатите на десницата со образложение дека и на претходниот прв Рилски конгрес имало исти случаи, наведувајќи го примерот со Димо Хаџи Димов и со Димитар Стефанов. Дополнително, сметале дека окружните комитети имале врховно право да одберат лица кои биле годни за делегати.[237]

Толкувајќи ги аргументите на едната и на другата страна, може да се забележи, оти можело да има разбирање само за местото на одржувањето на Конгресот со оглед на околностите и на условите и со оглед на карактерот на ставот од Циркуларот еден на Првиот Рилски конгрес. Меѓутоа, за прашањето на мандатите состојбата била сосема јасна: серчани и струмичани биле целосно во право. Делегатите што имале професии во Бугарија на ниту еден начин не можеле да бидат делегати на Конгресот. Забелешката на десницата дека имало такви делегати и на претходниот Општ рилски конгрес немала никаква тежина бидејќи членот 3 и Правилникот со тој член биле донесени на тој ист конгрес и правната важност на тој член и Правилник била од тогаш-натаму. За некакво врховно право на Окружните конгреси за избор на лица кои ги сметале за соодветни не можело да стане збор бидејќи членот 3 и Правилникот со тој член не прават никаков исклучок поврзан со какви годе права на кое и да е тело на ВМОРО, вклучително и со Окружните конгреси или Окружните комитети. Едноставно, споменатиот член 3 бил генерална и категорички задолжителна норма (еден вид ius cogens).

Тоа, се разбира им било јасно и на левицата и на десницата. Им било јасно, но не им било важно – на оние на кои не им одговарало да го почитуваат тоа што им било јасно. Тоа бил случајот со делегатите на десницата. Од друга страна пак, на делегатите на левицата не им одговарало да се откажат од Правилникот што бил на сила и со тоа да дозволат генерирање на органи и создавање на позиции надвор од правилата, знаејќи оти се работи за упад во поредокот на

Организацијата и за наметнување на моќта и власта во истата на емигрантската македонска средина во Бугарија која била поблиска до бугарската влада, а не до населението во Македонија и до неговите проблеми и потреби. Значи: во случајот со растурањето на Вториот општ конгрес во декември 1906 година станувало збор за излегување на процесите во Револуционерната организација надвор од нејзиниот правен систем. Со други зборови: станувало збор за расцеп внатре во неа, не поради противречност во правниот систем или поради различни правни разбирања и толкувања, туку поради противречни политички позиции и интереси на спротивставените групации. Во таа смисла делегатите на десницата биле тие кои ги погазиле нормите на Организацијата и со тоа го започнале расцепот во ВМОРО.

Инаку, и десницата и левицата имале интерес да се наметнат во Револуционерната организација. И едните и другите имале свои посебни разбирања за целите на борбата, за стратегијата и тактиката за нивното постигнување; и едните и другите имале свои различни погледи за карактерот на ВМОРО; сите тие биле противречни и меѓусебно несводливи. Било сосема јасно оти двете групи на делегати се претставници на две засебни и противречни политички теченија во ВМОРО и дека, претставувајќи различни интереси и политики, во декември 1906 година беа дојдени во Рилскиот манастир, или да ги наметнат своите политички позиции, или да го оневозможат одржувањето на Конгресот и да го започнат процесот на прегрупирање на редовите во ВМОРО. Таквата консеквентна намера, според сите документи и индикации, ја имала групата делегати која го претставувала т.н. десен блок во ВМОРО.

Таа битка, по својата природа била политичка, а не правна, па според тоа, сосема нормално, излегла од рамките на правилата на Организацијата. Така, на 17 декември 1906 година било дезавуирано одржувањето на вториот Општ конгрес на ВМОРО. По тој повод треба да се потврди фактот дека начинот на кој беше предизвикан расцепот почна со игнорирање на правните правила (на актите) на Организацијата како згоден механизам да се дојде до расцеп. Врз таа основа може да се констатира фактот дека тој чин го започна и го реализира групата делегати, претставници, на т.н. блок на „умерени и благоразумни елементи во ВМОРО“. И понатаму: дека тој епилог, во врска со Конгресот од декември 1906 година, беше предвиден и пресметан од страна на десницата и поддржан од страна на бугарските инстанци и власти што, подоцна во текстот ќе биде јасно наведено и засновано.

Во основата на споменатиот раскол стоеле, не аргументите за тоа која страна правилно ги толкувала правилата од актите на Организацијата, туку

големите разлики за конечната цел на борбата на Македонската револуционерна организација и, поврзано со тоа, за релациите и односите со бугарската влада и бугарските власти.

## 10. Од расцеп до раскол во ВМОРО

По неодржувањето на општиот конгрес групата делегати од десниот блок се сретнала во Софија на Советувачко собрание за да ги разгледа натамошните задачи кои стоеле пред Револуционерната организација. Средбата се одржала на 15 јануари 1907 година и по опстојното разгледување на состојбите во Организацијата се обратиле до членовите на околиските и окружните комитети на ВМОРО со опширно презентирање на своите погледи и ставови за причините на растурањето на Општиот конгрес, за идните прашања со кои ќе се занимавало Советувачкото собрание и за потребата да се изберат членови на раководните органи, посебно на Задграничното претставништво, кои ќе ги претставуваат и вршат работите за окружните комитети до одржувањето на идниот Општ конгрес.

По опширната рационализација за причините на неодржување на Конгресот закажан за 15 декември 1906 година, при што вината целосно била адресирана на Серската група, Советувачкото собрание ги посочило прашањата со кои тоа ќе се занимавало во наредниот период. По разгледувањето на тие прашања Советувачкото собрание донело решенија на кои им придало значење (или сила) на мислења пред Организацијата. Прашањата се однесувале на: (1) идната дејност на Организацијата; (2) на материјалната издршка; (3) на односите меѓу Организацијата и Бугарија; (4) на управувањето и правилниците на Организацијата.

1. По првото прашање Советувачкото собрание се определило за револуционерен тип на организација, но не само според карактерот туку и по начинот на дејствување. Со голема доза на алузии во однос на серчани, при што не биле во право, Советувачкото собрание, всушност создавало реторичка основа за промена во начинот на материјалното и боевото подготвување на Организацијата, сметајќи на подготовка на боевите чети од страна на бугарската држава, што секако бил подруг начин од оној кој го прифаќале серчани и струмичани. Понатаму: Советувачкото собрание под поимот „револуционерен начин на дејствување“, конкретно мислеле на масовна борба

против српските и грчките чети во која требало да бидат вовлечени масите. Покрај непосредната одбрана, се препорачувало најразлични репресалии во борбата со србоманското, гркоманското и грчкото население во Македонија, како: горење на села кои биле база на непријателските чети, напаѓање на села кои биле база на непријателските чети, напаѓање на села надвор од организационата територија однесувајќи се на села надвор од Македонија.[238] На пример, Христо Матов препорачувал репресалии над грчкото население и во Бугарија, според неговиот принцип: „удар по болно место“.[239] Сите дејства требало да бидат преземени насекаде и веднаш во согласност со окружните комитети.

Тие ставови на Советувачкото собрание (т.е. на десницата) навистина биле радикално различни од тие на левицата (на серчани и на струмичани). Тие препораки кои, по дух, произлегувале од разбирањата и идеите на Христо Матов, но и од препораките изнесени во Извештајот на II-то политичко одделение на МНР на Бугарија, за кои стана збор, во суштина поттикнале меѓусебна братоубиствена војна меѓу македонското православно население, поделено врз црковна (врз милетска) припадност. Таа борба која се вжешти, особено во текот на 1907 година, претставуваше граѓанска војна врз „националистичка“ основа која во својата суштина означуваше војна меѓу силите на трите балкански пропаганди (на трите балкански држави) и на нивните поддржувачи сред македонското население, фракционирано и заложено од истите држави и од нивните институции во Македонија (цркви, училишта, општини и сл.)[240]

Примената на тие препораки не само што не ја решиле состојбата во корист на која и да е страна, туку уште повеќе ја влошиле, предизвикувајќи тешки страдања на самото македонско население. Тие и такви состојби биле констатирани од повеќе припадници на Револуционерната организација, меѓу нив и од Христо Чернопеев како и од други кои укажале оти, на тој начин, се легализирала борбата за Македонија на сите три пропаганди и оти самата Македонија е поставена во перспектива на распарчување и поделба.[241]

2. Во однос на второто и третото прашање (издршката на Организацијата и односите со Бугарија) Советувачкото собрание се определило да може да прима помош од секаде, но без да дава во замена ангажмани.[242] Се разбира оти, во случајот, станувало збор за добивање помош (пари, оружје и други средства) од страна на бугарската држава. Од ниедна друга државна адреса на ВМОРО, ниту ѝ се нудела помош, ниту пак таа имала предвид помош од другите држави.

Тој став предизвикал широко сомнение во врска со самостојноста на Организацијата и од друга страна (од страна на левицата) остро противење бидејќи со тој чин македонското дело се турнало во скутот на бугарската државна политика, а ВМОРО станувала алатка на бугарската влада. Сепак десницата, иако немала уверливо објаснение за можноста да се одржи самостојниот карактер на ВМОРО паралелно со користењето на фондовите и ресурсите на бугарската држава, реторички опстојувала на одбрана на самостојноста. Во таа смисла предначел самиот Христо Матов кој сепак, тој пат, бил многу тенок во аргументите и многу неуверлив во можноста да ги помири двата нелогични и противречни моменти. Неговото застапување за независност на Организацијата било далеку побледо и под нивото на неговата позиција по истото прашање од пред 2 години (од 1904). Тогаш бугарската страна, сè уште, немала целосна и усогласена концепција за односите со ВМОРО каква што изградила во 1906 година, кога практично почнала да мотивира одделни личности од ВМОРО, во тој ред и Христа Матов, за создавање заедничко партнерство по македонските работи. (Тогаш 1906 година, всушност, почнал да се создава блокот на „умерените и благоразумните елементи“ во ВМОРО околу кој се групирале три од пет револуционерни окрузи (Битолскиот, Скопскиот и Солунскиот).[243]

Пред тоа, во 1904 година, Христо Матов во својот труд: „Основи на Внатрешната револуционерна организација“ ќе напише: „Внатрешната организација е самостојна и како секоја мала држава, една од првите грижи и е да се запази од разнородни надворешни влијанија и мешања... Организација самородна; организација со стотини илјади работници...; организација основана врз ризик и жртви...; организација која станала држава во држава – таква организација не може да не води сметка за своја самостојна политика“.[244] На друго место Матов ќе го афектира истиот став со тоа што ќе рече дека требало „... да се отворат очите четири“.

Тогаш Матов бил игнорирана и критикувана личност од многу страни. Тој, тогаш во 1904 и 1905 година бил изоставен од процесите во ВМОРО, но самиот со своите трудови упорно и реално се вклучувал во расправите и диспутите во Организацијата. Тогаш Матов, тоа што го напишал за самостојноста на Револуционерната организација така и го мислел, затоа што тогаш имал друг став за нејзината улога и за нејзиниот карактер. Имено, во 1904 година Матов, за платформата врз којашто стои Организацијата напишал: „Внатрешната организација стои на чисто политичко-економска почва; нејзината борба е борба на угнетените, од која и да е народност да е таа, наспроти општиот непријател...

политичко-економските услови тежат над целото христијанско население... без разлика на народност и вероисповед, ете зошто борбата се води општо.. без да се засегнуваат националните и вероисповедивите чувства...“[245]

Две години подоцна, во 1906 година, Матов предлагал репресалии над христијанското население, палење на селата на истото, македонско, население што се исповедало пред српската или грчката црква, нарекувајќи го србоманско и гркоманско. А, борбата што во 1906 и особено во 1907 година требало да ја води ВМОРО, Матов препорачувал да се води врз национален, т.е. вероисповеден основ, како борба на македонските „Бугари“ против македонските „Срби“ и македонските „Грци“; односно како борба против Србоманите и Гркоманите, игнорирајќи го фактот дека тие во востанието заедно, како исто население со македонските „Бугари“ (или со бугароманите), воделе заедничка борба против турската власт за автономија на Македонија. Тоа што се променило во 1906 година била можноста Христо Матов „како умерен и благоразумен елемент на ВМОРО“ да стане главен партнер на бугарската влада по македонското дело и, на тој начин, да стане водечка личност во македонското движење, во оној дел кој ќе го спечали десницата во тешките услови и во искушенијата што ја зафатиле Револуционерната организација, по поразот на востанието и по катастрофите на цивилното население.

Врз таа основа, Христо Матов се идентификувал со препораките и со разбирањата на Советувачкото собрание од јануари 1907 година, или поточно: тој самиот бил главен креатор на тие ставови кои истата 1907 година, неколку месеци по јануарското советување, ќе ги напише во својот труд „Репресалии против Грчката вооружена пропаганда“. Во тој труд Матов ќе ги умножи препораките и ставовите за репресалиите против грчките (и српските) вооружени пропаганди и ќе ги радикализира т.н. „удари по болно место“ од кои најмногу настрадало македонското население.

Во суштина, десницата и Христо Матов на нејзино чело, со таа нововдефинирана и новонасочена борба во македонските краишта, придонела да се продлабочи јазот врз конфесионална и пропагандна основа сред македонското население и со тоа Македонија да се доближи до рубиконот на парчење и на поделба.

3. Во врска со четвртото прашање за управувањето и правилниците, Советувачкото собрание решило да се изготват нови акти, бидејќи постојните биле неприменливи и ја нарушувале поврзаноста на телата и органите на Организацијата. Всушност, се мислело на воведување на добропознатиот

централизам и на хиерархиската поставеност на највисоките тела и органи, што значело дека власта во Организацијата треба да струи одозгора надолу, а во спротивна насока можело да има само иницијативи. Се разбира дека таквото управување во ВМОРО имало широка поддршка во Скопскиот, Солунскиот и Битолскиот револуционерен округ, особено поради конспиративниот и боев карактер на Организацијата. Меѓутоа, тој модел давал и други можности кои биле пожелни за водачите на десницата, но и за бугарската страна.

Тој модел им овозможувал на врвните раководни тела, на ЦК и на ЗП да стапуваат во односи и договори во името на Организацијата и да донесуваат одлуки што можат да ја засегнат целата Организација. Тие органи, меѓу два конгреси, го располагале наредбодавниот збор (imperium), а одговарале и се отчетувале само на Општиот конгрес, на кој не било тешко да обезбедат свое мнозинство. Како изгледало тоа може да биде илустрирано со писмото на Христо Матов до Евтим Спространов испратено на 24 јануари 1908 година во кое му пишува дека му испратиле многу имиња од кои секоја околија да си изберела по еден делегат за престојниот општ конгрес.[246]

Значи, централистичкиот и хиерархиски систем на управување, на врвните органи со мал број членови, им овозможувал да имаат свои посебни погледи, мотиви, па и интереси, релативно отуѓени и недосегливи од страна на широките средини на Организацијата, кои, всушност, ја претставувале извршната машинерија. На таков начин, определени спреги на интереси и политики на релативно недосегливиот врв со други субјекти (во случајот со тие на бугарската држава) во централизираниот систем на управување со ВМОРО, не можеле да бидат подложни на одобрување или на проверка од страна на пониските (истовремено и пошироки) тела и органи на Револуционерната организација. Поради тоа, во таков систем, можеше да се наметне востанието и тоа се наметна, или можеше да се наметне и националистичката (конфесионално именувана) четничка пресметка и граѓанска војна и таа се наметна.

Може да се заклучи дека и тоа прашање (за управувањето) Советувачкото собрание на десницата го реши соодветно на постигнатото партнерство меѓу „умерениот блок во ВМОРО“ и бугарската страна.

4. На крајот, Советничкото собрание се запре и на прашањето на раководните органи на Револуционерната организација, со оглед на фактот што на претходните раководства им беше изминал мандатот; но не само заради тоа туку и заради избор на соодветни личности кои ќе бидат од редот на новото, Матово, течение. Тргнувајќи од начелото „Никогаш без тело“ Матов настојувал

згрупираните делегати на десницата да се стекнат со определен легитимитет кој ќе укажува на процес на формирање на десницата како организирана структура.

Во услови кога немало Конгрес кој единствено легално можел да избере членови на ЦК и на ЗП на ВМОРО, Матов предложил, а другите прифатиле, Окружните комитети да изберат по еден член од своите редови што ќе ги вршат работите во ЗП до идниот конгрес, кој очигледно не се планирал за месец-два. На тоа барање се одѕвале трите окружни комитети (Скопскиот, Солунскиот и Битолскиот) кои соопштиле кои личности требало да ги претставуваат во времените врвни органи на ВМОРО. Согласно препораките на Советувачкото собрание биле избрани членови на ЗП на ВМРО; од Скопскиот округ, Христо Матов; од Солунскиот округ, Иван Гарванов и од Битолскиот округ, Борис Сарафов.[247]

Тие тројцата како членови на ЗП веднаш почнале со работа. Цела 1907 година интензивно се вооружувале и се испраќале чети во Македонија. Христо Матов ја одржувал врската со важни членови на Организацијата, давајќи инструкции и создавајќи систем и ред во истата. Во исто време тој ја организирал и водел главната полемика со разбирањата и ставовите на левицата.[248] Борис Сарафов, надминувајќи го својот левичарски занес за децентрализација (и федерализација) на Револуционерната организација почнал сложно да соработува со другите двајца членови на ЗП Заборавил на својот претходен однос кон нив, полн со потценување и иронија, како оној исказ во 1902 година за „некојси Гарванов“ или како оние оцени за неспособните Матов и Татарчев кои со неговиот Времен комитет во 1904 година биле исфрлени од нивните функции. Сарафов, во текот на 1907 година, стана најдоверливата личност на бугарските владини кругови.[249] Иван Гарванов, одамна близок со Егзархиските и Цончевиските кругови, во 1907 година ја водел, речиси, целата активност и координација со вооружувањето на четите и со нивното испраќање во Македонија.[250]

Сарафов и Гарванов, обвинети од страна на серчани како главни протагонисти и помагачи на бугарската владина политика за завладување со Македонската револуционерна организација, (според истите) во текот на 1907 година започнале со конспирација за преземање на територијата на Серскиот револуционерен округ.[251]

Со изборот на тројцата членови на Задграничното претставништво и со Советувачкото собрание, Х. Матов, имајќи најзначајно влијание почнал,

од дифузната, неформирана и неформална десница, да прави организирана структура на десницата која подоцна, со дополнителни чекори, од неа ќе направи цела Револуционерна организација. Тој процес на прераснување на десницата од неформална структура до цела формална, институционално и функционално организирана, Револуционерна организација, кој ќе заврши со Ќустендилскиот конгрес, започнал, продолжил и завршил, фактички, како политички и самоволен процес а не како процес согласно со правилата на ВМОРО. Покрај тоа што, на тој план, беше кажано по повод растурањето на Вториот општ конгрес во декември 1906 година, на ова место треба да се додаде и фактот дека одлуките што ги донесе т.н. Советувачко собрание и пристапувањето кон нивна примена, како и формирањето на Задграничното претставништво и неговата работа не беа, ниту генерирани, ниту засновани согласно со правните правила на Револуционерната организација. Исто така и следниот чекор ќе биде со таква природа, спротивен на правилата на Организацијата, со што ќе биде предизвикан конечниот расцеп во неа. Имено, тој чекор кој ќе биде поддржан и рационализиран, а можеби и предложен од страна на Матов, било решението да не се поканат на Конгресот во Жабокрт Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ, што претставувало единствен пример во дотогашната историја и практика на Македонската револуционерна организација. Со тоа, всушност, била прејудицирана одлуката на тој конгрес за исклучување, од редовите на ВМОРО, на серчани и на струмичани. Таа одлука (таа пресуда без судење; таа presumtio iuris act de iure) била последниот политички волунтаризам на десницата, поттикнат и воден пред сè од страна на Христо Матов, и целосно во склад со ставот на бугарската страна: да се помогне формирање на македонска организација од „умерените и благоразумните елементи во ВМОРО“ и „...да се отстранат и направат безвредни екстремните елементи кои никогаш нема да се вразумат...“[252]

Целиот тој процес, колку деликатен, толку и сложен, беше завршен со успех со Ќустендилскиот конгрес, благодарение на способноста на Христо Матов за ред и систем и на неговата волја и упорност, да работи систематски и целесообразно. Поради тоа самиот Христо Матов за тој процес и за периодот од 1906 до 1908 година, во Белешките за неговата револуционерна дејност, ќе напише: „од ништо направив нешто“. Тој лапидарен исказ има реална и суштинска смисла бидејќи означува точна оцена за она што на почетокот беше група која се мислеше што треба да прави и како да постапи, за на крајот да се конституира во цела револуционерна организација која има: свои

политички цели; свои правила; и свои тела и органи. На таа ВМОРО која по 1908 година, стартуваше како востановена организација, Христо Матов ѝ беше родоначалник.

По откривањето на конспирацијата на Сарафов – Гарванов и на драмскиот војвода Михаил Даев за преземање на територијата на Серскиот революционерен округ од страна на силите на десницата, Окружниот комитет на тој Округ донел одлука тројцата конспиратори да бидат казнети со смрт. Убиството на Сарафов и на Гарванов било извршено на 27 ноември 1907 година од страна на Тодор Паница а Михаил Даев сам си го одзел животот на 30 октомври 1907 година, прифаќајќи ја вината и сакајќи самиот да го изврши чинот на застрелување.[253]

## 11. Матов и формирањето на десницата како цела революционерна организација

По убиството на двајцата членови на ЗП (на Гарванов и Сарафов) десницата одново се нашла пред прашањето: што понатаму. Шокот од убиството на истакнатите личности, со углед во бугарското општество и со поддршка среде бугарските владини кругови, бил особено голем во официјалните бугарски средини. Се сметало оти тие убиства нанеле непоправлива штета на бугарските интереси во македонското движење. Во атмосфера, полна со изненаденост и неизвесност, Христо Матов како единствен преостанат жив член на ЗП не паднал ниту по дух, ниту пак ја изгубил визијата за идните чекори на десницата во правец на нејзино консолидирање како организација. Во тие моменти прво што направил Матов било обраќање со писмо до револуционерните окрузи и околии, известувајќи ги оти работите ќе одат по својот пат, макар што „злодејно паднале неговите другари“. Второ, го повикал Тодора Александров (тогаш учител во Бургас) да дојде во Софија за да помага во работата на ЗП. Подоцна Матов ќе забележи оти воопшто не згрешил во оцената за него дека бил извонредно способен „...за практична делова дејност“. Трето, свикал собрание во Задграничното претставништво за земање решение за натамошната дејност. Присутните истакнати личности од десницата на ВМОРО му дале целосна поддршка на Матов за преземените постапки, ветувајќи му секаква помош во работата на ЗП. Тие, исто така, се согласиле Матов да раководи со работите до одржувањето на Конгресот при што заклучиле дека било потребно истиот

да се одржи во што покус рок за да се легализирала положбата и работите посигурно да тргнеле напред. На истото собрание (од 10 декември 1907 година) било заклучено: да се парализира дејноста и влијанието на Сандански и на неговата група во градовите, од страната на бугарската граница, со примена на сите легални средства, што подразбирало вклучување и на бугарските власти во таа мерка.[254]

На таков начин, по убиството на Гарванов и на Сарафов и по загинувањето на Дамјан Груев, во декември 1906 година, Матов станал најзначајна личност во блокот на умерените македонски револуционери. Другите позначајни личности во ВМОРО, како Ѓорче Петров, Пере Тошев, Петар Поп-Арсов, Димитар Миразциев, Димитар Стефанов, Сандански и други, или биле негодни бидејќи „не покажале еволуција“ во односот кон Бугарија, како што ќе биде констатирано во Извештајот на II политичко одделение при МНР на Бугарија, или биле екстремни заради што требало да се обезвредат и елиминираат од редовите на Внатрешната революционерна организација.

Останувајќи сам на чело на Задграничното претставништво, а со тоа, на чело и на десницата и имајќи експлицитна поддршка од највлијателните кадри на десницата, Х. Матов станал личноста што решава во рамките на десниот блок на ВМОРО и единствената влијателна авторитетна личност vis a vis бугарските институции, така што тој стана „мостот“ и врската меѓу владините кругови и ВМОРО, макар што се има впечаток оти тие кругови не беа многу среќни и радосни со, тогаш, незаобиколивиот Матов.[255]

Три месеци траеја забрзаните подготовки за идниот Конгрес на ВМОРО. Во тој период Матов свикал повеќе собранија со своите истакнати пријатели на кои се разгледувале предлозите како да се постапи со серчани и струмичани во врска со Конгресот и какви решенија да се донесат за управувањето и дејноста на ВМОРО. За непоканување на серчани брзо се согласиле, иако имало поединечни предлози да бидат поканети и тие на конгресот (на пример од Борис Мончев член на ЦК на ВМОРО избран 1905 година). Во врска со струмичани прашањето било посложено бидејќи тие инсистирале на учество на сите революционерни окрузи на Конгресот и дека токму Конгресот било местото за расчистување на проблемите во Организацијата. Струмичани, според своите погледи зафаќале средна (централна) улога меѓу позициите на Матовото движење (на десницата) и меѓу позицијата на серчани (на левицата) во ВМОРО. Поради тоа Матов и неговите приврзаници имале потреба од привлекување на Струмичани, но, под услов тие целосно да се согласат со

веќе дефинираната идеологија и со ставовите на десницата, особено со националистичката линија на борбата за Македонија и за односот кон Бугарија и финансирањето на Организацијата од страна на бугарската Влада. Тој услов бил првата пречка за согласност на струмичани. Тие ја споделувале идејата со серчани за општа револуционрна дејност и за сплотување на сето македонско население во борбата за автономија на Македонија.[256]

Втората пречка, била во фактот што струмичани не ја прифаќале определбата на Матовата група да соработуваат со бугарската влада и таа да ги финансира потребите на Организацијата. Таа ориентација Струмичани ја сметале за времена заблуда на Матовци кои биле така настроени, поради своите поголеми очекувања од новата влада на Бугарија на чело со Александар Малинов и поради верувањето дека владата (потајно) им вршела притисок. Настојувајќи да ги релативизираат приговорите и на левицата и на десницата, струмичани тактизирале нешто подолго време со нивното решение каде да се определат, создавајќи нервоза во раководната средина на десницата, која не била подготвена да прави компромиси за нивната дефинирана и, веројатно, усогласена политика со бугарската страна. Поради тоа десницата се послужила со манипулации за да ја притиснат струмичката група да се приклучи кон нејзините ставови и активности. Таа имено, ги подбуцнала властите за наводна вмешаност на претседателот на Струмичкиот окружен комитет Христо Чернопеев во убиствата на Гарванов и Сарафов, по што полицијата го притворила. Потоа, десницата се нафатила да го ослободува Чернопеева од затвор за да исценира солидарност со струмичани и да ги одоброволи да земат учество на Конгресот закажан за март 1908 година во Жабокрт – Ќустендилско. Бидејќи играта со Чернопеев продолжила со уште еден круг, струмичани го одолговлекувале своето заминување на Општиот конгрес, покрај споменатите причини и затоа што не добиле вообичаена покана туку порака по приватни лица. Сепак, по повеќе меѓусебни обраќања и по конечното отфрлање од страна на полицијата на сомненијата за наводно „цел куп дела“ на Чернопеев, струмичани решиле да заминат за Ќустендил. Меѓутоа, изненадени од информациите (од страна на Х. Татарчев и Е. Спространов) дека Конгресот ги донел сите акти и решенија и оти струмичани се чекале само за избор на Претставништвото и на ЦК на ВМОРО, конечно го откажале своето учество на истиот.[257] Тој факт ја „преполнил чашата“ на струмичани така што, откажувајќи се од соработка со Матовата групација, ја радикализирале критиката кон десницата и кон одржаниот конгрес по сите линии. Со тоа, струмичани, се

приближиле до серчани со кои, во наредниот период, ја сочинувале левицата во ВМОРО.

Интересни се критичките поенти на струмичани упатени кон Матовото течение и особено кон нивниот Конгрес одржан од 5 до 15 март 1908 година во Жабокрт – Ќустендилско.

Во опширното обраќање Струмичкиот комитет ги известил окружните и околиските комитети на Организацијата дека Ќустендилскиот конгрес ги погазил правилата на ВМОРО и ја нарушил нејзината целина, бидејќи, по првпат, два нејзини револуционерни окрузи (Серскиот и Струмичкиот) не се поканети на Конгресот. Укажувајќи на недоличните шиканирања и на срамната соработка со бугарската полиција за да извршат притисок врз нив да се повинуваат на десницата и на нивните ставови, струмичани целосно ја оспориле законитоста на Ќустендилскиот конгрес: прво, заради неприсуство на два од пет револуционерни (македонски) окрузи; второ, затоа што се одржал надвор од организационата територија, спротивно на принципот утврден на претходниот Општ конгрес; трето, затоа што се избрани за делегати лица кои немале право на тоа и биле без статус на членови на Организацијата, бидејќи големото мнозинство од нив биле „чиновници, вестникари и лекари населени и вработени во Бугарија“; четврто, бидејќи нивниот избор за делегати не го извршиле околиските и окружните комитети на Организацијата, туку водечката група на десницата, ставајќи имиња и презимиња врз потпечатени и потпишани бланко-документи со што им го откажале статусот на народни делегати нарекувајќи ги „нивни делегати“.[258]

Струмичкиот револуционерен комитет ги подложил на критика позициите и политиките на десницата, собрана на „незаконитиот конгрес“. Имено, тој комитет забележал оти Револуционерната организација никогаш дотогаш не била падната толку ниско за да се диригира од софиските канцеларии, така како што биле диригирани и грчката и српската пропаганда од канцелариите на Атина и на Белград. Во таа смисла Струмичкиот комитет смета дека раководните кругови на Конгресот се повеле по ветувањата на бугарската влада за голема морална и материјална помош за да се скршат туѓите пропаганди во Македонија.[259]

Констатирајќи дека Хилми-паша едвај чекал ВМОРО така да почне да дејствува, како што решиле конгресистите од Жабокрт, за да може таквата шовинистичко-бугарска пракса да ја изедначи со грчкото андартство и српското четништво и со тоа да го компромитира вистинското дело на македонскиот роб.

„Конгресистите во Ќустендил ја прифатиле тенденцијата да создадат една конспиративна македонска организација надвор од организационата територија (во Бугарија) за оттаму, да се наложат на македонското население, исто како што прават и шовинистичките конспиративни организации во Атина и Белград...“ „Нема, сред тие средини, друга мисла или идеја освен да се засили боевата подготовка на населението – преку префрлање на оружје во Македонија, преку реорганизација на четите – во инструктори за боева обука, и преку засилување на четништвото против пропагандите...“ Потсетувајќи оти на тој начин, се продолжува со грешките кои се правеле и во минатите 2-3 години од страна на истите „софиски патриоти“ кои испраќале големи чети во Македонија со што го легализирале испраќањето и на српските и грчките чети, сега тие исти патриоти ќе го спротивставуваат самото македонско население врз истата шовинистичко-пропагандна основа. Оттаму, Струмичкиот окружен комитет и струмичките делегати, кои биле изманипулирани и оставени без учество на Ќустендилскиот конгрес, барале свикување на нов легитимен и легален вонреден револуционерен собор (конгрес) на кој учество да земат добри легални работници на Револуционерната организација коишто живеат сред угнетените народни слоеви со што ќе можат на Соборот, да ги изразат нивните најголеми потреби и барања.[260]

Кон критиката на десницата, во мај 1908 година, се приклучил и Христо Чернопеев кој, претставниците на десницата ги нарекол „фалирани революционери“, кои како сегашни чиновници во Бугарија, под претекст да го спасуваат македонското население од српската и грчката пропаганда, се објавиле како Внатрешна организација, со што извлекле грамадни суми пари кои, во Софија, ги потрошиле во ветер.[261] Во однос на критиките од страна на Христо Чернопеев се јавила реакција во јавноста, по весниците, меѓутоа со оглед на авторитетот на критичарот, неговиот став оставил белег во јавноста и во Организацијата.

Што се однесувало до серчани, како главна цел на нападите од страна на десницата, за нив било решено да им се објави борба. Во почетокот, пред одржувањето на Ќустендилскиот конгрес за десницата серчани претставувале еден вид „ноќна мора“. Матов и неговите блиски не биле сигурни како натаму ќе се развиваат односите со серската група ако, на пример, не добијат јасна и конкретна помош од страна на бугарските власти. Во таа смисла, во февруари (на 7. II 1908 година) станала голема паника меѓу раководните луѓе на десницата. Повод биле гласовите во весниците за тоа дека Сандански се наоѓал

во Софија со свои дваесет луѓе и оти санданистот Лисичев бил поставен за околиски началник на Рила. Уште истиот ден Матов отишол кај министерот за внатрешни работи Михаил Такев да се распраша за гласовите и да се научи за односот на власта кон Сандански. Во писмото што му го испратил Матов на својот близок пријател Евтим Спространов, соопштил дека гласовите не биле точни, ниту за Сандански, ниту за Лисичев и дека тие, бугарските власти, биле решени Сандански да го гонат до крај, или како што напишал Матов: „Сандански ќе го гонат до оној крај“.[262] За да се доуспокои Матов добил одобрување од министерот за внатрешни работи да се сретне и со министерот на правосудството на Бугарија, Тодор Крстев.

Иако раководната група на десницата ја добила поткрепата дека власта стои зад нив во борбата со серчани и, посебно со Сандански, сепак таа не се решавала да ги одржува врските со своите приврзаници во Македонија непосредно. Десницата страхувала од серчани, доколку се замислела себеси на организациона територија, по објавата од страна на серската група дека ќе се борат против бугарската пропаганда (во која ја сместувале и Матовата групација) како што се бореле и против српската и грчката пропаганда. Тие односи ја „заковале“ десницата за територијата на Бугарија. Така, сите нејзини собирања и подготовки за Конгресот биле вршени во Софија. И самиот конгрес го одржале на бугарска, а не на македонска (на организациона) територија како што било определено со одлуките на Општиот, Рилски, конгрес од 1905 година. Уште поиндикативен бил и податокот дека информацијата за одржувањето на Ќустендилскиот конгрес која ја објавиле бугарските весници (на пример весникот „Реч“ на 19 март 1908 година) била дека се одржал Конгрес на ВМОРО „во внатрешноста на Македонија“ на кој бил избран нов комитет и на кој било решено „да се исклучат од составот на револуционерните области во Македонија, Серскиот и Струмичкиот округ, управувани од војводите Сандански и Чернопеев“.[263]

Ако се има предвид, на една страна, фактот за местото на одржувањето на Конгресот, а на друга страна, новинската информација за тоа место (која не била демантирана од Матов или од друг претставник на десницата) тогаш може да се заклучи колку многу десницата имала потреба од авторитет поврзан со организационата територија (со Македонија) а од друга страна колку многу била ограничена да се наоѓа на таа територија и од неа да ја раководи дејноста на Револуционерната организација, како што бил случајот дотогаш. Тоа може да се потврди и во врска со седиштето на Централниот комитет на

ВМОРО кој бил избран на Ќустендилскиот конгрес. Имено, на тој Конгрес не било утврдено седиштето на ЦК на ВМОРО кој требало да раководи со Револуционерната организација. За да се разбере колку тоа прашање било важно за Организацијата и за делото доволно е да се укаже на фактот дека, сѐ до Ќустендилскиот конгрес, седиштето на ЦК на ВМОРО било во Солун, во Македонија; таму каде што била и Организацијата и таму каде што била сцената на која се одвивало македонското дело. Не случајно Христо Матов, по одржаниот Општ, Рилски, конгрес во 1905 година, за да се запознае со неговите решенија, покрај другите прашања што му ги поставил на Борис Мончев, на прво место било и прашањето за Централниот Комитет, за неговиот избор, состав, права и должности и за неговото седиште (подвлекол В.П.) кое останало на старото место – во Солун.[264]

На Ќустендилскиот конгрес тоа не било определено, но воопшто не се мислело на старото седиште – на Солун, туку на ново, во Бугарија (во Софија). Дека се мислело на ново место може да се заклучи и од решението: ЦК на ВМРО да изработи нов печат, а стариот да се сочува (во архивата). Со новиот печат, без седиште, веќе ЦК на ВМОРО, непризнат од двата исклучени револуционерни окрузи бил, и оспоруван, и сметан за нелегален. На таков начин, избран од Ќустендилскиот конгрес, Централниот комитет на ВМОРО наместо седиште имал сврталиште. Наместо да има седиште во Солун, во Македонија, таму каде што му било местото, ЦК на ВМОРО имал сврталиште во Софија (во Бугарија) таму каде што не му било местото.

Организацијата што била воспоставена со Ќустендилскиот конгрес од март 1908 година, или новата, десноориентирана ВМОРО била организација на четирите револуционерни окрузи, на трите македонски (на Скопскиот, Битолскиот и Солунскиот) и на Одринскиот револуционерен округ. Според нејзиниот организациски профил таа била централизирана, единствена, организација со внатрешна хиерархија на чиј врв е Општиот конгрес како законодавно и врховно тело и ЦК како врвен орган кој раководи со целата организација, кој ја обезбедувал нејзината единственост и давал задолжителни инструкции и раководел со нејзината дејност. Таа организација ги задржала добрите познати демократски правила поврзани со отвореност кон иницијативите, работа на другарска основа, еднаква положба на членовите на ЦК и на ЗП, консултации и почитување на мнозинските мислења на окружните и околиските тела и органи по предвидени прашања и во предвидени случаи и сл. Самата организација во целина се дефинирала како општа револуционерна

организација која е толерантна во однос на различни мислења и определби доколку не пречат на основните цели што ги има поставено, и нетолерантна кон друга иста организација. И понатаму членови можат да бидат сите жители на нејзината територија без разлика на пол, религија, нација и убедување. Целта и понатаму е автономија на Македонија.[265]

Новини во однос на правилата од претходниот, Рилски, конгрес биле: Парламентаризмот како принцип бил редуциран во голема мера; бил задржан само во селските месни организации, таму каде што бил вообичаен, и би се рекло, природен. Променет е начинот на избор на членови за органите на ВМОРО, со тоа што се намалувал бројот на членови на телата и на органите. Раководните управни тела се избираат: месните од членовите на месната организација, но изборот го санкционира околиското тело; околиските и окружните се избираат на конгреси. Изборот подлежи на санкција од респективното началство. Ако по некоја причина не е можно да се одржи конгрес тогаш управните тела се избираат по писмено разбирање меѓу делегатите или, ако нема такви тогаш меѓу респективните управни органи. Мандатот им траел две години.[266]

Произлегува дека Ќустендилскиот конгрес предвидел избор на тела и органи на ВМОРО кој можел да се контролира многу повеќе од раководствата и од повисоките инстанци на Организацијата отколку од базата на Организацијата на секое ниво на нејзино институционализирање.

Интересен е и фактот дека за конгресистите во Ќустендил воопшто не бил спорен членот 3 од Правилникот усвоен на Рилскиот конгрес во 1905 година. Односно, не бил спорен членот според кој им бил негиран мандатот на големото мнозинство делегати на десницата од страна на серчани и струмичани во декември 1906 година, кога требало да се одржи вториот општ Рилски конгрес. Имено, и тогаш (1906 година) како и на Ќустендилскиот конгрес (1908 година) истиот член 3 утврдувал дека секој член на Организацијата што ја напуштил организационата територија ги губи правата на член, што значело дека го губел и правото да биде биран за делегат на конгрес.[267]

Разликата меѓу декември 1906 година кога требало да се одржи вториот општ Рилски конгрес, и март 1908 година кога се одржал Ќустендилскиот конгрес, била во тоа што во 1906 година требало да биде санкционирана десницата (Матовата групација), а да бидат заштитени позициите на левицата (на групацијата на Сандански). А, пак, во 1908 година се штителе позициите на десницата, санкционирајќи ја левицата, на тој начин што нејзините револуционерни окрузи биле исклучени од организационата територија, со

што членовите на Организацијата од тие револуционерни окрузи не можеле да стекнат статус на делегати на конгрес, ниту каков и да е друг статус во новата, рекомпонирана, Револуционерна организација.

Без оглед на споменатата пикантност на примената на членот 3 од старо-новиот правилник на ВМОРО, општо земено и Правилникот и Резолуциите усвоени на Ќустендилскиот конгрес и објавени од страна на Бирото на Конгресот, содржат многу решенија, дефиниции и синтагми од претходните акти на ВМОРО-ТМОРО. Има место да се каже, оти духот на Организацијата, нејзините цели и традиции можат да се препознаат и во актите на Ќустендилскиот конгрес. Разликите кои не се наоѓале во нормативниот, формално-правен, сегмент, се наоѓаат на планот на политичката и практичната револуционерна дејност на ВМОРО Матова.

Таа дејност се препознава во сфаќањата на револуционерната дејност и во делата на десницата на ВМОРО, започната веднаш по неодржувањето на вториот Рилски конгрес; со т.н. Советувачко собрание на делегатите од десниот блок на ВМОРО одржано во Софија во јануари 1907 година.

Каква револуционерна практика, какви дела и какви резултати и последици, генерирала ВМОРО Матова, компонирана од три од петте револуционерни окрузи на Македонската револуционерна организација, по расцепот случен во декември 1906 година?

## 12. Револуционерната дејност на Матовата ВМОРО – облик на граѓанска војна во Македонија

Револуционерната дејност на ВМОРО по Ќустендилскиот конгрес се разгранила во сите оние правци кои ги замислувал Христо Матов во своите брошури, плус, и во дополнителни кои им ги наметнала актуелната ситуација. Општо земено, тоа била дејност насочена: против српските и грчките чети; против нивните јатаци; против нивните комитети во Македонија и надвор од неа ако биле досегливи; против угледни личности и првенци кои припаѓале на тие пропаганди; против села и семејства во села што се определиле за грчката или за српската пропаганда; против население надвор од Македонија, на пример грчко во Бугарија, заради „враќање на крвнината“ пролеана во Македонија од грчките андарти; против сите што се спротивставувале на политиката и дејноста на ВМОРО Матова, како на пример, против серчани и струмичани, против нивните чети, погранични пунктови, војводи и нивни

угледни првенци, како и против Егзархијата и нејзините чиновници и јерарси кои не ги прифаќале предлозите на Матовата ВМОРО за распоред на нивни учители на места каде што предлагала организацијата, итн.[268]

Сета таа „боева дејност“ на организационата, но и вон организационата територија, најчесто се остварувала со атентати и со терористички акти, со чети кои како јадра од Бугарија се дополнувале со поголем број вооружени македонски селани, со посебни терористички групи и поединци, организирани по градовите, со поткупи и киднапирања и со други методи.

Во текот на 1906, 1907 и 1908 година, до прогласувањето на младотурската револуција, имало боеви акции на ВМОРО од сите споменати видови кои, или биле реакција на слични акции на српската и грчката четничка и терористичка пропаганда, или акции на ВМОРО кои повлекувале исто такви реакции на споменатите пропаганди кои вклучувале „свои“ наоружани селани и терористи од македонското селско и градско население.

Еве еден број карактеристични примери, издвоени од мноштвото исто такви настани кои го сочинувале македонскиот политички пејзаж од 1906 година до Младотурската револуција: На 9 март 1906 година „Гркот“ Петре е отепан од „Бугарите“, наредниот ден од „Грците“ е отепан „Бугаринот“ велетрговецот Коста Бомбол; на 13 март од „Бугарскиот“ комитет е отепан овдешниот член на грчката странка Лазар Коста; на 14 март „Бугарите“ пукале на „грчкиот“ поп во Прилеп. Идниот ден „Бугарите“ пукале на познатиот Тале, кој во Прилеп важел за „разгален Србин“; ноќта меѓу 15 и 16 март во Мариово, грчка чета убила тројца „Бугари“; на 18 март во близината на Крушево се отепани два „бугарски“ свештеника по име Атанас и Ристе; на истиот ден во с. Емборе грчка чета ја запалила куќата на „бугарскиот“ свештеник Димитри во која изгореле тој и син му; на 24 јули во Бељаковце е ранет „бугарски“ свештеник од српска чета; во с. Просочен една бугарска чета запалила 4 куќи и убиен еден „Грк“ Јани и едно дете; во селото Плевна од страна на „Бугарите“ е отепан патријаршискиот претседател на селската општина и двајца жители („Грци“) а 6 души („Грци“) биле ранети; на 11 јули во Кавала од Грците биле убиени „бугарскиот“ млекар и трговец Нешо и продавачот на сол „Бугаринот“ Никола; на 8 декември 1906 во селото Сович двајца „грчки“ комити влегле во куќата на „бугарскиот“ кмет и го отепале заедно со син му; вечерта истиот ден една „бугарска“ чета отепала тројца „Грци“;[269] по атентатот над „српски“ свештеник во Берово и по злосторството од бугарска страна во селото Рудник следеле репресии од српска страна во велешките села Крива Круша, Извор,

Владиловци и други места (во март 1907 година); на почетокот на ноември 1907 српска чета го нападнала селото Градец, Кривопаланечко, како егзархиско („бугарско“) село, палејќи куќи и убивајќи го кметот на селото. Истовремено бугарска чета го нападнала кривопаланечкото србизирано село Киселица, палејќи куќи и убивајќи жители; по тие настани, два дена подоцна, српската чета го нападнала Страцин, Кратовско, при што изгорело дел од селото, бидејќи, кога пред три месеци грабнале „Бугари“ како заложници, селаните не се „опаметиле“ па да се србизираат; по една недела бугарска чета го нападнала србизираното кратовско село Отовица; слични настани имало и во Прилепско, Битолско и Кичевско. На релација со грчката пропаганда: на 2 октомври 1907 година голема бугарска чета од 300 лица, четници и вооружени селани од соседните села, го нападнале патријаршиското („грчко“) село Негован како акт на одмазда за грчките злосторства над „бугарски“ села, при што запалиле 20 куќи во кои изгореле седум жени и убиле и раниле уште 17 селани; на 26 декември (стар стил) на вториот ден на Божик грчка чета составена од андарти и од локални селани го нападнала битолското село Драгош, затоа што дел од селаните од традиционално „грчкото“ село, под притисок на бугарската чета дојдена на почетокот на 1907 година, се согласиле да станат „Бугари“. Откако го опколиле селото, ги запалиле куќите на новопрогласените „Бугари“, при што внатре ги затвориле домашните. Во опожарените куќи изгореле десет жени, десет деца од една до единаесет години и шест мажи; на 17 декември 1907 година во Солун бил ранет „грчкиот“ крчмар Алеко од „бугарскиот“ бербер Гочо; на 22 август еден Влав, гркоман, бил убиен во Битола. Вечерта е убиен еден „Бугарин“ Петре Папаристе од страна на еден „Грк“. На 19 декември 1907 година една грчка чета го убила овчарот „Бугарин“ Нешо од Јајлацик, а на 23 декември бугарска чета во струмичко Мокриево го убила овчарот „Грк“ Јорго; на 29 декември 1907 година грчка чета која ја придружувале вооружени селани од битолските села Скочивир и Брод го нападнале Неготино, при што запалиле четири куќи, убиле тројца мажи и еден раниле, запалувајќи и штали со добиток.

Цела 1907 и дел од 1908 година била исполнета со напади на села, со бројни битки меѓу четите на трите пропаганди, на четите со турските воени и жандармериски сили при што, заедно со четите на тие пропаганди војувале и локалните селани, зависно од тоа кои на која пропаганда припаѓале. На тој начин не била ретка појавата еднаш тие и такви чети, заедно со селаните од соседните села, да палат куќи на соседно село и да убиваат селани – соседи, за

следниот пат, самите да станат жртви на своите претходни жртви. Такви случаи имало низ цела Македонија: во Битолско, Прилепско, Тиквешко, Кичевско, Паланечко, Костурско и на други места.[270]

Покрај тој вид „боева (непосредно револуционерна) дејност" ВМОРО и нејзините комитети во Македонија, еднакво како и дејноста на српско-македонските и на грчко-македонските комитети, изведуваше и вршеше терористички напади над туѓи објекти и убиства над „свои" и „туѓи" шпиони. Интересен е фактот дека сите три страни имале попис на угледни лица и на првенци од „другите" кои биле предвидени за убивање. Има тврдења, содржани во диломатските документи, дека во определени места, на список за ликвидација, биле опфатени сите понапредни, угледни и богати лица од туѓите табори. За таа цел биле организирани и подготвени специјални терористички групи по градовите за дел од кои има податоци во дипломатските документи, најчесто добивани од Хилми паша, но и од други извори. Мошне љубопитен е оној податок дека биле вршени напади на населби со туѓо (грчко или српско) население и на поединци припадници на такво население надвор од територијата на Македонија; дури и во Бугарија, експериментирајќи со Матовиот принцип: „удар по болно место".

За да се стекне поцелосен впечаток за предизвиканата анархија со споменатите меѓусебни конфронтации на четничките и терористичките боеви сили на трите пропаганди во Македонија, ќе ги наведеме статистичките податоци за сторените злосторства во трите вилаети (Скопски, Битолски и Солунски) за периодот од 1/14 март 1906 до 29 февруари/13 март 1907 и од 1/14 март 1907 до 28 II/13 III 1908 година.

Во првиот интервал (1/14 март 1906 – 29 II/13 III 1907 година) на територијата на Македонија, во меѓусебните пресметки на пропагандите, биле убиени 2.329 лица и ранети 1.071 лице.

Во вториот интервал (1/14 март 1907 – 28 февруари /13 март 1908 година), во тие исти пресметки, во Македонија биле: убиени 2358 лица и ранети 1.161 лице.[271]

Сите тие жртви и сите други пустошења на селата и на имотот на населението, предизвикани од трите пропаганди, со вовлекување на фракционираното и, еден вид, регрутирано македонско население не можат да се подведат под поимите на револуционерна и ослободителна борба или под поимите на борба за права, слободи и за културна и економска еманципација на македонското население; или пак, под поимите за модернизација на државата

(за нејзина правна и либерално демократска обнова). Спротивно на тоа, сите тие настани значеле потежок вид анархија на системот и на државата и облик на хаотичен распад на македонското општество со негово цепење по линија на политичкиот национализам на трите балкански држави – претенденти кон Македонија. Во продолжение, таквиот расцеп во македонското општество означуваше безобѕирна меѓусебна конфронтација на населението кое, конечно ги закопа идеите за македонски и политички патриотизам на истото т.е. за македонска држава како заеднички дом на слободни и еднакви граѓани, независно од народноста и религијата.

Тие последици (и резултати) од националистичките пропаганди и од четничката и терористичката конфронтација на истите, во суштина, ги легитимираа интересите на сите три балкански држави во однос на Македонија и значеа компромитација на идејата за автономија на Македонија и за Македонија на Македонците. Без оглед на фактот што таа идеја и тој слоган најмногу одговараше на бугарскиот државен национализам кој сметаше на мнозинска поддршка сред македонското население и, врз таа основа, на можно идно обединување на Македонија со Бугарија, сепак бугарските инстанци и ВМОРО Матова, како алатка на нејзината политика, погрешно ја пресметаа својата сила и како држава и како пропаганда. Имено, тие два фактори сметаа дека македонското православно население, во грамадно мнозинство е бугарско и дека самото, ако добро се вооружи и раководи, ќе може со својата сила да ги поништи периферните и неприродни пропаганди на Грција и на Србија. И, дека, во случај да се јави опасност од воено вмешување на тие балкански сопернички, Бугарија ќе можела да ги победи и тогаш кога би војувала истовремено со двете.

При такви верувања и ставови, а при процена оти е можно избувнување и на поширока војна по повод задушувањето на критското востание од 1904-1905 година и настаните во следните години во врска со решавањето на критското прашање, како и по можните компликации од планираното скорешно прогласување на независност на Бугарија, и двата фактори (и бугарската влада и ВМОРО Матова) сметале оти е дојдено времето отворено да се истакнат бугарските национални атрибути на борбата на македонското (словенско) население. Со легитимирањето на бугарските атрибути во македонското ослободително движење се легитимирале и бугарските права над Македонија од што се очекувала поддршка, како од македонското население, така и од меѓународните фактори.

Меѓутоа, четничките конфронтации на теренот на Македонија и држењето на македонското население не ги потврдија очекувањата, ниту на Матов и на ВМОРО, ниту на бугарските инстанци (на Владата и кнезот). Тоа што практично, и вистински, се случи на теренот во Македонија беше губење на позициите на ВМОРО во многу реони за сметка на нивно освојување од страна на српската и на грчката пропаганда. ВМОРО изгуби многу од својата организациона територија во Скопско, Велешко, Кичевско и Бродско за сметка на српската пропаганда која покрај во тие реони се стекна и со одделни енклави и/или пунктови и во Кривопаланечко, Кумановско и Прилепско.

Во однос на грчката пропаганда ВМОРО Матова беше потисната од многу битолски реони вклучително и од самата Битола и Крушево, од Солун и Солунско, како и од Каљарско и Костурско со многу пунктови во Леринско, Воденско, Серско и во други околии на Јужна Македонија.[272]

Од аспект на Организацијата, причините за слабите резултати од националистичката четничка кампања на ВМОРО во периодот од 1906 до Младотурската револуција лежеа: во поделбите во ВМОРО по востанието и по Првиот рилски конгрес; во недостатокот на финансиски средства и на оружје и други борбени потреби; во опаѓањето на ентузијазмот и во кавгите меѓу организационите кадри; во политиката на турската власт да ги разгори пропагандите и судирите меѓу нив и протекционистички да ги третира српската и грчката пропаганда за сметка на бугарската која ја сметаше за поопасна; во дополнителниот расцеп по 1906-1907 година и во покажување на отворено непријателство меѓу десницата и левицата во ВМОРО; во полошото водење на пропагандата во споредба, на пример, со српската, што ги увиделе и самите раководители на ВМОРО;[273] итн.

Што се однесува до македонското население и до нивниот одѕив на пропагандите, се покажа оти тоа се фракционирало поинаку од очекувањата на ВМОРО, учествувајќи како вооружена придружба и на грчката и на српската пропаганда. Причини за тоа има повеќе. Некои од нив се: во мешаниот состав на македонското население кое што ја изгуби надежта за нејзина самостојност; штом ВМОРО ја напушти таа политичка цел, инородниот дел од тоа население немаше причина да се приклони кон бугарската државно-националистичка пропаганда; во фактот што македонското словенско население, во голема мера, не беше наклонето кон идејата за обединување на Македонија со Бугарија, ниту за интерполација на бугарскиот државен национализам во идејата за автономна Македонија; во позицијата на големи делови од населението како

патријаршиски милет и значаен дел како срб милет; како и во сиромашната и очајна положба на македонското население која притискаше, тоа да биде опортуно и прагматски сопоставено.

Сите тие причини, сврзани со трите пропаганди, и со однесувањето на македонското население, очигледно, не беа реално и доволно домислени и оценети како од бугарска страна, така и од страна на ВМОРО. Поради тоа ВМОРО претрпе големи загуби во боевите сили во кои даде многу голем број скапи жртви од својот војводски и четнички состав.

Како капак на таквите резултати од новата револуционерна тактика „профилозофирана“ во многу написи и изјави за јавноста, особено од страна на Христо Матов и Петко Пенчев, дојде и реакцијата на европските сили и на нивната политика кон Македонија во тоа време. Реакцијата на европските сили не беше таква каква што очекуваа Христо Матов и ВМОРО. Европските сили не тргнаа од идејата да почнат да го решаваат македонското прашање со претпочитување на интересите на мнозинското „бугарско“ население, кое што Матов сметаше дека постои во Македонија. Тие сили, уште помалку, помислуваа дека судбината на Македонија треба да ја врзат за бугарската држава или, дека треба да признаат оти, според верувањата на Матов, објективните односи и процеси постојано ќе ја наметнувале инерцијата кон приближување и обединување на Македонија со Бугарија.

Спротивно на таквите вообразби, европските сили тргнуваа од своите државни интереси на Балканот кои не беа истоветни ниту меѓу нив самите, ниту пак тие се поклопуваа со посебните интереси на балканските држави.[274] На пример Русија, замислувајќи го Балканот, во услови кога не можела да наметне еднострано решение, била за поделба на Македонија и на другите османски балкански поседи на балканските државички со тоа што морала да го прифати австро-унгарскиот став за формирање, на Балканот, уште на Албанија како посебна држава.[275] Австро-Унгарија, пак, согласувајќи се на поделба на другите турски балкански територии меѓу балканските држави, кога станувало збор за Македонија, првенствено била заинтересирана за железницата кон Солун со која имала намера да ги поврзе своите железнички траси при што балканските, а особено македонските пруги, би служеле како сет за поврзување на средноевропските железници. На тој правец и по тој начин и моќната Германија ги гледала своите интереси, особено поради нејзиното поседување на т.н. Багдадска железница.[276] Поради тие интереси, на северниот и на средниот дел на македонската железница кон Солун, Австро-Унгарија имала интерес и

понатаму да се одржуваат претпоставките за српско-бугарска компетиција; и понатаму да се одржуваат споровите и судирите меѓу Србите и Бугарите. Таа била против тој дел од Македонија, да припадне само на Бугарите или само на Србите: бидејќи во таков случај, таа би имала консолидиран партнер кој ќе можел да диктира услови за користење на железницата. Иако дипломатијата на Австро-Унгарија признавала оти Бугарите и Бугарија им биле подраги и посимпатични сепак, заради нејзините интереси, претпочитувале: на главната трансверзала и пошироко околу неа состојбата секогаш да е растресита, а силите и интересите на двете народности и на двете балкански држави секогаш да се во меѓусебна опозиција. Според истата логика, од средината на Македонија, па до самиот Солун и понатаму кон југоисток, Австро-Унгарија ја претпочитувала компетицијата меѓу Бугарите и Грците, сметајќи оти тие делови од највиталниот појас на нејзините интереси, исто така, треба да бидат фрагилни за да може самата таа да се послужува: де со едната, де со другата народност, или со едната или другата балканска државичка.[277]

За Англија, пак, подолго време, сè до Младотурската револуција, решението на македонското прашање било гледано низ призмата на членот 23 од Берлинскиот договор.[278] Тоа значело дека таа се залагала за автономија на Македонија во рамките на Турската Империја. Таа политика на Англија била најблиска до бугарските интереси па поради тоа биле развиени многу блиски врски со англискиот Балкански комитет и со одделните угледни и високо позиционирани, во англиските институции, негови членови. Пример се односите со браќата Ноел и Чарлс Бакстон, со Ноел Хенри Брејлсворд и со други. Христо Матов одржувал блиски пријателски врски со браќата Бакстон и кореспондирал со постариот Ноел кога требало да се чуе сугестија или совет за одделно прашање или за одделна постапка што се планирало да биде преземена. Англија сепак, тргнувала од својот интерес кој се разбира бил динамичен со оглед на условите за негово остварување. Тој интерес првенство се состоел во нејзината заинтересираност Русија да не може да ги заземе морските теснини и да не може да излезе на отворено море. Тоа значело дека Англија никако не сакала да ја види Русија, ниту во Средоземјето, ниту на Балканот. Поради тоа за Англија било од интерес, Турската империја да се одржува сè додека таа била способна да ги штити морските теснини и Балканот; до тогаш Англија постојано ја помагала Империјата. Тогаш кога таа не била способна тоа да го прави, Англија била заинтересирана за јакнење и привлекување на Грција и на Бугарија кои би ја вршеле улогата на чувар на западните интереси од

руско загрозување. По 1903 година Англија настојувала, Македонија да добие генерален гувернер христијанин, независен од турската администрација и поткрепен со свој буџет и со посебна воено-жандармериска сила. На пример, Ноел Бакстон во 1907 година на австро-унгарскиот генерален конзул во Солун Бохумил Пара му рекол оти би било најдобро на голем балкански простор, од Солун па до Дарданелите да се формира голема бугарска држава која ќе можела да го спречи евентуалниот силен руски продор.[279]

Всушност, на почетокот на XX век на Англија ѝ одговараше проширување и јакнење на Бугарија под нејзино покровителство, за разлика од 1878 кога таа иста творба, под патронатство на Русија, се промовираше како санстефанска Бугарија. Во 1878 година таквата Бугарија требаше да биде руски сателит и руска алатка, а по 1903 и 1907 година таа би била англиска или западноевропска алатка. Меѓутоа, веднаш, во јули-август 1908, по победата на Младотурската револуција и по доаѓањето на власт на младотурскиот режим на англофилот Ќамил-паша, Англија се откажа од претходниот план и стана поддржувач на обновата на турската држава. Само 3-4 години подоцна кога до крајност се изострија односите меѓу Антантата и тројната оска и кога младотурскиот режим самиот ги поткопа темелите на својата власт, Англија подготвено се солидаризира со Русија за поделба на балканските простори (и на Македонија) на трите балкански земји, за да, во 1913 година и Балканскиот комитет во Лондон за Македонија и за нејзината судбина, почна да пишува без симпатии и чувства и без преференција на бугарските интереси. Во август 1913 година, по Втората балканска војна, поради ставовите на Балканскиот комитет за Македонија, Христо Матов и Пејо Јаворов испратиле протестно писмо до него и, од името на Задграничното претставништво на ВМРО, го искажале својот револт затоа што, во Лондон и на други места во Англија, за Македонија, се пишувало како за Конго или Мароко. Меѓу другото, Матов и Јаворов напишале: „...бугарското население кое се бореше во продолжение на 20 години и кое го крена востанието во 1903 година, ќе биде исто така силно и во иднина и не ќе остави други да си играат со неговата судбина...“[280]

Протестот отиде во архивите на двете страни. Тоа што продолжи да се реализира на планот на политиката на европските сили (и на Англија) беше строгото практикување на интересите на големите сили. Тој пристап ги натера тие сили, во 1907-1908 година, да се здружат и да ја поткрепат турската влада да се справи со четничката анархија во Македонија. На тој план, нивните офицери, на чело со генералот Де Џорџис, кои веќе работеле на

реформа на жандармеријата, побарале нејзино зголемување за уште 2000 жандарми, што било прифатено од турска страна. Жандармеријата која веќе броела 7000 жандарми и специјалните воени сили, т.н. летечки и ловечки (авџиски) баталјони организирани и обучувани за справување со четите, успеале да зададат сериозни удари на четничките сили на трите пропаганди, посебно на таа на ВМОРО. По ненадејната смрт на Де Џорџис, на 13 март 1908 година, од страна на неговиот заменик, Ди Робилант (Mario Antonio Nikolas di Robilant) било инсистирано жандармерискиот корпус да се зголеми на 10.000 жандарми.[281] Големата анархија и речиси комплетното растројство на турската администрација, особено во Битолскиот вилает, како резултат на акцијата, на четите на ВМОРО и на четите на албанските комитети кои често знаеле да настапуваат здружено, а неретко и трипартитно, (и со влашките чети)[282] станале причина Англија и Русија, пролетта 1908 година, да преземат нова иницијатива за реформи во Македонија. Целта била: борбата со четите да стане поефикасна и да се воспостави поднослив ред и мир во Македонија. Тие реформи усогласени во јуни месец 1908 година во Ревал од страна на англискиот крал Едвард VII и рускиот император Николај II биле повод за кревање на Младотурската револуција, која ја запрела дотогашната револуционерна дејност на ВМОРО (и таа на левицата и таа на десницата), пренасочувајќи ја на легален план и со легални средства.[283]

Општо земено, новата революционерна „филозофија" на Матовата ВМОРО и нејзината примена од јануари 1907 до половината на 1908 година придонесе за разбивање на недозакрепнатото политичко единство на македонското население, кое, по долгогодишната упорна дејност на Македонската револуционерна организација, предводена од Гоце Делчев, Даме Груев, Петар Тошев, Ѓорче Петров и други, успеа да се сплоти околу идејата „за полна политичка автономија на Македонија" и за „Македонија на Македонците". Новата революционерна идеологија и нејзината четничка и терористичка практика ја поништи и самата таа идеја за македонска автономија[284] и „за посебна македонска државичка".[285]

Идеологијата на Матовата ВМОРО ја наметна идејата за бугарски карактер, на таа автономија и за бугарски државен национализам – како дел на борбата за ослободување на Македонија од турската власт што, практично, значеше борба за обединување на Македонија со Бугарија. Таа логика која значеше наметнување на бугарскиот иредентизам, исклучувајќи го револуционерниот и политички македонизам, докрај ги испровоцира противречностите

во македонското општество; противречностите меѓу балканските државипретенденти кон Македонија; ги испровоцира и противречностите внатре во Македонската револуционерна организација, заострувајќи ги нивните односи до степен на меѓусебни пресметки и елиминации.[286]

Тие противречности и настани од периодот на 1906-1908 година ја доведоа Македонија до опасноста да се распадне како општество и да се распарчи како земја. За тоа придонесоа сите претходно споменати фактори. Но ако се побара главната внатрешна причина за тоа и главниот внатрешен (македонски) фактор кои го поттикнаа (и генерираа) односниот процес, тогаш, без сомнение, тоа е онаа политичка платформа и онаа идеологија и тактика на „революционерната“ дејност која беше формулирана со јануарското Советувачко собрание на десницата на ВМОРО во 1907 година и конечно дефинирана со Ќустендилскиот конгрес. Тоа беше „практичната боева дејност“ на Матовата ВМОРО во 1907-1908 година која, прва, ги придвижи сите споменати противречности во македонското население. Конечно, тој прв импулс и генератор се формира во спрега со политичката концепција на бугарската држава изјаснета во Извештајот и во предлозите на II-то политичко одделение на Министерството за надворешни работи на Бугарија од март 1906 година и со штедрата логистичка поткрепа на таа држава, дадена на Матовата ВМОРО,[287] за реализација на т.н. практична революционерна дејност, чиј профил беше илустриран на претходните страници.

Сета, таа ситуација во Македонија и околу неа, доведена до рубиконот на нејзиното постоење, беше пресечена со кревањето на Младотурската револуција, која почна токму поради ситуацијата во Македонија и поради опасноста таа да биде загубена за турската империја.

## 13. Младотурската револуција и ВМОРО Матова

На 23 јули, со топовски плотуни и со свечености, беше прогласена победата на Младотурската револуција.[288] Тој ден султанот Абдул Хамид II со указ одново го ставил во сила Уставот од 1876 година чиешто важење било сторнирано на 14 февруари 1878 година кога бил распуштен и самиот Парламент (Меџлис – и Умуми).

Одушевувањето сред нетурските маси било големо. Тие се надевале дека ќе „здивнат“ од неподносливиот терор на дотогашниот деспотизам чиешто

рушење било главната цел на борбата на Младотурците. Нивната прокламација дека се борат за уставна (правна) власт во која секој поединец и сите народи на турската држава ќе имаат исти и еднакви права и слободи и дека уредувањето и управувањето со државата ќе биде засновано врз праведно (пропорционално) народно претставништво, врз парламентаризам, одговорна влада и демократија, не можело а да не ги внадежи и зарадува измачените народи на Империјата, во тој ред и народот на Македонија. Повикот за братство и за подавање рака заради отфрлање на деспотизмот и на тормозењето на народите, како и за отфрлање на интригите и мешањето на странските држави кои поради своите интереси, уште повеќе ја компилцирале и така тешката состојба, беше спремно прифатен и од срединитe на Македонската револуционерна организација, и на тие од десницата, и на тие од левицата. Така на пример, на 3 јули 1908 година, додека сè уште се водеа борбите меѓу силите на Абдул-Хамидовиот режим и тие на Младотурските комитети. „Обединување и прогрес“ („Иттихад и Теракки“) Битолскиот окружен револуционерен комитет на ВМОРО испратил писмо до Битолскиот младотурски комитет за можност од заедничко дејствување на двете организации за извојување на човечки права. Во писмото, меѓу другото, се вели: „...Вашата борба за извојување човечки права на сите ни е симпатична бидејќи таа, по идеја, се совпаѓа со досегашните наши тешки борби и стремежи.... Колку што ни е познато вашиот комитет се искажал за здружено дејство. Тој предлог ние го пресретнуваме со најголема подготвеност. Сожалуваме до крајност што не можеме да ви дадеме каков и да е одговор, затоа што тој зависи од конечното решение на Централниот комитет... До добивањето на конечен одговор ние ќе влијаеме бугарското население да се однесува со симпатии кон вашето дело...“[289]

По прогласот на Младотурскиот комитет „Иттихат и Теракки“ упатен до сите отомански поданици насловен со: „Блага вест браќа“ и со искази за братство, за слобода и за татковината како и за почитување на честа, имотот и животот на сите; за правда, чест и љубов меѓу народите, верувајќи во една нова перспектива на слобода и напредок, на младотурското движење, без резерви му се приклучи и левицата на ВМОРО, серчани и струмичани. Тие се огласија со Манифестот на Јане Сандански од 18 јули 1908 година, упатен кон сите народности во Турската Империја,[290] повикувајќи ги да ја поткрепат Младотурската револуција, и преку јавните говори на истакнати водачи на левицата, какви што, на пример, беа говорите на Христо Чернопеев, во втората половина на јули месец во Велес, и на Павле Делирадев во Солун одржан во истиот интервал во 1908 година.[291]

На 23 јули 1908 година, ЦК на ВМОРО (Матова) се обратил до Младотурскиот комитет „Иттихат и Теракки“[292] („Обединување и напредок“) со кое го известува Комитетот дека ВМОРО ги прифаќа идеалите на Отоманскиот комитет и дека ќе укаже полно содејство за нивната реализација. „Како што го покажа своето содејство и како што ја прифаќа основната позиција на младотурската програма, Организацијата си го зачувува правото да ги бара оние слободи за македонско-одринското население без кои смирувањето на државата е невозможно...“ а тие права и слободи биле:

(I) Радикална ревизија на Уставот од 1876 во духот на демократскиот конституализам: 1) Елиминација на Сенатот или негово модернизирање; 2) Изречно предвидување на слобода на политичките здруженија паралелно со слобода на говорот и на печатот; 3) Полна децентрализација на управувањето. Административна самоуправа на Македонија, обласно собрание со право на донесување буџет и контрола на месната управа. Официјалниот јазик во месните институции ќе биде јазикот што го говори населението. Само комуникацијата со централната власт ќе биде на турски (јазик).

II Нова административна поделба во зависност од етничките граници на одделните народности.

III Целосна рамноправност меѓу сите нации и религии. Пристап на Христијаните на сите должности вклучително и на воените. Официјална религија не се предвидува.

IV Реформирање и намалување на армијата и флотата. Сообразно со расположливите сили на населението и на меѓународната положба на империјата. Намалена воена обврска, општа за сите народности.

V Мерки за подигање на земјоделието, трговијата, индустријата и просветата во државата. Училиштата-државни, во нив наставата е на говорниот јазик на областа. Основното изучување на турскиот јазик е задолжително.

VI Целосна амнестија на сите затвореници, заточеници и емигранти.

VII Детронација на сегашниот султан.

Понатаму, ВМОРО побарала изработка и на една општа програмска платформа за државата во која би зеле учество сите револуционерни организации на народите на Империјата. Притоа, до моментот кога ќе се создаделе услови за нормална политичка борба, да се создаде(л) еден федеративен комитет од претставници на револуционерните организации кој ќе ја довел до крај изработката на програмската платформа за државата.[293]

Одобраќањето на ЦК на ВМОРО до Младотурскиот комитет „Обединување и напредок“ може да се заклучи оти Матовата ВМОРО, всушност не била за

соработка со Младотурскиот комитет и дека таа организација не била многу радосна поради успехот и победата на Младотурската револуција. Тоа било разбирливо, бидејќи целите на ВМОРО Матова по Ќустендилскиот конгрес, нејзината практична револуционерна дејност во 1907 и 1908 година, биле пресметани, не на обнова на турската држава, туку на нејзино растројување и растурање и на вовлекување на Бугарија во војна.[294] ВМРО Матова не ја гледала Македонија како дел на обновена Турција, па и тогаш кога би станувало збор за нејзино уставно и демократско преуредување во кое Македонија би имала услови за мир и напредок. И при такви претпоставки ВМОРО Матова, Македонија ја гледала, или како дел од бугарската држава и од бугарското општество, или како автономна единица, издвоена од Турската империја.

Претпоставката дека во таа перспектива е можно започнување на балканска војна за Македонија и нејзино парчење и поделба, била поприфатлива отколку останувањето на Македонија во турската држава, па каква и да е таа. Се разбира, притоа ВМОРО сметала на: силата на бугарската армија и процената дека е нереално очекувањето Турција, радикално, да се модернизира и трансформира во правна, децентрализирана и демократска држава. ВМОРО сметала и на вмешувањето на европските сили, кои, колку толку, би морале да бидат објективни, признавајќи ги интересите на мнозинското „бугарско“ население во Македонија и (хипостазираната) воена надмоќност на Бугарија над балканските сопернички. Конечно, ВМОРО Матова била свесна дека некои делови ќе отидат кај балканските конкурентки но, очигледно, сметала оти, тие би биле помали и периферни, со оглед на нејзиното уверување за карактерот и наклоноста на грамадното македонско мнозинство и сообразно со замислената сила на бугарската армија.

Токму на таа линија, ВМОРО Матова (или десницата) се разликувала од левиот блок на Македонската револуционерна организација (или, од серчани и струмичани). Таа гранка на МРО, по победата на Младотурската револуција и по воведувањето на уставот и прокламирањето на политиката на еднакви права и слободи на сите народи на Империјата, а при процена на можна балканска војна меѓу балканските соседни држави за поделба на Македонија, сметала оти е подобро Македонија да остане во турската држава, при услови на нејзина децентрализација и демократизација. Односно, во перспектива на создавање на еден вид Источна федерација од Империјата, Македонија ја замислувале како автономна единица во неа со доволно претпоставки за економски социјален и културен развиток и со гаранции дека нема да биде распарчена и обезличена од

страна на соседите. Поради тоа левицата на МРО станала активен соработник со Младотурците, учествувајќи во борбите против реакцијата на султанот и на старите политичките сили и настојувајќи да влијае врз младотурските комитети за реформирање на системот и на управата во Империјата.

Поради тие ставови и блиската соработка со младотурското движење, левицата на МРО имаше поумерена програма од таа на десницата на ВМРО, земено и според барањата и според дикцијата на обраќањето. На пример, во програмата на левицата немало ултимативно условување на еден вид закана дека нема да има мир во државата ако не се исполнат некои услови што биле поставени во програмата, каков што бил случајот со програмата на ВМОРО Матова од 23 јули 1908 година. Понатаму, во програмата на левицата немало барања какви што биле на пример оние за намалување на армијата и на флотата, согласно со меѓународната положба на Империјата, што не било барање, прилежно на револуционерна организација, туку барање типично за држава победителка, или за посилна држава која може да диктира услови со закана за воена интервенција. Такви барања можат да бидат типични и за европските сили кои често интервенирале во внатрешните работи на Турција.[295]

Во програмата на ВМОРО Матова има и други точки од програмата кои се, така да се каже, на границата на диктат, какви што се оние укажувања, дека во посакуваната обласна (македонска) самоуправа, во состав на турската држава, турскиот јазик немало да биде службен, ниту паралелно ниту алтернативно, со говорниот јазик во обласа, туку би бил во употреба само тогаш кога обласните институции ќе комуницирале со централните власти. Има и определени други аспекти од програмата на ВМОРО од 23 јули 1908 година кои оставаат впечаток како токму таа Организација да е посилниот партнер во однос на младотурските комитети и како ВМОРО да ја има изведено револуцијата и соборено стариот деспотски режим на Империјата, а не младотурското движење со силите на турската армија кои застанале на негова страна. На прашањето (или чудењето) од каде таквата, нереално „напумпана“, позиција кај ВМОРО, објективниот одговор не е во било каква наивност или неспособност на Матов и на другите раководни личности на ВМОРО да ги одмерат силите и да ги оценат шансите за наметнување на своите барања на турската страна. Смислата на тие барања не била израз на нереалните верувања и процени кај водачите на ВМОРО. Споменатата програма на ВМОРО и нејзината дикција, всушност, била исказ оти тој дел од Македонската револуционерна организација немала желба и намера да се придружи и да содејствува со младотурскиот комитет

„Обединување и напредок“ бидејќи ВМОРО немала намера, ниту да се обедини, ниту да напредува со Турците во турска држава. Погледот на ВМОРО Матова бил свртен на друга страна: тој стигнувал, или до сепаратна автономија на Македонија, или до обединување со Бугарија со што, во крајна линија, била сврзана конечната цел на таа организација. Второ, со споменатата програма и со обраќањето до Младотурскиот комитет, ВМОРО Матова ја индицирала својата припадност на една друга респективна сила за која требало да се води сметка, при што пораките на таа друга сила биле содржани, или „меѓу редови“ од програмските барања на ВМОРО, или во некои одделни точки од истата; на пример и во точката под римско два во која се инсистирало да се направи нова територијална поделба за појасно етничко групирање на народностите, со што како да се сакало да се даде на знаење што не е турско, а што е бугарско во Македонија.[296]

Со споменатата програма која, најверојатно, ги испровоцирала водачите на Младотурската револуција, ВМОРО во новите услови не можела да биде прифатена како партнер на младотурските комитети. Таа, во тие исти услови не можела да продолжи ниту како нелегална, боево-конфронтирана, организација затоа што, на самиот почеток на младотурскиот режим, младотурските комитети ја уживале поткрепата на европските сили. Дополнително и Бугарија имала потреба од мирување поради планираниот нов статус на независна суверена држава во облик на царство, предвиден да се прогласи во најскоро време.[297]

Програмата на ВМОРО од 23 јули 1908 година, и левицата ја имаше прогласено за ултранационалистичка, со сеприсутност на бугарски државен национализам и, како таква, за непродуктивен предлог на десницата на ВМОРО во новите услови на ангажирање за македонските интереси. Таа програма, но и следната од 28 јули, како и држењето на ВМОРО Матова кон младотурскиот режим биле оценети како дубиозни и од страна на осведочениот пријател на македонското дело, претседателот на Балканскиот комитет во Лондон, Ноел Бакстон. Христо Матов морал да ја објасни позицијата на ВМОРО кон младотурскиот режим, при што изнел показатели дека Македонската революционерна организација дала јасни и конкретни докази за својот мирољубив и соработлив однос кон новиот режим и новите сили, но изнел и голем број податоци и констатации дека тој режим не покажува ниту однос ниту гаранции и резултати дека ќе ги промени работите и позициите на нетурските народи во Империјата, согласно со прокламираниот конституционализам и со правната и политичката рамноправност на сите припадници на отоманското општество.

Но како и да е, за да можело да се востанови коегзистенција, доверба и соработка, меѓу ВМОРО Матова и младотурскиот режим било потребно ново програмско изјаснување на ВМОРО и преговори меѓу водачите на Македонската организација и водачите на Младотурскиот комитет „Обединување и напредок". Новото програмско обраќање на ВМОРО се случило веќе на 28 јули, 5 дена по првото такво обраќање, а преговорите меѓу претставниците на Внатрешната организација (на ВМОРО Матова) и на Младотурскиот комитет се одвивале паралелно: и пред 28 јули и по 28 јули 1908 година.[298]

Новото обраќање на ВМОРО започнува со изјава за нејзина желба да даде нов доказ за умереноста и добрата волја и за приврзаноста на Организацијата кон уставното управување како и за желбата искрено да соработува без каква и да е задна мисла. Организацијата решила од програмата на ЦК на ВМОРО од 23 јули, да ја отфрли нејзината дикција и нејзиниот карактер на акциона и ургентна програма, изјавувајќи дека таа требало да се разбере, просто, како еден вид принципиелна декларација која можела да се разгледа на еден општ конгрес на сите отомански (народни) групи, што ќе бил свикан натаму.

Во новото обраќање на ЦК на ВМОРО до Комитетот „Обединување и напредок" се вели дека ВМОРО ќе го искористела целото свое влијание за да содејствува во поддршката на редот и во разумното прилагање на слободата. И сè во тој стил, со присуство на повеќе рационализации во врска со по некој предлог за претстојните парламентарни избори.[299]

Имено, претходниот пристап (тој од 23 јули), очигледно, бил сторниран од авторитетни места; меѓу кои можело да има инстанци, и од бугарска, и од европска (дипломатска) страна.

Без оглед на „скриениот" фактор на влијание, ВМОРО Матова, натаму, продолжила да се однесува така како што прилега на една револуционерна организација која е затекната од сосем нова ситуација во која нејзината народна средина се внадежила оти, можеби, во новопрогласената (и славена) конституциона слобода на еднакви човечки и граѓански права ќе може, без натамошни жртви, да се спаси од сосипувачкиот деспотски (султански) режим. Со други зборови ВМОРО, на почетокот на младотурското етаблирање во Империјата се нашла во ситуација да остане без поддршка во народните маси, доколку таа не дозволи новиот режим да се покаже на дело во врска со примамливите уставни и демократски ветувања. Токму поради тоа, на пример, се јавиле и такви случаи во кои самото население им давало помош на трупите во протерувањето на четите дојдени од Бугарија.[300]

Покрај новото обраќање на ВМОРО до Комитетот „Обединување и напредок“ кое, докрај, не ја „кренало маглата“ во меѓусебните односи, претставниците на едната и на другата страна започнале поверливи преговори. Преговорите од страна на ВМОРО прво ги водел Павел Христов, кој не завршувајќи ги се вратил во Битола. По него, преговорите ги предводел Пенчо Петков, но и тој се извлекол, одејќи во агитација за претстојните избори во Велес, Штип, и во други места. Конечно преговорите ги продолжил и завршил Христо Матов.[301]

Што било ставено на маса од едната и другата страна и на што се застанало како резултат, може да се утврди само посредно преку други достапни извори, и според натамошните односи и држењето на едната и другата страна. Притоа, не треба да се симне од ум фактот дека во преговори влегле две нееднакви страни.

ВМОРО била далеку послаба страна од која во тој момент, но и секогаш подоцна, не зависеле работите. Во таа смисла, за преговорите меѓу ВМОРО и Комитетот „Обединување и напредок“ од крајот на јули и почетокот на август 1908 година може да се цени според Окружното писмо на ЦК на ВМОРО до окружните и околиските комитети на Организацијата со кое тие биле информирани за водените преговори со Младотурскиот комитет и биле инструирани за мерките што требало да ги преземат во тој период.[302]

Со писмото комитетите биле известени оти главното барање на ВМОРО за самоуправа на Македонија преку обласно собрание и своја администрација било решително отфрлено, па дури и непријателски дочекано. Поради тоа, но и затоа што Младотурците не конкретизирале било какви гаранции, на кој начин и со кои решенија ќе ги гарантираат прокламираните слободи и права, ЦК на ВМОРО им издало инструкција на комитетите да ги „згустат редовите и бодро да ги чуваат своите позиции и должности“. Во таа смисла; војводите да не ги напушта(ле) своите реони, а да се движеле постојано по селата за да го одржувале боречкиот дух; за секој војвода да се определел заменик за случај првиот да биде уапсен или убиен; четниците да се врателе во домовите со спастрено и добро чувано оружје; кој ќе го предал оружјето или ќе кажел каде тоа се наоѓа, вклучувајќи ги и скривниците, ќе бил казнет со смрт; архивата да биде прибрана и скриена на тајни места; легалните должностни лица да не се откривале пред турските комитети; најстрого се забранувало давање заклетва на младотурските комитети; комитетите на ВМОРО да формираат конституциони клубови по градовите; тие можеле да бидат и со мешан состав таму каде што

населението било мешано; во местата каде што живееле и Турци, клубот да се формирал на тој начин што бројот на Турците секогаш да бил еднаков на тој на „Бугарите“ и тогаш кога тие биле малцинство во населението. Тој исклучок „поради приликите“ важел само за Турците. Другите да биле вклучени со пропорција соодветна на пропорцијата во населението.[303]

За преговорите што биле водени меѓу Матов и Младотурскиот комитет сведочи и Панчо Дорев кој учествувал како преведувач. Тој соопштува оти држењето „на нашите“ било многу тврдо и не било вешто; според него требало да се прифати тоа за што Младотурците се согласувале, а тие се согласувале за општинска самоуправа но не и за провинциска (обласна) самоуправа. Дорев сметал дека било многу значајно да се прифател Младотурскиот предлог за самоуправа на општините, како прв чекор и како начин да се покажела: и способност за управување со тие заедници, но и лојалност кон Младотурскиот режим и кон Турција како држава. По тој доказ што ќе го исполнела ВМОРО, Младотурците, во следна фаза, полесно ќе се согласеле и на барањето за обласна самоуправа.

Панчо Дорев, имено, сметал дека Младотурците, како и Турците воопшто, не верувале во лојалноста на ВМОРО кон турската држава, и поради тоа никако не се согласувале да почнат со обласна самоуправа, сметајќи оти таа би била узурпирана за политичка и државна сепарација од Империјата. Поради тоа, Дорев сметал дека, прво требало да се стекне доверба за лојалност, па потоа да се шири самоуправата како принцип на децентрализација на турската држава, а не обратно.

Вистината, веројатно, била нешто поинаква. Имено, самата Турска Империја, од Источната криза до крајот на нејзината власт на Балканот, се среќавала со растечкиот и континуиран национално-културен и политички развој на нетурските народи. Нивното прво барање секогаш било самоуправа на областа (или на земјата) каде што тие биле во мнозинство и каде што, живеејќи со векови, ја чувствувале како свој територијален идентитет. Притоа, таквите барања на нетурските народи, на пример кај Македонците и кај Албанците, најчесто и обично, биле во рамките на опширната Турска Империја, претпоставувајќи ја нејзината реорганизација во децентрализирана и демократизирана држава, а понекогаш и нејзината трансформација во некој вид голема источна федерација. Меѓутоа, турската држава и турското општество немаа способности за децентрализација, уште помалку за федерализација. Социјалната, економската и политичката структура на позиции, моќ, интереси и привилегии беше

таква што, речиси, целокупното општествено и политичко (државно) турско тело го држеше инертно и спротивставено на сите подруги барања, од каде и да доаѓаат тие, бидејќи барањата ја докоснуваа ексклузивната политичка и економската привилегија на тоа тело. Во тие услови, можеше да биде призната и прифатена само индивидуалната вертикална подвижност од кого и да било, под услов таа да се одвива како процес на турцизирање и на акумулирање на способности (на капацитети) за одржување на турскиот карактер на државата на кој и турскиот сегмент беше заложник и заштитник на таквиот (турски) карактер на Империјата.

Од друга страна, ВМОРО Матова, навистина не беше искрена во изјавите дека ја поддржува промената на режимот и дека, без каква и да е задна намера, ќе соработува во Младотурскиот комитет. За тоа сведочи „дуплиот колосек" на однесување: едниот се изјавите кон јавноста во Турција; другиот се инструкциите кон своите комитети и боеви структури, па и кон своите противници од редовите на левицата. Во случајот на своите структури има податоци според кои чети на ВМРО се сновале по селата и во хуриетскиот период. Имало и примери каде што селаните се спротивставувале на четите, чувајќи го својот мир, или пак споделувајќи го однесувањето и политиката со левицата, а не на десницата на ВМОРО. Во вториот случај, десницата, и во младотурскиот интервал, посегнувала кон атентати против личности и раководители на левиот блок на МРО[304] или провоцирала афери преку атентати на турски угледни лица кои ги припишувала на левицата.

Еклатантен пример за двосмисленото и дубиозно (но не и несфатено) однесување кон Младотурската револуција било држењето на ВМОРО Матова во случајот со реакционерниот пуч од страна на султанот и на старите сили преземен за да си ја вратат позицијата и да ги елиминираат младотурските комитети и нивните поддржувачи. По тој повод, во април 1909 година, за Цариград, заради спречување на обидот да се врати стариот систем и режим, заедно со младотурските сили тргнаа само силите на левицата на Македонската револуционерна организација, предводени од Сандански, Чернопеев и Паница кои заедно со силите на Махмут Шефкет паша ги поразија силите на реакцијата во борбите за касарните Таш к'шла и Таксим. Силите на десницата, на Матовата ВМОРО, останаа пасивни исчекувајќи го исходот.[305] Образложението за тоа држење било оти конституциониот статус на клубовите не им давал такво право туку само право на строг неутралитет, а боевите сили (четите), нели, биле растурени, а членовите легализирани, што требало да значи оти ВМОРО не

располагала со такви сили, држејќи се, исто така, до словото на конституцијата и до конституционите декларации на младотурските комитети. Брилијантно. Но, тоа држење и таа рационализација не заврзала доверба меѓу ВМОРО и Младотурскиот комитет „Обединување и напредок“. Спротивно: ја задржа и ја зголеми недовербата меѓу Матовата ВМОРО и младотурските комитети.

Матов и ВМОРО и политиката на која припаѓаа тие, очекуваа и прогнозираа колапс на младотурскиот режим и преоѓање на ситуацијата во Турција во фаза на остри судири и конфронтации и внатре[306] во Империјата и надвор од неа, посебно сред балканските држави кои забрзано ги реорганизираа и вооружуваа своите армии.[307] Таа логика „држеше вода“. Младотурскиот режим почна да си ги поткопува темелите и, од ден на ден да станува сè поголем и поопасен противник на самиот себеси и на сопствениот режим.

## 14. Младотурската реакција и пресметка со националните движења во Империјата и позиционирањето на Турција во блоковската политика

По задушувањето на реакцијата на султанот и по неговата детронизација и намалувањето на овластувањата на султанската институција во однос на Парламентот, Младотурците, чувствувајќи се сигурно на позициите на власта, беа решиле да се расправаат со оние револуционерни движења кои упорно бараа политичко административни самоуправи за областите (за земјите) каде што беа мнозинско население. Меѓу тие движења, во секој случај, беа македонското и албанското револуционерно движење. Младотурците прво се насочија кон албанското движење кое уште од самиот почеток на Младотурската револуција се чувствуваше заслужно за воведувањето и одбраната на уставниот поредок и на слободите и правата на секоја народност. Тоа движење, кое имаше свој претходен национално културен развиток и долго самоуправно искуство, по Младотурската револуција започна да ја решава потребата за дефинирање на национална азбука и на литературен јазик.[308] Разбирајќи се како дел од европските народи, албанското движење се определи за латиничното писмо и побара своја самоуправа и администрација во рамките на Турската Империја во која ќе се употребува албанскиот јазик. Тие барања на албанското ослободително движење беа слични со барањата на левицата на ВМОРО, со таа разлика што албанското движење веќе ги имаше сплотено, во едно, албанските маси околу

исти заеднички цели, што не беше случај со македонското движење, кое сè уште беше распокинато од пропагандите и од своите внатрешни разлики.

Против таквото албанско движење, кое било сфатено како најголема опасност за Империјата, уште во мај 1909 година, тргна голема воена кампања предводена од Џавит-паша. Суровиот настап и неоснованата употреба на артилерија против населбите, кулите и куќите на Албанците, против цивилното население од кое ги забра со себе и ги интернира во Анадолија фамилиите на албанските востаници, претставуваше првата голема пукнатина во младотурскиот режим.[309] Со газењето на интересите на албанскиот народ и со обидот да го поништи неговиот национален развој, младотурскиот режим ја покажа својата вистинска насоченост, поучна и за македонското движење, како и за кое и да е друго национално движење во Империјата. Политичката и воената насрченост против националните интереси на нетурските народи беше зацементирана со законите за здруженијата и за бандите (за четите) што ги донесе Парламентот во втората половина на 1909 година.

Со тие закони беа забранети здруженијата и клубовите со национален предзнак и национални цели, без оглед што тие, клубови и здруженија ја претпоставувале Империјата како рамка и како заедничка држава.

Младотурците не покажале подготвеност да ги признаат ниту традиционалните народни права и институции, стекнати во т.н. милетски систем, а уште помалку биле подготвени нив да ги унапредат како национални, културни и самоуправни, права како што декларирале во текот на револуционерната пропаганда. Во таа смисла, Младотурците тргнаа да го укинат народното училишно дело создавајќи државен систем на образовни установи на турски јазик, дозволувајќи изучување на мајчин јазик само како наставен предмет. Младотурскиот режим замислуваше создавање на една општа (државна) нација на Отомани, како сплотен и кохезивен фактор на цврсто поврзана и високо централизирана држава на што гледаше како на спасоносно решение за проблемите на Империјата. Тој пристап, младотурскиот режим го доведе во тежок судир со националните движења кои имаа потреба да го спасуваат сопствениот народ од потурчување. Непризнавајќи го дотогашниот национален развиток на нетурските народи, Младотурците, практично, го поттикнаа обновувањето на вооружената борба со нив и обновувањето на нивните раководни и боеви сили, т.е. на комитетите и на четите што беше карактеристичен случај со македонското револуционерно движење. На тој реверзибилен процес на четничкото движење, режимот одговори со Законот за четите.[310]

Со Законот за четите (бандите како што гласи тој закон) било предвидено: казна затвор за член на чета; смртна казна за водачот на четата (за војводата) и за оној кој ќе организира чета; интернација за членовите на семејствата чиј член е четник; и конфискација на имотот на тие семејства. На таков начин, создавајќи формално-правна основа, младотурскиот режим тргнал во поход: да ги растури здруженијата и институциите на народностите и да ги уништува нивните вооружени и борбени сили; да ги ликвидира сите значајни личности за кои се претпоставувало дека биле поврзани со националните движења, без оглед дали тие, во меѓувреме, биле легализирани или отсекогаш биле легални. Кампањите што биле преземани, и против македонското и против албанското движење, често мотивирани со барање оружје или со наплатување заостанати даноци и земање на регрути, се претворале во вистински погроми на цели села, семејства или реони. Во таа смисла, по озлогласеност биле запаметени кампањите на Џавит-паша, на Шефкет Торгут-паша, на Шемси-паша, на Енвер-паша и на други крвници кои мразеле секаква национална пројава, посебно на планот на каква и да е самоуправа (културна, административна или политичка) без оглед што таа била замислувана во рамките на Империјата и согласно со соодветни законски решенија на истата.[311]

Ориентацијата кон пресметка со националните движења била преземена не само поради внатрешната политика, т.е. поради разбирањето на Младотурците, оти секој степен и вид автономија води кон сепаратизам од Империјата туку и поради потребите на нивната надворешна политика. До отворениот судир со националните движења и нивните барања, некаде до последниот квартал на 1909 година, Младотурците соработувале и со државите на Антантата и со државите на Тројната оска. Од првите особено со Русија, а од вторите со Австро-Унгарија.

Тие две држави биле овластени од двата блока за редот на работите на Балканот, па оттаму релациите на младотурскиот режим со нив бил легитимен, сѐ до онаа точка до која одлуките биле носени во хармонија со усогласените ставови на двете европски сили. Меѓутоа, во исто време се случувало сѐ поголемо заострување на односите на двата блока со јасно сознание и на двете страни оти тие односи се движат кон воена конфронтација. При такви околности и едната и другата страна настојувале да ја привлечат и приврзат Турската Империја што повеќе и поцврсто кон својот блок. Во тие околности младотурскиот режим имал алтернативна можност за избор согласно со понудите и со своите интереси.

Русија се определила да ја поттикнува и охрабрува Турција кон зближување со балканските државички и кон нејзина децентрализација и демократизација преку градење на еднаква правна и демократска положба на сите граѓани на Империјата, како што впрочем било декларирано и од Младотурците во текот на нивната револуција. Со балканските државички било предлагано да се стапи во федеративен или конфедеративен сојуз. Таквиот балкански сојуз, плус внатрешната правна и демократска положба на народите, биле замислувани како начин да се одбегне балканска војна која висела како Дамоклов меч над балканските држави, и над европскиот мир, но и да се доведе Турција во зависност од Русија. На тој план посебно упорно работел рускиот амбасадор во Цариград Чариков.[312] Тој успеал да договори и средба меѓу серускиот император Николај II и турскиот султан Решид V за август 1909 година на која, од руска страна, било предвидено да се потпишат повеќе договори кои ќе означувале промовирање Сојуз за пријателство меѓу двете империи. Меѓутоа до таква средба не дошло; не се случило ниту приближување со балканските држави, ниту Турција почнала да се демократизира, уште помалку да се децентрализира.

Имено, во меѓувреме, анализирајќи ги своите интереси и проектирајќи ја својата (посакувана) иднина, како доминантен фактор и поседник над балканските земји, младотурскиот режим бил заинтересиран за одржување на status quo-то на Балканот. Ценејќи дека тој интерес многу повеќе го споделувал германскиот блок на силите, младотурскиот режим, преку својот министер за надворешни работи Асим-бег, во декември 1909 година изразил желба за склучување на воен сојуз со Австро-Унгарија.[313] Подоцна, кон 1911 година и Саид-паша, новиот прв министер на владиниот кабинет, ќе го задржи истиот курс за сојуз со германскиот блок.

Во меѓувреме, младотурскиот режим ѝ дал концесија на Германија за изградба на делницата од Адана преку Багдад до Ханекин од т.н. Багдадска железница. Со тоа германското влијание и германските интереси добиле превага над интересите на Русија во Мала Азија, со нивно пренесување сè до Персискиот Залив, со што дошле под удари и интересите на Англија во тој регион. Дополнителните ефекти на тоа решение на младотурскиот режим биле во тоа што, со германското и австроунгарското партнерство, Турција добивала силна поткрепа за отклонување на Русија од Босфорот и Дарданелите преку потребата на германскиот блок да ја зајакнат турската држава како чувар на тие морски теснини заради сопствените интереси на безбедност, на патот

на сопствениот продор кон средноазиските и персиските предели. Исти резултати, Турција, очекувала и за нејзината положба на Балканот. Имено, во таа нова ситуација, се очекувало Балканот, за германскиот (и австрискиот) интерес, да добие ново дополнително значење како коридор кој, со сетот на своите железници, ќе ги поврзе средноевропските (германските) железници со азиските (турски) железници, обезбедувајќи, на тој начин, најекономично транспортирање на стоките во двете насоки.[314]

Со тие потези на младотурскиот режим, во суштина, бил вклучен алармот за Русија и за нејзините сојузнички од Антантата. Самата Русија, со зајакнувањето на Турција, помогната од моќната Германија, станувала блокирана и маргинализирана држава во стопанските и политичките европски текови, ако се земе предвид дека само преку Босфорот и Дарданелите се одвивале 65 % од вкупниот руски извоз вршен преку сите други морски правци.[315] На друга страна, покрај англиските интереси, кои биле загрозени со германското појавување во Персискиот Залив, биле загрозени и француските интереси во Турската Империја. Франција, која била главен извозник на капитал и главен контролор на финансиските текови во Империјата, доаѓала под удар на моќниот капитал на Германија.

Сето тоа, за Русија и за Антантата, на планот на балканските работи, предизвикало потреба од драстично пренасочување на политичките односи меѓу балканските држави и Турција. Русија, од 1910 година почнала наизменично да разговора со Бугарија и Србија и да го гради балканскиот сојуз; прво, замислен како одбранбен сојуз во однос на германскиот продор, а потоа и како настапувачки блок во однос на Турската Империја.[316] Таа руска политика на Балканот, се совпаѓала со подолгите експанзионистички аспирации на балканските држави за сметка на турските балкански поседи. Насоченоста на балканските држави и на руската балканска политика беше позната на Младотурците. Опасноста од балканските државички и внатрешната турска неспособност за вистинска уставна и демократска трансформација, доведе до отворено напуштање на уставните и политичките ветувања за реформи на Империјата и за еднакви права на припадниците на нетурските народи.

Пресвртот во таа насока доведе до нова тешка пресметка на турските власти со националните движења на народите и со сите оние граѓани кои инсистирале на Уставна рамноправност. Најпрво биле протерани сите активисти на клубовите и здруженијата кои биле службеници на други држави. Тоа, особено се однесувало на активистите и раководителите на бугарските конституциони

клубови кои биле дојдени од Бугарија. Потоа, биле забранети сите пропаганди со национална насоченост. Дури било забрането и санкционирано, со казна затвор, подбуцнување на други да реагираат на неправди во однос на определени национални права или интереси. Се казнувало и компонирањето песни и самото пеење на песните ако во нив имало национални мотиви или елементи. Исто така ќе се казнел (со 75 гроша) секој еден што ќе викал: „Хуриет" итн.[317]

Меѓутоа, вистинската голгота настанала кога младотурскиот режим решил да спроведе обезоружувачка акција по селата и градовите во Македонија и кога почнал да апси, да прогонува и убива бивши четници и раководители на Македонската револуционерна организација, учители, селски и градски првенци, директори и инспектори на училишта и сè што им се чинело наклонето кон национална идеја. Спроведувајќи го законот за четите биле формирани вонредни судови на чело со воени команданти и комисии за прибирање на оружје и за откривање лица кои биле поврзани со национални пропаганди или со четничко движење.

Одејќи по селата и градовите на Македонија и поддржани од воени и жандармериски сили, тие органи на режимот блокирале цели населби и прогласувале опсадна состојба, спроведувајќи драконски начини на измачувања, на побој и тормозење, барајќи оружје или изнудувајќи признанија за вмешаност или врски со национална пропаганда, со чети, или со божемно поттикнување на национални појави. Во таа смисла има бројни податоци и описи дека тие акции на властите биле спроведувани злосторнички и ѕверски, со многу усмртени и осакатени жртви од применетите мерки, со многу уапсени и држени во затворите без пресуди и со многу изречени тешки казни: смртни, доживотни или долгогодишни заточенија и сл. Од тие мерки, не биле поштедени ниту најугледните лица, како што биле мухтарите-кметовите на општините, ниту членовите на советите на првенци, учителите, училишните инспектори, директорите на училиштата, ниту жените и старците. Тие од кои се барало оружје биле најмногу измачувани и тешко ако немале што да предадат без оглед што можеби никогаш немале оружје. Мачењата на лицата што ќе изјавеле оти никогаш немале оружје, тешко некој можел да ги издржи. Австрискиот конзул Пара му соопштува на својот министер Ерентал дека некојси Динчев од Енице-Вардар, знаејќи што им се случувало на тие кои ќе изјавеле оти немале оружје, пред да му дојде редот за претрес на Енице-Вардар, купил пушка од некој Албанец за да може да ја предаде и со тоа полесно да помине при испитувањата од властите. Истиот конзул соопштува дека и тие што го предавале оружјето биле подложувани на ќотек и мачења.[318]

Најтешко поминувале бившите четници и војводи кои се легализирале или заловените активни четници кои обично биле убивани или исчезнувале без да им се знае трагата. Карактеристични биле убиствата на војводите Васил Аџаларски, на Јово Јовановиќ, стрелањето по Аргир Манасиев (кој не бил погоден) нешто подоцна со убиството на Добри Даскалов, итн.[319]

Во списокот на загрозени личности се наоѓал и Христо Матов. За него Младотурците имале доволни и јасни сознанија дека тој е главната личност на ВМОРО; на неотстапливата револуционерна формација која не се откажувала од автономијата на Македонија и кој не се поведувал по декларативните изјави за еднаквост и братство меѓу граѓаните и народите на Империјата, без притоа да имало гаранции за нивно спроведување во дело. Христо Матов не верувал дека, Младотурците, реално ќе тргнат кон тешки и големи трансформации на системот и позициите во општеството, за да се постигне вистински демократски конституализам во Империјата. Тој сметал оти турското општество и турската држава немаат способности тоа да го сторат, пред сѐ, поради психологијата и менталитетот на турските муслимански маси кои биле воспитувани во супрематијата на шеријатот (на Великиот Канун) во однос на кое и да е друго право.[320]

Матов бил најтврдокорниот противник за било каква соработка со Младотурците. Предлогот на Младотурците за обединување на силите на двете организации: „биролал“ (едно да станеме) искажан во првите преговори во Солун бил отфрлен изречно: „олмаз“ (не) „вие-вие, ние-ние“.

Поради тоа Матов бил најпосакуваната мета за Младотурците. Тие презеле повеќе обиди за атентат врз него. Се обиделе да ангажираат повеќе атентатори од повеќе средини и да го убијат на различни начини (и со пеколна машина испратена во пакет) но тој бил мошне внимателен и се претпазувал, но имал и среќа, на пример со навреме не предадената пеколна машина пратена по пошта. Поради тоа, како што и самиот Матов пишува во неговите „Белешки“ Турците знаеле да кажат: „ах тој Матов, Матов ама...“. Таа состојба околу Матов се создала додека тој бил во Скопје, вршејќи ја должноста директор на Педагошкото училиште, должност која тој ја вршел и во втората половина на деведесеттите години од XIX век. Покрај таа должност Христо Матов, како главна личност на ВМОРО, ја координирал и политиката на конституционите клубови во Македонија. Давал инструкции за нивната работа и за нивното држење кон Младотурците; ја одржувал комуникацијата со лицата на должност во ВМОРО и со важни личности за македонската кауза од Бугарија или од

странство; на пример со претседателот на Балканскиот комитет во Лондон, високо поставениот британски политичар Ноел Бакстон.

Како „душа" на ВМОРО тој објективно бил загрозен, а не бил безбеден ниту ако се врател во Бугарија поради „долгата рака" на Младотурците. Затоа, кон декември 1909 година, Матов решил да оди во странство, за извесно време. Матов се склонил во Ница и таму останал до февруари 1910 година.[321]

## 15. Подготовката на ВМОРО Матова за сè поизвесната војна и Матовата критика за „овчедушието" во редовите на бугарските политичари и на своите соработници

Нешто пред тоа, некаде пролетта 1909 година и бугарската влада имала проценето оти националните прашања во Империјата ќе се решавале со војна, а не со правна и демократска трансформација на Турција. Тој став на бугарската влада бил став и на ВМОРО Матова, како и став на двете други балкански држави, на Србија и Грција, заинтересирани за проширување на теренот на Македонија.

Поради тоа разбирање на работите, бугарската влада, во 1909 година, им беше дала 10.000 златни лева на претставниците на ВМОРО во Софија за повторно воспоставување на боевата структура и на дејноста на ВМОРО.[322] Постапувајќи во таа насока, ВМОРО раздвижила еден број чети во Македонија. Главно формирани во Бугарија, навлегувајќи во Македонија, тие чети не биле прифаќани од населението како порано; често биле напаѓани од селаните, здружени со жандармеријата.[323] Тие настани ги знаел и Матов. Тој претпоставувал дека селаните сè уште се наоѓаат во инерцијата на уставните ветувања и, надевајќи се на нивно исполнување, сè уште му давале шанса на мирот. Затоа, Матов сметал дека тие први уверувања среде измаченото население треба да се изживеат до оној момент кога ќе биде „свртен листот" од страна на режимот. И тој лист бил свртен во втората половина на 1909 година а посебно во следните 1910 и 1911 година. По 1909 година, во некаков уставен поредок и во некаква правна држава верувале, или се надевале, уште само странците, кои биле далеку од реалноста на Турција и кои добивале информации согласно со рационализираните изјави и интервјуа на младотурските претставници или од површните набљудувачи, како и од шематските резонирања на одделни партиски лица, какви што биле Крсто Раковски и Јанко Сакзов од редовите на социјалистите.[324]

Погрешни претстави и илузии имале и одделни државни раководители на Бугарија кои сметале оти политиката и односот на Младотурците била реакција, или на бугарските притисоци врз Турција, или на активностите и провокациите од страна на ВМРО. Понекогаш грешеле и блиски соработници на самиот Матов, како на пример Тома Карајовов кој сметал дека, по донесувањето на законот за здруженијата, требало, по угледот на другите, да формирале некаква провизорна сенка-партија (или сенка од партија) за да симулирале соработка со Младотурците и добра волја пред странците.[325]

Сите такви третирања на работите во Империјата раководена од Младотурците, Матов ги подложувал на беспоштедна критика. Со остар, често и саркастичен јазик, со реска дијалектичка анализа, Матов ги обезвреднувал ставовите на опонентите до степен на површни и неточни тврдења за состојбите во Македонија, квалификувајќи ги како погрешни и како штетни ставови и политики кон македонското прашање во тоа време.

На пример, омилената теза на одделни претставници на партиите и на државните инстанци дека непријателскиот и репресивен однос на младотурскиот режим, и на турската претходна власт се должел на интервенциите и притисокот на Бугарија врз турските власти, односно на четничките акции на ВМОРО, Матов ја срушил со многу аргументи и факти. Тој, на споменатата теза, ја спротивставил констатацијата дека турските власти секогаш се однесувале поагресивно и потенденциозно кога немало кој да им се спротивстави и кога бугарските инстанци или молчеле или „спиеле“. Во таа смисла тој навел два карактеристични случаи. Тогаш, кога Фердинанд 1902 година отишол на поклонение пред султанот, на враќање, сè уште нестигнат дома, султанот го поставил Фирмилијана како скопски српски митрополит, по што, официјално, беше создадена основа, во Македонија да се евидентира и признае и српски народ (Срб милет). Фактот што тој проект го туркаше Русија не ја намалувало вистинитоста на Матовата теза оти работите оделе полошо тогаш кога се молчело и „голтало“ она што не е посакувано, туку спротивно, со тој факт тезата на Матов се засилувала, бидејќи таа докажувала оти Фердинанд не молчел само пред султанот, туку молчел и пред (на пример) грофот Ламздорф, рускиот министер за надворешни работи, кој го предупредил Фердинанда оти Русија немало да отстапи од „проектот Фирмилијан“. Втор пат, кога Фердинанд, под влијание на бугарските демократи, отишол на поклонение пред младотурската политика, вториот ден по враќањето на Фердинанд од Цариград, за српски владика во Дебар бил поставен Варнава; спротивно на

каноните и на бугарските привилегии претходно признати. По таа посета биле укинати повеќе егзархиски (бугарски) училишта и биле одземени манастири од Егзархијата и дадени на српската патријаршија.

Тогаш и мухаџирската политика се засилила, паралелно со истерување на македонското христијанско население од своите домови и места на живеење. Тогаш обезоружувачката акција и барањето четници и нивни поддржувачи добила драстични форми и размери. Саркастично ќе забележи Христо Матов: Турците не разбирале од добар збор, кога тој не е поткрепен со притисок. Затоа: добрата (но погрешна) надеж; добрата (но погрешна) оцена на работите и намерите; и, пасивното (а не активно) однесување кон постапките на другата (турска) страна, Христо Матов ги нарекол „овчедушие“ често присутно во политиката на бугарската државна и партиска позиција“. „Овчедушие“ особено присутно во односот кон младотурскиот режим, кого го ценеле, повеќе според фразите, а помалку, или воопшто не, според делата.[326]

Ставовите кон младотурскиот режим Матов ги искажувал често; по секој повод и, особено, кога тој режим бил главна тема на неговите опсервации. На темата за релациите меѓу македонското прашање и Младотурската револуција, поставена во анкетата спроведена во 1910 година од страна на софиското списание „Современа мисла“ Христо Матов изјавил: „Младотурската револуција е политички преврат, а не револуција. Тој преврат е направен од Младотурци, со Хамида на чело“. Тој преврат не бил мотивиран од љубов кон слободата, туку од љубов кон турската држава. Младотурскиот преврат бил обид да се спаси државата од натамошно нејзино декомпонирање кое се случувало со странско вмешување и влијание. Поради тоа Матов сметал оти младотурскиот режим немал намера да воведе коренити и трајни внатрешни реформи, залегнати врз модерните принципи на слободата и рамноправноста, на правдата и просветата, туку се гледало да се спаси државата од денес до утре, преку воена подготовка, и преку изитрени дипломатски маневрирања.[327] Матов по повод Младотурската революција, на друго место и по друг повод, има изнесено став дека ниту Младотурците ниту турското општество имале способност и соодветност за такви промени какви што биле декларирани при самиот процес на политичкиот преврат. Младотурците во странство, во Париз и на други места, во контекст на европските начела на политичките системи и на политичката култура на тие народи, заедно со политичката пракса на истите, можеле лесно да бидат вознесени и понесени, да ги прегрнат тие идеи и принципи на слободниот свет, покрај другото и затоа што самите

Младотурци, во тие средини, не се соочувале со одговорност да решаваат сложени и конкретни проблеми на нивното (турско) општество. Поради тоа, Христо Матов ќе рече дека Младотурците едно велеле во странство, друго дома; едно кажувале таму, друго правеле во татковината каде што морале да решаваат проблеми на масите.

Тие проблеми пак на масите во турската држава воопшто не биле исти, нити слични, на состојбите во Франција или во Англија на пример. Затоа Матов ќе рече: „Кога Младотурците ќе се вратат од Европа во Турција и кога ќе мораат да ги решаваат проблемите на масите дома, тогаш тие стануваат Турци, како и сите претходни Турци на власт". Но Младотурците се покажале многу понервозни и пожестоки, поради тоа што државата која сакале да ја зачуваат и зајакнат, така како што ја носеле во својата традиционална меморија и во својата актуелна желба, веќе била разнишана, и однатре и однадвор.

Затоа, на прашањето каде води политиката на Младотурците Матов одговорил дека турската маса не разбирала од конституција. Таа била растргната меѓу шеријатот, халифатството на султанот и власта на Младотурците. Последните, водејќи сметка за психологијата на масите, нужно отстапувале од својата реторички, прокламирана политика па, поради тоа се случувало, наместо да се стабилизираат стекнатите права на народите во Турција и да се даваат нови права со унапредување и на првите и на другите, првите (старите) права се одземале, а нови не се давале. Поради тоа Матов ќе констатира: „... Каков е тој конститутивен систем кога не се даваат, а се одземаат права и слободи?"

Одејќи понатаму во анализа и знаејќи што се случува во Турција и во Македонија, како нејзин дел, Матов ќе констатира: „Настаните ќе ги испреварат (престигнат) сознанијата за нив". Освестувањето ќе доцнело во однос на настаните што, во однос на македонското прашање, можело да има многу негативни последици. Политика која може да биде прикладна на ситуацијата во турската држава, која немала шанси да се промени на подобро, била политиката која војната ќе ја земе како неизбежна разрешница. Во таа смисла, политиката на Бугарија морала да смета дека војната била неизбежна.

Матов и тогаш, 1910 година, како и претходно сметал оти македонското прашање ќе се решава со војна, но на друг начин. Тој пат Матов се сомневал само во едно, а имено дали тоа прашање ќе се решава со една или со повеќе војни. Замислувајќи го Балканот, Матов посакувал Балканот да припаѓа на балканските народи и тоа во форма на Балканска конфедерација, бидејќи

народите биле мали и поинаку не ќе можеле да ги заштитат своите интереси. Меѓутоа, како реалист, независно од желбите кои на практично поле се утопија, требало да се решаваат созреаните и вжарените прашања, а такво било македонското прашање. Во таа смисла Матов се залагал тоа прашање да се реши што побрзо, затоа што одолговлекувањето ќе го правело позависно, како од балканските, така и големите европски политики и интереси.

Посебно е интересно, но и индикативно, становиштето на Матов во однос на предлозите на неговите блиски соработници од конституционите клубови, дека ВМОРО по донесувањето на Законот за здруженијата со кој тие се забранувале, бидејќи носеле национален предзнак, да се трансформирале во еден вид партија – сенка со која ќе симулирале соработка со младотурскиот режим. Таков предлог дал Тома Карајовов претседател на конституционите клубови поддржан од д-р Руменов и од Дионис Христов. Писмото на Карајовов наишло на саркастична реакција кај Матов. Во возвратното писмо испратено од Ница на 26 јануари 1910 година Матов пишува: „Никаква сенка на легална организација, никаков онанизам. Да ги оставиме и Турците и странците со впечаток дека сме поминале во втората фаза"... „ти се чудам на умот... мислиш ли дека Турците ќе поверуваат дека нема револуционерна дејност, та прогоните да ги смалат. Да го мислиш противникот глупав, значи сам да се лажеш и заради тоа да ризикуваш да правиш грешки... и ти... се тревожиш што паднале стотина души во затвор, а не за илјадата паднати мртви и за безбројните зулуми во Гостиварско и Дебарско и не за економската несреќа на чифлигарите ... Ако не можам да те убедам тебе, и ако не можам да ги убедам Руменова и Дионисија Христов – тогаш не знам кого можам да го убедам".[328] Матов инсистирал дека не само што не требало да се убедуваат Младотурците и странците оти македонското прашање ќе се решавало успешно со имитација на соработка и со мирни решенија, туку требало да се даде до знаење дека се приближува вооружен конфликт на Балканот, и да се прави, тој да се приближи. Матовата консеквентна позиција за воено разрешување на македонското прашање, во тоа време, произлегувала од неговата оцена за тоа кон каде туркаат младотурските жестоки пресметки со Македонците и со Албанците на секое нивно барање на определено право или на протестирање заради укинување на права кои биле одамна стекнати, како на пример укинувањето на училиштата на народен јазик, апсењето на учителите и сл. Тој ги имал предвид и односите меѓу балканските држави како и тие меѓу европските сили поделени во блокови и впуштени во трка за придобивање приврзаници за сè поизвесната взаемна

пресметка. Поради тоа Матов инсистирал, што повеќе субјекти во ВМОРО и во Бугарија да станат свесни за галопирачките воени трендови „за настаните да не ги испреварат сознанијата и подготовките на одговорните институции и организации“.[329] Во таа насока, Матов, веќе на почетокот на февруари 1910 година се вратил во Софија, за да ги преземе потребните мерки за подготовката на ВМОРО за претстојните настани.

Првата мерка, на тој план, била обновувањето на ВМОРО и на нејзината боева дејност, изборот на ЦК на ВМОРО и, што поголемо обединување на силите на Револуционерната организација по нејзиното престанување да функционира по Младотурската револуција. Што се однесува до обединувањето на силите, се мислело и можело да се мисли само на оние кои спаѓале во таканаречените разумни и умерени сегменти на МРО кои веќе се обединиле и организирале со Ќустендилскиот конгрес и на Струмичани, т.е. на Христо Чернопеев, кој во меѓувреме се разделил од Сандански (од серчани) и ја формирал Бугарската народна македонско-одринска революционерна организација. Се мислело и на групата на бившите врховисти, без Цончев.[330]

Серчани и Сандански и понатаму биле дефинирани како крајни и неблагоразумни, сили во македонското ослободително движење кои стоеле на позициите за прекин на сите врски со бугарската држава и за целосна еманципација од бугарскиот државен национализам.

Во тие рамки започнале разговорите за обединување и за формирање Централен комитет и Задгранично претставништво на ВМОРО. На крајот, во март 1911 година тоа обединување се случило со прифаќање на платформата и на документите на Ќустендилскиот конгрес и со избор на ЦК на ВМОРО преку писмено разбирање и изјаснување на Окружните комитети согласно чл. 55 од Правилникот донесен во Ќустендил. Тој член предвидувал таков избор тогаш кога не постоеле услови за свикување на Конгрес кој ќе го извршел изборот на највисоките органи на ВМОРО. Во ЦК на ВМОРО биле избрани: Тодор Александров, Петар Чаулев и Христо Чернопеев. За резервен член бил избран Александар Протогеров. На тој начин се сметало дека Македонската революционерна организација била одново обединета, секако занемарувајќи го фактот за исклученоста на левицата, т.е. на серчани.

Имено, обединувањето во ВМОРО навистина се случило со спомнатиот чин, но тоа било обединување на десницата во ВМОРО како посебна организација. Во неа влегле: претходната десница оформена со Ќустендилскиот конгрес (Скопскиот, Битолскиот и Солунскиот округ), струмичани, оној дел

поврзан со Чернопеев, претходни центристи, поставени меѓу матовистите и санданистите, и групата врховисти како група позиционирана подесно од десната фракција на ВМОРО.

Новата ВМОРО почнала здраво да се подготвува за војна која претстоела меѓу Бугарија и Турција.[331] Во меѓувреме, во 1911 година, се одвивале преговорите меѓу Бугарија и Србија. ВМОРО не била упатена во тие преговори. Бугарската влада свесно, ниту ја упатувала, ниту побарувала нејзини мислења и ставови во делот што се однесувал на судбината на Македонија. Единственото што било претпоставено од страна на ВМОРО, се разбира погрешно, било оти Бугарија доживувана како најсилна меѓу балканските држави и како „своја еднoплемена држава", не ќе даде „ниту педа бугарска земја" на која и да е балканска држава, како што знаел да рече тогашниот премиер на бугарската влада Иван Гешов.

Сметајќи дека Бугарија ќе војува за да ја ослободи Македонија и да ја обедини со Бугарија, ВМОРО во пресрет на војната, целосно, се ставила на услуга на бугарската политика. Во таа улога, целата 1911 и 1912 година, до почетокот на Првата балканска војна, ВМОРО врши голем број атентати, внесувајќи растројство во младотурскиот систем во Македонија.[332] Ориентацијата кон терористички акти, наместо кон четничка дејност, е направена кон половината на 1910 година. Тогаш Александров, со чета подготвена во Бугарија, влегол во Македонија и се уверил оти населението не е ентузијаст за пречек на чети, ниту било подготвено да го носи ризикот од нивниот престој и од нивната дејност. Било логично да се сфати оти младотурските политички ветувања, легализацијата на институциите, пропагандата на левицата на МРО и веќе две до две и полгодишното отсуство на четништвото, го направиле своето. Дополнително, и ВМОРО Матова во 1907 и 1908 година, го имаше укинато четништвото и наместо со него, со мали т.н. инструкторски јадра ги вовлече самите селани и граѓани во меѓусебни конфронтации, врз различни основи. Тие боеви дејства во кои наизменично страдаа соседните села и градови од истото население, беше негативно искуство кое создаваше отпор против четите, чии и да се тие, посебно против тие кои доаѓале од зад граница.

Поради таквите сознанија, и Тодор Александров, и Матов, како и другите во раководството на ВМОРО, беа за терористичка тактика; за мали групи снабдени и обучени со експлозивни средства кои ќе вршат диверзии и атентати врз сообраќајна, телеграфска и друга значајна инфраструктура со што се нанесувала голема штета на турскиот, но и на странскиот капитал и интерес.

Терористичките акти на ВМОРО со кои биле рушени крупни и важни објекти и со кои се внесувало страв и неизвесност, многу повеќе ѝ одговарале и на политиката на бугарските државни инстанци отколку четничката дејност на таа организација. На прво место, затоа што четничкиот институт не бил само боев туку и политичко-пропагандно-револуционерен институт. Тој институт не можел, во ниту еден момент, а да не ја афектира главната цел на борбата на масите и на ВМОРО – автономијата на Македонија. Тоа потенцирање на автономијата на Македонија, не само што не одговарало на бугарската политика, туку таа цел, била целосно жртвувана во перспективата на склучувањето на сојузот со Србија и со Грција.[333]

Поради тоа, Бугарија, дополнително, ја стимулираше терористичката тактика на ВМОРО и ја снабдуваше со потребни материјали. Тоа што на бугарската влада ѝ остануваше, како мотивирачки момент, беше обединувањето на Македонија со Бугарија и недавање другому ниту педа „бугарска" земја. Тие цели на бугарската влада кои, подоцна (на 13 март 1912 година), без знаење на ВМОРО ќе бидат поинаку формулирани, биле прифатливи за неинформираното водство на ВМОРО на чело со Матов, Александров, Чернопеев, Чаулев, Протогеров и други; без оглед на тоа што, повеќе од сигурно, не биле прифатливи за целото македонско население, ниту за респективен дел од македонското словенско христијанско население.

Како и да е: подготовката на идната војна почнала и неа ја започнала ВМОРО со големиот број терористички акти кои ги извршила над железнички пруги, мостови, телеграфи, објекти и луѓе. Голем е списокот на тие акти и на жртвите од нив од кои најмногу страдале недолжни цивили. По бројот на жртвите особено биле познати терористичките акти во Куманово, а посебно во Штип и Кочани за кои пишувале конзулите и за кои Парламентот на Турција формирал посебни анкетни комисии. Посебен вид терористички акти биле т.н. „магарешки атентати" кои, веројатно, претставувале ново поглавје во поимната номенклатура на тероризмот.[334]

Терористичките напади од страна на ВМОРО, одвреме-навреме, дополнети и со појава на чети, особено во пограничните околии со Бугарија (Крива Паланка, Кратово, Куманово, Кочани, Штип, Радовиш...) внеле прилична збрка, страв и неизвесност во животот на населението. Тоа внело нова нервоза меѓу христијанското и муслиманското население и значителна анархичност, пристрасност и репресивност во однесувањето на власта.

## 16. ВМОРО пред и за време на Балканските војни – Матовата критичка рапсодија и автоперцепцијата на својата улога

Во тоа исто време експлодирало и албанското прашање. Албанското ослободително движење, разочарано од неисполнетите ветувања на младотурскиот режим во однос на албанските национални барања и ожесточено од суровите воени кампањи на тој режим преземени против Албанците и нивното национално движење, во 1911 и 1912 година придвижиле масовни, општи, востанија за автономија на Албанија и за национални, културни, образовни и административни права.

Во екот на тие движења и борби сред албанските средини, од водачите на албанското движење, на раководителите на ВМОРО им било понудено кревање на заедничко востание за слобода на Албанија и на Македонија и за формирање, било на дуалистичка, било на конфедеративна држава. Предлозите имале корен во долгогодишната соработка меѓу македонското и албанското движење која почнала од периодот на Источната криза и продолжила до актуелната 1911 година, бележејќи многу форми на заедничка политика и четничка соработка против соседните пропаганди.[335]

Во 1911 година, во паузата меѓу двете големи (есенска и пролетна) офанзиви на големото албанско востание (тоа на Малесорите), двајца членови на ЦК на ВМОРО, Тодор Александров и Петар Чаулев, тргнале на средба со раководството и со водачите на востанието на Албанците. Средбата се одржала во Цетиње при што раководителите на ВМОРО, на албанските востаници им однеле голема количество динамит и експлозивен прибор. По разговорите за целите на двете движења и понатаму „вратата за соработка“ меѓу нив останала широко отворена.[336]

Во 1912 година пред почетокот на второто општо албанско востание, трибунот на албанскиот народ и водачот и стратегот на тоа востание, Хасан Приштина, на својот колега парламентарец од Младотурскиот парламент Тодор Павлов, правник-адвокат од Скопје, му укажал оти е време за востание и оти е добро да се крене заедничко востание заради државно обособување на Албанија и на Македонија, во погоре спомнатите варијанти. Пред Хасан Приштина, во 1911 година и Никол Иванај, во Скопје, одржал предавање за целите на албанската борба. Имајќи поддршка од месните раководители на ВМОРО, како и од месното македонско население, Иванај се залагал за меѓусебна соработка со ВМОРО. Со таа мисла тој тргнал во Бугарија, таму да се сретне со бројната

албанска емиграција, но и со раководителите на ВМОРО и на организациите на македонската емиграција. Иванај бил извонредно добро пречекан, при што биле водени и разговори со македонските водачи и комитети во Софија. Немајќи податоци за неговите разговори со раководителите на македонското движење, сепак може да се заклучи оти тие средби дале важен импулс во политичкото реагирање на ВМОРО. Имено, по предавањето на Иванај во Скопје и по неговите средби со раководителите на ВМОРО и со другите угледни личности од македонската емиграција, ВМОРО, во октомври 1911 година, се огласило со Мемоар на ЦК на ВМОРО доставен до генералните конзули на великите сили во Солун, Битола и Скопје. Во Мемоарот, по направеното потсетување на долгогодишната борба на македонското население за слобода и автономија, и по укажувањето на животоспособноста и жилавоста на ВМОРО, Централниот комитет на ВМОРО изјавил оти ќе продолжи да се бори со сите средства со кои располага за стекнување на автономија на Македонија. Притоа ВМОРО побарала покровителство и гаранција од великите сили за автономијата на Македонија.[337]

Мемоарот на ВМОРО бил проследен од страна на конзулите до своите претпоставени. Рускиот времен конзул во Скопје, кнезот Урусов во своето соопштение додал дека биле индицирани, соработка и сојуз, меѓу македонското и албанското движење, што, со оглед на политиката на Русија кон Македонија и македонското прашање, можело да биде примено со неодобрување и со дополнителна нервоза во руските официјални кругови. Во секој случај, односниот Мемоар на ВМОРО од октомври 1911 година, една година пред почнувањето на Балканската сојузничка војна против Турција, претставувал ново потсетување и поврзување на ВМОРО со традиционалните политички позиции на Македонската револуционерна организација, којашто позиција, пред почетокот на самата балканска војна, ќе биде „заборавена“ и заменета со слоганот „обединување на Македонија со Бугарија“.

Во меѓувреме, во истата 1911 година се случила и Италијанско-турската војна во која Италија ја освоила Абисинија и ги присвоила важните средоземноморски острови Додеканези. Таа војна која траеше до половината на 1912 година, како што тврдеше самата италијанска влада, ќе биде пренесена дома во самата Турција. Италијанско-турската војна, од балканските држави, беше пречекана како агенс кој ги забрза нивните воени подготовки и преговорите за склучување на сојуз меѓу тие држави. Таа војна беше пречекана како поволна околност и за националните движења на Македонците и Албанците. Со тоа

што: првите ги засилија своите терористички акции, создавајќи анархија во Македонија и жестоки репресалии на власта; а вторите: ги засилија своите востанички борби, присилувајќи ја турската страна да ја смени непријателски насочената младотурска влада и да дозволи повеќе национални права на Албанците содржани во познатите 14 точки на Хасан Приштина.[338]

Во таков контекст, ВМОРО, гонејќи ја својата цел (заедничка со бугарската влада) за ослободување и обединување на Македонија со Бугарија, а пред тоа за што побрзо вовлекување на истата во војна со Турција, во септември 1911 година издала наредба до околиските комитети за недавање доброволци, коњи, пари и други средства на турските власти за војната со Италија.[339] Во октомври 1911 година, покрај спомнатиот Мемоар на ЦК на ВМОРО биле издадени и повеќе наредби и инструкции за изведување на терористички акции во сите делови на Македонија, за да, (во ноември 1911 година) ЦК на ВМОРО излезе со Декларација за извршените атентати од Организацијата на територијата на Европска Турција.[340] Со Декларацијата, ВМОРО ги легитимирала атентатите низ Македонија и самата се легитимирала како извршителка на истите, укажувајќи: дека се неисцрпни силите на народот (и на Организацијата) во борбата за самоодржување и ослободување како негово врховно национално право; дека револуцијата што ја придвижи ВМОРО се должела на одземањето на сите права што ги имало македонското население од страна на Младотурците во последните две години; дека единствената алтернатива што ѝ останала на ВМОРО била борбата; и дека таа практично се одвивала, при што, Организацијата се надевала дека „бугарскиот народ, во својата целост, ќе го даде нужното содејство на револуционерите.[341]

Христо Матов, дополнително од своја страна, во 1911 година, ја напишал брошурата „Пропуштени случаи" во која ги посочил, според него, сите случаи во минатото време во кои Бугарија пропуштила да ја изврши својата должност, да се вмеша и со војна да ја ослободи Македонија. Тие случаи биле: 1. Грчко-турската војна во 1897 година; 2. Илинденското востание; 3. Добрата воена подготвеност во 1906 година; 4. Времето на турската разнишаност пред и по Хуриетот; 5. Цариградскиот преврат на Абдул Хамид II 1909 година; и 6. Италијанско-турската војна. Независно од тоа колку Матов бил во право за секој одделен случај, тој, сепак сметал оти Бугарија во сите тие случаи, не била на нивото на својата историска задача: или поради „преспивање" на состојбите; или поради „слепило" во однос на можностите.[342]

Како најголем пропуштач на прилики Матов го посочил Фердинанда за кого знаел да каже дека, како странец (како Германец) не го болело за бугарскиот

народ; повеќе водел сметка за династичките интереси, отколку за народните. Затоа, и Матов, како и ЦК на ВМОРО, сметал оти со сите жртви што се даваат и со настаните што се приближуваат, ќе се разбуделе „заспаните“ и ќе прогледале „слепите“ и дека Македонија не можело да се остави незаштитена.[343]

Во март 1912 година, во екот на големото албанско востание, во време кога сè уште не биле додефинирани резултатите од Италијанско-турската војна, и кога кружеле информации за „некакви“ преговори меѓу Србија и Бугарија, во Софија пристигнала мисија на младотурската влада со намера да се сретне со Христа Матов. Знаејќи оти Матов бил главната личност на ВМОРО и дека таа организација со своите акции и атентати во Македонија ја „влече“ Бугарија во воен судир со Турција дошле во Софија на средба со Матов со надеж оти можеле да се договорат за надминување на причините за акциите на Организацијата и за решение на проблемите во Македонија. Мисијата ја сочинувале Шукри бег, бивш мутесариф на Сер и актуелен главен секретар во Министерството за внатрешни работи на Турција, тогаш раководено од Талат-бег, и од Абдул Керим бег актуелен инспектор на народната просвета.[344]

Христо Матов со младотурската мисија, по консултациите со ЦК и ЗП на ВМОРО, се сретнал во хотелот „Булев“.

Преговорите на турската страна со ВМОРО, претставувана од Христо Матов, биле мошне непријатни за мисионерите на Талат бег. Тие се соочиле со категорички, директни и офанзивни ставови на ВМОРО. На двајцата мисионери, им било јасно кажано: дека Револуционерната организација ќе продолжи без отстапки со своите акции во Македонија; дека причините за тоа се на страната на турската власт која ги покажала своите намери да ги поништи сите дотогашни национални права на нетурските народи; дека ништо не остварила од уставните и либералните ветувања; дека тргнала кон турцизирање на образованието и кон турцизирање на нетурските народи, игнорирајќи го нивниот национален профил и развиток и дека тоа го правеле со безразборна примена на репресија која се вршела со жестоки методи; и оти настојувале, во Македонија да го разретчат, дури и да го уништат македонското („бугарското“) население преку протерување на македонските христијани од домовите и имотите, преку истерување и убивање на чифлигарите од чифлизите итн. Матов јасно им кажал оти, веќе, никој немал доверба во младотурскиот режим, бидејќи и Младотурците, како Турци, ветуваат кога се на тесно, а никогаш потоа, не го одржуваат зборот.[345]

На укажувањето на турските мисионери оти ВМОРО со тие акции можат да ја вовлечат и Бугарија во војна и оти во тој случај таа може да пострада како

што пострадала Грција во војната за Тесалија по која 10 години не можела да се соземе, Матов одговорил дека едвај чекаат Бугарија да почне војна и дека таа дури и самата може добро да ја пречука Турција, на која не ѝ цутат рози, ниту на Балканот, ниту на други места, алудирајќи на востанијата на Албанците и на Арапите. Според Матов, таквите директни и офанзивни одговори ги вкочанило мисионерите, врзувајќи им ги вилиците поради срам и јад оти се изложиле и самите; и оти ја изложиле и својата држава на понижување кое, ќе станело достапно и на бугарската и на турската јавност.[346]

Со тој чин, всушност, воената пресметка меѓу Турција и Бугарија (и меѓу Турција и балканските држави) била јасно најавена. Таа пресметка, во контекст на поширокиte балкански и европски причини, ќе започне по седум месеци. Во меѓувреме, во Бугарија, како и во другите балкански држави, започнале забрзани подготовки. Во нив ВМОРО ги засилила атентатите во Македонија. Во таа насока Тодор Александров издал повеќе наредби до околиските војводи и нелегалните дејци да почнат да дејствуваат со динамитни акции.[347]

Христо Матов, во исто време бил во тек и со мисиите на професорите Милетич – Ѓоргов кои, во името на ВМОРО и на македонското население, требало да ги посетат престолнините на европските сили и да ги искажат македонските интереси и надежи во врска со разбирањето и помошта што се очекува од нив. При тие посети мисионерите се држеле до автономната идеја за Македонија, во која, право речено, не верувале ниту мисионерите, ниту пак европските сили верувале во искреноста на тоа барање. Поради тајните аранжмани што ги имале преземено, секоја од тие сили со некоја друга сила или со некоја од балканските држави, мисијата на професорите била примана различно од престолнина до престолнина. Почнале да се шират гласови оти во Петроград не биле добро дочекани барањата на мисионерите, дека во Виена по нив биле резервирани, а во Берлин биле добро пречекани итн.[348] Во секој случај Матов ги убедувал своите пријатели оти мисијата дала позитивни резултати кои можеле да се соопштат на затворени средби, „...бидејќи дипломатите не сакаат отворено да се говори за тоа што тие го кажале“.[349]

Во Бугарија, веќе од мај 1912 па натаму, се одржувале митинзи, средби на разни братства, организации и групи, а официјалите институции ги вршеле последните подготовки.[350] Било формирано Македонско ополчение составено од повеќе дружини. Со тие дружини како нивен началник, раководел генерал Генев. Задачите на Ополчението и начинот на вршењето на истите биле санкционирани со посебен Правилник изработен од командното тело,

составено од полковниците Николов и Протогеров и од мајорот Дрвингов. Тие најверојатно ги подготвиле и Инструкциите за вршењето на разузнавачка дејност на Ополчението во задницата на непријателот.[351]

Христо Матов во тоа време го прекинал пишувањето на „Белешките за својата револуционерна дејност“ и заминал во составот на Главниот штаб на Македонското ополчение како врска меѓу четите и милицијата и како политички, административен и граѓански советник. Во писмото до Пејо Јаворов, од 27 септември 1912 година, Матов соопштувал оти како таков советник бил поставен и бившиот министер Андреј Љапчев, а претпоставувал дека било можно да влезе и Ѓорче Петров како советник за истите прашања, а откако тој ќе влезел, ќе гледал да предвиди да влезат и Тодор Александров и Павле (Павел) Христов.[352]

Поентите во односното писмо зборуваат за присуство на еден вид интелектуална и духовна нарцисоидност кај Матов. Тој пат поттикот за потребата, Матов да ги истакне своите способности и заслуги во однос на споменатите личности бил во поврзувањето на сите нив со истото место и истите задачи на кое и за кои бил поставен самиот Христо Матов: местото советник во Главниот штаб на Македоно-одринското ополчение, со задача да биде врска меѓу четите и милицијата и да дава совети за политички, административни и граѓански прашања. По тој повод и на таа релација Матов, со себе, го става на исто рамниште само бившиот министер во бугарската влада Андреј Љапчев. Но и неговата заслуга за едно такво место на кое бил тој поставен, Христо Матов, го релативизирал со укажувањето оти Љапчев како припадник на демократите многу се залагал за Генералот Генев, исто така демократ, да дојде на чело на Ополчението. Подразбраниот и „сугерираниот“ извод бил: Љапчев е на тоа исто место како и тој (Христо Матов) како еден вид награда за неговото ангажирање генералот Генев да стане началник на Главниот штаб на Ополчението.

Сите други споменати лица, Матов, јасно ги става на пониско ниво. Ѓорче Петров можеби ќе биде поставен на спомнатото место. За него Матов претпоставувал дека можеби ќе бил поставен. За Тодор Александров и за Павел Христов, Матов не претпоставувал дека можеле да бидат поставени на тоа исто место со него. За нив тој знаел дека нема да бидат поставени на исто рамниште, но Матов, откако ќе застанел на тоа место, ќе гледал да се предвидело и тие да влезат во Главниот штаб; ако успее да ги убеди тие што и него го поставиле. Евентуалниот успех во таа смисла за Александров и Христов, би бил резултат на напорите на Матов, бидејќи ете, тој ги знае и цени и дека тие ќе му помагаат (ќе му бидат помошници).[353]

Присуство на егоцентричност, на пречувствителност, па дури и на емотивна ранливост, при нанесена неправда или при претпоставка за тоа, кај Христо Матов, може да се препознае и во многу други случаи, по различни поводи. На пример во писмото повторно до Пејо Јаворов, напишано шест месеци по претходно споменатото писмо, веќе како советник во Главниот штаб на Македоно-одринското ополчение, покрај информациите за случувањата и неговите ставови за нив, на крајот покрај Јаворова биле поздравени и професорите Милетиќ и Ѓоргов (професори и академици) и „Таврето" така именувајќи го Тодора Александров. „Таврето" никогаш не станал псевдоним за Александров.[354]

Таквото именување на Александров не било случајно за Матов. Имено, во тоа време Тодор Александров, веќе година дена, бил член на ЦК на ВМОРО. Меѓу тројцата членови тој бил најактивниот и најспособен организатор и конспиратор. Александров уште од 1909 година се вратил во Софија и почнал да ја воспоставува одново конспиративната, четничката и атентаторската структура на ВМОРО влегувајќи илегално во Македонија. По 1911 година, како член на ЦК на ВМРО, станал главниот придвижник на акциите на ВМОРО и тој кој, преку другите два членови на ЦК (преку Чернопеев и Чаулев) обезбедувал единственост и општост на акциите на Организацијата. Преку нив Александров, ја забрзал воената конфронтација на балканските сојузници против Турција, особено преку кои ја „повлекол" Бугарија во војна.[355]

Матов тоа го знаел, но Матов бил менторот и авторитетниот идеолог под чија што закрила и влијание се изградил Александров. И фактот: Матов во 1912 година сѐ уште бил општо почитуван авторитет и, конечно, тој бил не само член на Задграничното претставништво туку и на Главниот штаб на Ополчението. Меѓутоа пак, Александров со сите негови способности и со особините на сигурен и доверлив организатор и револуционер, веќе стекнал завиден углед и доверба сред воените и цивилните власти на Бугарија, што било тешко достигливо за Христа Матов, најповеќе поради неговиот критички порив кој не им простувал ниту на цивилните ниту на воените власти. Тоа го знаел и чувствувал и самиот Матов, но во 1912 година кога тој сепак и сѐ уште бил сметан за најавторитетната личност во ВМОРО со интелектуални и образовни способности кои му овозможувале дијалог на „рамна нога" со многу личности од различни средини, а поради своите лични особини на нагласен егоцентрик, на еден вид преосетлив и ранлив „нарцис", имал потреба да ги потсети пријателите на редот и на редоследот во работите, во односите и

во заслугите. Потсетувањето на заслугите, нивното истакнување и признание, се чини му станале постојана психолошка потреба на Христа Матов. Таа, би се рекло, потреба за психолошка компензација (или сатисфакција) почнала да се чувствува тогаш кога Матов се осведочувал оти неговиот пулен, неговиот помагач и соработник, станува самостоен револуционер со интегритет и паралелен раководител на ВМОРО; еднаков со Матов.

Има многу индикатори, и податоци, кои укажуваат на преосетливоста и егоцентричната карактеристика на Матовата личност која, со време, сè повеќе ќе станува детерминанта во неговото однесување, па дури и на неговата духовна рамнотежа. Добар дел од индикаторите за Матовата нагласена честољубивост и егоцентричност има во неговите „Белешки" („Белешки за мојата револуционерна дејност") пишувани во 1912 година и прекинати, (недонапишани), кога била објавена војната против Турција во која Матов „влетал" со сите надежи и очекувања кои подолго време ги претпоставувал и замислувал. Индикатори за неговиот духовно-психолошки склоп има и на други места низ документацијата и литературата од него и за него.

На пример, во „Белешките..." можат да се сретнат и вакви искази: „...јас ги поставив основите на револуционерното движење во тој град..."; „...малкумина ... сосем малкумина можат да се досетат каде да ги бараат моите заслуги... тие се Ѓорче Перов, Борис Мончев, Ѓорѓи Баждаров и Кирил Прличев"; „...јас бев целосен господар..."; „Родоначалник сум на агитационо-организационите чети...", „...Создател сум на селската полиција..."; „...Касиер не сум бил, никогаш не ме бидувало за тоа... го повикав Тодор Александров тој да ја прими касата и тој стана касиер..."; „Тодор Александров се покажа способен за делова револуционерна работа..."; „Никој во Организацијата не вложил повеќе од мене смисол, систем и план"; „Моето име насекаде стана многу популарно..."; „...Херој на романот.... сум јас"; „Од ништо создадов нешто..."; „Моето име остана меѓу најавторитетните во Организацијата... за тоа сигурно придонел мојот карактер и темперамент на човек со англиска ладнокрвност и со англиска точност"; „...Сарафов кажал... Чернопеев раскажува... Тодор Лазаров ме нарекол (одделни пофални искази за Х. Матов. В.П.); „Останаа презадоволни од мојата критика – им се отворија очите"; „Сите до еден да се на спротивно становиште пак ќе го поддржам тоа во кое верувам... секогаш сум мислел оти ќе дојде ден кога моето мислење ќе триумфира и обично, да не кажам, скоро секогаш тој ден навистина доаѓал..."

За противниците, обично за серчани знаел да каже: „проповедаат сознание, а самите не го разбираат“; „учени-недоучени“ итн.[356]

Независно од тоа дали тврдењата на Христо Матов биле точни или не, тие сепак го потврдуваат постоењето на неговата нагласена честољубивост, егоцентричност и преосетливост.[357] Тој склоп на особини на Матов, неколку години по ред му создавале конфликтни односи во кои тој знаел да реагира без такт или да критикува без скрупули, на пример, политики и постапки на бугарски државни и политички раководства и институции.

Матов нив неретко, ги критикувал на начин како „да ги трга за уши“ што не можело а да не биде доживуван како непријатен и неприфатлив за соработка. На пример, во една прилика кога Александров бил отсутен, Матов побарал средба со премиерот Радославов заради натамошно тековно усогласување на ВМОРО со владата на Бугарија. Притоа, бил изненаден и навреден од слушнатиот одговор, дека премиерот немал потреба да се види со „некој Матов“, бидејќи Александров скоро ќе се врател. Капак на состојбата, во таа иста насока, била одлуката во 1915 година, по заземањето на Скопје од сојузничките балкански војски, Матов да биде упатен таму за да врши „важни задачи“. И на Матов, како и на другите, му било јасно оти таа одлука, всушност, значела негово оддалечување од Софија; оддалечување на незгодниот и непријатен критичар од центарот каде што ќе се носат важни одлуки и решенија. За тоа поконкретно ќе се навратиме подоцна.

Сега, да се вратиме на Првата балканска војна и на Христо Матов како член на Главниот штаб на Македонско-одринското ополчение; на неговите погледи и становишта за тие настани.

Првата негова јанѕа била сврзана со фактот дека големи делови од Македонија биле окупирани од српските и грчките војски. Дека бугарската војска пропуштила, прва, да го заземе Солун од каде што ѝ се отворал патот кон Западна Македонија, откај Воден. Дека пропуштила насекаде масовно да ја користи Внатрешната организација и македонското население за да формира легитимна месна власт, со што управувањето ќе било „прошарено“. Најголемите приговори и најголемите сомненија кон бугарската политика и кон намерите на бугарските инстанци, Матов ги поврзал со фактот што Бугарија не оставила доволно (или повеќе) војска во Македонија и што не повлекла повеќе српска војска на правецот кон Тракија и Мраморното Море. Поради тоа Матов почнал да се сомнева оти Македонија била пазарена и од бугарска страна.[358] Во таа смисла, во писмото испратено до Пејо Јаворов од Јашклар, во март 1913

година Матов укажува оти пренагласеното инсистирање на бугарската страна во насока на Тракија и инсистирањето нејзе да ѝ припадне Родосто, зборува дека Бугарија, со тоа, се обидувала да прави компензација за пропуштеното во Македонија, односно да направи еден вид извинување за дадените македонски земји на Срби и Грци. Гледајќи на тие факти како на „гешефтарски интереси" на Бугарија, Матов вели дека Бугарија ќе морала да попушти и за некои други градови надвор од договорите, што уште повеќе го вознемирувало.[359]

Во историографијата, обично се смета, оти Матов и Александров, како и другите од ВМОРО, на почетокот од балканската војна, не знаеле за тајниот договор меѓу Бугарија и Србија за поделба на Македонија. Дека тие, стекнале чувство оти нешто слично било договорено дури во текот на војната. Дека тоа сомнение им се наметнувало поради арогантниот и репресивен однос на српските (и грчките) власти кон македонските револуционери кои дотогаш биле на услуга на сојузничките команди.

За да ја расчистат дилемата, го испратиле Александрова на разговор со И. Гешов, тогашен премиер на бугарската влада. Гешов му соопштил оти Бугарија нема никому да отстапи „ниту педа бугарска земја". Александров, сомневајќи се во вистинитоста на тој исказ, наредил, четите на ВМОРО да се претпазат и да дејствуваат само во согласност со правилата и инструкциите на раководствата на Внатрешната организација.

Сепак останува нејасно и неразјаснето прашањето за тоа дали раководството на ВМОРО, навистина, знаело или не знаело за договорената поделба на т.н. спорна зона (на Македонија) по линија: Деве Баир, десно од Велес до кота меѓу Струга и Охрид, при што десната страна требало да ѝ припадне на Србија. Според писмото на Матов до Пејо Јаворов, од 28 март 1913 година, испаѓа оти Матов и раководството на ВМОРО знаеле за таков договор. Матов, во тоа писмо вели: „...што е уште полошо, ... принудени се да отстапат и уште некое гратче (некои градец) надвор од договореното во договорот".[360] Значи, не може да остане дилема за тоа дали знаеле или не, во времето кога Матов го пишувал писмото; тие тогаш знаеле за таков договор. Прашањето е: од кога знаеле, од почетокот кога бил склучен договорот или, дознале подоцна. И уште поважно: дали Матов и другите раководители: Александров, Чаулев, Чернопеев, Протогеров, само дознале, а не учествувале во договарањето и усогласувањето на ставовите со бугарската влада или: и знаеле и учествувале, договарајќи или консултирајќи се со таа влада.[361]

## 17. ВМОРО катастрофата на Македонија и Матовите варијанти за нејзината судбина

Како и да е, незадоволни од тоа што се случило на теренот во Македонија, и Матов и Александров, како и другите, инсистирале на „второ полувреме“ во воената пресметка, тој пат, на војна со Србија и Грција. Кон меѓусојузничка војна се насочила и самата Бугарија откако Србија почнала да инсистира на ревизија на Договорот меѓу нив, од 13 март 1912 година, и на задржување на окупираните територии, предлагајќи разграничување по текот на Брегалница и Вардар до Гевгелија. И противничките на Бугарија, исто така, почнале да ги прегрупираат и концентрираат своите сили со тоа што Србија и Грција потпишале (и) меѓусебен одбранбено-офанзивен, договор доколку бидат нападнати и загрозени во однос на заземените територии.

Во разгледувањата и анализите на можните сценарија, Христо Матов се покажал како најпрониклив аналитичар. На пример, во една пригода Тодор Александров ги известил Матова и другите присутни раководители на ВМОРО дека со Радославов и со други членови на владата го разгледувале прашањето за тоа дали, по склучувањето на мировниот договор на сојузничките балкански држави со Турција, при меѓусојузничка војна, би имало или не опасност од вмешување на истата заради територијални придобивки, посебно заради Одрин и со тоа, дали Турција ќе го прекрши договорот; и второ: дали, за Бугарија постои некаква опасност од романска страна или не, поради барањето на романската влада за корекција на меѓусебната граница кај Добруџа. Притоа, Александров ги известил другарите дека било оценето оти не постоела таква опасност од двете страни. На тоа Матов прашал: а ти Тодоре што им кажа? На одговорот дека и тој се согласил со тие заклучоци, Матов, просто му се нафрлил дека згрешил и дека тој требало да се врати и да им каже оти опасноста од тие две страни постои и дека тоа требало да се земе предвид при носењето заклучоци. Матовото инсистирање да се соопшти спротивното, можело да се престори во инцидент меѓу двајцата раководители на ВМОРО, меѓу постариот и поавторитетен, но запоставен Матов, и меѓу помладиот, повлијателен, и поприфатлив, за бугарските власти, Александров. Инцидентот бил избегнат со Александровото приспособување, кон Матовото расположение. Тој момент бил уште еден процеп кој се јавил на релацијата: Матов-Александров.[362]

Кога веќе сите работи се насочиле кон војна против Србите и Грците, заради „правата“ на Бугарија над Македонија, така како што ги чувствувале:

бугарското општество, македонската емиграција, ВМОРО, евентуално и македонските егзархисти, Матов почнал да предлага интересни идеи. Прво, сметал дека војната против српските сили не требало да се води во Македонија, бидејќи македонското население, повторно би било жртва, туку дека требало да се нападне српското население во Србија, од правецот на Ниш и Пирот.[363] Второ, Матов сметал дека било подобро дури, да се повика Австро-Унгарија да ја окупира Македонија, со што ќе се задржела бугарштината во Македонија и ќе се спасело македонското население од посрбување и погрчување.[364] Матов, паралелно со тие ставови изнел и прогноза оти тие делови од Македонија кои тогаш ќе биле загубени за Бугарија, тие засекогаш ќе биле изгубени, бидејќи ќе биле посрбени и погрчени.

Во предвечерјето на Втората балканска војна се сметало оти било потребно, одново, да тргне мисија на познати професори по европските престолнини за да инсистира на автономија на Македонија, сметајќи дека таа идеја била прифатлива за европските сили. Сепак, најголемата верба била во силата на бугарското оружје, а Матов, дополнително, верувал и во Русија;[365] во тоа, дека таа ќе застанала зад Бугарија и немало да дозволи да биде загрозена од Турција и од Романија. Уверена на победа против српската и грчката армија, Бугарија на 16/29 јуни, прва, извршила напад врз српската и грчката војска кај Злетово и Лефтере.[366] Со тоа таа ја прекршила руската закана оти ќе се смета за виновна таа страна што ќе почне војна против своите дотогашни сојузници; закана која во таков случај подразбирала и последици.

Настојувајќи да се одржи сојузот на балканските држави, а повоените спорови да се решат договорно меѓу нив со медијација и на европските сили, Русија ги повикала претставниците на трите балкански држави на преговори во Петроград.[367] Меѓутоа, трите држави, без исклучок, сметале оти во краток интервал, пред тоа, требало да бидат подалеку од диктатот на силите заради постигнување на предност за своите цели на теренот. На таква варијанта, пред сè, сметала Бугарија, но на истата се надевале и Србија и Грција, кои „молеле бога“ прво да бидат нападнати од страна на Бугарија.[368]

Кога тоа се случило и двете, координирано, одговориле очекувајќи Бугарија да биде нападната уште од Романија и Турција, за да бидат сигурни во својата победа. На ургентната реакција на Русија воените операции да престанат и да бидат испратени претставниците во Петроград завојуваните држави не обрнале внимание. Тогаш, по кусо почекување турските сили ја поминале линијата на мировниот договор потпишан во мај истата година,

го зазеле Одрин и застанале на реката Марица.[369] Во почетните моменти на меѓусојузничката војна и европските сили почнале да калкулираат и да шпекулираат со своите интереси. Австро-Унгарија, очигледно, стоела зад Бугарија, давајќи ѝ уверувања за одржувањето на позициите ante bellum, што значи дека ќе поддржела и нејзини придобивки во однос на Србија, доколку успеела во тоа, но не била подготвена да се спротивстави на барањата на својата долгогодишна сојузничка, Романија. Германија, се чини и Англија, биле наклонети кон Грција, со тоа што Англија сепак инсистирала на излез на Бугарија на Егејско Море. Русија првенствено настојувала на зајакнување на Србија како прв браник против австро-унгарското навлегување кон Егејот и кон Албанија, инсистирајќи Србија да има непосредна (заедничка) граница со Црна Гора. На последното инсистирала и Англија од слични причини како и Русија. Франција и Германија стоеле зад своите сојузници.[370] За таа руска политика било потребно Бугарија што побрзо да побара примирје за да можело да бидат заштитени и нејзините интереси, некаде по линиите на разграничувањето по Првата балканска војна. Меѓутоа, Бугарија, во почетната фаза, го задржала своето офанзивно држење, кога Романија, истакнувајќи ги своите барања кон Добруџа, почнала со својата армија да навлегува, движејќи се кон Софија. Всушност, Романија, за награда во однос на нејзиното барање за корекција на границата кон Добруџа, одиграла договорена улога со Русија и со двете балкански држави (Србија и Грција) да изврши притисок врз Бугарија, таа да побара примирје и да ги сопре воените дејства. Во таа смисла, на пример, има изјава на рускиот министер за надворешни работи Сазонов, во која тој ѝ оддава признание на романската страна за точно и дисциплинирано придржување кон руските совети.[371]

При настанатите состојби, бугарската армија од Егејскиот фронт со забрзан марш почнала да се враќа кон Софија во која почнало да се пројавува хаотична и панична атмосфера. Коридорот на повлекувањето на силите на бугарската армија, речиси неоштетена, одел покрај Струмица и подбеласичките села од каде што облаците прашина се кревале толку високо што биле видливи до Радовиш и подалеку, кон Штип.[372] Постапно, почнале да се повлекуваат и крилните армиски сили, и тие што биле наспроти српските и тие наспроти грчките позиции, создавајќи слободен коридор од југ кон Бугарија. Од тие причини можеле да се видат многубројни мали воени групи и дружини кои поминувале (или протрчувале) низ македонските градови, итајќи кон Бугарија и, веројатно, надевајќи се на пљачка или на „прошетка“ низ нејзината територија. За сите нив, како и за одделни делови од српските армиски сили кои

го стегале фронтот кон Бугарија, дел од бугарските воени сили, во кои имало многу македонски војници, им приредиле соодветен „пречек“ на фронтот по Осоговските и Малешевските Планини, нанесувајќи им големи загуби.

Притеснета од сите страни, Бугарија почнала да бара мир. Фердинанд, во таа смисла, на 16 јули 1913 година преку телеграма го замолил романскиот крал Карол да ја прекине војната, прекинувајќи го напредувањето кон Софија. Добивајќи одговор оти Романија прифатила обврска да не склучува сепаратен мир било потребно Бугарија претходно да добие грчка и српска изјава за прифаќање на прекин на војната. Бугарија се обратила до Австро-Унгарија која преку императорот Франц Јосиф дала уверување оти, таа, немало да дозволи иднината на Бугарија да зависела од воената среќа. Кон австро-унгарската иницијатива за прекин на војната меѓу балканските држави со предлог тие на Конференција, со помош на европските сили, да го решат нивното меѓусебно разграничување, се приклучила и Русија. Англија, исто така, дала своја согласност со извесни претходни услови. На тоа се согласила и Германија посочувајќи го Букурешт како место за Конференцијата на завојуваните страни, минус Турција.[373]

Тие предлози биле групирани кон 20 јули, но Србија и Грција не сакале да ги прекинат воените дејства бидејќи биле во победоносно настапување против од сите страни сардисаната Бугарија. Тогаш Романија одново стапила во својата улога; кралот Карл прецизно го повлекол и следниот потег. Ја известил грчката страна, ако не се согласи на прекин на воените дејства, тогаш Романија ќе склучела сепаратен мир со Бугарија. Било сосема јасно што можел да значи за Грција тој чин на романската страна. Грција, а со неа и Србија, на 25 јули 1913 година ги прекинале воените дејства и почнале да се подготвуваат за Букурешката мировна конференција, која ја димензионирала бугарската, прва, воена катастрофа. Букурешката мировна конференција ја почнала својата работа на 30 јули 1913 година.

Внатрешната Македоно-одринска револуционерна организација, пред Втората балканска војна, преку декларација, даде до знаење, како на бугарската страна, така и на европските сили, оти не признава никаква спорна зона од територијата на Македонија и оти во случај македонското прашање да добиело спротивно решение, тогаш таа, „вовлечена во војната“ не ќе се поколебала да се послужи со сите средства не водејќи сметка, ниту за женевската, ниту за каква било друга меѓународна конвенција.[374]

Таа декларација на ВМОРО од 16 мај 1913 година, со значење на закана за беспоштедна воена акција, всушност била еден вид егзалтирано воено

дополнение кон бугарската одлука да се војува за Македонија со дотогашните сојузници. Дополна која не само што го изразувало противењето на ВМОРО за завладување на окупираните делови на Македонија од страна на Србија и на Бугарија во Првата балканска војна туку и непризнавање на претходните договори склучени меѓу Србија и Бугарија и меѓу Бугарија и Грција, како и меѓу Србија и Грција пред Втората балканска војна. Односната позиција на ВМОРО произлегувала од уверувањето во надмоќноста на бугарската сила и во силата на ВМОРО, но и од патриотскиот патос кон Македонија. Колкав и каков бил тој патриотски патос може да се цени и по фактот дека откога било земено решение за „воен реванш", во Бугарија, дошло до повторно обединување и сплотување на кадрите и средините од десницата и левицата на ВМОРО, кои, излегувајќи на софиските улици, се поздравувале со „Христос воскресе" и со исказот на Иван Хаџи Николов: „Пак се обединивме".

Во писмото од Христо Матов до Руменов, пратено околу половината на јуни 1913 година, се вели оти по секој начин ќе гледаат да ја продолжат војната додека не ја освојат, најмалку, цела Македонија. Матов, исто така, сметал на поткрепа и од Австрија и од Русија.[375] Меѓутоа ниту прогнозите ниту надежите, како за исходот на Втората балканска војна, така и за односот на европските сили, посебно за односот на Русија, воопшто не се оствариле. Спротивно, војната била изгубена во рок помал од еден и пол месец при што не само Бугарија туку и ВМОРО, се нашле приклештени од страна на победителите и присилени, не само да бидат сведоци туку и потписници на распарчувањето на Македонија и на нејзиното ставање под власта на балканските држави.

Пред таквата, извесна судбина на Македонија, ВМОРО Матова, откога се уверила во неминовната катастрофа, предложила решенија кои биле спротивни на нејзините дотогашни ставови и на нејзината дотогашна политика. Во писмо до Пејо Јаворов, од 18 јули 1913 година, кога било извесно како ќе заврши војната, Христо Матов предлагал:

**Прво**, ВМОРО сè уште да не истакнувал барања кои би биле надвор од политиката на бугарската влада, бидејќи Бугарија, дотогаш, дала големи жртви, а владата и опозициските партии здружено работат, па можеби ќе изнајдат некое општо прифатливо решение. Плус: ехото на посебни македонски барања би било негативно примено во бугарската јавност и не би дало резултат, па затоа „сега-засега што правиме треба да правиме во согласност со бугарската официјална политика"; **Второ**, едно викање за автономија во денешно време би било многу пожелно. Но за тоа треба да се добие согласност од официјална

Бугарија; **Трето**, било да се согласи Бугарија да „војува“ за автономија на Македонија, било да не се согласи, едно организирано раздвижување од наша страна е многу умесно и треба да стане. Матов предложил: декларации од Братствата, декларации од ВМОРО; делегации од бегалците, од обични луѓе и од револуционери, на чело со свештеници и со владика да се праќаат по европските престолнини; **Четврто**, согласно со официјална Бугарија и со меѓународната положба на истата, делегациите да претстават: колку поголеми делови од Македонија ќе останеле под Грците и Србите, толку повеќе и побрзо Европа ќе се осведочела во нови крвави борби на Балканот; автономијата каква и да е ќе била спасителното средство; и на крајот да се дадело до знаење дека се претпочитувало австриско покровителство, дури и австриска окупација; **Петто**, препорачувал по тие прашања да имало размена на мислења и аргументи од повеќе души, зашто тој самиот не можел спокојно и, поради тоа, правилно да ја процени идната положба. Но, сепак, тој ги претпочитувал покровителството и окупацијата од страна на Австрија пред српската и грчката окупација; **Шесто**, треба(ло) да се отфрла идејата кај бугарските големци дека ќе се одмазделе (ќе имало врачка) по некоја година, со што би се исправиле сегашните загуби, бидејќи по пет-шест години, според Матов, младежта ќе се посрбела и погрчела. Затоа било значајно тоа што ќе стане во тоа време. Подобра била окупацијата од страна на Австрија, но не окупацијата од Србија и Грција. Ако и Австрија не сакала да војува за македонска автономија, туку ако била за тоа Македонија да биде дел од Австрија, тоа да се прифати а ако за тоа требало да се препушти Бугарија на Русија, тогаш требало бугарските државници да си го решеле тешкото прашање; **Седмо**, разните делегации составени од бегалците да отидат и формално да бараат вмешување на Австрија. Ако е потребно или неопходно, заради австриското замешување во врска со Македонија да се прифати и унијатство, Матов препорачал, тоа да се прифати. Тоа ќе ѝ создадело основа на Австрија да се вмеша во црковно-училишната автономија, со што ќе се стреснела Русија да води повеќе сметка за бугаро-македонските интереси.[376]

Предлозите на Христо Матов за македонското прашање изнесени, некаде, месец дена по почетокот на Втората балканска војна, кога општиот исход почнал да се наѕира како тежок пораз на бугарската армија и на надежите на ВМОРО, укажуваат на некои нови моменти во позициите на Матов кон тоа прашање. Покрај старите, добро познати, ставови на Матов по истото прашање, чија судбина секогаш претходно ја сврзувал со бугарската држава и со бугарскиот национализам, во споменатото писмо, Матов направил вид-

лив отклон, во делот на политичката страна на македонското прашање. Имено, Матов како алтернатива на обединувањето на Македонија со Бугарија и како нова варијанта, во случај Бугарија да не прифати да војува или да се застапува за автономија на Македонија, предложил македонските делегации и организации да се застапеле за австриско покровителство, вклучително и за австриска окупација на Македонија.

Влегувајќи во таа алтернатива и исчекорувајќи надвор од бугарскиот државен опфат, Матов отишол понатаму: се согласил делегациите да прифатат и анексија на Македонија од страна на Австрија, ако тоа, како услов, го поставела самата Австрија. Дополнително, предложил прифаќање и на унијатството ако и тоа се поставело како претходен услов. Врвот на таа нова Матова позиција бил во неговиот извод: ако таа можност била услов Австрија да дозволи Бугарија да припадне на Русија, при претпоставената (од страна на Матов) согласност на двете европски сили, тие да го присвојат и поделат Балканот, и во тој случај Матов бил согласен Македонија да стане дел од Австрија, а Бугарија (што се однесувало до Матов) нека и да стане дел од Русија или од руската интересовна зона. За последното Матов прецизира: да се остават бугарските државници самите да си го решат тоа тешко прашање. А што се однесувало до Македонија, Матов веќе имал решение во таа смисла во која биле неговите претходно посочени ставови сврзани со Австрија.

Што е новото кај Матов? Главната новина кај Матов била во тоа што тој првпат (и единствен пат) Македонија ја замислил издвоено од Бугарија; со своја посебна судбина. Иако таа Матова позиција траела мошне краток интервал – како краток пролетен здив среде зимско време, сепак тој момент бил единствениот Матов македонски, патриотски, момент во неговата подолга и мошне интензивна политичка дејност како високопозициониран член на ВМОРО.

Не може со сигурност да се утврди: што придонело да се јави тој момент во кој Матов замислил сосем различен предлог за Македонија и со кој зазел поинаков став во однос на неговата долговремена и конзистентна позиција, дека Македонија е дел од Бугарија и дека таа, нужно, треба да ја споделува нејзината судбина, при што тој бил, веројатно единствениот кој сметал дека неговата родина, Македонија името можела да го оправда само во археолошка смисла, а во секоја друга (историска, културна, етничка и сл.) таа била Западна Бугарија (или долна Бугарија). Бидејќи не може, директно и со сигурност, да се дефинира причината за тој отклон, ќе ги приведеме околностите во кои Матов

го искажал ставот за издвојувањето на политичката судбина на Македонија од таа на Бугарија.

Тогаш, кога го напишал споменатото писмо, до членот на Задграничното претставништво на ВМОРО Пејо Јаворов, Матов бил на позициите на фронтот што ги командувал Протогеров. Во тоа време фронтот, успешно се држел на линијата Калиманци-Пехчево и Лешко-Струма, што значело дека Македонија, веќе, била загубена, односно освоена од Србите и Грците, а Бугарија била зачувана и можела да се зачува, покрај другото, и поради ставот на Австрија која изјавила дека немало да дозволи, иднината на Бугарија, да зависи од воената среќа. Матов се консултирал со Протогеров и со неговите блиски пријатели: Гоце Радев, од Битола, член на ВМОК, Крсто Станчев, главен уредник на „Камбана" и на „Зора" широк социјалист, како и со Македонецот журналист Д. Крапчев. Во писмото Матов вели оти ги убедил во врска со предлозите и дека тие тргнале за Ќустендил и оттаму за Софија. Заради анализа на состојбата предлагале идеи за нејзино решение. Сепак Матов останувајќи на Фронтот, го срочил писмото како негов став и го испратил по курир. Во чинот на формирањето на ставовите не бил под непосредно влијание на кој било авторитетен или поавторитетен од него. Дури и кога се консултирал со претходно споменатите, Матов бил супериорниот дијалогичар и полемичар; инвентивниот и тешко отстапливиот соговорник од своите асоцијации и предлози.

Во тие услови, гледајќи како Македонија станува плен на оние против кои тој цел свој дотогашен револуционерен живот војувал, полемизирал и предлагал удари против нивните пропаганди, не само во Македонија туку и во Србија и Грција, но и во Бугарија против Грците бугарски граѓани (т.н. „теорија" на удар по болно место) Матов не можел да се помири со фактот за српска и грчка окупација на Македонија. Тоа како прво. Како второ, на прашањето како да се одбегне омразената српска и грчка окупација на Македонија, Матов не гледа решение во бугарската држава; таа е губитник со големи жртви и со претпоставени тешки услови и за понатаму. Матов не гледа решение ниту во Русија во која најмногу веруваше. Откако, му се „отворија очите" во текот на балканските војни, Матов се свртел кон единствениот фактор во кој тој и бугарските државници се понадеваа на поддршка, по изјавата на царот Франц Јосиф, претходно цитирана. Сметајќи дека Австрија го почитува бугарскиот државен интегритет и дека таа беше главната сила која, инсистирајќи на прекин на војната, ја спаси Бугарија од тотален колапс, Матов, логично, претпоставил дека таа европска сила ќе има симпатии и кон „македонските Бугари". Покрај тоа, Матов не можел, а да не знае оти австриските стратегиски интерес бил

сврзан со Западен Балкан, поради амбицијата да излезе на Егејско Море. Тоа значело, дека Австрија, ја врзувале крупни интереси со Македонија; на прво место со железниците, низ Вардарската долина, и со таа од Митровица, преку Битола, за Солун.

При такви околности Матов предложил да се случи, тоа што се случило и на Берлинскиот конгрес, Австрија да ја добие Босна и Херцеговина без борба, а со согласност на европските сили, поради признатите западни интереси над тој балкански регион. Бидејќи и Македонија била, постојано, во зоната на западноевропските интереси, а при постоење на преседан во меѓународното право, Матов сметал оти неговите предлози, во врска со Македонија и Австрија, можеле да бидат прифатливи. Поради тоа, пред дилемата: Македонија или Бугарија, кога веќе не можело да бидат обединети и пред реалната извесност да бидат завладеани од Србија и Грција, Матов се определил за тоа што предложил. Се определил сам кога бил, или сам, или со свои пријатели, или со лица над кои чувствувал революционерна, формално-статусна, духовна и друг вид предност. Значи, кога не бил и не можел да биде повлијаен од поголем политички или друг вид авторитетен субјект.[377]

Ете, во такви околности Христо Матов пројавил став на македонски патриот кој првенство и над сè ја замислувал Македонија. Се разбира оти тие негови предлози, во тоа време и за таа тогашна реалност, биле сосема неостварливи и целосно нереални. Сите можни асоцијации и аналогии со прецедентите направени во времето на Источната криза и на Берлинскиот конгрес, биле нереални за актуелните услови: и од становиште на меѓународните политички односи и групирања на европските сили, што биле сосема различни од истите работи во времето на Источната криза; и од становиште на реалните сили на самиот балкански терен одземен од турската империја. Поради тоа, може да се констатира оти предлозите на Матов, како негов концепт, биле шематски и механички претпоставени решенија, неповторливо заминати во историјата но тие биле искрено негови ставови, соодветни на неговите чувства во тој момент.

Поентата која заслужуваше да биде истакната на изречен начин, не е во тоа колку тие Матови предлози биле реални или нереални, туку во тоа дека тие биле првите и единствени негови побуди и предлози за решенија на македонската политичка судбина надвор од бугарскиот државен концепт. Но, таа Матова замисла искажана, речиси приватно како личен шепот, траела само 12-тина дена, до 1 август 1913 година, кога, веќе за време на одржувањето на Букурешката мировна конференција, Матов ги формулирал инструкциите

за ополномоштената од ВМОРО делегација во странство за пропагирање на решенија за македонското прашање.[378]

Тие инструкции Матов ги утврдил со знаење и согласност на бугарската влада за делегација, не од македонски бегалци и револуционери како што првично мислел, туку за делегација од угледни личности, со потекло или без потекло од Македонија. Во делегацијата влегле: Љубомир Милетич, Иван Георгиев, Никола Милев, Димитар Михајлчев, Григор Василев, Александар Балканов и Тодор Павлов. Делегациите или делегатите требало да ги посетат европските престолнини, групирајќи се по двајца или тројца; пропагирајќи за автономија на Македонија, но и за други две варијанти кои се чини биле нова и главна поента во предлозите.

Во инструкциите за делегатите ги нема варијантите од претходното писмо од 18 јули 1913 година. Во писмото со инструкциите од 1 август 1913 година, на делегатите им се сугерирало како увод да подвлечат дека Македонците би отишле и со ѓаволот само да не останеле со Грците и Србите кои се бореле, рамо до рамо со Турците против бугарските револуционери.

По уводното пледоаје делегацијата била ополномоштена, во името на ЦК на ВМОРО, да изјави дека: (1) Македонците претпочитувале Македонија да влезе, како автономна област, во независна Албанија, формирајќи дуалистичка држава; или (2) Битолскиот вилает или најмалку соседните околии: Костурско, Охридско, Тетовско и други да влезат во Албанија.

Во инструкциите имало забелешка дека пред Германците (мислејќи на Австрија и Германија) не било политично да се говори за одделни околии.

Од инструкциите што ги дал Матов, усогласени со владата на Бугарија, и препорачани како предлози на ЦК на ВМОРО, може да се заклучи дека ВМОРО Матова тој пат заиграла на идејата за заедничка (дуалистичка) држава на Македонците и Албанците или на нови граници на Албанија кои требало да бидат подразбрани како граница меѓу Албанија и Бугарија, односно како граница меѓу Албанците и Бугарите. Таа идеја на ЦК на ВМОРО во времето на одржувањето на Букурешката мировна конференција имала за цел да ја стимулира енергијата и наклоноста на Австрија кон Македонија на подруг начин од претходните идеи на Матов опфатени во писмото од 18 јули 1913 година.

Овојпат Матов и ЦК на ВМОРО (под влијание на Матов) одново заиграле на картата на Австрија. Разликата била во тоа што се откажале од предлозите, аналогни на решенијата на Берлинскиот конгрес и предложиле варијанта со албанската држава која била актуелно прашање, патронирано од

страна на Австрија и прифатено од другите европски сили. Новината, значи, била во варирањето на предлози за Македонија во контекст на актуелната проблематика со која, во тоа време, се занимавале европските сили. Другата страна на предлогот: неговата реалност, останала иста како и во прехтодниот случај; тие нови предлози на Матов и на ЦК на ВМОРО биле нереални и неприфатливи. Имено, македонското прашање, по двете балкански војни, веќе било предопределено со резултатите од истите. Европските сили не биле во состојба да ги игнорираат тие резултати, а уште помалку ВМОРО (со своите желби) можела да ја менува новосоздадената реалност на Балканот, зад која стоеле интересите на балканските држави и тие на европските сили.

Варијантите што ги предлагала ВМОРО, со знаење и согласност на бугарската влада, можеле да имаат некаква основа само: доколку ВМОРО и Македонците масовно војувале за автономија на Македонија, т.е. за македонска држава како што востанале и војувале Албанците во 1911 и во 1912 година; или пак, доколку војувале заедно со Албанците за создавање дуалистичка држава за што имале понуда испорачана преку Хасан Приштина и преку Никол Иванај, која не била прифатена од ЦК на ВМОРО (ниту од ЗП на ВМОРО). Основа за споменатите две барања на ВМОРО од први август 1913 година можело да има и во случај бугарската армија да била победник во Втората балканска војна, па Бугарија да се определела, било за Македонско-албанска дуалистичка држава, било за заедничка граница, меѓу т.н. Голема Бугарија итн. Голема Албанија. Се разбира дека и во тој случај, за такви варијанти, била потребна согласност од страна на Европските сили.

Ништо од сето тоа не постоело. ВМОРО војувало како сегмент на бугарската армија,[379] а Македонците, во меѓусојузничката војна, војувале на сите три страни. Бугарската армија со ВМРО, во својот состав била таа што ја изгубила војната, а Бугарија била таа која барала прекин на воените дејства. Врз тие факти и во состојба во која Бугарија требало да се спаси од натамошна катастрофа, барањата на ВМОРО немале ниту легитимитет, ниту тежина, ниту логика. Страдањата на македонското население и подготвеноста на ВМОРО да оди и со ѓаволот, само не со Србите и Грците, биле доволно апстрактни и фолклорни аргументи што немале никаква врска со меѓународните политички односи и со интересите и моќта кои реално постоеле и биле сосема поинакви од вообразбите на ВМОРО, содржани во предлозите што ги нудела делегацијата во името на ЦК на ВМОРО. Затоа и ВМОРО и Македонците кои војуваа како сегмент од бугарската армија, како и оние, кои без свое знаме и свое име,

војуваа на страната на другите армии, ја платија најтешката цена со познатите решенија за Македонија на Букурешката конференција.

Таа цена, со сите теглила што ги врвело македонското население, како неправда под остриот шовинистички режим на новите господари на Македонија, не ги вознемирило, којзнае колку духовите и душите на големите сили, ниту пак на пријателските организации во странство. Првите калкулирале со своите интереси кои станувале сè поконфликтни и кои кон почетокот на 1914 година, воделе кон голем воен судир. Вторите, пријателските организации во странство, се приспособувале на интересите и на политиката на своите држави и во условите пред Првата светска војна, станале ниven израз. Така на пример, Балканскиот комитет во Лондон, во август месец 1913 година, паралелно со Букурешките решенија, за Македонија проговорил како што говорел и за африканските заостанати земји за кои колонизацијата се гледала како цивилизациски акт и чекор. По повод апелот на тој Комитет од август 1913 година, Христо Матов, засегнат од тонот и смислата на третирањето на Македонија, му испратил куса и остра реакција на г. Ноел Бакстон, добар пријател и долгогодишен поддржувач и познавач на македонското прашање, во кое му напишал: „Ние го имаме вашиот апел. Внатрешната организација жали дека во Лондон и на други места, за Македонија се говори како за Конго или Мароко. Нека се знае оти тоа бугарско население кое го крена востанието во 1903 година, ќе биде така силно и во иднина, и нема да остави други да си играат со неговата судбина...“[380]

Христо Матов, за жал, и тогаш и подоцна се осведочил дека „другите“ кога под тој поим се подразбираат големите сили, не само тој пат туку и секогаш пред тој пат и по него, ги детерминирале судбините на малите народи и малите земји. Образованието на Матов за појавата на националните движења и за создавањето на националните држави му давало основа да го сфати тој основен факт во меѓународните политички односи, па, во таа смисла, неговата реакција можела да се разбере само во врска со драмата и траумата што ја доживеала таа генерација на ВМОРО и на македонското население. Матов знаел, или морал да знае оти судбината на еден народ зависи, во голема мера, од правилно и реално дефинираниот општ интерес на тој народ од страна на неговите политички водачи и организации, и од реалноста на одлуките и постапките за негово остварување. И конечно, и при такви услови, на крајот, сè ќе зависи и од непредвидливите исходи на крупните настани во историскиот процес, во тој ред и од воената среќа, ако војната е избрана како начин на решавање

на некое заплеткано и противречно прашање, какво што било македонското. Имено: ако се знаело, а се знаело, дека за Македонија биле заинтересирани и Србија и Грција, покрај Бугарија; ако се знаело, а се знаело, дека македонското население било фракционирано и поделено од трите пропаганди; и конечно, ако се знаело, а се знаело, оти големите европски сили имале различни интереси кон Балканот, посебно кон неговиот централен дел на кој се наоѓала Македонија; тогаш, кога главната политичка и революционерна сила на народот на Македонија ќе се определи за наметнување (и триумфирање) само на една линија, на еден дел, од тоа население па нека тој дел да е најголем, и кога таа организација, во случајот кога ВМОРО, ќе се определи да поддржи еден од надворешните државни национализми, тогаш навистина требало многу среќа за да се преклопат сите предвидени претпоставки. Такво преклопување во балканските војни не се случило. Среќното преклопување на политиката на ВМОРО со бугарскиот национализам не се случиле ниту во текот на Првата светска војна. Во Втората светска војна, претходната политика на ВМОРО не беше варијанта за решавање на македонското прашање. Таа политика, веќе, како архивска реликвија, ниту го матеше умот ниту го вознемируваше срцето на новата генерација која, во новите услови, најде нови решенија кои се покажаа реални и успешни.

По балканските војни, кусо време, и ВМОРО и Матов, како и другите раководители на Македонската революционерна организација, покажале разочараност и парализираност од тешкиот пораз на политиката и на силите на страната кон која се определиле.[381] Во Македонија, пак, се одвивал процес на насилство против сите што биле на другата страна, при што на најгруб, репресивен, начин биле барани, прогонувани и убивани активните месни борци, четници и раководители на ВМОРО. Поради тоа, реката бегалци кон Бугарија не престанала да тече, особено од пограничните околии на бившиот Скопски вилает.

## 18. Првата светска војна како нова надеж и како конечна македонска и лична Матова трагедија

На поширокиот балкански и европски простор се одвивале судири на интереси и на политики кои забрзано ги приближувале државите и народите на двата блока (на Антантата и Централните сили) до взаемна војна. Балканот,

како буре барут, прв го запалил фитилот на првата глобална војна. Убиството на австрискиот престолонаследник во Сараево бил искористен како повод за почеток на големата европска војна меѓу двата блока.

Тие настани и процеси, во делот на балканските држави, ги поттикнал поразените да се надеваат на нова среќа и на подруг исход за она што не го постигнале или што го изгубиле во балканските војни. Во тој круг спаѓале Бугарија и Турција. Заедно со бугарските кругови, од поразот и трауротот, излегло и раководството на ВМОРО кое, напуштајќи ја политичката резигнација и парализа, почнало одново да се среќава за да ги следи започнатите борби на балканскиот и европскиот простор и да се ориентира во задачите што требало да ги преземе.

Во таа смисла, во почетокот на 1915 година во Софија почнале да се одржуваат тајни средби на тесен круг раководители на ВМОРО. На тие средби учествувал и Христо Матов со поттикната нова надеж и нова енергија за македонското дело. На средбите било решено да се обнови четничката структура и акција во Македонија, во прво време во околиите кои граничеле со Бугарија, а потем и подлабоко во Македонија. Задачата на тие чети била: кревање на духот на населението; запознавање со ситуацијата и со ближењето на поширока воена конфронтација која создавала шанса за ослободување на Македонија; казнување на шпиони, разбојници и на српски службени лица кои пројавиле жесток однос кон населението; разузнавање и вршење диверзии и друго.[382]

Со таа акција раководел ЦК на ВМОРО, а главен конспиратор и распоредувач на задачите бил Тодор Александров. Во периодот пред почетокот на Првата светска војна, веќе биле обновени пограничните пунктови на ВМОРО кои биле добро снабдени со алишта и оружје за формирање на четите и за нивно префрлање преку граница. За таа цел ЦК на ВМОРО соработувал со цивилните и воените власти на Бугарија кои го помагале опремувањето на четите и нивното пропуштање преку границата, на просторот на Македонија.[383]

По започнувањето на првата светска војна, на 28 јули 1914 година, ВМОРО, од бугарските власти, добила задача да врши систематско разузнавање и диверзии кон српската власт и управа во Македонија. По тој датум приливот на Македонци кон четите на ВМОРО и кон бугарските воени единици многу пораснал. Во таа маса на доброволци имало значителен број Македонци кои ја префрлале границата со Бугарија и го избегнувале регрутирањето во српската војска во која почнало со регрутација на генерациите од 18 до 40-годишна

возраст. Во Бугарија пристигнувале и војници Македонци кои дезертирале од српската армија.

Во поделбата на задачите, внатре во раководството на ВМОРО Матов го гледаме како организатор и координатор на разузнавањето кон Серскиот революционерен округ, од каде што, преку повеќе месни членови на ВМОРО, го следел однесувањето и движењето на грчките власти и на грчките воени единици. Тој, преку Стојан Филипов, Иван Попов, Илија Крчовалијата и други настојувал да се уредат односите со бугарските погранични воени власти за да може да проработат пограничните пунктови спрема Неврокопско и Мелничко, заради префрлање на поединци и групи во разузнавачка и диверзиска мисија.[384] Покрај тоа Матов учествувал и во активностите на другите македонски организации кога тие подготвувале, објавувале и испраќале меморандуми и декларации, паралелно со тоа што како член на Задграничното претставништво земал учество во донесувањето на политички решенија за правецот во кој ВМОРО требало да ја „притиска“ владата и јавноста на Бугарија во однос на страната кон која да се определи во воената конфронтација – кон Централните сили или кон Антантата. ВМОРО, а во нејзини рамки и Христо Матов, тргнувале од ставот дека треба да влијаат врз бугарската држава и бугарското општество, Бугарија да се определи кон онаа страна која ќе ја ветеле цела Македонија на Бугарија. Знаејќи оти таква страна може да биде само германскиот блок ВМОРО систематски работела и дејствувала во таа насока.[385] Оптоварена со негативен однос кон Србија ВМОРО воопшто не помислувала да се нареди во ист табор со неа.

Во период подолг од година дена ВМОРО покрај тоа што дејствувала на територијата на Македонија под српска власт, таа систематски ги следела расположенијата и политиката на германските и австриските власти кон Балканот, посебно на релација со Грција со која биле во пазарење заради нејзиното привлекување на своја страна. Загрижена: Бугарија да не би да биде поткусена со егејскиот дел на Македонија, ВМОРО праќала угледни професори и личности во мисии во Берлин и Виена, кои преку свои блиски пријатели во владините кругови биле во тек со случувањата на тој план. Мисионерите, како професорот Милетич, доктор Точков и други, го афирмирале бугарскиот карактер на егејскиот дел на Македонија, лобирајќи за правото на Бугарија и над тој дел. Таа генерација на раководители на ВМОРО и на угледни интелектуалци од Македонија, населени во Бугарија, и во време на балканските војни и по нив, за време на Првата светска војна, била понесена од идејата

за обединување на Македонија со Бугарија.[386] Во таа смисла карактеристична била онаа изјава што ја има искажано Христо Матов по повод 30 годишниот јубилеј од соединувањето на Источна Румелија со бугарското кнежевство кое се случило на 6 септември 1885 година. 1915 година Христо Матов, како член на Одборот за одбележување на тој јубилеј, на својот пријател и земјак, познатиот интелектуалец Евтим Спространов ќе му напише: „По неколку дена ќе се отпразнува соединувањето... сторете сѐ тој ден да се отпразнува најсвечено... тогаш Соединување, сега – Обединување...“[387]

Симболично било и потпишувањето на Тајната спогодба меѓу Бугарија и Германија како и на Договорот и Воената конвенција меѓу двете држави за сојуз, со кој Бугарија, во воената конфронтација на двата блока, застанала на страната на централните сили. Таа спогодба предвидувала: приклучување кон Бугарија на целиот македонски дел под српска власт; приклучување и на грчкиот дел добиен со Букурешкиот договор, доколку Грција изврши непредизвикан напад врз Бугарија; како и приклучување на моравската и тимочката област. Симболиката со потпишувањето на споменатата Тајна спогодба била во тоа што тоа се случило на 6 септември 1915 година, на денот на соединувањето на Источна Румелија со Кнежевството Бугарија. Спогодбата како и другите акти на договорот за сојуз, ја потпишале премиерот на бугарската влада д-р В. Радославов и Г. Михаелес, канцелар на германскиот рајх.[388]

Чинот на пристапувањето на Бугарија кон Германскиот блок од страна на ВМОРО бил доживеан како триумф на сопствените напори и како момент на голема надеж за ослободување на Македонија од српска и грчка власт и за обединување на Македонија со Бугарија. Останало уште да се исчека грчкото определување, но од ден на ден станувало јасно оти Грција ќе се определи кон Антантата. Имено, Христо Матов добивал редовни известувања од С. Филипов и И. Попов дека грчките власти почнале систематски да ги репресираат и праќаат во заточение месните активисти на ВМОРО и истакнатите лица од Мелник и Неврокоп со околиите; дека почнало разместување и концентрирање на воени единици кон бугарската граница – што било знак дека Грција зазема непријателска позиција кон Бугарија.[389] Тоа на ВМОРО, самото по себе, им влевало надеж оти и егејскиот дел ќе биде присоединет кон Бугарија, што придонесувало да се разгрне уште поголема енергија во редовите на ВМОРО за соработка со бугарските воени и цивилни власти, со што раководството на ВМОРО ја подредило својата дејност на бугарската државна и воена политика во тоа време.

Во тој контекст, Тодор Александров бил тој што ги давал главните наредби и распоредби за дејствување на терористичките и четничките групи зад границата. Тој бил и главната личност за врска со највисоките цивилни и воени власти на Бугарија.[390] Христо Матов бил дополнителен соработник. Тој ги вршел споредните работи или, не често, се среќавал и со премиерот на Бугарија, но само тогаш кога Александров бил во Македонија и кога порачувал некои работи да му се соопштат на премиерот Радославов.[391] Обично, на почетокот од воените акции на бугарската армија или пак и пред тоа, кога четите на ВМОРО први влегувале во македонските гратчиња и ги прогласувале за ослободени, на Матов му се јавувале како на член на Задграничното претставништво да достави некакви потреби или пари за четите. Таков на пример бил случајот со Коста Ципушев кој го известил Матова за ослободувањето на Радовиш и за потреба од пари. Матов, според правилата на ВМОРО, распоредувал задачи и обезбедувал услови за работа на пограничните пунктови, до тогаш до кога тие постоеле.[392]

По влегувањето на Бугарија во војната со преминувањето на Бугарско-Српската граница на повеќе правци, Христо Матов добивал постојани известувања за движењето на бугарската војска и за ослободувањето на македонските градови од српска власт. Со возбуда и радост ги примал информациите за заземањето од бугарските армии и за востановување на месна, околиска и окружна управа во Скопје, Прилеп, Охрид, Струга и во други места на Македонија. Карактеристична била неговата телеграма со која Матов му ја честитал слободата на Георги Китанчев кмет на Скопје. Матов напишал: „Честито слобода Вам, и на сите граѓани со кои имаме делено скрб и радост во долгата борба против Турци и против Срби на национално-културна и на револуционерна почва. Не се сомневам, оти маките од минатото наскоро ќе бидат заборавени пред постигнатиот свештен идеал. Да живее! Да живее Целокупна Бугарија! Основачот на првиот револуционерен комитет во Скопје пред 21 година, Христо Матов“[393]

Матов со слична радост ги примал известувањата од своите пријатели и соборци кои влегувале во македонските градови во кои и самите се родиле какви што биле телеграмите од Иван Нелчинов, од Александар Протогеров, од Коста Ципушев и од други. Во тој интервал Матов пишувал образложени предлози до бугарската влада (до премеирот Радославов) и до воените команданти (на пр. до генерал Никола Жеков) во кои инсистирал да не останат незаземени краишта значајни, според Матов, за бугарската историја какви што

биле Преспанскиот крај, особено околу малото Преспанско Езеро и островот „Ахил“ каде што била првата престолнина на Самоиловото Царство, како и месноста околу манастирот „Свети Наум“ и самиот тој манастир кој имал посебно значење затоа што таму бил изобразен Св. Цар Борис – Михаил.[394]

Матов, додека се наоѓал во Софија бил член на формираната комисија која ги определувала кандидатите за управници на околиите и окрузите. Во таа улога тој се среќавал и со премиерот Радославов, при што инсистирал на предлозите на ЦК на ВМОРО за тие места. Имајќи предвид дека бил прониклив аналитичар и остар на израз може да се претпостави дека не можел да биде посакуван соговорник од страна на Радославов или на министрите од неговата влада. На пример, по известувањето на Матов, од страна на Александров, дека владата форсира лица за управници на околии и на окрузи кои во Македонија биле ненавидени или немале доволен авторитет, Матов знаел да биде доста непријатен соговорник со бугарските официјални лица. Таков бил случајот со извесен Јурдан Николов. За него, Александров, му пишал на Матов да му пренесе на премиерот, оти Николова не сакаат да го видат било каде во Македонија. Матов, на премиерот Радославов тоа му го пренел во форма: „Јурдан Николов, никаде во Македонија. Во Моравската долина („во Багдад“) ако сакате и кнез направете го“.[395] Нагласено незгоден, нагласено слободоумен, секогаш подготвен да го каже она што го мисли, во негов стил: до крај, реско, често сатирично и без влакна на јазикот, станал доволно неприфатлив за бугарските владини и други кругови како соговорник за размена на мислења. Се чини дека и таа причина придонела да се побара, тој да не биде лицето за врска, за консултација и за заедничко носење на одлуки, на релацијата влада – ВМОРО.

Нема никакви индикации: зошто Христо Матов бил оддалечен од Софија, од Центарот каде што се носеле клучни политички одлуки, и беше упатен во Скопје, со образложение да врши многу важна работа, пред сè, мислејќи на подготовка и издавање на весникот „Родина“. За таа дејност биле доволни Ѓорѓи Баждаров и Ангел Томов кои имале искуство и ниво за организирање и издавање на таков весник. Неговите биографи, блиски роднини и одлични познавачи на личноста, на делото и на особините на Христо Матов не можеле да најдат рационални причини за чинот на неговото тргање од Софија. Во таа смисла, на пример, неговиот брат Милан Матов, во своето дело „За премолченото во историјата на ВМОРО“ ќе забележи оти тој чин на преместување во Скопје, во декември 1915 година, многу го засегнало Матова. Тој имал чувство на

нанесена неправда, на непризнателност и на тргање настрана. Од тогаш „црвот“ на сомнението за мотивот на тој чин почнал полека да го нагризува неговото самочувство и неговото расположение кон оние кои тој ги издигнал и формирал како несомнени раководители на ВМОРО.[396]

Како и да е, Христо Матов, во Скопје им помогнал на споменатите двајца уредници на весникот „Родина“ во врска со неговото излегување, но тој на Баждаров и на Томов им се нашол, како незаменлив советник и помагач, и при работата на првата историја на револуционерните борби на „Бугарите“ во Македонија. За таа публикација тие добиле остра и опсежна критика од страна на А. Протогеров, покрај од други причини, и поради тоа што тие борби биле претставени како одделно течение на Внатрешните револуционери, издвоено од течението во Бугарија, т.е. од тоа на ВМОК, каде што улогата на Протогеров, според него самиот, била многу голема и значајна. Прејудицирајќи оти тоа, не само што не било точно, туку било и штетно за делото, ефектот бил во тоа што Протогеров го прекинал најавениот серијал под наслов „Балкански прашања“, во кој како втора книга, била предвидена, и најавена, и книгата на Христо Матов под наслов „Револуционерното движење во Македонија“.[397] За Протогеров бил доволен само најавениот наслов на книгата на Матов, за да извлече тешки обвинителни заклучоци за необјавената книга и за неискажаните ставови на авторот. Се разбира, таа критика кон Матов бил уште еден фрлен „камен од блиски луѓе“ кон неговата личност, што не можело а да нема натамошно влијание врз неговото сомничаво расположение кон неговите пријатели и соборци.

Како што одминувало времето, исполнето со задачи од краткорочно и второстепено значење, Христа Матов почнало да го нагризува сомнение и кон крајниот исход на војната во која воената среќа, кон 1917 година (по влегувањето на САД во војната на страната на Антантата, во 1916 година) почнала да се поместува кон противничките држави и армии. И особено, кон нему најомразената српска армија.

Веќе кон крајот на 1917 година, станало јасно оти војната може да биде загубена, а со тоа да бидат однесени во неврат сите жртви и надежи на цела една генерација раководители, интелектуалци и борци на ВМОРО и да биде распрсната, како меур од сапуница, и нејзината идеја за обединување на Македонија и Бугарија, односно идејата за „Целокупна Бугарија“. Настрана патилата на македонското население, кое ќе го понесе најтешкиот товар на судбината на Македонија која ќе биде засекогаш раскрстена и запечатена. Тоа

насетување на нова катастрофа, Матова го направиле уште попретпазлив и позагрижен за секој потег и секој чекор кој се презема од страна на ВМОРО и на бугарската влада за да не би да се наштети уште повеќе на делото, на Македонија и на Бугарија. Мошне сензибилизиран и критички настроен, Матов бил изненаден и испровоциран од публикацијата на бугарскиот амбасадор во Берлин, Македонецот, Димитар Ризов, кој во 1917 година објавил атлас со уводна статија, напишана на четири јазици (германски, англиски, француски и бугарски) под наслов: „Бугарите и нивните историски, етнографски и политички граници 679-1917“.[398]

По тој повод Христо Матов напишал остра критика на Ризовите неумерени и штетни вметнувања на места и земји кои никогаш не спаѓале во географска, етнографска, културна и политичка смисла, во македонските земји и во македонските етнокултурни и јазички предели. Сметајќи оти таа неумереност и неточност само ќе ѝ пречи на борбата за Македонија која мора да биде претставувана и да остане чиста во однос на каков и да е шовинизам кој никогаш не бил својствен за Македонците, Матов, во писма (десет на број) испратени до министри на бугарската влада и до лидери на политички партии, протестирал поради тие вовлекувања на сосема туѓи територии и народи во целите на македонската револуционерна борба. Писмата на Матов биле пречекани со признанија за неговата јасна свест и за присутност на одговорен однос во тоа матно и тешко време во кое тој објективно, прецизно и совесно го бранел, македонското дело и целите на революционерната борба на ВМОРО. Признанија за доблесниот потфат, Матов, добил од повеќе угледни личности на бугарската интелектуална и политичка средина, како од Иван Гешов, Симеон Радев, Иван Хаджов, Ѓорѓи Кулишев и други.[399]

Тој прилог на Матов бил капка во неповратниот тек на воената и на политичката катастрофа, и на бугарската политика и на политиката на ВМОРО. Таа катастрофа, во сета нејзина емпирија, се видела кога позициите на бугарската армија на Добро поле биле пробиени од далеку помали формации на противникот, што било забележано и од германската команда, и кога изгладнетата, боса, необлечена и логистички неподржана војска почнала да ги напушта своите позиции и тргнала кон Софија за да ги казни виновниците за тоа што се случувало со нив; оставени и запоставени како избришани бројки од живите и од луѓето.

Распадот на фронтот како распад на сета претходна вознесеност на македонската (и на бугарската) генерација од периодот на балканските војни и

Првата светска војна и како загуба на надежта за Македонија што ја носеле со најдобри желби и убедувања, се покажал како причина и порив за меѓусебно сомничење и приговарање за тоа кој колку бил виновен за катастрофата што била доживеана и запечатена со Парискатa мировна конференција. Со резултатите од таа војна, Бугарија, не само што не ја „ослободила“ Македонија и не само што не се обединиле едната со другата, туку загубила и други територии добиени со Букурешкиот мировен договор од 1913 година, меѓу нив и македонски територии. Тој факт дополнително го зголемила чувството на вина кај Христо Матов.

Процесот на депресија и на тегобност имал почетна причина во неговото оддалечување од Софија и во неговото чувство дека работите не стојат добро, покрај другото, и поради фактот на неговата исклученост од местото каде што за нив се носеле решенија. Вообразувајќи дека состојбите зависеле, пред сè, од личностите во Софија, а не и од поглобални причини, Матов почнал да бидува сè понезадоволен од политиката и од потезите на оние раководители на ВМОРО кои имале важни релации со бугарската влада и со воената команда. Чувството дека состојбите се такви какви што не требало да бидат, поради пропустите и грешките на првите раководители на ВМОРО, всушност било варијација на тезата дека состојбите не би биле такви кога тој би носел решенија за нив. Противречната сопоставеност на тие две чувства создала противречно расположение и конфликтна настроеност на Матов кон неговите блиски, но и претпоставени соборци, членови на ЦК, и кон други блиски и угледни личности, во прв ред кон Тодор Александров. Тој однос на приговори и на критики, главно изнесувани „зад грб“, се засилил од крајот на 1917 и почетокот на 1918 година, кога почнале покрупните проблеми, какви што биле: снемувањето на прехранбени продукти, вклучително и на леб за цивилното население; останување на војската гладна, слабо облечена и лошо снабдена со други потребни средства; појава на воено лиферанство и богатење на неодговорни цивилни и воени раководители; појава на конфликти меѓу цивилни и воени раководители и друго.[400]

Споменатото конфликтно расположение нашло излив во критики и приговори кон Тодор Александров искажувани по различни поводи пред заеднички пријатели, во отсуство на критикуваниот Александров и кон други, при што Александров, речиси, редовно дознавал за таа пројавена склоност на Матов. Но тој подолго време не реагирал, надевајќи се оти таа пројава ќе помине и внимавал да не го засегнува почитуваниот и заслужен постар член

на ЦК и на ЗП на ВМОРО, негов поддржувач и еден вид негов револуционерен учител и водач. Со таков респект, Александров речиси редовно го информирал Матова за текот на настаните и за разговорите со релевантни личности и фактори. Но, се чини оти таквиот Александров однос не можел да биде доволна сатисфакција за Матовото чувство на оддалеченост од непосредна улога во настаните.[401] Затоа, склоноста кај Матов да продолжи со приговори и критики кон Тодора Александров и кон другите, пред трети лица, земал неодмерен и неумесен размер и вид, така што на 31 мај 1918 година Александров, со писмо, остро го прекорил, имплицитно, дефинирајќи го однесувањето на Матов. Во писмото Александров напишал: „Драги Матов, на мое големо чудење и сожалување, денес дознав од г. проф. Георгов, дека онаа мува неосновано сомнение не само што не те напуштила, туку земала широки размери. Или ние: Баждаров, Георгов, јас (и) Протогеров не знаеме да мислиме, или сите сме подлеци, според тебе, или ти си болен. Те молам да се успокоиш, истерај го тоа неосновано сомнение од главата и не станувај повеќе за потсмев и сожалување – Срдечни поздрави. Т. Александров.[402]

По тој момент кога се осведочил што всушност Александров мисли за неговите приговори и сомненија Матов уште повеќе се повлекол во себе, а неговите довчерашни соработници му станале непријатни луѓе, како што само се изразил во една прилика пред брат му Милан Матов. Осамен уште повеќе, погоден од катастрофата што ја доживеале и Македонија и Бугарија и осведочен во неуспехот на политиката на ВМОРО (која била и негова лична политика и заслуга), по војната Матов се обидел да се пензионира. Тоа не му успеало, бидејќи наишол на државна политика и на државници кои, противпоставени на претходната државна и политичка елита на Бугарија, во тој склоп противници и на ВМОРО Матова и Александрова, не му признале право на пензија. Отфрлен и од бугарската власт од која очекува признание за неговата дејност, а која не му го признала ниту работникот стаж во нејзините просветни установи, за Матов било рамнозначно на рушење на сè она во кое тој верувал и за кое повлекол многу повеќе скрб и јад отколку благодарност и радост. Оптоварен со уште една фикс идеја, а имено дека ќе биде убиен со одлука на ВМОРО, претпоставувајќи оти тоа ќе го наредат неговите најблиски соработници, меѓу нив и Тодор Александров, Матов влегол во најдлабокиот кошмар од својот живот. Нема индикации кои би укажувале зошто Матов дошол до таа опсесивна помисла која не го оставила мирен до крајот на животот, но има повеќе факти и потврди дека се измачувал со таа инаку сосема неточна

претпоставка. На пример, при една прошетка, од спротива се појавил неговиот познајник и соборец по македонско-одринското дело М. Герџиков. Пред било што да каже Герџиков, Матов го изненадил со укажувањето: „ти идеш мене да ме убиеш, но грешиш, не сум јас виновниот, а Александров и Протогеров (се виновниците) оди нив да ги убиеш“. Герџиков останал вџашен, убедувајќи го дека слична мисла не му паднала на памет, ниту нему ниту на други.[403] Прашање е колку Матов останал убеден од тие зборови. Во тоа исто време (1921 година) Тодор Александров дошол да го посети во станот во кој живеел. По одењето на Александрова Христо Матов на брата си Милана му рекол: „Александров дојде – аџаба за што? Треба да има нешто! Тие луѓе не ми се пријатни и јас не им сум пријател, тогаш зошто идат? Треба да има нешто...“[404] Истото го потврдува и неговиот роднина Ангел Узунов во своите спомени кој укажува дека Христо не сакал да биде придружуван до Будимпешта, каде што требало да биде прегледан и лекуван од познатиот доктор Карај Бодон од никој друг освен од него. Узунов потврдува оти Матов бил обземен од упорната мисла дека ќе биде убиен од блиските луѓе.[405]

Со нарушено здравје, издржуван со редовна, но скромна парична помош од страна на ВМОРО, Христо Матов починал на 10 февруари 1922 година, подалеку од вознесот – поблиску до болката.

* * *

Судбината на Македонија по Првата светска војна предизвика лавина од критики и негодувања во македонските емигрантски маси во Бугарија и големо незадоволство во македонските средини во деловите на Македонија и во странство. Критиките беа насочени против раководителите на ВМОРО (Матова) а во прв ред против Тодор Александров и Александар Протогеров поради недозволивото слевање на целите на Македонската револуционерна организација со целите и политиката на бугарската држава. Нарекувајќи ги „царевдворци“ лица кои не можеле да се еманципираат од влијанието на Бугарскиот царски двор, од секаде од споменатите средини, било инсистирано за враќање на принципот на автономија на Македонија, разбран како посебна политичка единица на Балканот, и произлезен од изворната политика на старото ТМОРО-ВМОРО.

Силината на критиките и на притисокот била толку голема што навестувала нов раскол во македонското ослободително движење со многу повеќе непријателства и со многу повеќе фракции. Во тие околности немало место за чекање и за пасивно прифаќање на ударите на критичарите кај, веќе, бившата ВМОРО (Матова) која пропаднала заедно со крахот на нејзината политика за обединување на Македонија со Бугарија. Немало место за чекање ниту со оглед на својствата на главната критикувана личност – на Тодор Александров кој имал причини да смета дека товарот на критиките не му следува само нему, ниту, пак, првенствено нему.

Тодор Александров добро ги проценил последиците од претходната политика на ВМОРО (Матова); добро ги разбирал и дефинирал правците на поместувањето на расположението и на позициите на македонските маси и на средините на македонските борци и сообразно со својот темперамент и формат на опитен и практичен револуционер решил да ја обнови револуционерната четничка и идеолошка структура на Македонската внатрешна револуционерна организација, така како што таа била најдолго време позната и така како што била најшироко прифатена од македонското население.

Зафаќајќи се со таа сложена задача и опфаќајќи ја организационата територија која се наоѓаше и под власта на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, со амбиција да ја покрие со револуционерна структура и територија под окупација на Грција, Тодор Александров во 1919 година ја обнови Организацијата како Внатрешна македонска револуционерна организација (како ВМРО). Таа организација, како наследничка на бившата ТМОРО-ВМОРО, се постави како општа револуционерна организација отворена и достапна за учество на лица без оглед на нивната народност, пол, вера, социјален статус или политичко и идеолошко уверување. Во неа можеле да влезат и влегувале: Македонци, Бугари, Турци, Власи и Цигани, како и демократи, радикали, анархисти и комунисти. Таа ВМРО (Александрова) била изградена и дефинирана како единствена и општа изразителка на суверената волја на Македонија, со право да ја брани таквата улога секаде и пред секого, обезбедувајќи го единството на македонското ослободително и револуционерно движење.

Идеологијата на таквата ВМРО била револуционерна (наднационалистичка и општа) еднакво како и идеологијата на старата ТМОРО, но и на левицата во ВМОРО. Политиката на ВМРО била обединување на трите дела од распокинатото тело на Македонија и создавање на посебна македонска држава,

општа за сите што живеат во Македонија, и отворена кон можни федерации на Балканскиот Полуостров, како нејзин рамноправен член.

Таа ВМРО ја дефинира својата независност, консеквентно, во однос на која и да е балканска или друга влада и го декларира своето суверено право таа самата да ја определува својата внатрешна и надворешна политика, чувајќи ја својата независност од чие и да е посегање, без оглед на цената и на жртвите што треба да ги плати за тоа. Во таа смисла, ВМРО дојде во тешки судири со балканските влади, вклучувајќи ги и бугарските влади; и таа на Александар Цанков, тогаш кога се обиде да се поткусури со македонските интереси во односите со Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

Од таквата ВМРО, претходната ВМОРО (Матова) беше архивирана на полиците на историјата; заборавена и напуштена како идеолошка и политичка матрица, токму од наследникот на Матов – од Тодор Александров. За таа негова позиција, посебно од есента 1923 до август 1924 година, тој плати полна цена, губејќи ја главата поради новопоставениот и реално спроведуваниот македонски политички сепаратизам; неприфатлив за Цанковата влада и за неговите цивилно-воени кругови, еднакво како за исто таквите бугарски кругови од 1901, 1906 и понатаму сè до убиството на Тодор Александров. Тоа убиство, беше искористено од бугарскиот државен национализам како повод за ликвидирање на сите македонски дејци кои замислуваа посебна македонска држава надвор од политиката и надвор од интересите на Бугарија.

# БЕЛЕШКИ
## (Endnotes)

[1] Христо Матов бил првиот претседател на Скопскиот револуционерен комитет. Во Скопје тој ги поставува основите на М.Р.О., каде што бил и директор на Педагошкото училиште до летото 1898 година. Од есента 1898 година па до пролетта 1901 година Матов е член на ЦК на ТМОРО, а од ноември 1902 до 31 декември 1904 бил член на Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија. На таа положба бил и во 1907-1908 до младотурската револуција.

[2] Види: Македонска революционна система, София 2001.

[3] По Илинденското востание, во април и мај 1904 година Матов ја напишал првата книга со наслов: „Основи на Вътрешната македонска революционна организация". Во јуни 1904 прилогот под наслов „Що бяхме – що сме". Во мај 1905 година: „За управлението на Вътрешната македонска революционна организация". Зимата 1905-1906 ја напишал брошурата под наслов: „Востанички дејствија". По расцепот во ВМОРО Матов, станувајќи главна личност во т.н. десница напишал и објавил низа други брошури и искази, полемики и обраќања што го претставуваат како главен идеолог на десницата до, заклучно, Балканските војни. Види Македонска революционна система; Архив Христо Матов, документален сборник, София 2004; Шалдев Хр., Христо Матов 1872-1922, Илинден, г. V бр. 6 София, февруари 1925; Думев Велко, Христо Матов в историята на Македонското революционно движение, во истиот број на сп. Илинден; Билярски Цочо, Предговор на книгата: Македонска революционна система.

[4] Види: Архив Христо Матов – док. бр. 313.

[5] Види: Матов Христо Миланов: „Мълчаливецът от Струга, София 2007; Матов Милан: За премълчаното в историята на ВМРО, София 2007.

[6] Види: Цочо Билярски, Предговорот, стр. 6; Според Васил Кънчов (Избрани произведения София 1970) во Струга, во тоа време, имало 800 куќи, 4600 души население од кое 1800 биле Турци и Арнаути, а 2800 Бугари. Според Бранислав Нушиќ, српски конзул во Битола, во 1892 година Струга имала 836 куќи и 4312 жители. Види Васил Кънчов, Избрани произведения, том I, София 1970, стр.462; Струга, град, вода, луѓе 1995 стр. 6 и 7 .

[7] Види: Разбойников А. Чифлигарството в Македония и Тракия. Солун 1913; Христов Христо, Аграрните отношения във Македония през XIX и началото на XX век. София 1964; Кирил Патриярх Български, Съпротивата срещу Берлинския договор ..., София 1955, стр. 19-22; Истиот. Българската екзархия в Одринско и Македония. София 1969, стр. 293-336; Мирчев Димитар, Спомени. Скопје 2010 стр. 37-52.

[8] Види: Кънчов Васил, Избрани произведения том I. София 1970; Константинов Душко „Струга и Струшко“, Струга 1970.

[9] Види: Кънчов Васил, цитирано дело, стр. 458-460, 464-465.

[10] Константинов Душко, цитирано дело.

[11] Кънчов на пример вели: „во Велес дури половината граѓани се задолжиле кај неколку богаташи, а има села што конечно се заробиле во кус временски период“. Види, Кънчов, Сегашното и недавното минало на градъ Велес. Средец 1892 стр. 372; Bianconi, „Cartes commersiales de la province de Macedoine“ Paris, 1888; Силянов Христо, Освободителните борби на Македония, том I, София 1983, стр. 23-33; И.Г. Сенкевич, М. А. Хитрово Прв руски конзул во Битолскиот крај (1861-1864), „Гласник“ на ИНИ бр. 1/1967 стр. 124: Славейко Арсов Востаническото движение в югзападна Македония (до 1904). София 1925 г. стр. 51 и 99.

[12] Муаремскиот декрет бил донесен на 20. XI. 1881 година. Со него бил воспоставен Административен совет од седум делегати претставници на големите сили плус на Турција. Наизменично претседавале англискиот и францускиот делегат. Администрацијата на Советот била со мнозинство од европските сили од кои бил и нивниот Директор.

[13] Види: Зографски Данчо, економско-финансиска пенетрација на големите сили на Балканот кон крајот на XIX век, Одбрани дела, Скопје 1986, книга прва, стр. 345-369; Истиот, Стопанско потчинување на балканските земји од европските капиталисти во последната четвртина од XIX век. Гласник на ИНИ бр. 2/1974; Миљоска Деса, Две развојни етапи во економско-општествениот развиток на Македонија во XIX век. Гласник на ИНИ бр. 2/1963; Димевски Димитар, Општествено-економските прилики во Македонија (1878-1903) „Историја“ бр. 2/1979.

[14] Еничеревъ Г. Никола, Въспоминания и бележки. София 1906.

[15] Арсов Славейко, цитирано дело.

[16] Види: Зографски Данчо, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија. Скопје 1967, стр. 267-268.

[17] Струга, град, вода, луѓе – стр. 6.

[18] На исто место.

[19] На исто место, стр. 7.

[20] Кънчов Васил, Избрани произведения, – стр. 465.

[21] Матов, Христо Миланов, Мълчаливецът... стр. 6-7.

[22] На исто место.

[23] Кънчов Васил, цитирано дело, стр. 459-460, 465; Матов, Христо Миланов, Мълчаливецът... стр. 32-33

[24] Матов, Христо Миланов, цитирано дело, стр. 19-20; Константинов Душко, Струга и Струшко...; Кантарџиев Ристо, Македонското преродбенско училиште. Скопје 1985, стр. 44-45, 177-179.

[25] Види: Трајановски Александар, Црковната организација во Македонија и движењето за возобновување на Охридската Архиепископија од крајот на XVIII и во текот на XIX век до основањето на ВМРО, Скопје 2001. стр. 159.

[26] Види: Кънчов, на исто место, стр. 462.

[27] Види: Кантарџиев Ристо, Македонското преродбенско училиште, стр. 62-63, 94-95 и 133.

[28] Види: Кирил, Патриярх Български, Българската екзархия в ... том први, книга втора, стр. 60.

[29] Кънчов Васил, цитирано дело, стр. 462-464.

[30] Матов, Христо Миланов, цитирано дело, стр. 9-10.

[31] На исто место стр. 24-28.

[32] П. В. Алабин, за учеството на Македонците – доброволци во Руско-турската војна од 1877-1878, ќе каже: „...познато е дека Македонците беа најдобрите луѓе во дружините, со својата храброст и машкост во борбите ги восхитуваа и нашите стари војници...“ Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Скопје 1981. Том I, стр. 245.

[33] Матов, Христо Миланов, цитирано дело стр. 24.

[34] Силянов Христо, Освободителните... стр. 18.

[35] Види: Кирил, Патриарх Български, цитирано дело стр. 27.

[36] На исто место И. Г. Сенкевич, Документи од историјата на Македонија од архивата на М. А. Хитрово, Гласник на ИНИ бр. 1/1966, стр. 182-183.

[37] Буџетот на Егзархијата за учебното дело во Македонија само во делот од Владата за 1881 год. бил 30.000 лева; 1882 бил 100.000 лева; 1884 бил 600.000 лева; 1885 бил 620.000 лева.

[38] Види: Кирил, Патриарх Български, на исто место.

[39] Матов, Христо Миланов, Мълчаливецът... стр. 24-28.

[40] На исто место, стр. 25; Силянов, Освободителните .... т. I, стр. 18.

[41] Види: Ѓорче Петров, Спомени, стр. 9-12 (Освободителното движение в Македония и Одринско, спомени и материяли, том II, София 1983); на исто место Иван Гарванов, Спомени, стр. 111-116.

[42] Матов, Христо Миланов, Мълчаливецът ... стр. 30-31; Ѓорче Петров, Спомени на исто место.

[43] Христо Матов Миланов, на исто место стр. 34-35; Билярски Цочо, Предговорот... Тие статии Матов ги напишал во Сер, каде што бил директор на серското четирикласно училиште. Види: Христо Матов, Народни умотворения от Струга; Истиот, Акцентовката на един обсег западно-български говори, Македонска революционна система, София 2001, ср. 279-296; Матов, Христо Миланов, цитирано дело, стр. 37-38.

[44] Христо Миланов, Мълчаливецът... стр. 36-37; Македонска революционна система – стр. 279-296.

[45] Види го списанието „Лоза“ месечно списание. Година I, јануари, книга I, София 1892; Ристовски Блаже, Македонски работи, Скопје 2013, стр. 167-183.

[46] Види: Димитрие Боди до Владан Ѓорѓевиќ, 20 август 1892 и повторно 26 август 1892 година. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје 1981, том први, стр. 303-304; Истиот до Министерството за надворешни работи, 1 септември 1892 година. На исто место стр. 304-305.

[47] Види: Мокров Боро, Весникот „Македонија“ на Коста С. Шахов – Охрид 1991 год.

[48] Види „Лоза“ книга I.

[49] На исто место.

[50] На исто место.

[51] На исто место.

[52] На исто место, стр. 5-20.

[53] На исто место, стр. 91-96; 183-186.

[54] Види, Блаже Ристовски, цитирано дело, стр. 172-180.

[55] Види: Списание „Лоза“ стр. 49-58 и 91-96.

[56] Блаже Ристовски смета дека прилогот под наслов: „Едно кратко објаснение“ го напишал Петар Поп-Арсов. Ние сметаме дека позицијата на авторот, дека нема македонско наречје и дека станува збор за потреба од лексички инсерти во општиот бугарски јазик и од македонските говори за тој да биде разбирлив од „Марица до Вардар“ е позиција на Матов, а не на Поп-Арсов кој имал подруги идеи за Македонија и тогаш (1892) и подоцна, на пример во периодот на Балканските војни.

[57] „Лоза“ стр. 56-57.

[58] На исто место. стр. 57.

[59] На исто место стр. 92-94.

[60] На исто место.

[61] Види: Ристовски Блаже, Димитар В. Македонски, Скопје 1999, стр. 68.

[62] Поимите „кашест и неоформен“ (јазик) се поими употребени од „Лозарите“ за тогашниот бугарски јазик.

[63] Матов, Христо Миланов, цитирано дело, стр. 40-41; Билярски Цочо, цитираниот Предговор.

[64] Во времето на Матов (1893-1895 година) Сер, веќе го имал изгубено своето претходно трговско значење, кое од крајот на XVIII до шеесеттите години на XIX век беше втор град по стопанско значење по Солун. Сер бил прочуен по својот голем панаѓур, т.н. „караван панаѓур“ што траел 40 дена и на кој се склучувале голем број трговски договори со што продолжително била консолидирана економијата на Серскиот санџак и пошироко. На Серскиот панаѓур редовно доаѓале трговци од Азиска и Европска Турција, од Србија, Романија, Босна, Бугарија, Турција, Австрија, Германија и други земји. Види: Стефан К. Салгънджиевъ, Лични дѣла и спомени по възраждането на солунскитѣ и сѣрски Българи. Пловдивъ. 1906, стр. 49-50; Катарџиев Иван. Серската област. Скопје 1961 год. стр. 73-99; Зографски Данчо. Одбрани дела, кн.2. Скопје 1986 г., стр. 94-95; 260-262; и 335-350.

[65] Стефан Салгънджиевъ, цитирано дело, стр. 49; Кънчов Васил, Избрани произведения. Т. I и Т. II София 1970 Т I стр. 88; Т II стр. 24-25; 476-480.

[66] Стефан Салгънджиевъ, цитирано дело, стр. 50-63.

[67] На исто место, стр. 63-65; 65-70.

[68] Ѓорѓи Баждаров за учителот Матов, весник „Македония„ од 1922 год. Според Цочо Билярски „Предговор“ во цитираното дело „Македонска революционна система“ стр. 7-8.

[69] Види: Княжество България и македонският въпрос. София 2002. Документален зборник, документи бр.: 3; 4; 6; 7; 8; 11; 13; 14; исто така и документите на Првиот конгрес на Македонскиот комитет од број 1 до број 5 (од стр. 44 до стр. 52) од истиот Зборник; Вътрешната Македоно-Одринска революционна организация (893-1919) Т.I част 1 София 2007, докум. бр. 1.; Татарчев д-р Христо. Първият Централен комитет на ВМРО, Спомени София 1928.

[70] На пример Гоце Делчев во писмото до Ефрем Каранов од 1895 година за Македонија ќе ја употреби синтагмата „слободна државичка“. На друго место Гоце ќе напише: „Успехот во борбата ќе дојде со планомерна револуционерна работа со која ќе се наложиме на просветните Турци, Грци, Власи и Албанци (и) ќе ги убедиме дека ние искрено се бориме за прогресивно-културна држава...“ Петар Поп-Арсов во 1897 година зборува за „идна македонска државичка“ а весникот „Право“ од 22.09.1902 ќе напише оти „Внатрешната организација на секој ќе му даде да разбере дека работи единствено за независноста на Македонија“. Петар Бошњаков во својата книга „Бугарската пропаганда во Македонија“ ќе напише дека целта на М.Р.О. била да „прогласи самостојна државичка на Балканот“. „Револуционерен лист“ во 1905 година ќе напише: „Автономијата на Македонија од Организацијата се сфаќа како самостојна држава“. Во истата (1905) година, Даме Груев ќе изјави дека за ништо не сака судбината на Македонија да ја потчини на Кнежевството. Има и други бројни искази во иста насока, не само од највисоките раководители на М.Р.О. туку и од претставници на средните и пониските ешалони на Организацијата, како од Никола Карев, Блаже Биринчето, Павле Наумов, Тома Николов, Стефан Костадинов и други. Види: Документи за борбата на македонскиот народ...стр. 325; 430-434; 490-495; Пољански Ристо, Гоце Делчев IV, стр. 245 „Македонија“ Интервју на Никола Карев за весникот „Акрополис“ од 8 мај 1903 година.

[71] Матов, Христо Миланов, цитирано дело, стр. 41-42.

[72] На исто место, стр. 42-43; Матов Христо, за својата револуционерна дејност (Белешки), цитирано дело, стр. 39.

[73] Матов Ристо, на исто место, стр. 39.

[74] Македонска революционна система, стр. 338-340.

[75] Види: М. Новаковић, Преписка између Стојана Новаковића и Владимира Карића, Братство XXVII, Београд 1888, стр. 185-186; Димевски Славко, за развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО, Скопје 1980, стр. 260-270.

[76] Види Македонска революционна система, стр. 297-314.

[77] На исто место, стр. 315-340.

[78] Види: Ристовски Блаже, Унијатството во Македонија I – IV, Разгледие 1960 г.

[79] Види: Писма на Петко Рачев Славейков по Унията в Македония през 1874. сп. „Векове“ № 1. 1989.

[80] Види: Документи за борбата на македонскиот народ за..., стр. 276-277 и 277-278 и 278-279 (документи бр. 196; 197; 198).

[81] Види: Поповски Владо, Македонското ослободително движење до ТМОРО стр. 9-79.

[82] Види: Српските претенции в Западна България, Македонска революционна система стр. 332.

[83] Српските претенции на Македония, Македонска революционна система, стр. 319-320.

[84] На исто место, стр. 320.

[85] Види: Македонија во меѓународните договори 1875-1919. Скопје 1994, стр. 137-138 (документ бр. 20).

[86] Види: Документи за борбата на македонскиот народ за..., стр. 529-533 (документи бр: 359 и 360).

[87] Види: Поповски Владо, Руската политика за Македония от Берлинския договор до Балканските войни, Исторически преглед (5-6) 2009 год.; Истиот: Судирот на македонскиот и рускиот фактор за прашањето за македонска држава од Берлинскиот конгрес до Балканските војни. Историки-Слависти МГУ. Книга 6. Б.Н. Билунов. Издателство МГУ. 2008.

[88] Види: Козменко И. В. Сборник договоров России с другими государствами 1856-1917. Москва, 1952 год. стр. 303-308.

[89] Види: Матов Христо, Македонска революционна система стр. 44.

[90] На исто место.

[91] На исто место.

[92] На исто место.

[93] На исто место, стр. 44-46; Силянов Христо, Освободителните борби на Македония, София 1983, Том I стр. 73-80.

[94] Матов Христо, Македонската революционна ... стр. 45; Силянов Христо, на исто место стр. 77-78.

[95] На исто место, стр. 78.

[96] На исто место, стр. 78.

[97] Песната носи наслов: „Към Витоша“, а поднаслов „Винишка песен“. Во неа Матов стихува: „Виш се вишила, Витошо мила ... в Средеца града – наша столнина“.
...
От Солун, Охрид – наш’те светини
до бели Дунав и Черно Море,
де шуми Вардар, Янтра, Марица,
сичко е твое, твоя е грижа“
...
Види: Матов Христо, Македонската революционна ... стр. 350-351.

[98] Билярски Цочо В. Предговор, Македонска революционна... стр. 9; Матов, Христо Миланов, цитирано дело, стр. 47-49.

[99] Види: Спомени на Гьорчо Петров, Освободителното движение ... Т. II, стр. 48-55; Документи за борбата на македонскиот народ за... стр. 330-332.

[100] На исто место.

[101] Види: Архив Христо Матов, документален зборник, София 2004, док. бр. 4 и 5 (стр. 21-22); види ги и наведените места од фуснотата 98.

[102] Види: Вътрешната Македоно-Одринска-революционна организация (1893-1919 г.) документи. София 2007 том I, част 1, док. бр. 15, стр. 142-147.

[103] Види: Силянов Христо, цитирано дело, стр. 57-63.

[104] Види: Дракул Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот. Документи од руските архиви, Куманово 1995, Т. I, стр. 259-260.

[105] Види: Вътрешната Македоно-Одринска... документи, стр. 145-146.

[106] Види ја Спогодбата меѓу Бугарија и Србија од 19 февруари 1897. Христов Александар – Јован Донев, цитирано дело стр. 137-138; Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ II дел. Скопје 1976, стр. 341.

[107] Архив Христо Матов, стр. 37-40.

[108] Гоце Делчев до Е. Каранов 1895 Види: Борбата на македонскиот .... стр. 325.

[109] Види го Окружното од ЗП на ТМОРО до Македоно-Одринските друштва во Бугарија за борбата меѓу Внатрешната организација и ВМОК од 5 март 1902 год. Вътрешната ... стр. 204-205.

[110] Види: Сиљанов, цитирано дело, стр. 124-128; Мирчев Димитар. Спомени Скопје 2010 г. стр. 77-82; 89-91.

[111] Во Револуционерното братство тогаш учествувале: Иван Гарванов, Димитар Мирчев, Атанас Наумов, Никола Колушев, Коне Самарџиев, Кочо Аврамов, Христо Тенчев, Ј. Тенчев, Х. Панов, Куслев и други.

[112] Христо Матов во своите белешки тврди дека бил творец и на селските чети (на селската полиција стр. 40 од Македонска революционна система) и дека тоа било кон 1904 година. Некои претходни примери му дале основа за тоа. Во тие примери тој не го споменува случајот со Ресенско и Преспанско. Имено, таму уште 1902 година тој институт функционира како општа практика. Селските чети (селската полиција) ги врши сите работи за кои зборува Матов. Тоа на исцрпен начин е посведочено во Спомените на Славејко Арсов, но има илустрации и кај Сиљанов. Види: Востаническото движение в югозападна Македония, по спомени на Славейко Арсов, стр. 57-60; Силянов. Освободителните борби ... Т. II стр. 20.

[113] Види ги белешките на Матов за неговата револуционерна дејност, стр. 47 – 48.

[114] Архив Христо Матов, док. 35 (стр. 48 и 49).

[115] Според Билярски Цочо, цитираниот Предговор стр. 12.

[116] Матов, Белешки, стр. 48.

[117] Види Вътрешната Македоно-Одринска... док.бр. 25, стр. 174-175.

[118] Види: Спомени на Гьорчо Петров, стр. 111. Освободителното движение в Македония и Одринско. София 1983. том II книга VIII.

[119] На исто место, стр. 146.

[120] На исто место, стр. 123, 145.

[121] На исто место стр. 146.

[122] На исто место, стр. 147; Пољански, Христо Андонов, Гоце Делчев, I – VI. книга II (преписка) писмо на Гоце Делчев до Тома Карајовов од ноември 1902. стр. 165-167. Скопје 1972; Архив Христо Матов, стр. 60-63. София 2004 год.

[123] Гоце Делчев до Ефрем Каранов. Документи за борбата на македонскиот ... стр. 324-328; Крум Христов, Гоце Делчев. София 1955, стр.124-126.

[124] Пољански, Христо Андонов, цитирано дело. Книга IV, стр. 245.

[125] Спомени на Гьорчо Петров.

[126] Кирил Прличев, на повеќе места во неговите спомени: 36 години във ВМРО. София 1999.

[127] Спомени на Гьорчо Петров, стр. 180-181; 193.

[128] Види: „Пред нова фаза" Пирин, 30 март 1924 година: „До господина претседателя на Министерския съвет („Меморандум") „20 јули" од 20 април 1924 година.

[129] Види: Архив Христо Матов, док. бр. 48, стр. 59.

[130] На исто место.

[131] Види: Вътрешната Македоно-Одринска ... том I, част 1, документ бр. 35, стр. 206-215.

[132] На исто место, посебно стр. 214.

133 Пак таму, стр. 213.
134 Пак таму стр. 213.
135 Пак таму, стр. 209, 210, 213, 214.
136 Пак таму, стр. 211, 212.
137 Пак таму, документ бр. 37, стр. 219-225, посебно стр. 221.
138 На исто место, док. бр. 36 стр. 216-218; посебно стр. 217-218.
139 На исто место, стр. 217.
140 На исто место, документ 134, стр. 204-205, посебно стр. 205.
141 На исто место, стр. 205.
142 Види: Силянов Христо Освободителните борби... стр. 159-176.
143 Силянов Христо на исто место, стр. 182-183; Национално-освободителното движение на Македонските и тракийските Българи, том 2, стр. 288-312 (Панойтов Л.).
144 Силянов Христо, цитирано дело, стр. 197-209; Панойтов Л. Солунският конгрес на ВМОРО и възприемането на курса към въоръжено въстание, цитирано дело.
145 Види Ѓорче Петров, Спомени, цитираниот зборник Т. II, стр. 163.
146 Панойтов Л. цитирано дело.
147 Панойтов Л. на исто место; Ѓорче Петров, Спомени, стр. 157.
148 Панойтов Л. на исто место, особено стр. 307-308; Силянов Христо, цитирано дело, стр. 197-209. Посебно стр. 205-207.
149 Панойтов Л. цитирано дело.
150 Аргументите кои ги изнел Х. Матов во прилог на кревање на востание биле со „кошеста" логика, ќе констатира Сиљанов. Цитирано дело стр. 207.
151 Види: Д-р Христо Татарчев, Спомени документи, материяли. София 1980, стр. 117.
152 Види го соопштението на ЦК ТМОРО до Врховниот комитет во јануари 1903 година. Сиљанов, цитирано дело, стр. 207-208.
153 Панойтов Л. цитирано дело, стр. 210; Освободителното движение в Македония и Одринско, Спомени и материяли. Спомени на Яне Сандански, стр. 36-37.
154 Види: Княжество България и македонският въпрос. София 2002, стр. 334-335.
155 Види: Ахрив Христо Матов... стр. 81, фуснота во врска со документот бр. 65.
156 Види ги документите бр. 34, 35, 36 и 37 од документалниот зборник ВМРО 1893-1914 – Том I, част 1, София 2007, стр. 204-225.
157 Види: Архив Христо Матов.... стр. 90-103.
158 Види го Предговорот на Цочо Билярски во Македонска революционна система... стр. 14-15.
159 Покрај посочените извори за јануарското советување на истакнати раководители на ТМОРО за прашањето за востание, види ги сведочењата и на Христо Татарчев во споменатиот документален зборник, стр. 115-126
160 Види: Архив Христо Матов... стр. 114-115 (док. бр. 95).
161 Види ги протоколите и актите на Смилевскиот конгрес на Битолскиот револуционерен округ, ВМОРО (1893-1919) документален зборник, стр. 259-269; Исто така види ги и спомените на Славејко Арсов учесник на тој конгрес. Освободителното движение в Македония.... том I, особено стр. 79-97.
162 Види ги документите од Зборникот Архив Христо Матов ... од стр. 76 до стр. 107.

[163] ВМОРО (1893-1919) Т. I. Стр. 286-292, 313; Христо Силянов, Освободителните... стр. 323-336; Архив Христо Матов... стр. 120.

[164] Архив Христо Матов... стр. 114-115.

[165] Архив Христо Матов... стр. 114-115, 118-119; 121-123;123-124; д-р Христо Татарчев, Спомени, документи, материяли... стр. 146-149; Христо Силянов, Освободителните... стр. 340-347.

[166] Види: документи за борбата на македонскиот народ... стр. 401-403; одбрани текстови од историјата на македонскиот народ II дел, составил Љубен Лапе стр. 486-491; Никола Киров – Майски, Крушево и борбите му за свобода. София 1935 г.; Истиот „Илинденъ", София 1923, стр. 36-38.

[167] Види: Илинденското востание и меѓународната јавност, Скопје 1985, стр. 125-197; 259-309.

[168] Види: Владо Поповски, Македонија во политиката на европските сили. Букурешкиот мировен договор, Македонија и Балканот, Зборник МАНУ Скопје 2014. стр. 31-51.

[169] Види: Weibel Ernest, Histoire et géopolitique des Balkans de 1800 à nos jours. Paris 2002, P. 231.

[170] Види: Козъменко И.В. Сборник договоров России с другими государствами. 1856-1917. Москва 1952. стр. 329-330.

[171] Види: ВМОРО (1893-1919)... стр. 308-309.

[172] Види: Архив Христо Матов... стр. 117; Пољански, Илинденското востание стр. 271; Английският печат за Илинденско-преображенското въстание 1903, София 1988. Стр. 142-145; 166-169.

[173] Види: ВМОРО (1893-1919) – док. бр. 96, стр. 312.

[174] Види: Пољански Христо, Илинденското... стр. 273.

[175] Пак таму, стр. 271.

[176] АВПРИ ф 151 оп. 482 Д.1011, л.144; пак таму, л. 150.

[177] Поповски В. Судирот меѓу македонскиот и рускиот фактор за прашањето за формирање македонска држава од Берлинскиот конгрес до Балканските војни, Историки-слависти МГУ книга 6, Б. Н. Билунов, Издатељство Московского универзитета 2008, стр. 115-135.

[178] Токму на таква опасност и на такви последици при недоволно подготвено востание и при негативен став на Русија предупредувал Гоце Делчев и Ѓорче Петров во Окружното писмо од ЦК на ТМОРО до комитетите на таа организација во Македонија. Види: док. бр. 36, стр. 216-217 од Архивот на ВМОРО (1893-1919 год.).

[179] Види: Архив Христо Матов, стр. 136-137.

[180] Пак таму, стр. 330-331.

[181] Пак таму, стр. 331.

[182] Имено, деноминацијата на Македонија и на Македонците со поимите „Трите турски вилаети" (за Македонија) и „христијаните на трите турски вилаети" (за Македонците) по инсистирање на рускиот министер за надворешни работи грофот Владимир Ламздорф, ја прифатиле и министрите за надворешни работи на Австро-Унгарија и Франција (Голуховски и Делкасе) по што го притиснале султанот да ја забрани употребата на името Македонија што тој го сторил тоа со заповед до Валиите во Македонија. Во тој контекст и Бугарија, притисната од Русија, преку својот официјален орган „Нов век" ги употребува посочените поими за Македонија и Македонците.

Види: Поповски Владо, Руската и Советската политика и македонското прашање од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век. Скопје 2013, стр. 94-95.

183 Архив Христо Матов, стр. 147.

184 Види: Силянов Христо, Освободителните борби Т. I, стр. 439.

185 Пак таму, стр. 435-436.

186 Архив Христо Матов, види док. бр. 199 (стр. 189) и док. бр. 203 (стр. 196).

187 Пак таму, документи: 151, 153 и 160 (стр. 150-151; 152; 158).

188 Пак таму, документи: 148 и 149 (стр. 149-150) и док. бр. 157 (стр. 156).

189 Види: ВМОРО (1893-1913) документален зборник... стр. 365; История на българската дипломация 1879-1913 г. София 1994 ср, 291-321; Силянов Христо, Освободителните борби, стр. 279-280, 438-439.

190 Види: Д-р Христо Татарчев, документален зборник, стр. 368-369.

191 Види: Ахрив Христо Матов док. бр. 200, стр. 190-194.

192 Пак таму, док. бр. 201, стр. 194-195

193 Нивната улога била критикувана и од окружните конгреси, на пример од Струмичкиот.

194 Види: Освободителната борба на Българите в Македония и Одринско 1902-1904 дипломатически документи, София 1978, док. бр. 210 (стр. 554-557).

195 Пак таму.

196 Види: ВМОРО (1893-1919) – док. бр. 110, стр. 325-326.

197 На исто место.

198 Архив Христо Матов, документ бр. 127, стр. 348.

199 Ѓорче Петров во спомените укажува оти на три окружни конгреси, по востанието, протоколно бил критикуван таквиот однос на Матов и Татарчев и била барана нивна одговорност.

200 Види: Кирил Прличев, 36 години във ВМРО..., стр. 83-84.

201 Архив Христо Матов документи бр.: 168, 169, 170, 175, 177, 178, 179.

202 На исто место, документ бр. 185, стр. 175-176.

203 Пак таму, документ бр. 205 (стр. 197-199) и документ бр. 226 (стр. 213-215).

204 Пак таму, документ бр. 190 (стр. 180-183).

205 Пак таму, стр. 182, ф.нота бр. 4.

206 Во Времениот комитет, покај Сарафов, како членови, биле и Васил Чакаларов, Славчо Ковачев, Апостол Димитров, Пандо Кљашев и други. Види: ВМОРО (1893-1913) документ бр. 132 (стр. 353-359); Бошнакова М. Документи на „Временият комитет" на Б. Сарафов от 1904-1905 г. ИДА книга 77, стр. 149-169.

207 Види: Христо Матов, Македонска революционна система, стр. 68-94.

208 Пак таму стр. 72.

209 Подоцна (1907-1908) Матов ќе се откаже од овие свои ставови и ќе формулира други, спротивни, ставови засновани врз националистичка и фракциска (конфесионална) основа. Тоа ќе го стори во унисон со бугарската политика децидно поставена од март 1906 година кога започнал и процесот на излачувањето на т.н. десница од средините на ВМОРО. За тоа подолу во текстот.

210 ВМОРО (1893-1919) док. бр. 159 (стр. 452-456).

[211] Пишувањето на брошурата „За управлението на Вътрешната революционна организация“ било поттикнато од решенијата на Прилепскиот конгрес на Битолскиот революционерен округ содржани во два посебни обрасци: Образец I изработен од Пере Тошев и Образец II изработен од Даме Груев. Види: ВМОРО (1893-1919) док. 143 (стр. 375-411); Владо Поповски, Прилепскиот конгрес – контекст и значење. Зборник: Прилеп и Прилепско 1893-1908. Друштво за наука и уметност Прилеп 1991 година, стр. 179-194.

[212] Христо Матов, Македонска революционна система... стр. 95-147.

[213] На исто место, стр.139.

[214] Трудот носи наслов „Въстанишки действия“. Види страна 148-198 од претходно посочената революционна система.

[215] Види: Кирил Прличев 36 години във ВМРО – стр. 406-407.

[216] ВМОРО (1893 – 1919) документ 124 (стр. 339-340).

[217] Кирил Прличев, 36 години във ВМРО, стр. 62.

[218] Архив Христо Матов док. бр. 258 (стр. 236-239).

[219] Таканаречениот Соединет комитет на ВМОРО (најверојатно ЗП на ВМОРО плус некој друг, во јануари 1906 бара членовите на ЦК на ВМОРО да се состанат и конституираат. Тоа тело во јануари 1906 год. се огласува уште пет пати со писма до Солунскиот окружен комитет со слична тематика интересирајќи се за ЦК на ВМОРО. Солунскиот окружен комитет на 12 јануари 1906 година го информира соединетиот комитет дека ЦК фактички не сушествува. Меѓутоа на 13 мај 1906 ЦК на ВМОРО се огласува со Окружно писмо за одржување на окружни конгреси. Види: ВМОРО (1893-1919) документи број: 194, 195, 196, 197, 198, 199, 200 и 202 (стр. 583-587 и 588-589).

[220] Архив Христо Матов док. 258 (стр. 236-239).

[221] Види: ВМОРО (1893-1919) стр. 637-638.

[222] Изборот на Сарафов бил обезбеден со поткуп на раководителот на Окружниот комитет Лигушев и на други лица од таа организација за што Сарафов, само на Лигушев му дал 300 наполеони. Реакциите на делови од битолската организација, меѓутоа, не ја смениле споменатата одлука. Види: Милан Матов, за премълчаното в историята на ВМОРО, Спомени. София 2007, стр. 77-81; Кирил Прличев, 36 години във ВМРО – стр. 76-78.

[223] Види: Архив Христо Матов, док. бр. 327,стр. 279

[224] Ѓ. Петров Спомени, Освободителните борби в Македония и Одринско – VIII, стр. 145-146.

[225] Таквиот став на мнозинството делегати на Рилскиот конгрес се огледал, покрај во дискусиите и настроението и во усвоените акти, како на пример во чл. 2 на Уставот на ВМОРО или пак во посебното третирање на односот кон бугарската влада и бугарскиот државен национализам и Егзархијата – види ги актите, циркуларите и другите материјали од Рилскиот конгрес одржан септември – октомври 1905 година. ВМОРО (1893-1919) – стр. 512-582.

[226] Архив на Македонија, фонд: Бугарски генерален конзулат – Солун 1896-1915, ф. бр. 3, опис 8, ае бр. 831 л 1-36, мф 4294. Според Ванчо Георгиев, бугарски документ од 1906 година за состојбите во Македонија и ВМОРО и Бугарската политика кон нив, „Историја“ Скопје, 1-2/1997.

[227] Види го споменатиот извештај.

[228] BOA, Rumeli Müfettişliği Jandarma Müşiriget ve Kumandanlik Evraki 34.3340.3,8; Види ги и приговорите на пратениците на Младотурскиот парламент кон властите дека, заради распалување на омраза и судири, смислено одземале цркви од една концесија – давајќи ги на друга. „Македонското прашање во османлискиот парламент“ Скопје 2009, особено страниците: 19-22; 28; и 33-34.

[229] Види: Христо Матов, Македонска революционна система – стр. 42,; Архив Христо Матов 215, 307.

[230] Идејата за воено разрешување на македонското прашање и за услужна (инструментализирана) македонска револуционерна организација, покрај со Извештајот на I-то политичко одделение на МНР на Бугарија, мошне јасно се гледа и од Записот на Тома Карајовов направена 1901 година од разговорот со проф. д-р Иван Шишманов, министер за народна просвета и исповедение и со генералите Иван Фичев, Ратко Димитриев и Михаил Савов високопоставен во воената власт на Бугарија. Во врска со прашањето: „што мислат владините кругови во Бугарија за ВМОРО која се зародила во местна (македонска-В.П.) почва како последица на произволната и тиранска управа на Турција“, посочените лица одговориле: „Само со внатрешно востание не ќе се постигне нешто суштинско ако тоа не биде поддржано од некоја странска држава. Македонската борба практично се јавува како бугарска. Внатрешните водачи на таа борба се должни да ги сообразат своите дејствија со положбата на Бугарија во политички и воен однос. Следствено, да ги слуша советите на бугарските влади. И затоа тие се должни да бидат во постојан контакт со тие влади. ВМОРО е должна да има свое бугарско сознание и да биде спремна да ја поддржи и олесни борбата на Бугарија во моментите на воените дејствија, кои таа порано или подоцна ќе ги преземе за обединување на бугарскиот народ...“ (подвлекол В.П.)

ЦДИА. Ф. 1079 – Тома Карайовов, оп. 2 а.е. 389.л.52-52 об. Цитирано според: Лабаури Дмитрий Олегович, Болгарское националъное движение в Македонии и Фракии в 1894-1908 г. София 2008. Стр. 239-241.

[231] Види го споменатиот извештај (белешка 226).

[232] Пак таму.

[233] Види: Архив Христо Матов, документ бр. 273 (стр. 246-255); ВМОРО (1893-1919) том I, част 2, док. бр. 267 (стр. 782-824).

[234] Види го Циркуларот бр. 1 од Рилскиот конгрес (1905 година): ВМОРО (1893-1919) Том I, част 1, док. бр. 192 (стр. 550-577).

[235] Пак таму, док. бр. 179, стр. 518.

[236] Види: Архив Христо Матов, стр. 248.

[237] Пак таму, стр. 248.

[238] Пак таму, стр. 251; 253 точка 1.

[239] Христо Матов. Македонска революционна система стр. 199-206.

[240] Така беа разбрани борбите во Македонија по 1906, а особено тие од 1907 до младотурската револуција и од конзулите на големите сили во Македонија. Во таа смисла види ги, особено, Австриските документи 1907-1908, Скопје 1981.

[241] ВМОРО (1893-1919) док. бр. 277, 278, 279, 280 и 281 или стр. 877-881; види ги и ставовите на Јане Сандански, Хр. Силянов, Освободителните борби, том II, стр. 497-500

[242] Архив Христо Матов стр. 253-254.

[243] Како било создавано Матовото течение, или како била создавана десницата, во ВМОРО, види ги согледбите и аргументите на Струмичкиот революционерен округ во неговото Изложение до революционерните окрузи и околии во Македонија во врска со решенијата на Ќустендилскиот конгрес. ВМОРО (1893-1919) док. бр. 273 (стр. 856-869).

[244] Види: Македонска революционна система – стр. 71-72.

[245] Пак таму, стр. 71.

[246] Архив Христо Матов, док. бр. 318 точка II, стр. 274-275. Матов му ги испратил и имињата кои требало да бидат избрани за делегати на Ќустендилскиот конгрес, распоредени по околии.

[247] Види: Хр. Силянов, Освободителните... том II , стр. 486-487; Цочо Билярски. Предговор, Македонска революционна система, стр. 20.

[248] Види ги документите: 279, 280, 281, 287, 288, 293, 297 и 301 од Архив Христо Матов.

[249] Види: ВМОРО (1893-1919), документи бр. 28 (стр. 177-178) и 132, протокол № 1 (стр. 353); Архив Христо Матов, док. бр. 190 (стр. 180-182).

[250] Види: Иван Гарванов, Спомени, Освободителното движение в Македония и..., кн. V стр. 109-136. Посебно стр. 115-116, 119, 122-123, 136; Архив Христо Матов, документи кои говорат за задолженијата и за активноста на И. Гарванов како член на ЗП на ВМОРО во текот на 1907 година: 278, 282, 283, 285, 286, 296, 298, 299, 303 и 310.

[251] Види го првото отворено писмо на Серскиот окружен революционерен комитет за причините за осудувањето на смрт на И. Гарванов и Б. Сарафов. ВМОРО (1893-1919) стр. 757-765.

[252] Види го Извештајот на II политичко одделение на МНР на Бугарија во посочената публикација; Види го и документот бр. 321/стр. 276) од Архивот на Христо Матов (белешката на Евтим Спространов).

[253] Сомненија за начинот на одземањето на животот на Даев има и денес во бугарската историографија.

[254] Види: Архив Христо Матов, док. бр. 313 (стр. 271).

[255] Тој однос кон Матов произлегувал од фактот што тој бил незгоден соговорник и спонтан и непредвидлив критичар.

[256] Види: ВМОРО (1893-1919) Том I, част 1, документи бр. 272 и 273.

[257] Пак таму.

[258] ВМОРО (1893-1919) док. бр. 273; Архив Христо Матов, док. 318 и 326.

[259] ВМОРО (1893-1919) док. бр. 273.

[260] Пак таму.

[261] Пак таму, види ги критиките на Христо Чернопеев, док. 277, 279, 280 и 281.

[262] Архив Христо Матов, док. бр. 321 и 322.

[263] Пак таму, док. бр. 327.

[264] Пак таму, док. 258, посебно стр. 236.

[265] Види ги актите на Ќустендилскиот конгрес. ВМОРО (1893-1919) Том I, част 2, стр. 824-855).

[266] Пак таму, док. 272 (стр. 855-856).

[267] Види го членот 3 од Правилникот на ВМОРО донесен на Ќустендилскиот конгрес. Пак таму, стр. 825.

[268] ВМОРО (1893-1919) док. бр. 284. Мерките што се планирале против многу наместници на Егзархијата биле затоа што таа почнала да отпушта учители, прилежни на ВМОРО. Види: Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1907-1908 Том II, Скопје 1981, док. бр. 31 (стр. 44-46. Посебно стр. 44)

[269] Види: Австриски документи за историјата на македонскиот народ. Том I, Скопје 1977, документи бр. 89; 114; 123; 128.

[270] Види: Австриски документи ... Том II, број на документи: 14; 16; 18; 26; 30; 36; 39; 42; 51; 59; 60; 60; 62; 70.

[271] Пак таму, Прилог кон Извештајот од Солун од 18 април 1908 бр. 46 доверливо, стр. 110-111.

[272] Види: Австриски документи... Том I стр. 135; 198-199; Том II, стр. 26, 30-31; 37-38; 87, 118, 127.

[273] Пак таму, Том 2, стр. 31, 42, 7, 91. Види ги и искажувањата на Ќустендилскиот конгрес за тоа зошто српската пропаганда бележи успеси во однос на бугарската. ВМОРО (1893 – 1919) стр. 789, 790, 791.

[274] Види: Австриски документи, Том II, док. 35 (стр. 51-52), док. бр. 38 (стр. 55-60).

[275] Види: Поповски Владо, Македонија и политиката на европските сили, Букурешкиот мировен договор, Македонија и Балканот, Зборник МАНУ, Скопје 2014, стр. 31-51.

[276] Пак таму.

[277] Австриски документи, Том II стр. 55-60.

[278] Види: Британска иницијатива за реформи од 29 ноември 1903. Документи за борбата на македонскиот народ... стр 416-417.

[279] Британски предлози за реформи од 3 март 1908 година. Пак таму, стр. 423-425; Австриски документи – Том II, стр. 51-52.

[280] Архив Христо Матов, док. 391, стр. 330.

[281] Види: Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1828-1909), 1-3 Скопје 1984, кн. 3. стр. 323-326.

[282] Види: Австриски документи, Том II, стр. 48-50 (док. бр. 34).

[283] Пак таму, стр. 326-337.

[284] Паралелно со Матовата политика и револуционерна идеологија, автономијата на Македонија како цел на борбата на ТМОРО-ВМОРО беше сфатена, од десницата, како етапа кон присоединување на Македонија кон Бугарија. Тоа беше ставот и на Матов и на Тодор Александров до 1919-1920 година. Види ги Матовите дела во „ Македонска революционна система“, како и писмото на Тодор Александров до Каранфилов од 1919 година во Зборникот на документи: „Се за Македонија“, Скопје, 2005 година.

[285] Идејата: „македонска државичка“ или идејата за автономија на Македонија, како конечна цел на борбата на ТМОРО, е на Гоце Делчев. Види го неговото писмо до Ефрем Каранов од 1895 година во Зборникот: Документи за борбата на македонскиот народ. стр. 324-328.

[286] Види ВМОРО (1893-1919) Том II, част 2, стр. 863

[287] Само за една година (1907) ВМОРО добила 500.000 лева. Во таа супсидија од бугарската влада биле и 2300 манлихерии, 1000 бердани. ВМОРО (1893-1919) Том I, част 2, стр. 786.

[288] Младотурската револуција изби по повод Ревалската средба и Ревалската спогодба меѓу сизерените на Русија и Англија, разбирајќи го курсот на тие, инаку конзервативни,

реформи како процес на откинување на Македонија од Турција. Империјата особено беше вознемирена од англискиот предлог за реформи во Македонија од март 1908 година против кој застанаа и Австро-Унгарија, Германија, но и Русија, а од балканските држави, Србија и Грција. Конечната идеја за Генерален инспектор што го прифати Русија, а не за генерален гувернер како што предлагаше Англија, во суштина беше спротивставување на конзервативните монархии на Англија со тоа што и во тој круг имаше разлики во интересите кои ќе се изразат подоцна (по 1910-1911 година).
Види: Rossos Andrew, Međubalkanska rivalstva i ruska vanjska politika 1908-1914, Zagreb 1992, стр. 7-30; Григор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), Скопје 1984, книга 326-337; Јован Донев, Македонија во Британско-руските односи 1907-1908. Скопје 1994, стр. 89-139.

289 Види: Милан Матов, За премълчаното в историята на ВМОРО, Спомени. София 2007, стр. 130.

290 Види: Документи за борбата на македонскиот народ... стр. 501-502.

291 Григор Тодоровски, Реформите... кн. 3, стр. 343.

292 ВМОРО (1893-1919) Том I, част 2, док. 292, стр. 902-903.

293 Пак таму.

294 Види: Архив Христо Матов, док. бр. 342 (стр. 289-290); Истиот, Македонска революционна система... стр. 214-216.

295 ВМОРО (1893-1919) док. бр. 298, стр. 911-920.

296 Тоа барање е засновано (или подобро – асоцирано) од точка 3 на Мирцтешките реформи од октомври 1903 година. Види: Документи за борбата на македонскиот народ, стр. 420.

297 Бугарија се прогласила за царство на 22 септември 1908 година. Види: Гиргинов Т. Исторически развој на съвремена България от възраждането до Балканската война. Част 1 (Политически развой) София 1934 год.

298 ВМОРО (1893-1919) док. бр. 293 (стр. 904).

299 Пак таму.

300 Види: Анастас Митрев, Спомени, огледи, статии. Скопје 1974, стр. 52-63 и 84-88; Германски документи за политиката на Германија и европските големи сили во Македонија (1904-1910). Скопје 2005, стр. 253-255

301 ВМОРО (1893-1919), стр. 905 (Јанко Пеев до Паприков).

302 ВМОРО (1893-1919) док. 297 (стр. 910-911).

303 Пак таму.

304 Анастас Митрев, цитирано дело стр. 63-64.

305 Пак таму, стр. 51.

306 При крајот на октомври 1908 година Матов до Ноел Бакстон го искажува своето разочарување од младотурскиот режим насетувајќи ја неговата агресивност која, од 1909 година па натаму, ќе стане негова карактеристика – Види: Архив Христо Матов, док. бр. 342 (стр. 289 – 290).

307 Христо Матов, Македонска революционна система, стр. 215.

308 Види: Рамиз Абдули, Албанското ослободително движење 1908-1910, Т I, Скопје 2002, стр. 89-138; Сенкевич И. Г. Освободительное движение албанского народа в 1905-1912, Москва 1959; Владо Поповски, Албанското национално-ослободително движење (1830-1912). МЦСП, Св. Николе 2012, стр. 77-105.

[309] Полковникъ Ламуш, Петнадесет години Балканска история (1904-1918), София 1920, стр. 67-72; Музафер Бислими, Албанците и Младотурската револуција, Скопје 2008, стр. 95-182 и 215-234. Рамиз Абдули Цитирано дело, стр. 168-310; Масар Кодра, Младотурската револуција и албанското ослободително движење. Гласник ИНИ бр. 1 1968; Македонија во Австриските документи 1910-1913, док. бр. 4, стр. 75-76

[310] Види: Хамза Јусуф Младотурската револуција во Османлиската Империја. Скопје 1995; Манол Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија (1908-1912) Скопје 1965; Македонија во Австриските документи... стр. 117-120.

[311] Рамиз Абдули, цитирано дело Т. II; Vlado Popovski, Lëvizia kombëtare clirimitare shqiptare (1830-1912) Tetovë 2012, str. 151-222; ВМОРО (1893-1919) док. 324 (стр. 974-975).

[312] Rossos Andrew, Međubalkanska rivalstva i ruska vanjska politika... стр. 22-24.

[313] На исто место, стр. 22-26; Международные отношения в эпоху империализма. Документы из архива царского временого правителъства 1878-1917 г.г. Москва 1938, серия II, Т. XIX, ч. 1. стр. 93-96.

[314] Жогов В. П. Дипломатия Германии и Австро-Венгрии и первая балканская война 1912-1913. Москва, 1969, стр. 28-34; Македонија во австриските документи, стр. 138-141.

[315] Лунева Ю.В. Босфор и Дарданели. Тайние провокации накануне Первой мировой войни (1908-1914) Москва 2010.

[316] Rossos Andrew, цитирано дело, стр. 28-34.

[317] Анастас Митрев, цитирано дело, стр. 43-65

[318] Македонија во Австриските документи... док. бр. 24 (стр. 117-120)

[319] Архив Христо Матов, док. бр. 350 (стр. 297-298), док. бр. 352 (стр. 298-299) док. бр. 353 (стр. 299-300) и док. бр. 354 (стр. 300).

[320] Тој став Матов многу јасно и категорично го искажал во анкетата што ја спровело софиското списание „Современа мисла“ во 1910 година. Види: Македонска революционна система, стр. 214-215.

[321] Види ги Матовите белешки за неговата револуционерна дејност. Македонска революционна система, стр. 39-64, посебно страниците 42 и 43; Архив Христо Матов, док. бр. 356 (стр. 301).

[322] Види: Дечо Добринов, Последниот цар на планините. София 1992 год. стр. 36.

[323] Германски документи..., стр. 255.

[324] Види ги критиките на Христо Матов на ставовите на Янко Сакъзов, Македонска революционна система, стр. 217-235; Архив Христо Матов, док. бр.359 (стр. 303-304).

[325] На исто место (Архив...) док. бр. 360, стр. 305-306)

[326] Види: Македонска революционна система..., стр. 252-255

[327] Македонска революционна..., стр. 214-215.

[328] Архив Христо Матов, док. 360 (стр. 305-306).

[329] Пак таму.

[330] Бугарската народна македоно-одринска организација (групата на Чернопеев со Струмичани) се конституирала во мај 1910 година, по што побарала разговори со Матовата ВМОРО за обединување. По преговорите било решено обединувањето да стане врз основа на актите на Ќустендилскиот конгрес, со задржување на името ВМОРО. Подоцна, во март 1911 година, претходно обединетата ВМОРО се обединила со ВМОК

без Цончев, а со приврзаниците на Александар Протогеров. Види: ВМОРО (1893-1919) стр. 984-1007.

[331] Задграничното претставништво на ВМОРО во Софија со писмо објавило дека било постигнато единство во Македонската револуционерна организација и дека таа започнува со револуционерни дејствија. Со тоа, информирајќи ги легалните организации во Бугарија, посочила дека паричните средства и други пожртвувања (донации) требало да се испраќаат само на Тодор Лазаров со адреса „Т. Лазаров, сладкарница „Охрид". Види: на исто место стр. 1006-1007.

[332] Види: ВМОРО (1893-1919) документи бр: 337, 340, 341, 344, 345; Дечо Добринов, Последния цар... стр. 36-37, 42-44.

[333] Види: Rossos Andrew, Međubalkanska rivalstva i ruska... стр. 17-55 (посебно стр. 17-54); Международные отношения в эпоху империализма. Документи из архива царского и временного правителъства. 1878-1917... серия II. Т XIX, ч. 1,стр.: 125-126; ч.II стр. 391-393, 396-397.

[334] Види: Британските конзули во Македонија 1797-1915. Документи. Скопје 2002. стр. 412-413 и 413-414; ВМОРО (1893-1919) стр. 1001-1004; (1018-1019) Дечо Добринов, Последният цар... стр. 42-48.

[335] Види: Документи за борбата на македонскиот..., стр. 274-276, 341-342, 355-359; Катерина Тодороска, Политичките и културните врски меѓу Македонците и Албанците 1903-1913, Документи, Скопје 2003; Владо Поповски, Албанското националноослободително движење (1830-1912), Св. Николе 2012; Австриски документи (1907-1908) стр. 55-58.

[336] Види: Новоиздирени документи за Тодор Александров и Вътрешната Македонска революционна организация. Военно-исторически зборник кн. 4 юли-август 1989. София док.бр. 2 стр. 178-179.

[337] ВМОРО (1893-1919), стр. 1014-1015.

[338] Види: Рамиз Абдули, Албанското..., Том II, стр. 371-379.

[339] ВМОРО (1893-1919), стр. 1012.

[340] На исто место, стр. 1018-1019.

[341] Пак таму, стр. 1019.

[342] Христо Матов, Македонска революционна система, стр. 256-276.

[343] ВМОРО (1893-1919), док. 349 (стр. 1018-1019); Архив Христо Матов, док. 359 (стр. 303-304).

[344] Архив Христо Матов, док. 368 (стр. 313-315).

[345] Пак таму.

[346] За преговорите на Христо Матов како член на ЗП на ВМОРО, Организацијата на 9 март 1912 година објавила официјално Комунике во весникот „Ден" бр. 2763. Види ВМОРО (1893-1919) – док. бр. 350 (стр. 1020-1021).

[347] Пак таму, док. бр. 356 (стр. 1029-1030), док. 358 (стр. 1033-1034).

[348] Пак таму, док. 352 (стр. 1023-1024).

[349] Пак таму, док. 353 (стр. 1024)

[350] На исто место, документи бр. 355 и 357 (стр. 1025-1028 и 1030-1032).

[351] На исто место, документи бр: 360 и 361 (стр. 1036-1038 и 1038-140).

[352] Архив Христо Матов, док. бр. 375 (стр. 318-319).

[353] Пак таму.

[354] На исто место, док. бр. 383 (стр. 322).

[355] На исто место. види ги документите бр.: 337, 340, 341, 344, 345, 347, 356, 358...

[356] Види ги Белешките на Матов за неговата револуционерна дејност. Македонска революционна система, стр. 39-67.

[357] На пример Кирил Прличев и Христо Татарчев сепак сметале оти Матов не бил многу решителен; дека бил преосетлив, раздразлив и опортун.

[358] Архив Христо Матов, док. бр. 385 (стр. 323-324).

[359] Пак таму, док. 383 (стр. 322).

[360] Пак таму.

[361] Останува фактот дека уште 1909 година Димитар Ризов во Белград ги започнал разговорите со Миловановиќ, за поделба на Македонија со Србија. Види Rossos Andrew, цитирано дело стр. 34-35. Види ги и страниците 50 и 51 каде се гледа оти Димитар Ризов повторно во 1911 година преговарал со Миловановиќ во Париз за опфатот на т.н. спорна зона.

[362] Види: Милан Матов, За премълчаното..., стр. 283.

[363] Архив Христо Матов, док. 387 (стр. 324-325).

[364] На исто место, док. 389 (стр. 326-328).

[365] Пак таму стр. 325 (док. бр. 387)

[366] Види: Ванче Стојчев и Александар Стојчев, Букурешкиот мировен договор и поделбата на Македонија во 1913 година. Скопје 2013. стр. 87

[367] Најпрво рускиот цар лично се обратил до српскиот крал и бугарскиот цар да ги прекинат меѓусебните караници и да препуштат тој да го решава проблемот. Идентичните телеграми биле испратени до двата владари на 8 јуни 1913 година. Потоа почнала играта меѓу Сазонов, рускиот министер за надворешни работи и Пашиќ, односно Данев премиерите на Србија и Бугарија. На крајот, завојуваните земји се откажале од арбитражата на Русија и спорот да го решат на бојното поле. Види Rossos Andre, цитирано дело, стр. 194-199.

[368] На исто место, стр. 201: На 30 јуни Пашиќ се појавил пред српската Скупштина расправајќи за српско-бугарските разлики и за рускиот однос кон нив. Во еден момент бил известен дека бугарската војска ги нападнала српските позиции на потегот Штип-Злетово. Скупштината експлодирала од овации и повици против Бугарија.

[369] Види: Ванче Стојчев и Александар Стојчев, цитирано дело, стр. 88-90; А. Rossos цитирано дело, стр. 207.

[370] А. Rossos, наведено дело, стр. 205-206.

[371] Види: Балканската война или Руската оранжева книга, София 1914, док. бр. 294, стр. 143; док. бр. 295, стр. 144; док. бр. 297, стр. 144-145; док. 298, стр. 145; док. бр. 299, стр. 145; док. 303, стр. 147.

[372] Види Иван Михајлов, Спомени, фототипно издание. Том I, стр. 131-138.

[373] А. Rossos, цитирано дело, стр. 207-209.

[374] ВМОРО (1893-1919) док. 369, стр. 1053-1054. Во Декларацијата ВМОРО ги употребува поимите: Бугари, бугарски земји, вклучувајќи ја во нив и Македонија, обединување на Бугарите и на бугарските земји.

[375] Архив Христо Матов, док. 387, стр. 324-325.

[376] Таквите Матови инспирации се подгреани и од доаѓањето на власт на проавстрискиот владин состав во тоа време. Види го писмото на Матов до П. К. Јаворов од 18 јули 1913 година. Архив, Христо Матов док. бр. 389, стр. 326-328. Види ги и посочените страници во наведеното дело на А. Rossos (205-209).

[377] Во други околности, при содејство со официјални и високопоставени лица на бугарската политика Христо Матов тешко дека ќе ги застапувал тие ставови. На пример Кирил Прличев сметал дека Матов не бил многу решителен човек сè додека не почувствувал дека самиот тој е загрозен. Или Христо Татарчев сметал дека Матов колку и да бил неотстапчив во схоластичките расправи толку бил приспособлив и опортун на практика. Види: Кирил Прличев, 36 години във ВМРО... стр. 69; Христо Матов, Спомени, материяли, документи... стр. 48.

[378] Види: Архив Христо Матов, док. бр. 390, стр. 328-330.

[379] Во таа смисла Матов, во интервју со Лав Троцки, дописник на „Киевская Мысль" во бројот 293 од 22 октомври 1912 година му изјавил „...ние дејствуваме заедно со бугарската армија. Не само за нејзините интереси туку и под водство на нејзините командири..." Види: Л. Троцкий, Сочинения, Том VI, Балкана и Балканская война. Москва 1926 год., стр. 218-225.

[380] Архив Христо Матов, док. бр. 391 (стр. 330).

[381] Види: Ангел Узунов, Спомени, Скопје, 2014, стр. 169; 173. Архив Христо Матов, док. 392, стр. 330-333.

[382] Ангел Узунов на исто место, стр. 173-184.

[383] На исто место, стр. 191-197; ВМОРО (1893-1919) док. бр. 399 (стр. 1102-1103).

[384] Архив Христо Матов документи бр.: 399, 400, 401, 402, 403, 404, 405, 406, 407 (стр. 338-345), 411 и 412 (стр. 347-348); 414, 415 и 416 (стр. 350-352).

[385] Тоа „знаење" на ВМОРО во најголема мера доаѓаше и од заинтересираноста на германската страна да ја привлечи Македонската организација со која би бил вршен притисок врз бугарската влада и врз царот за приклонување кон Централните сили. Види за мисијата „Розелиус" кај Дечо Добринов во наведеното дело.

К. Прличев соопштува дека Розелиус пристигнал 1914 година од Романија во Бугарија за да ги убеди водачите на ВМОРО да пристапат кон Централните сили. Во таа смисла била постигната и спогодба која од една страна ја потпишале: Александров, Протогеров, Милетич, проф. Георгов, д-р Точков и д-р Владов, а од друга Розелиус. К. Прличев, 36 години във ВМРО. стр. 106-107.

[386] Види: Архив Христо Матов, док. бр. 421 и 422 (стр. 355-358). Професорот Милетич информира оти имал средба со државниот потсекретар Цимерман и началникот Розенберг кои го известиле дека сè уште не било јасно на која страна ќе била привлечена Грција, па поради тоа сеуште не било решено кому ќе му припаднеле делови од Егејска Македонија, или Битола за која Грците многу инсистирале.

[387] На исто место, док. бр. 395 (стр. 335).

[388] Види: Александар Христов – Јован Донев – Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994. док. бр. 34 (стр. 192-193).

[389] Архив Христо Матов, док. бр. 417, 418, 419 и 420 (стр. 353-355).

[390] Види: ВМОРО (1893-1919) док. бр. 398 и бр. 400 (стр. 1101-1102 и 1103-1104).

[391] При една таква прилика Радославов не сакал да го прими Матова изразувајќи се навредливо дека немало што да се среќава со некој Матов; Александров скоро ќе се врател. Види: Милан Матов, За премълчаното в историята на ВМРО... стр. 285.

[392] Архив Христо Матов, док. бр. 396 и 397 (стр. 335-336).

[393] Пак таму, док. бр. 410 (стр. 347).

[394] Пак таму, док. 425 и 426 стр. 359-360).

[395] Пак таму, док. бр. 398 (стр. 336-337).

[396] Види: Милан Матов, наведеното дело стр. 280-287.

[397] Архив Христо Матов, документи бр. 446 и 447 стр. (376-380).

[398] Види го споменатиот атлас со уводната студија на Димитар Ризов, фототипно издание. София s.a. Издателство „Спектър".

[399] Види: Една сензация! Христо Матов за границите на България и за Димитър-Ризавия атлас, http:sitebulgarizaedno.com; Архив Христо Матов, документи бр. 450 и 451 (стр. 382-383)

[400] Види: ВМОРО (1893-1919) документи број: 410, 411, 416, 420, 421, 422

[401] Тоа чувство најдобро го илустрира неговиот брат Милан Матов во неговите спомени. Цитирано дело стр. 280-287.

[402] Архив Христо Матов, док. бр. 465 (стр. 403).

[403] Милан Матов, наведено дело, стр. 286.

[404] На исто место.

[405] Ангел Узунов, Спомени, стр. 210-211.

# ИНДЕКС

Абдул Керим-бег 184
Абдули Рамиз 231-233
Аврамов Кочо 223
Австро-Унгарија (Австрија) 45-46, 52, 56, 94, 98, 102, 106, 152-153, 168-169, 192-194, 225, 231
Акија 78
Албанија 52, 56, 152, 181, 193, 200-201
Албанци 10, 58, 73, 164, 167, 177, 181-183, 185, 200-201, 221, 232-233
Алзашани 32
Александров Тодор 82, 122, 138, 178-179, 180-181, 185-191, 204, 207-208, 211-215, 230
Алеко 148
Алжаров 91
Али Ахмет 15
Андонов-Пољански Христо 223
Антонов Влчо 82
Анадолија 10, 167
Англија 32, 61, 94, 98, 103, 110, 153-155, 169, 176, 193-194, 230-231
Англичани 32
Арапи 185
Аргентина 12
Арсов 24, 26, 30, 41, 59, 68-69, 81, 120, 139, 218, 220-224
Асим-бег 169
Атанасов 91
Атанас 147, 223
Атина 23, 141-142
Аџаларски Васил 172

Багдад 152, 169, 208
Балкан 8, 19-20, 41, 49, 52, 56, 98, 106, 115, 124, 152-153, 164, 168-170, 176-177, 185, 196-197, 199, 200-201, 203, 205, 213, 218, 221, 225, 230, 235
Балкански војни (Прва, Втора) 8, 52, 122, 181-182, 189-190, 192-196, 198-199, 203-205, 210, 217, 220, 222, 225, 231-232, 234-235
Баласчев Ѓорѓи 26
Баждаров Ѓорѓи 40, 67, 188, 208-209, 212, 220
Бакстон Чарлс и Ноел 110, 153-154, 161, 173, 202, 231
Балканов Александар 200
Белград 141-142, 234
Бело Море 38
Берлин 21, 185, 205, 210
Белев Ѓорѓи 26
Бели Барон Константин 27
Бертран 23
Биринчето Блаже 221
Бислими Музафер 232
Битола 13-14, 18, 102, 148, 151, 163, 182, 198-199, 217, 235
Бјанкони 12
Боди Димитрие 219
Бозуков 76-77
Бојаџиев Владо 43, 53
Бојку Али 15
Бомбол Коста 147
Борис Михаил 208
Ботев 19
Бошнаков Петар 226
Бошнакова М. 226
Босна и Херцеговина 45-46, 199
Босфор 169-170, 232
Брејлсворд Хенри Ноел 153
Бразил 12
Брегалница 191
Брод 148, 151
Бугари 30, 33, 38, 40, 47, 50-52, 74, 80-81, 101-102, 104, 134, 147-148, 153, 164, 198, 209-210, 214, 217, 234
Бугарија 10-11, 20, 22, 27, 29, 40-41, 46-52, 54-55, 57, 60-62, 71-74, 77-81, 85-86, 92, 94, 96, 99, 101-102, 104-108, 110-111, 113, 115, 124-126, 128-132, 134, 139-144, 146-147, 149-156, 159, 161-162, 170-174, 176, 178-179, 180-185, 187, 189-207, 209-215, 220, 222-223, 225, 228-231, 233-234

Бугарска егзархија 17-18, 21-23, 25-26, 33, 36-40, 43-44, 46-47, 61, 64, 69, 124-126, 147, 175, 219, 227, 230
Бугарско Кнежевство 10, 17, 21-22, 25, 29, 33, 36, 39, 41, 47, 49, 50, 61, 65, 74, 81, 126, 206, 221
Бургас 138
Буе Ами 49
Буфти Јероним 24
Буши Пјер 23

Василев Григор 128, 200
Василев Димитар 36
Вардар 34, 74, 171, 191, 199, 220, 222
Велес 14, 17-18, 47, 59, 74, 157, 163, 190, 218
Велешта 11
Виена 185, 205
Виница 57-58, 66
Вишни, село 15
Власи 10, 38, 114, 214, 221
Влав 148
ВМРО (ВМОРО, МРО) 7-10, 40-41, 61, 112, 118, 120-141, 143-147, 149-152, 154-166, 172-174, 177-185, 187-192, 194-198, 200-215, 217-218, 220, 224-236
Воден 189
Воденско 47, 151

Гавранов Иван 229
Генадиев Н. 72
Гевгелиско 65, 114
Генев 185, 186
Георги Иван 200
Георгов И. 72, 212, 235
Герџиков Михаил 82, 89, 90, 103, 110, 213
Гешов Иван 179, 190, 210
Германија 94, 98, 152, 169-170, 193, 194, 200, 206, 220, 231
Германци 35, 51, 200
Голуховски 98, 225
Гочо 148
Григорчев 26
Груев Даме (Дамјан) 24, 26, 41, 42, 59, 64, 70, 74, 81, 110, 120, 122, 139, 221, 227
Групчев Коста 48, 221
Градец 148, 190
Грци 38, 51, 79, 134, 147, 153, 190, 191, 196, 198, 200-201, 221, 235
Грција 10, 11, 44, 52, 115, 124-125, 150, 153, 173, 180, 185, 191-196, 198, 199, 203, 205-206, 214, 231, 235
Грчка цариградска патријаршија 16-17
Гулапчев Спиро 29

Давидов Тома 82
Даев Михаил 138, 229
Данев Стојан 95, 234
Даскалов Добри 172
Дарданели 154, 169, 170, 232
Дача Мустафа 11
Дебар 11, 13, 14, 174
Дебарско 11, 177
Дејков Н. 26
Делииванов Туше 70-71, 82, 86
Делирадев Павле 157
Делчев Гоце 26, 41, 57, 59, 60, 62, 65, 70-75, 78, 81, 86, 87-88, 90, 110, 155, 221, 223, 225, 230
Де Робилант-Николас Антонио Марио 155
Де Џорџис 154-155
Димитров Благоја 24
Димитров Андон 59, 81
Димитров Антон 24
Димитров Апостол 226
Димитров-Кутрула Христо 76
Димитров Стефан 103
Димко 23
Димевски Димитар 218
Димевски Славко 221
Динчев 171
Добруџа 191, 193
Добринов Дечо 232, 233, 235
Дојран 47
Дојранско 47
Донев Јован 22, 233, 235
Дорев Панчо 164
Доротеј 40
Дракул Симон 222
Драгош 148
Драмско 47
Дрвингов 186
Дудулов Перо 19
Думев Велко 59, 84, 103, 217

Ѓорѓевиќ Владан 44, 219
Ѓоргов 185, 187

Евксиноград 95
Евреи 38
Евров Иван 18, 19,
Евров Наум 48
Егејско Море (Егеј) 193, 199
Емери 57
Енвер-паша 168
Еничерев 12, 13, 218
Елиот Џони 57
Елбасан 13,14
Ерентал 171

Жабокрт 193, 199
Жеков Никола 207
Железјаков Кирил 23
Жинзифов 34

Зеки-паша 105
Златков Дончо 76
Злетово 192, 234
Зографски Донче 218, 220
Зографски Партение 35

Иванај Никол 181-182, 201
Илиев Иван 76
Илинденско востание 9, 13, 52, 89-90, 96, 101-102, 183, 217, 225
Ирска 32
Ирци 32
Источна Румелија 17, 21-22, 206
Италија 94, 103, 182-183

Јаворов Пејо 154, 186-187, 189-190, 195, 198
Јадранско Море 46
Јакобсон 21
Јани 147
Јанина 14, 16
Јанков 76, 80, 91
Јовановиќ Јово 172
Јовков Арсени 74, 81
Јорго 148
Јосиф Франц 194, 198
Јусуф Хамза 232
Јужна Америка 12

Кавала 38, 147
Калајчев Вангел 59
Кандиларов Георги 24
Каназирев 91
Караѓулев Климент 26
Карајавов Тома 26, 126, 174, 177, 223, 228
Карамитрев Насте 19
Карапетров Петар 48
Кариќ Владимир 45
Карајавов Станишев 71, 75
Карасулијата- Христов Иван 65, 76
Карол 194
Каранов Ефрем 221, 223, 230
Киперт 49
Киселица 148
Кичевско 148-149, 151
Кирил Методиј 19
Китанчев Георги 207
Кљашев Пандо 226
Кнчов Георги 12, 18, 38
Ковачев Јосиф 69
Ковачев Славчо 69, 81-82, 226
Кодра Масар 232
Козменко И.В. 222
Колушев Никола 223
Константинов Душко 218
Коста(с) 15
Кочов Никола 19
Конго 154, 202
Костурско 65, 114, 149, 151, 200
Кочани 2, 53-54, 180
Крапчев Д. 198
Крстев Тодор 143
Крчовалијата Илија 90, 205
Кривопаланечко 148, 151
Кулишев Ѓорѓи 210
Кукушко 114
Куманово 18, 38, 180, 222

Лазар Коста 147
Лазаров Тодор 188, 233
Ламздорф В. 85, 98, 101, 174, 225
Лапе Љубен 222, 225
Лефтеров 91
Леринско 114, 151
Лефтере 192
Лисичев 143
Лоза, сп. 7, 26-29
Лондон 154, 161, 173, 202

Љапчев Андреј 26, 72, 186

Матов Апостол 18, 226
Матов Димитар 24
Матов Кочо 2, 15, 19
Матов Милан 208, 212, 217, 219, 227, 231, 234, 236
Матов Христо 1, 3, 5, 7, 9-11, 13, 15, 17-77 , 79-89, 91-95, 97, 99, 101, 103-105, 107-109, 111, 113-115, 117, 119-123, 125, 127, 129, 131-147, 149, 151-155, 157, 159, 161, 163, 165, 167, 169, 171, 173, 175, 177, 179, 181, 183-187, 189, 191, 193, 195, 199, 201-211, 213, 215, 217-237
Матова Петра 18
Македонски Александар 28
Македонски Василев 36, 220
Македонски Филип 28
Македонија 2, 3, 7-8, 10-12, 14, 16-18, 20-24, 26-29, 33-34, 36-38, 40-57, 59-64, 67, 71-74, 76, 77, 78, 79, 80-89, 91-110, 112, 115, 122, 124-126, 128, 130, 132, 134, 136, 140-146, 149-159, 161, 163, 171-172, 174, 176, 179, 180-185, 187, 189-192, 194-215, 218-222, 225, 227-235

Македонски таен комитет 48
Македонци 16-17, 21-22, 25, 27-30, 33-34, 37, 40, 45, 47-49, 51-52, 58, 61, 72, 74-75, 80, 96, 100, 150, 164, 177, 182, 200-201, 204-205, 210, 214, 219, 225, 233
Малесија 11
Малешевско 47, 63, 76-78, 80, 86
Марица 34, 74, 193, 220, 222
Мароко 154, 202
Манасиев Аргир 172
Манов Никола 57
Мацов Петар 43, 53
Мелничко 47, 61, 78, 205
Мемдух-паша 105
Миладинов Димитар 24
Миладинова Царевна 23, 24
Миладиновци, браќа 34
Милев Никола 200
Милетич Љ. 72, 185, 200, 205, 235
Миразчиев Димитар 103, 139
Мирчев Димитар 24, 26, 69, 217, 223
Михаелес Г. 206
Михајлов Иван 234
Михајлов Милан 68
Михајлов Сава 82, 103,
Михајловски 71-72, 75-77, 80-81, 83, 86, 103
Михајлчев Димитар 200
Митрев Атанас 231-232
Младата македонска книжовна дружина 26-28, 33-34, 36, 41
Младотурци 157, 160, 163-164, 166-170, 172-177, 183-184
Мокров Боро 219
Мончев Борис 120-121, 139, 144, 188
Мокриево 148
Мраморно Море 189
Муаремски декрет 12, 218

Натанаил 40
Наумов Атанас 223
Наумов Никола 82
Наумов Павле 221
Начович Григор 104-105
Нелчинов Иван 207
Несторов Ангел 19
Нешо 147, 148
Неготино 148
Нијази 15
Ников 68
Николај Втори 155, 169
Николов Јурдан 208
Николов Тома 221
Николов Христо 66
Николов Хаџи 42, 59, 64-65, 69, 76, 81-82, 86, 186, 195, 208
Ниш 192
Новаковиќ Стојан 49
Нушиќ Бранислав 14, 217
Нури-бег 104

Овче Поле 38
Одринско 51, 79, 85, 90, 105, 112, 158, 186-187, 189, 213, 217, 224, 226-227
Осман 12, 15, 104
Ориент 99
Охрид 13, 16-17, 40, 47, 74, 207, 219, 222, 233
Охридска архиепископија 16, 17,
Охридско 16-17, 34, 200

Павлов Тодор 181, 200
Палашев Ѓорѓи 55, 68
Паланечко 149
Панаѓуриште 14
Пандевски Манол 232
Панов Х. 223
Паница Тодор 138, 165
Панојтов Л. 224
Пара Бохомил 171
Паприков Стефан 83, 231
Пасков Васил 106, 107
Патаристе Петре 147-148
Пеев Јанко 231
Пеливана Васе 76
Петков Димитар 207
Петров Ѓорче 59, 65, 70-74, 78, 81-83, 85-88, 90, 103, 110, 120, 123, 139, 155, 186, 188, 219, 222, 223-227
Петров Рачо 83, 94-95, 104-105
Петров Стефан 53
Петровски Филип 2
Пенчов Пенко 121
Петричко 63, 76, 78, 80, 86
Петроград 185, 192
Пехчево 198
Пирот 192
Побожје 55, 56
Подрум кале 56-57, 69, 78
Пољаци 11, 32
Поп Антов 81
Поп-Арсов Петар 24, 26, 30, 41, 59, 81, 120, 139, 220-221
Поп-Коцев Христа(о) 26, 42
Попев Григор 64, 69
Попов Георги 23
Попов Темко 48

Поповски Владо 1, 3, 10, 12, 14, 16, 18, 20, 22, 24, 26, 28, 30, 32, 34, 36, 38, 40, 42, 44, 46, 48, 50, 52, 54, 56, 58, 60, 62, 64, 66, 68, 70, 72, 74, 76, 78, 80, 82, 84, 86, 88, 90, 92, 94, 96, 98, 100, 102, 104, 106, 108, 110, 112, 114, 116, 118, 120, 122, 124, 126, 128, 130, 132, 134, 136, 138, 140, 142, 144, 146, 148, 150, 152, 154, 156, 158, 160, 162, 164, 166, 168, 170, 172, 174, 176, 178, 180, 182, 184, 186, 188, 190, 192, 194, 196, 198, 200, 202, 204, 206, 208, 210, 212, 214, 216, 218, 220, 221-222, 224-228, 230-234
Поројски Николов Алексо 76
Приштина Хасан 181, 183, 201
Протогеров Александар 178, 180, 186, 190, 198, 207, 209, 212
Преспанско 16, 208, 223
Пушкаров Никола 82, 119

Радовишко 114
Радев Симеон 98, 198, 210
Радев Гоце 198
Радославов В. 189, 191, 206-208, 236
Разлошко 114
Разлогов капетан 76
Ранковски Крсто 173
Ренан 32
Ресен 16, 223
Реџеп-ага 15
Решид Петти, султан 169
Ризов Димитар 129, 210, 234, 236
Ризов Милан 68
Ризов Никола 76
Рила Такев Михаил 143
Ристе 147
Ристевски Блаже 219-221
Рифат-паша 11, 14-15
Родос 78, 190
Романија 11, 192-194, 220, 235
Руменов 177, 195
Руси 32
Русија 21, 22, 24, 32, 52, 55, 61, 77-78, 85, 94-95, 98, 100-102, 105-106, 152-155, 168-170, 174, 182, 192-198, 225, 230-231, 234
Рузвелт Теодор 94

Сакзов Јанко 173
Савов Михаил 95, 107, 228
САД 23, 209
Саев 76, 80
Сазонов 193, 234
Саид-паша 105, 169
Сакералиев Димитар 29
Салганџиев Стефан 38, 39
Самарџиев Коне 59, 223
Сандански Јане 41, 81, 85, 87-88, 90, 91, 126, 139, 142-143, 145, 157, 165, 178, 224, 228
Саракинов 76
Сарафов Борис 65, 68, 70, 82, 103, 111, 118, 121, 136, 138-140, 188, 226-227, 229
Светиот синод 17
Северна Америка 12
Сер (Серес) 38-43, 48, 184, 219-220
Серска каза 38
Серско 38-40, 47, 90, 151
Сенкевич Г. 218-219, 231
Сиљанов Христо 20, 82, 223-224
Симиќ Ѓорѓе 44
Синесиј 58, 60
Скопје 2-3, 17-18, 38, 40-45, 47, 49, 53-54, 56-58, 67, 172, 181-182, 189, 207-209, 217-223, 225-228, 230-235
Скопски санџак 43, 56
Скочивир 148
Славејков Р. Петко 43, 47-48
Солун 18-24, 38, 41, 42, 48, 58, 64-66, 68-70, 74, 84, 144, 148, 151-154, 157, 172, 178, 182, 189, 199, 217, 220, 222, 227, 230
Софија 25-26, 29-30, 38, 41, 59, 61, 70, 71, 73-74, 78, 82, 84, 92, 104, 107, 122-123, 126, 131, 138, 142-144, 146, 173, 178, 182, 184, 187, 189, 193-194, 198, 204, 208, 210-211, 217, 233
Сплитек Франтишек 23
Спространов Евтим 24, 26-67, 135, 140, 143, 206, 229
Срби 32, 51, 134, 147, 153, 190-191, 196, 198, 200, 207, 214
Србија 10, 11, 44, 46, 51, 52, 101, 103, 115, 124, 125, 150, 170, 173, 179-180, 184, 190-196, 198, 199, 203, 205, 220, 222, 231, 234
Средоземје 153
Ставрев Михаил (Хаљо) 76
Станчев Крсте 198
Стателов Константин 23
Стамболов 28, 29, 76
Стефанов Димитар 70-71, 82, 86, 107-108, 129, 139
Стоилов Константин 58, 60-62, 64
Стојанов Јурдан 76, 80, 91
Стојчев Александар 234
Стојчев Ванче 234
Стрезов Јанаки 18
Страцин 148

Струга 17-18, 25, 69, 190, 207, 217-219
Струма 38, 198
Струмица 17-18, 38, 47, 193
Струшко 11, 15-16, 218

Талат-бег 184
Тале 147
Татарчев Христо 59, 64-65, 69-73,75, 82, 85-86, 89, 91-92, 95, 97, 99-101, 104-105, 107-112, 123, 136, 140, 220, 224, 226, 234-235
Тенчев Ј. 223
Тенчев Христо 223
Тетовско 200
ТМОРО (ТМРО) 7, 62-66, 68-72, 74-76, 78-79, 81-82, 84-89, 91, 97, 101, 105-106, 109, 117-118, 213-214, 217, 221, 223-225, 230
Тоља Таир 114
Томов Ангел 208-209
Тошев Петар (Пере) 41, 59, 65-65, 68-75, 81-82, 86, 103, 120, 139, 155, 227
Трајановски Александар 218
Тракија 63, 189, 190
Трновска патријаршија 16
Туфекчиев Наум 26

Ќамил-паша 154
Ќустендил 75, 140, 142, 145, 178, 198

Узунов Ангел 213, 235-236
Урусов 182
Уругвај 12

Фердинанд 78-79, 106, 174, 183, 194
Фери Жил 20
Филипов Стојан 205-206
Фирмилијан 174
Франција 94, 103, 170, 173, 193, 225
Фрацузи 32

Хамид Абдул Втори 69, 156-157, 175, 183
Ханекин 169
Хафуз-паша 55
Хаџи-Димов Димо 115, 129
Хаџииванов Димитар 24
Хаџи-Николов Иван 42, 64-66, 69, 81-82, 195
Хаџов Димо 19
Хаџов Иван 19
Хејг 94
Хилми-паша 141, 149
Хомер 23
Христос Дионис 177
Христов Павел 163, 186

Цариград 10, 48, 57, 66-67, 104, 105, 169, 174
Цигани 38, 214
Ципушев Коста 207
Цончев Иван 69, 71-73, 75-77, 80-81, 83, 86, 91, 103, 126, 178, 233
Црна Гора 193

Џавит-паша 167-168

Чакаров Георги 19
Чакаров Стефо 19
Чаулев Петар 178, 180-181, 187, 190
Чауш Исљам 114
Челебија Евлија 13-14
Чернодрински Војдан 29
Чернопеев Христо 81, 132, 140, 142-143, 157, 165, 178-180, 187-188, 190, 229, 232

Шајнов Порфир 19
Шапкарев Кузман 18, 29, 35-36
Шахов Коста 26-27, 29, 219
Швајцарија 32
Шефкет Махмут-паша 165
Шефкет Торгут-паша 168
Шемси-паша 168
Шипков 91
Шишманов Иван 26, 228
Шкоти 32
Шкотска 32
Шпанци 32
Штип 54, 59, 163, 180, 193, 234
Шукри-бег 184